УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА

БИБЛИОТЕКА
Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА

# ИМПОРТ И ВЛИЈАНИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР ВО АНТИКАТА ОД VI ДО I ВЕК ПРЕД ХРИСТА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**Ментор**

**Академик Вера Битракова-Грозданова**

**Кандидат**

**м-р Силвана Блажевска**

Скопје, 2016

# Содржина

1. Вовед

1.1. Предмет и цел на проучувањето

1.2. Хронолошки рамки

1.3. Територијални рамки

1.4. Степен на истраженост

2. Општествено-историски и политички прилики

2.1. Долината на Вардар од 6. до 1. век пред Христа

3. Импорт и влијанија во занаетчиството во антиката по долината на Вардар

3.1. Керамичка продукција

3.1.1. Керамичка продукција во доцноархајскиот период

- Локални форми во 6. и првите децении на 5. век
- Нови керамички форми во 6. век во локалната продукција
- Локална продукција на сиво печени садови
- Импортирани примероци на сликанаи црнофирнизирана керамика и нивни локални варијанти

3.1.2. Керамичка продукција во класичниот период

- Импортирани црвенофигурални садови
- Импортирани рељефни садови
- Импортирани црнофирнизирани садови
- Локални имитации на импортирани црвенофигурални садови
- Локални имитации на црнофирнизирани садови

3.1.3. Керамичка продукција во хеленистичкиот период

- West Slope стил и атичкиот импорт
- Рељефно калапена керамика
- Импорт од источните работилници

- Италски импорт

- Локална продукција

3.1.4. Продукција на керамички светилки

3.1.5. Анализа на кермичната продукција по долината на Вардар

3.2. Коропластика - продукција на теракотни фигурини

3.2.1. Женски протоми и бисти

3.2.2. Седнати женски фигури

3.2.3. Стоечки женски фигури

3.2.4. Теракотни фигури на божества

3.2.5. Животински фигурини

3.2.6. Анализа на коропластиката по долината на Вардар

3.3. Обработка на метал –тореутика и јувелиство

3.3.1.Тореутски производи

3.3.2. Јувелирски производи

4. Заклучни разгледувања

4.1. Општествени-социјални аспекти на импортот и неговите влијанија

4.1.2. Импортирани предмети и идеи

5. Користена литература

6. Список на илустрации

7. Илустрации

# 1. Вовед

## 1.1. Предмет и цел на проучувањето

Пронаоѓањето на археолошките предмети и нивната типолошка и временска определба преку блиските аналогии дополнети со контекстот на откривање, претставуваат еден аспект во нивното вреднување. Прашањата за нивното потекло, за тоа колку оригинални идеи во занаетчиството и уметничката продукција се развиле на одредена територија во одредено време, наспроти увезувањето или едноставното копирање на трендовите диктирани од понапредните центри, како и нивното влијание врз локалната продукција, се чини дека уште долго ќе ја предизвикуваат научната мисла.

Овој труд преставува продолжение на претходната долгогодишна работа на керамографијата од хеленистичкиот период на локалитетот Вардарски Рид близу Гевгелија и на материјалната култура во времето на раната антика и предримскиот период во Р. Македонија. Тоа резултираше со потребата да се дефинираат импортираните занаетчиски производи, патиштата по кои стигнале на овие простори и поврзаноста со соседните и подалечните области и центри, влијанието што го извршиле на локалната продукција, а со тоа и врз севкупниот општествено-социјален живот на популациите кои го неселувале регионот на Повардарјето во долгиот период на последните шест века од првиот милениум пред Христа.

Во текот на таа долгогодишна работа, најголемо внимание предизвикуваа врските со малоазиските центри видливи не само во материјалната, туку и во духовната култура, што пак ги наметна и прашањата поврзани за релациите со останатите региони – грчкото копно и островите, понтските и италските центри, па дури и со далечните блискоисточни или северноафрикански центри. Во процесот на размислување за конечно дефинирање и поставување на тезата, изгледаше некако нелогично изолирањето само на малоазиските влијанија,

особено што во различните епохи во рамки на предложените шест века, во досегашната научна литература генерално се познати осцилациите во доминацијата на источните, јужните или западните центри.

Ако е неопходно да се посочи иницијална railroad меѓу бројните отворени прашања, тоа би била определбата на повардарската лентесто сликана керамика од полното железно време и доцноархајскиот период како локална рефлексија на родско-јонската продукција, без конкретно посочување на центрите или керамичките ателјеа кои ги извршиле влијанијата. Доколку треба да се генерализира неопходноста од една ваква студија, би ја посочила потребата од синтетско разгледување на занаетчиската продукција, која во голем дел може истовремено да се определи и како уметничка, како и нејзиниот општествено-социјален контекст, наспроти обработката на еден вид материјални остатоци откриени на еден локалитет, еден регион или нивното разгледување од еден аспект.

Во анализата се вклучени предмети откриени на археолошките наоѓалишта по долината на реката Вардар, познати во јавноста преку публикации или изложби. Тоа се предмети изработени од печена глина - керамички садови, светилки и теракотни фигурини, предмети на тореутските работилници изработени од бронза и сребро, јувелирски производи изработени од скапоцени материјали - злато, сребро и бронза чија основна функција е украсувањето, како и мал број предмети изработени од стакло и камен кои се импортирани на овие простори.

Избраните предмети не се каталошки обработени, од причини што најголемиот број од нив се веќе публикувани во стручната литература, надополнети со нови откритија, но сепак, се објаснети нивните главни карактеристики. Селекцијата на материјалот е извршена врз основа на бројната застапеност, па оттаму кај оние категории на предмети откриени во поголем број се одбрани и објаснети најкарактеристичните примероци кои ги носат главните типолошки карактеристики, без разлика дали станува збор за

импортирани или предмети кои се локални производи. Преку регистрирање на присутните импортирани примероци на локалитетите по долината на Вардар, одредување на нивното потекло и влијанието кое го извршиле или не го извршиле на локалната продукција, треба да се постигне целта на овој труд, односно да се извлечат заклучоци за развојот и карактерот на материјалната култура на овој простор во последните шест века од првиот милениум.

Анализата е територијално ограничена на археолошките наоѓалишта по долината на реката Вардар, која претставува главна комуникација уште од праисториските времиња и која во историски или општествено-политички контекст не преставува ништо друго освен географска одредница, што некако се наметна во процесот на дефинирање на тезата, пред сè заради степенот на истраженост во однос на другите региони, но и тесната поврзаност со нив преку разгранетата патна мрежа за која таа претставува главен крвоток.

Оваа теза отвора и други прашања поврзани со трговијата на предмети и идеи, без тенденција да бидат одговорени целосно, оставајќи простор за еден друг вид студија која би произлегла од овие проучувања: што е главниот предмет на трговијата, дали се тоа само актуелните занаетчиски или уметнички производи или и нивната содржина. Таков е случајот со одредени категории на садови, на пример амфори, во кои се превезувала друг вид стока и чија продукција и дистрибуција е строго контролирана, со садовите за парфеми и миризливи масла, или пак, малите медицински садови кои се продавале заедно со лекот кој го содржат. Се отвараат и прашања за причините за присуството или отсуството на актуелни форми и типови на предмети во разгледуваниот период, афинитетот кон одредени предмети, како и за функционалноста на увезените предмети: дали тие служеле за задоволување на секојдневните утилитарни или духовни потреби на населението, имале посебна намена во погребувањата, или пак преку нив се импортирале и други нематеријални влијанија, на пример религиозни или политички идеи. Како биле прифатени митолошките сцени на сликаните вази или пак хероизираните преставни на рељефно калапените садови, или пак, каква е улогата на теракотните фигурини

со престави на најразлични божества, но и жанр теми. Претставите на божествата јасно дека пренесувале религиозни концепти, но бројните стоечки претстави на младите кокетни госпоѓи на фигурините од Танагра веројатно пренесувале и идеи за актуелната мода во облекувањето.

Разгледувањето на социјалните аспекти е базирано на пронајдени предмети во одреден контекст, кој не секогаш е докрај јасен или пак информациите за истиот не се достапни. Кој ги наметнувал трендовите во одредено време – племенската и воена аристократијата и богатите припадници на заедниците во доцноархајскиот период, кралските династии во време на државноста на македонското и пајонското кралство, или пак, на овие наши простори, локалните моќници во протоградските и градските средини во класично и хеленистичко време, или можеби тие се резултат на секојдневните потреби на пошироките маси кои доаѓале во контакт со други народи и цивилизации преку трговија или воени походи. Се разбира дека проучувањето на ваквите аспекти на материјалната култура секогаш е ограничено од степенот на истраженост на дефинираниот простор.

## 1.2. Хронолошки рамки

Анализата на импортираните примероци и нивните влијанија врз занаетчиските производи по долината на Вардар во овој труд го опфаќа периодот меѓу 6. и 1. век пред Христа. Овие прилично широки временски рамки вклучуваат неколку историски периоди почнувајќи од последните децении на полното железно време и доцноархајскиот период, класичниот и хеленистичкиот период, заклучно со римскиот републикански период.

Називите на одредени периоди дадени во современата наука имаат тенденција да го отсликаат карактерот и одликите на доминатната култура во одреден регион, чии граници се определени со важни историски настани. Иако не секогаш апликативна на поширок простор, општата периодизација е

прифатена не само заради недостаток на содветна терминологија, туку и заради непрактичноста во одредување на нова субпериодизација во микрорегиони како што е овој дел од Јужниот Балкан, која поблиску или појасно би ги отсликале карактеристиките на времето.

Предложените временски рамки се избрани од повеќе причини. Горната граница е избрана заради веќе забележаните промени во материјалната култура во почетокот на 6. век,[1] иако првите регистрирани надворешни влијанија датираат скоро еден век порано. Архајскиот период на егејскиот простор го опфаќа времето од 700 г. до 479 г., односно до Грчко-персиските војни, но на нашата територија врз основа на карактерот на материјалната култура е ограничен на втората половина на 6. и првите децении на 5. век. Всушност, целиот 6. век се смета за еден вид преоден период од праисторијата во антиката, во чија прва половина појавите карактеристични за полното железно време се надополнети со нови елементи. Од друга страна, колонизацијата на северноегејското крајбрежје е веќе завршен процес, кој несомено извршил големо влијание врз овие промени. Заедно со општествено-економските, политичките и социјалните промени меѓу заедниците кои ја населувале територијата на денешна Р. Македонија, вклучувајќи ја тука и долината на Вардар, новите елементи во материјалната култура во текот на 6 век и нивната симбиоза со старите железнодопски традиции создаваат една култура која е наречена пајонско-македонска култура со доцноархајски белези,[2] соодветен термин со оглед на двете најголеми племенски заедници кои доминираат на политичката и општествена сцена во овој регион.

Овој период е обележан со подемот на локалната племенска и воена аристократија кај повеќето заедници на просторот на Јужниот Балкан и кои во овој период се споменати за прв пат во историските извори, како главни носители на промените кои водат кон интензивен развој на занаетчиството и трговијата. Тоа се Аргеадите кои го формираат македонското кралство најпрвин

[1] Митревски 1997, 135-185.
[2] Митревски 1997, 135-185.

во јадрото во Горна Македонија и нивната територијална експанзија кон исток на северноегејското крајбрежје, различните пајонски племиња во источна Македонија и по текот на Вардар, Агријаните на север, најзападната пајонска област Девриоп во Демирхисарско, горномакедонските области Линкестида и Пелагонија, на југозапад Енхелејците и илирските земји на северозапад населени со Пенести. Без разлика дали во рамките на сопствената државна формација, а подоцна во рамките на македонската држава, или, пак, самостојно, овие заедници оставиле свој белег во материјалната култура на овие простори. Но, колку е таа култура со доцноархајски белези, сфатена во смисла на тоа што ја одликува архајската култура на егејскиот простор, како и потребата за корекција на овие датуми или нивната потврда, се одговори кои се надевам ќе произлезат од образложенијата во оваа теза.

Важни историски настани го одбележуваат почетокот на класичната епоха во медитеранскиот простор, како што се воспоставената демократија во Атина во 510 г., Јонското востание и Грчко-персиските војни, кои се случуваат во истиот период кој на нашата територија е определен како доцноархајски. Промените што ги носи класичната епоха, чиј зачеток се забележува уште од средината на 6. век, се манифестираат во целокупната материјална култура во втората половина на 5. и 4. век, во која сѐ уште присутните силни локални, традиционални вредности се испреплетуваат со засилениот пробив на нови идеи и луксузни производи дојдени од тогашните водечки центри, кои ги носат вообичаените одлики на класичната епоха на поширок простор на Медитеранот. Дали терминот класичен период јасно ја отсликува материјалната култура меѓу заедниците кои ја населувале денешната територија на Македонија, исто така е дискутабилно. Нивното влијание се огледува во промените што ќе ги предизвикаат во локалниот начин на живеење и продукција, па честопати во извесни сегменти од материјалната култура може да се следи нивниот понатамошен индивидуален развој во локални рамки.

Во општата хронолошка поделба на историските периоди, хеленистичкиот период започнува со смртта на Александар III во 323 г. и

завршува со падот на последното кралство на Птолемаидите во 31 г. и подемот на Римската империја. Хеленистичкиот период е обележан со една крајно синкретизирана култура во која елементите од доминантно хеленско потекло со различен степен и интензитет се испреплетуваат со елементите на исто толку големи цивилизации, како што се, на пример, персиската или египетската. Во овој процес голема улога одиграле новите колонисти и формирањето на неколку значајни центри во Мала Азија и во Северна Африка, како што се Пергамон, Антиохија, Селеукија и Александрија, кои ги диктирале новите текови во уметноста, религијата, филозофијата, но и во занаетчиството и трговијата. Ефтините занаетчиски производи, особено со воведувањето на техниката на калапење, стануваат лесно достапни и копирани на поширок простор, така што во ова време можеме повеќе да зборуваме за импортирана идеја, отколку производ, односно локална продукција на широко распространетите идеи.

Долната граница определена во овој труд пресекува два големи периоди, чија транзиција се разбира се одвивала постепено. Во историска смисла, регионот на Повардарјето, како и впрочем целата територија на Македонија потпаднала под римска власт во 168 г., односно во 148 г., кога е формирана римската провинција Македонија. Иако во одредени делови на разгледуваната територија импортирани предмети или пак западните влијанија стигнуваат уште во средината на 2. век, материјалната култура дури до преминот од старата во новата ера во својот карактер ги задржува одликите на хеленистичката традиција, особено на оние археолошки локалитети кои во римскиот период се развиваат врз постарите хеленистичките градови, каков што е примерот со Стоби или градовите на Исар - Марвинци или Градиште кај Неготино. Оттука, анализата завршува во доцниот 1 век, заради нивната културна припадност на претходната епоха или пак заради тоа што како идеја била донесена во претходниот период, а својот развој го достигнала во подоцна.

Бидејќи анализата се однесува на времето пред Христа, во означувањето на вековите за да се избегне непотребно оптоварување на текстот ќе бидат изоставени „пред Христа“ или „пред нашата ера“. Единствено вековите од

новата ера ќе бидат означени со кратенка по н.е. Исто така, иако во насловот на дисертацијата вековите се означени со римски бореви, во самиот текст заради поедноставување се користени арапски броеви и точка која има за цел да го избегне членувањето на броевите.

## 1.3. Територијални рамки

Долината на Вардар во географска смисла го опфаќа целото течение на реката од изворите во Вруток до влевот во Егејското Море, западно од Солун. Целиот тек на реката, со природните препреки - Таорската и Демиркапијската клисура, е издвоен во три региони: Горно, Средно и Долно Повардарје. На својот долг пат од 388 км, Вардар се напојува со водите на бројните притоки меѓу кои двете најголеми, Црна Река од запад и Брегалница од исток, создавајќи плодни котлини меѓу клисурите во кои животот почнал уште во најстарите периоди на праисторијата. Иако котлините по долината на Вардар се заградени со планински масиви, реката и нејзините бројни притоки ја овозможуваат комуникацијата меѓу нив, но и со останатите региони на исток и запад.

Од изворите, Вардар минува низ Полог, кој е заграден од запад и делумно од север со Шар Планина, од југ со падините на Бистра, а од источната страна со Сува Гора и Жеден. Преку Дервенската клисура, реката влегува во Скопската котлина опкружена со ограноците на Жеден, Водно, Китка и Скопска Црна Гора, но по долината на Лепенец е отворена во правец кон Косово, а по долината на Пчиња кон Куманово и Јужна Србија.

Таорската клусура ги одвојува Скопската и малата Велешка котлина, од каде Вардар излегувајќи од Велешката клисура тече низ Тиквешката котлина сè до Демиркапијската клисура. Тиквеш го опфаќа главно регионот западно од Вардар од каде е ограден со Клепа и ограноците на Кожув, додека пак од источната страна со Конечка и Гредешка планина. Двете најголеми притоки, Брегалница и Црна Река го отвораат Средното Повардарие кон Пелагонија на

запад и Овчеполието на исток, по кои уште во антиката се трасирани главните патни правци.

Од Демиркаписката клисура, долината на Вардар е главно отворен кон југ сè до влевот на реката во Егејското море. Географски, на овој простор во рамките на Р. Македонија се простираат две алувијални котлини: валандовската (позната и како Бојмија или Боемија) и гевгелиската, поврзани меѓусебе со реката Вардар, а делумно одвоени со пониските ридови на планината Погана. Од исток двете котлини се заградени со ограноците на Беласица кои се простираат на север сè до планината Плауш и заедно со неа ги одделуваат од Струмичката котлина. Од западната страна природни бариери претставуваат Кожув и Пајак планина. По преминот на грчката територија, речното корито на едно место се стеснува формирајќи ја т.н. Циганска клисура или Чигани Дервент, а потоа течејќи низ плодното Солунско поле се влева во Ејеското мора кај Термајскиот залив.

Умерената континентална клима во Горно и Средно Повардарје и медитеранските климатски влијанија кои се чувствуваат сè до Демир Капија и Тиквеш, овозможиле развој на замјоделието. Богатството со шуми, изобилството со минерални суровини и рудните ресурси - наоѓалиштата на бакар, железо, олово и цинк, како и златоносните Анска и Конска Река условиле населување на регионот од најразлични народи и етнички групации уште од најстарите праисториски периоди.

Во археолошка смисла, посебно за една ваква тема која третира предмети стигнати по пат на трговија, речните текови се од голема важност, заради патиштата трасирани по нив. Долината на реката Вардар претставува главна патна и трговска комуникација во правец југ-север и обратно, па оттаму логично е да се претпостави дека археолошките наоѓалишта покрај реката изобилуваат со предмети кои се производи на водечките центри во одреден период, или се изработени под нивно влијание.

## 1.4. Степен на истраженост

Во Археолошката карта на Република Македонија по долината на реката Вардар се регистрирани неколку стотини локалитети, од кои едвај петнаесетина се археолошки истражувани. Кога ќе се спомене Горно Повардарје главно се смета на регионот на Скопската котлина, со оглед на тоа што северозападот на Македонија до изворите на Вардар во поглед на археолошка истраженост е *terra incognita*. Оттаму, северната граница во анализата на археолошките наоди во Горното Повардарје во овој труд претставува Скопската котлина, додека пак јужната граница е определена со вливот на Вардар во Егејското море, но археолошкиот материјал откриен на локалитетите по Вардар во денешна Северна Грција е земен предвид само во компаративна смисла.

Во регионот на Горното Повардарје се вклучени археолошки наоди од локалитетите во Скопската котлина: Градиште - с. Нерези, Скопската тврдина Кале, наодите од Жданец, Градиште - с. Бразда и неколку наоди од Катланово. Од Средното Повардарје се вклучени познатите публикувани наоди кои откриени на локалитетите Сопот и Градиште - с. Згрополци во околината на Велес, Стоби кај Градско, Градиште - Неготино и локалитетите Корешница, Манастир и Варници во регионот на Демир Капија. Во регионот на Долното Повардарје анализата ги опфаќа предметите откриени на локалитетите Дедели, Зелениште, досега познатите и публикувани предмети од постарите истражувања на локалитетот Исар - с. Марвинци со некрополата Лисичин Дол и Глоска Чука - с. Грчиште во валандовскиот регион, некрополите Сува Река и Милци и населбата на Вардарски Рид во гевгелискиот регион. Вклучени се неколку примероци од поновите истражувања на Исар- с. Марвинци кои на некој начин се обелоденети во јавноста, во Македонски Археолошки Весник - интернет објавите на Управата за заштита на културното наследство или пак се изложени во постојаната поставка на Археолошкиот музеј на Македонија.

За компаративна анализа се користени и публикуваните податоци од наоѓалишата по долината на Вардар во соседна Грција. Овој простор, иако денес

прекинат со денешната граница меѓу двете современи држави, во временскиот период разгледуван во оваа теза претставувал една целина, независно од популациите кои го населувале или политичките констелации во одредено време. Неможноста директно да се анализира овој материјал, како и неговата поголема квантитативна застапеност во однос на материјалот откриен на нашата територија условува ваков пристап, односно негово вклучување само во компаративна смисла. Со ограничувањето на наведената патна траса не се исклучени занаетчиските производи откриени на територија на Пелагонија, Линкестида, Дасаретија или пак источна Пајонија, туку напротив, нивното разгледување е вклучено во смисла на аналогни примери на манифестациите по долината на Вардар, или пак е констатирано нивното отсуство со обид за појаснување на причините за истото.

Дел од посочените археолошките наоѓалишта регистрирани по долината на Вардар парцијално се истражувани во изминатиот период, некои заради заштитни интервенции, други пак со долгорочни проекти за систематски истражувања. Главниот проблем при вакви синтетски анализи преставува слабата истраженост, но и недоволниот број публикации, било да се работи за извештаи од истражувањата или тематски обработки на откритијата.

Само неколку локалитети од оние истражувани во Повардарјето можат да се пофалат со монографски прикази. Општ преглед на наоѓалиштата во скопскиот регион е публикуван во рамки на монографијата „*Скопје со околните тврдини*“ (Микулчиќ 1987). Неодамнешните систематските истражувања на Скопското Кале каде во отпадни јами се откриени поединечни наоди кои припаѓаат доцноархајскиот период и раната антика се публикувани во монографијата „*Скопско Кале од праисторијата до раната антика*“ (Митревски 2015). Од локалитетите во Долното Повардарје публикувани се резулатите од Исар- с. Марвинци заклучно со истражувањата во 80-тите години на минатиот век „*Исар-Марвинци и Поврдарјето во античко време*“ (Соколовска 1986), некрополата „*Дедели, некропола од железното време во Долното Повардарје*“ (Митревски 1991) и истражувањата изведени во

периодот 1996-2004 на локалитетот Вардарски Рид, *„Вардарски Рид, том I*“, зборник на трудови од повеќе автори (Митревски (ed.), 2005). Овде би ги споменала и монографијата *„Македонија, милениумски културно-историски факти*“, (Кузман, Димитрова, Донев (eds.), 2015 ) во чии први два тома, од повеќе автори се обработени синтетски трудови за материјалната култура и историските прилики во периодите кои се предмет на овој труд.

Неколку студии се посветени на поединечни проблематики поврзани за материјалната култура во разгледуваните хронолошки рамки. Тоа е сеопфатната студија *„Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија“* (Битракова-Грозданова 1987) во кои се опфатени и наодите од долината на Вардар, како и студиите посветени на религијата и култовите *„Религија и уметност во антиката во Македонија“* (Битракова-Грозданова 1999). Архајскиот период е простудиран со дотогаш познатите наоди во рамки на студијата за *„Протоисториските заедници на територијата на Р. Македонија преку погребувањата и погребните обичаи“* (Митревски 1997). Иако не се однесува директно на нашата разгледувана територија, сепак овде мора да ја споменам студијата *„Pelagonija i svetlosti arheološhih nalaza od egejske seobe do Avgusta“* (Mikulčić 1966), како и *„Пајонија во II и I милениум пред н.е.“* (Петрова 1999).

Повеќето од истражувањата на споменатите локалитети се публикувани во рамки на извештаи или поединечна обработка на одреден материјал во разни периодики. Истражувањата на неколку локалитети во скопската област, случајни наоди или откритија при градежни интервенции се познати на јавноста: Градиште - с. Бразда, Жданец, наодот на коринтски арибалос од Тафталиџе и неколкуте раноатнички погребувања од Катланово. Во регионот на Средно Повардарје извршените заштитни истражувања на Згрополско Кале не се публикувани, како и новите истражувања кои во последните години ги презел Музејот во Велес. Случајните наоди вон контекст кои припаѓаат на доцноархајскиот период и на раната антика откриени на Стоби се делумно познати во рамки на поединечни извештаи од ископувањата. На локалитетот Градиште кај Неготино од каде поткнува групниот наод на раноантичка сива

керамика, се вршат интензивни истражувања кои сè уште не се публикувани, а локалитетот Тремник е познат по случајното откритие на златни предмети (накит и монети) денес изложени во Археолошкиот музеј на Македонија.

Заштитните ископувања во 40-тите и 50-тите години на минатиот век во Демир Капија се познати во научната јавност, а некрополите Сува Река и Милци се публикувани во повеќе извештаи во македонските периодики. Обемната библиографија на крајот од овој труд содржи детален преглед на публикуваните извештаи за наведените истражувања. Во периодот од 2008 година, па наваму се водат интензивни истражувања на повеќе локалитети по долината на Вардар. Новите истражувања на Западната некропола на Стоби, Југозападната некропола и некрополата на Лисичин Дол на Исар-Марвинци, на Вардарски Рид и Милци, во Корешница и Демир Капија не се публикувани.[3]

Неколку мошне инспиративни трудови се директно поврзани со темата која е предмет на обработка. Тоа се „*Елементи на раната антика во Долното Повардарие*“ (Георгиев 1984) и „*Неки нови аспекти ширења егејске културе на централни Балкан*“ (Паровић-Пешикан 1985), како и бројните трудови на академик В. Битракова-Грозданова,[4] особено „*Македонија, Медитеранот, Magna Graekia и Црноморието во аничката епоха - економски и културни релации*“ (Битракова-Грозданова 2013) и „*Античка Македонија и Украинскиот брег на Црно Море - заеднички релации* “ (Битракова-Грозданова 2004).

Досега објавените трудови за оваа проблематика даваат една прилично невоедначена слика за степенот на проученост на материјалната култура од архајскиот до раноримскиот период по долината на Вардар. Повеќето трудови се однесуваат на предмети кои претставуваат гробни наоди, што е особено важно кога е во прашање прецизната датација истите, како и одредување на присутните типови и форми кои се употребувани во погребувањата. Многу

[3] Во оваа прилика изразувам благодарност за увид и користење на непубликуваните наоди на: проф. др. Марјан Јованов за истражувањата во Корешница, Демир Капија; на Горан Санев и Перо Арџанлиев за наодите од истражувањата во Исар-Марвинци и Тремник, Неготино; на Емил Сламков за наодите од истражувањата на Вардарски Рид, Гевгелија.

[4] Види: Користена литература.

малку информации се однесуваат на населбинските слоеви. Всушност за времето од доцноархајскиот до хеленистичкиот период, освен информациите од истражувањата на населбинските слоеви на Вардарски Рид и делумно на Глоска Чука, с. Грчиште, не се истражувани други населби. Со тоа е ограничена можноста за следење на импортираните предмети и нивното влијание во секојдневниот живот, нивниот типолошкиот развој, употребата и нивната фунционална поврзаност во социјален контекст.

Од напред изложеното може да се извлече заклучок за недоволен степен на проученост на разгледуваната територија во различните периоди, во споредба со локалитетите пошироко во регионот на Медитеранот, што го отежнува извлекувањето релевантни податоци за интензитетот на трговијата и контактите со соседните, но и со останатите подалечни центри, прашањето на локалната продукција и работилници, економската моќ на населението, религиозните обичаи итн. Сепак, досега публикуваните податоци преставуваат солидна основа за една ваква студија.

# 2. Општествено-историски и политички прилики

## 2.1. Долината на Вардар од 6. до 1. век пред Христа

Долината на реката Вардар во широките временски рамки разгледувани во оваа студија, главно ја населувале популации поврзани со пајонскиот и македонскиот етнички супстрат, кои во овој долг временски период имале различно поставена општествена структура како независни племенски заедници, создале свои кралства или пак биле под полититичко влијание на други племенски или државни формации. Оттука, на ова место е неопходен кус преглед на досега познатите податоци врзани за историјата на Пајонците и Македонците, нивната распростанетост, нивниот територијален, општествено-политички, економски и културен подем и пропаст, а кои се поврзани со прашањата кои ќе произлезат од оваа студија.

Историскиот преглед започнува со познатите информации во изворите за распространетоста на племињата до македонската доминација. Добро познатите историски факти, особено од времето на Филип II до раноцарскиот период, особено оние општите кои немаат директна врска со Повардарјето се дадени во кратки црти, сосема доволни за појаснување на општествените и политичките состојби. Спомнати се оние настани кои влијаеле на промените во материјалната култура предизвикани од политички или воени сојузништва и превласт, демографска експанзија на едни на сметка на други, или смена на населението, губење или стекнување нови територии, упади на други популации во регионот, или на трговските и економските релации на населението по долината на реката Вардар со носителите на современите текови во изработката на актуелните занаетчиски производи.

Всушност, малкуте познати информации за пајонските и македонските популации се сведуваат на едностраното гледање претежно на грчките пишани извори или, пак, на преписите на римските историчари, географи и патописци

неколку века подоцна. Историските извори едвај ги спомнуваат настаните поврзани со овие простори, отежнувајќи го секој обид за синтетизиран преглед на нивната историја, а од друга страна, археолошките откритија кои треба да дадат одговори на многу прашања се поинтензивни, но далеку од задоволителни.

Неминовно, историскиот преглед започнува со најстарите пишани извори кои ја споменуваат оваа територија и популациите кои ја населувале, со Хомеровите записи во Илијада (Il., II, 848-850; XXI, 139-160) каде се спомнуваат „криволаките Пајонци од Амидон од широкострујниот Аксиј“ кои под водство на Пирајхме учествувале во Тројанската војна и „Пајонците со предолги копја“ предводени од Астеропај, владетелот на Пајонија, син на Пелагон, син на Аксиј и Перибоја - ќерката на Акесамен митскиот владетел на Пиерија.[5] Без разлика дали Хомер ги споменува Пајонците од широкострујниот Аксиј во контекст на доцното бронзено време или средината на 8. век - претпоставеното време во кое живеел, важен е фактот дека во првите векови на првиот милениум пред нашата ера тие сигурно биле присутни во долниот тек на Аксиј. Повеќето автори се сложуваат дека широкострујниот Аксиј се однесува на долниот тек на Вардар, а градот Амидон од каде доаѓа Пирајхме, Хамонд го идентификува со локалитетот Вардарофца (денешен Аксиохори).[6] Пајонците предводени од Астеропај, вооружени со две долги копја и мечеви доаѓаат од „ридестата и плодна Пајонија“, а неговата генеологија укажува на поврзаноста на Пајонците со Пелагонците и Пиеријците. За блиските врски меѓу Пајоните и Пелагонците зборуваат многу подоцна Страбон (Strabon, VII, 38) според кој Пајоните сами се нарекувале Пелагони и Тит Ливиј (Liv. XXXIX, 53) според кој, Еригон извира кај Илирите, но тече низ Пајонија и се влива во Аксиј. Оттука, Петрова укажува дека можеби уште во овој период постојат разлики меѓу одделни пајонски племиња кои подоцна ќе се појават во историските извори со различни имиња. поставувајќи ги на територија долж Аксиј, од средниот тек до устието, на запад

[5] За учеството на Пајонците во Тројанската војна види: Митревски 1997, 191-191. Петрова, 1999, 1-27.

[6] Hammond 1972, 234-5, 296, 298.

од долниот тек на Халиакмон до средниот тек на Еригон, на исток од средниот тек на Астибос до Термајскиот залив.[7]

На оваа предложена територија на распространетост на пајонските заедници, археолошки е потврдена доцнобронзенодопската материјалната култура наречена Повардарска културна група (доцен 14. до 12. век), односно „група Уланци", чиишто карактеристични елементи се среќаваат на локалитетите по долината на Вардар, најсеверно до скопско-кумановската област, на исток по Брегалнцица во штипско-кочанскиот регион, на запад до Прилеп.[8] Дефинирана е како специфична локална култура базирана на бронзенодопските традиции испреплетени со влијанијата од микенскиот свет и егејските култури од доцното бронзено време, чиј развој насилно е прекинат на крајот на 12. и почетокот на 11. век, во некој од последните бранови на миграции во рамки на т.н. „големи егејски преселби", настан кој е археолошки потврден на населбите од овој период.[9] Во секој случај, Пајоните се јавуваат како етнички формирана заедница со „градови" и „водачи" во време на Тројанската војна, кои биле присутни на поголем дел од Јужен Балкан уште во доцното бронзеното време.[10] Оваа култура од доцното бронзено време е всушност основа на која се базира генезата на железното време, како една „специфична компилација од различни елементи: егејски, северни и халштатски кои оформуваат единствена и стабилна култура, јасно дефинирана меѓу пајонските и македонските заедници во првата половина на првиот милениум пред Христа, позната од археолошките истражувања.[11]

---

[7] Петрова 1999, 5, карта I.
[8] Поопширно за карактеристиките на Уланци групата види: Митревски 2013, 183-188;, За мат сликаната керамика под микенско влијание од Уланци види: Видески 2006, 63-84.
[9] Митревски 2013, 191-194.
[10] Соколовска 1986, 21. Hammond, 1972, 418. Митревски 1997, 199. Митревски 2013, 182, авторот посредно укажува дека носителите на Уланци култрата се заедници кои се појавиле на историската сцена во одбраната на Троја како формирани општества со свои воени формации. Папазовска Санев 2015, 189-196, во неодамна одбранетата докторска дисертација за раното железно време во Македонија, разгледуваната материјална култура на наоѓалиштата по Вардар ги позврзува со пајонските заедници, посебно оние чија одлика е погребувањето со инхумации во циста.
[11] Mitrevski 2006, 86.

Изворите не ги споменуваат овие заедници сè до 6.-5. век, а кај подоцнежните автори се јавуваат повеќе различни племенски заедници со различни имиња. Во пајонски племиња се вбројуваат Дерони, Добери, Астраи, Иори, Лајаи и Агријани. Херодот (Herodotos, V, 15, 16) ги набројува и Пајопли, Сиропајони и Пајони. Кај Плиниј (Plin, Nat. Hist. IV, 10-35) и Страбон (Strabon VII, 31, 38) се споменати Парахеи, Еордаи, Алмопи, Мигдони, Пелагони и Девриопи како пајонски племиња, а Стефан Византиски (St. Bizantinus, Etnika, 577, 6) ги спомнува и Скиртите. За нивната територијална распространетост делумно дознаваме од штурите информации во изворите или пак од имињата на областите споменати кај некои автори или одредени топоними, повеќе пати разгледувани во досегашната литература од автори кои се занимавале со пајонската историја и култура (карта 1) .[12]

Повеќето од изворите ја определуваат северната граница на простирање на пајонските племиња по линијата на илиските, пајонските и тракиските планинските масиви паралелни со Дунав (Шар Планина - Црна Гора - Козјак-Стара Планина), според описите на Страбон (Strabo VII, 5, 1), кој пак се потпирал на постариот извор Полибиј.

Според Страбон реката Стримон извира во земјата на Агријаните (Strabo, VII, 36), кои заедно со Лаијаите живееле во нејзиниот горен тек (Thukydides, II, 98, 96). Според Тукидид, Стримон извира од планината Скумбра (Витоша?) и тече низ земјата на Агријаните и Лајаите, а западно од нив се независните Пајони (Thukydides, II, 96, 3).

Страбон (Strabo, VII, 36) кажува дека покрај Стримон и Аксиј извира кај Агријаните, што го оправдува мислењето за северната, односно северозападната граница на пајонските земји.[13] Ова мислење е дополнето со податокот дека

[12] Сеопфатен преглед на авторите кои се занимавале со пајонската историја и култура види: Петрова 1999, xv-xvii.

[1313] Соколовска 1986, 22. Битракова-Грозданова 1987, 15, забелешка 3 и 25, забелешка 87; Митревски 1997, 194. Во некои постари преводи: http://data.perseus.org/texts/urn:cts:greekLit:tlg0099.tlg001.perseus-grc1 (H.C. Hamilton, Esq., W. Falconer , M.A. 1903 и ed. H.L. Jones, The Geography of Strabo. Cambridge, Mass.: Harvard University Press; London: William Heinemann, Ltd. 1924.), глаголот ῥύσιν се протолкуван како

Пајонија граничи со Аутаријатите, Ардиеите и Дарданците (Strabo, VII, 5, 7, fr. 4, VII, 5,12). Денешна територија на северозападна Македонија од изворите на Вардар до Скопската котлина се археолошки сосема непознати, па оттука останува на археологијата да го потврди присуството на Агријаните, се разбира доколку најпрвин со сериозни анализи јасно се расчисти кои се карактеристичните одлики на материјалната култура на Агријаните.[14]

За источна граница на пајонските племиња се смета реката Стримон и Родопите кои ги делеле пајонските и тракиските територии. Веќе е кажано за Агријаните и Лајаите живеат во горниот тек на Стримон, а според Херодот реката Искар чии извори денес се наоѓаат на северните ограноци на планината Рила, извирала исто така на пајонска територија (Herodotos, IV, 49). Но, пред Грчко-персиските војни според Херодот, на исток од долниот тек на Стримон, над Пангеј и целото Серско поле до езерото Прасијада живееле Пајони. Околу езерото Прасијада (Бутковско или Дојранско езеро) Херодот конкретно ги споменува Пајопли и Сиропајони (Herodotos, V, 15, 16). Херодот на пајонска територија го спомнува градот Сирис, во кој Ксеркс на враќање од Тесалија оставил разболени војници. (Herodotos, V, 17 и VIII, 115). За Тукидид планината Керкине (Огражден или Беласица) е границата меѓу Пајоните и тракиските Синти (Thukydides, II, 98).

Хамонд ги лоцира Дероните во околината на Кратово (Hammond, Macedonia II, 75), за кои се смета дека се „независните Пајони“ кои ги спомнува Тукидид (Thukydides, II, 96, 3), а Своронос во близината на Дојран, Прасијадското езеро и планината Дисорон (Svoronos, 20). Херодот ги сместува Доберите северно од Пангеј (Herodotos, VII, 113), а северозападно од Пангеј според Птоломеј се населени Астраи и Иори (Ptol. III, 13, 27-28.) Градовите

„тече низ“, или „истекува од“. Ова толкување остава простор за тоа дали Аксиј извира кај Агријаните или тече низ пајонските земји.

[14] За материјалната култура и простирањето на Агријаните види: Соколовска 1990, 9-35.

Доберос, Астраион и Иорон (епоними на племињата) Папазоглу ги сместува во долината на реката Струмица.[15]

Страбон вели дека „некогаш Пајоните заземале голем дел од Македонија“ (Strabon, VII, fr. 38 и 41). Истиот автор вели дека Афакситида земјата од двете страни на Аксиј и долниот тек на реката до утоката, како и Мигодонија и Крестонија се пајонски (Strabon, VII, fr. 11, 14, 41).

Долното Повардарие, односно делот јужно од Демиркаписката клисура до влевот на реката Вардар во Егејското море, во антиката е познат како Амфакситида - земја од двете страни на Аксиос, една од ретките области во Македонија чие име не се поврзува со племенска припадност.[16] Името Амфакситида е непознато кај Херодот кој кажува дека Аксиос е граничник меѓу Мигдонија и Ботиаја, но Тукидид го издвоил тесниот појас од двете страни на Аксиос како посебна област која била некогаш пајонска.[17] Единствено Хамонд е на мислење дека името Амфакситида се однесува на тесниот појас на источната страна на Аксиос, а не на двете страни на реката укажувајќи дека αμφι има две значења: „од двете страни” или „покрај”.[18] Амфакситида за прв пат се спомнува за владеењето на Филип V како една од петте области на кои им била дозволена автономија во ковање на монети, а во изворите прв ја споменува Полибиј во почетокот на 2. век.[19]

Областа западно од Аксиј, до долното течение на Халиакмон, Хомер ја нарекува Ематија, а Полибиј вели дека во старо време била пајонска. Според Полибиј Ематија во старо време се нарекувала Пајонија (Pol. 23, 10, 4). Истата оваа област позната е како Ботиаја, што според Јустин е старото име за Македонија, додека пак според Страбон (Strabo VI, 3,2 VII, fr. 11a) Ботиаја се нарекува по Ботон, водачот на групата Критјани кои од Сицилија се населиле во

---

[15] Папазоглу 1957, 24.
[16] Папазоглу 1957, 131.
[17] Папазоглоу 1957, 131-132, истиот податок се среќава и кај Страбон кој вели дека Пајоните некогаш го населувале долниот тек на Аксиос, познат како Амфакситида.
[18] Hammond 1972, 167.
[19] Папазоглу 1957, 131; Битракова Грозданова, 1987, 17.

Македонија.[20] Според истиот автор, пред Каран - митскиот основач на македонската династија со овој дел владеел Астеропај.

Страбон вели дека Пајонија некогаш се простирала до Пелагонија и Пиерија. Според Хомер и Марсијас, Пиерија, односно територијата меѓу Бистрица (Халиакмон) и Пенеј до егејското крајбрежје е пајонска, а според Плиниј меѓу пајонските племиња се вброени Еордаи, Алмопи, Пелагони, Девриопи, со што се чини дека многу поголема територија е опфатена со пајонски племиња на запад од Аксиј. Скиртите, кои Стефан Византиски ги спомнува како пајонско племе се сместуваат во ресенската област.

Според претходно изнесените податоци ваков е отприлика распоредот на племињата кои врз основа на историските извори се сметаат за пајонски и кои „...во периодот од Тројанската војна и долго време по неа ја населувале територијата од Грделичката клисура на север до Пела и утоката на Вардар на југ, од Стримон на исток до Пелагонија на запад, вклучувајќи го целиот тек на Аксиј.“[21]

Од исклучителна важност за оваа теза е колонизацијата на северноегејското крајбрежје, процес кој во разгледуваните временски рамки е веќе завршен (карта 2, 3). Согледувајќи ги природните ресурси на северноегејското крајбрежје и внатрешноста, како и можностите за трговија силните грчки градови од малоазискиот брег, островите и копното уште од почетокот на 8. век започнуваат со формирање на бројни колонии. За раните периоди на колонизацијата значајни се островот Евбеја, со своите два града Халкида и Еретрија кои доминираат на Халкидичкиот полуостров. Менде и Сикионе се најзначајните еритрејски колонии на западниот дел на полуостровот, а Метоне на брегот на Пиерија. Халкида главно го колонизира источниот дел од полустровот со Тороне кој бил најголем центар, а заедно со населението од Андрос и останатите Кикладски острови и брегот кон исток, кон

[20] Mitrevski 2006, 91, можеби ова е причината за присуството на елементи од егејското бронзено време и критската култура во Уланци групата кои како своевиден suvival егзистираат и во железното време.
[21] Соколовска 1986, 23.

Стримон. Населението од Парос во 680 г. формира колонии на Тасос и на брегот источно од Стримон (Неаполис и Оисиме). Единствената коринтска колонија Потидаја на првиот крак на Халкидик е формирана околу 600 г.

Покрај ова, неколку настани во историјата - воени походи, територијални екпанзии и формирање на кралства се клучни за заедниците кои ја населувале долината на Вардар во текот на овие шест века. Најпрвин, формирањето на кралството на Аргеадите во Горна Македонија и сè уште нејасните турбуленти настани во долниот тек на Аксиј од втората половина на 7. до доцниот 6. век; Грчко-персиските војни во доцниот 6. и првата половина на 5. век и походот на Ситалк во доцниот 5. век, кои ја условиле територијалната експанзија на Македонците кон исток и север до Демир Капија; освојувањата на Филип II и особено оние на Александар кон исток; походот на Келтите во 279 г., по што Дардарнците го населиле горниот тек на Вардар; Третата македонско-римска војна и битката кај Пидна во 168 г., проследена со поразот на Андриск во 148 г. со што започнала римската доминација на овие простори.

Првите историски настани врзани за пајонските заедници познати од изворите се случуваат пред Грчко-персиските војни. Херодот (Herodotus, V, 1) известува за два ограбувачки походи на Пајоните на исток. Имено, Пајоните кои живеат на Стримон, ја нападнале самоската колонија Перинт на тракискиот брег на Пропонтида заради пророштво, заземјаќи го градот и оставајќи малкумина жители. Кога точно се случил овој настан не е јасно,[22] но секако по формирањето на Перинт во 602 г. и пред повторното заземање на градот од персиската војска водство на Мегабаз во 511 г., која Дариј I ја оставил во Европа при походот на Скитите. Уште еден ограбувачки поход се случил пред Грчко-персиските војни, кога Пајоните ја нападнале клазоменската колонија Абдера, исто така на тракискиот брег. За овој настан раскажува Пиндар, во Пеанот во чест на Абдерите кои успеале да ги истиснат стрелците на Пајоните кон Атос. И во двата случаи не се спомнати кои од пајонските племиња биле доволно воено моќни да ги нападнат Перинт и Абдера, лоцирани прилично далеку од

[22] Петрова 1999, 6, претпоставува околу средината на 6. век.

најисточната граница во долниот тек на Стримон, до каде се простирале најисточните пајонски племиња Пајопли или Сиропајони.

Територијата населена со пајонски племиња почнала да се намалува со експанзијата на Аргеадите од Горна Македонија кон исток. Според Марсијас првоосвоените територии на Аргеадите се Пиерос и Аматос, епонимите на Пиерија и Ематија. Тукидид (Thukydides, II, 99, 4) кажува дека областите од Пела на запад до морето биле пајонски пред доаѓањето на Македонците. Во време пред првиот персиски поход со веќе создаденото македонско кралство владеел Аминта I (547-498 г.), во чие време територијата западно од Аксиј е под македонска власт, но не и земјите источно од Аксиј, каде нивното присуство било ограничено на воена и административна контрола (Herodotus V, 17). Веројатно во ова време Антемунт на Халкидик бил освоен од Аминта (Herodotus V, 94), покажувајќи ги аспирациите на Аргеадите за доминација на овој простор, што им успеало по Грчко-персиските војни.

Првиот персиски поход на грчките градови започнал во 492 г., кога персискиот генерал Мардониј влегол на европско тло, покорувајќи ја Тракија, која номинално била дел од Персија уште во 513 г., а Македонија била во вазален однос, задржувајќи голем степен на независност (Herodotus VI, 44).[23] Според Херодот (Herodotus, V, 14-16), Персијанците предводени од Мегабаз ги нападнале Пајоните кои живеат во долниот тек на Стримон. Според изворот градовите на Пајоплите и Сиропајоните и другите Пајонци сѐ до Прасијадското езеро биле завземени, а тие се предале на Персијанците, по што биле преселени во Мала Азија, а вратени назад по Јонското востание (499-493 г.). Мегабаз не ги освоил оние Пајони кои живееле околу Пангеј, набројувајќи ги овде Доберите, Агријаните и Одомантите, како и оние кои живееле на самото Прасијадско езеро. Останува нејасно зошто меѓу непокорените племиња се споменуваат и Агријаните кои не би требало да бидат лоцирани толку на југ. Оттука, сѐ уште е спорно дали се работи за племето Граи кои единствено ги спомнува Тукидид

[23] За реалциите на Македонија и Персија во овој период види: Roisman-Worthington 2010; Саракински 2013; Vasilev 2015.

(Thukydides, II, 96, 3). По повлекувањето на Персија во 490 г., наследникот на Аминта, Александар I во нивно име добил право да ги контролира пајонските земји источно од Аксиј до Стримон и да ги користи сребрените рудници на планината Дисорон од кои вадел по еден талант сребро на ден (Herodotus V, 17).

Во 480 г. започнала втората инвазија на Персијците кога Ксеркс патувал три месеци од Хелеспонт (Дардарнели) до Терме, а кај Дорискос (на тракискиот брег меѓу Нестос и Хеброс) му се придружила флотата. Херодот вели дека и овој пат Ксеркс патувал низ пајонски земји (на Доберите и Пајоплите) кон реката Ехејдор (Галикос), каде едвај се чувствувала македонска власт, но не се спомнува македонско население.

Веќе во време на македонскиот крал Пердика II (448-413 г.), долниот тек на Аксиј, подоцна познат како Афакситида влегол во составот на кралството на Филип, братот на Пердика (Thukydides, II, 99, 4). Кога одрискиот крал Ситалк го презел походот на Македонија во 429 г., Агријаните и Лајаите на чија територија се наоѓале градовите Пауталија и Перник биле под негова власт (Thukydides, II, 96), а нешто пред походот ги покорил Пајоните кои дотогаш биле независни (Thukydides, II, 98). Ситалк минувајќи низ пајонските земји, од пајонскиот Доберос се спуштил во Македонија, во кое време пајонската територија е ограничена на средниот и горниот тек на Аксиј и горниот тек на Стримон. Во овој поход Ситалк се вмешал во борбите за македонскиот престол, поведувајќи го Аминта, синот на Филип за да го постави на престолот. Тукидид овде за прв пат споменува градови во долниот тек на Аксиј, кој Ситалк ги освоил: Идомене, Гортинија и Аталанте, додека Европ ја издржал опсадата. По опустошувањето на Мигдонија, Крестонија и Антемус, Ситалк се вратил назад. Лајаите веќе не се споменуваат во изворите, а Агријаните ќе се ослободат од окупацијата на Одрисците.

До средината на 4. век се смета дека северната граница на Пајонија сè уште е до Грделичката клисура, кога пајонските заедници се појавуваат со свои кралеви, познати од изворите или ковањето на пари, кои користејќи ја слабоста

на македонското кралство, а во договор со Атина, постојано ја напаѓаат Македонија. Оваа ситуација е надмината во времето на Филип II кој со подароци најпрвин ги убедил Пајонците на мир, за да по смртта на Агис ги победил и ги потчинил (Diod. XVI, 2, 1-6, 3, 1-6, 4). Пајонските кралеви го задржале престолот, но и понатаму ја напаѓале Македонија. Агријаните пак, создале кралство во времето на Александар, кога повторно ја вратиле територијата која ја имале пред освојувањата на Ситалк. Пајоните во ова време се јавуваат главно како сојузници на Александар во неговите походи кон исток.

Повеќе автори се согласни дека Александар III, враќајќи се од од Дунав во 335 г., поминал низ земјата на Агријаните и Пајоните по патот од Сердика преку Пауталија, кои биле сè уште во пајонски раце (Arr. Anab. I, 5,1). По средината на 3. век на сметка на Агријаните и Пајоните се шират тракиските племиња Дентелети, лоцирани на изворите на Стримон, а Пауталија се смета за нивна престолнина Детелетика. Во 310 г. Аутаријатите од север вршат притисок врз Пајонија заради наездата на жаби, но Касандер му излегува пресрет на Аудолеон населувајќи 20.000 Аутаријати на крајната граница на Македонија, под планината Орбелос (Diod. XX, 19).

Овде нема да навлегуваме во добо познатите историски настани кои го дефинираат периодот по распаѓањето на кралството на Александар,[24] династички војни меѓу наследниците Дијадоси, што во 281 г. ќе резултира со поделба на големата империја и создавање на неколку кралства. Тогаш долината на Вардар, сè уште во рамки на пајонското кралство ја дели истата судбината, во рамки на македонската држава или во независната Пајонија. Пајонскиот крал Аудолеон првиот кој е познат со титула басилеј, бил сојузник на Лизимах, Птоломеј, Секелук и Пир против Деметриј I Полиоркет, а неговата наклонетост кон Атина била наградена со златен венец, коњаничка статуа во Атина и атинско граѓанство.[25] Пајонија е освоена од Лизимах, откако Аристон синот на Аудолеон на крунисувањето на реката Астибос побегнал кај Дарданците. За

[24]Види: Hammond-Walbank 1988; Битракова-Грозданова 1987, 15-36.
[25] Битракова-Грозданова 1987, 21.

време на кралот Дропион, Пајонија била уште еднаш независна, приклучувајќи се кон сојузот на грчките градови против Деметриј II, во врска со што се двата натписи во Олимпија и Делфи: првиот за посветени сатуи на Дропион од Сојузот на Пајонците во Олимпија, а вториот во Делфи, од самиот Дропион, кој на Аполон Питијски му подарил глава од бизон излеана од пајонска бронза и статуа на неговиот дедо Аудолеон.[26]

Северните територии, населени со Агријани се изгубени на сметка на Дарданците, кои користејќи ја наездата на Келтите во 279 г. ќе се прошират во скопско-кумановската област. Така Билазора останува најсеверниот град во Пајонија (Pol. V, 97,1), најголемиот пајонски град кога Филип V го освоил во 217 г., во една од многуте негови војни со Дардарнците, кои конечно ги победил кај Стоби во 197 г.

Со потпаѓањето на Македонија под римска власт, Пајонците изчезнуваат од историската сцена. Кога Лукиј Емилиј Паул, по победата кај Пидна во 168 г. над последниот македонски крал Персеј ја решавал судбината на некогаш моќното македонско кралство делејќи го на четири административни единици - мериди, границата меѓу втората и четвртата и втората и третата мерида е поставена по долината на Аксиј. Источниот дел од Аксиј до Стримон припаднале на втората мерида со седиште во Тесалоника, Амфаксидита на третата мерида со седиште во Пела, а западниот дел на Пајонија со Пелагонија, Деврион и Линкестида во четвртата мерида со седиште во Пелагонија, области кои биле сосема изолирани една од друга.[27] Во поделбата на пленот и териториите на поразеното македонско кралство, Дарданците заради сојузнички заслуги ги побарале северните области на кралството, но единствена привилегија која ја добиле била можноста да купуваат сол во Стоби и тоа по намалена цена (Liv. 45, 29, 13). Востанието на Андриск во 148 г. е причината за прогласување на римската провинција Македонија, по што до доцниот 1 век, односно до августовскиот период нема настани кои драматично влијаеле на овој

---

[26] Битракова-Грозданова 1987, 22.
[27] Папазоглу 1957, 61. Битракова-Грозданова 1987, 35.

регион. Единствено честите упади на Дарданците, Скордисците, Медите, сами или во сојузништво со останатите среднобалкански племиња во доцниот 2. век сѐ до 86 г. ќе остават археолошки потврди на локалитетите по Вардар.

* * *

Долината на Вардар во текот на 6. век, особено во првата половина, почнувајќи од скопската котлина скоро до утоката е пајонска, но кои се Пајоните кои ја населувале? Ако Агријаните според изворите заземаат голема територија од изворите на Аксиј до изворите на Стримон, вклучувајќи ја скопско-кумановската област од 6. до првата четвртина на 3. век, кои од Пајоните го населувале средниот и долниот тек на Аксиј? Дали се тоа Астраите и Доберите кои на картите се сместени во областите источно од средниот тек на реката, или пак Дероните, на кои им се припишува некрополата на Дедели, која е лоцирана на левиот брег на Аксиј? Дали реката е природната граница до каде на исток се простирале Пелагонците и Ботиајците и кои се Пајоните во тесниот појас на Аксиј меѓу Ботиајците и Мигдонците за кој зборува Тукидид? Треба да се има на ум дека освен Демир Капија, каде наоѓалишта од ова време се забележани на двете страни на реката, Дедели и Исар-Марвинци се на левиот брег, а сите останати познати локалитети се наоѓаат на десната страна на Аксиј со исклучок на Синдос. Не е случајно што Аксиј е природната линија по која и Римјаните многу подоцна ги определуваат границите на меридите.

Се чини дека истражувањата на локалитетите по долината на Вардар од доцното бронзено време па сѐ до римскиот период не се на задоволително ниво за одговор на овие прашања. Неопходни се нови истражувања и детални компаративни проучувања на материјалната култура на поширока територија на исток и запад од Аксиј, каде изворите упатуваат на региони населени со пајонски или македонски популации. Станува збор за племенски заедници со блиски обележја во материјалната култура, меѓу кои од сегашна дистанца и степен на проученост е тешко да се повлечат строги граници. Од аспект на дефинирање на поблиските карактеристики и обележја на материјалната

култура недостасува една пообемна синтетска анализа на наодите од овој период на широката територија на која изворите ги сместуваат пајонските, односно македонските племиња, во која особено би се одредиле одликите на нивната локална култура.

Во периодот на полното железното време овие заедници зафаќале прилично голема територија, богата со природни ресурси: вода, дрва, минерални суровини и руди, испреплетена со важни патни правци по долините на големите реки, Аксиј, Стримон, Астибос, Еригон и Галикос кои овозможиле солидна економска основа за развој. Нивната распореденост близу северноегејското крајбрежје пред Грчко-персиските војни и близу колониите формирани од грчките и малоазиските водечки центри би го условиле развојот на трговијата и нивниот допир со луксузни предмети. Влегувањето на историската сцена во медитеранскиот простор на различните племенски заедници кои го населуваат поширокиот простор на јужниот дел од Балканот е проследено со крупни општествено-политички, социјални и културни промени. Во геналогијата на македонската кралска куќа на Аргеадите се јавуваат имиња на „кралеви" и порано, пред Пердика I, кој кај Херодот и Тукидид се јавува како основач на кралството во првата половина на 7. век. Кај Пајонците пак, нема познати „кралеви" до Теутај во првата половина на 4. век, но затоа пак сребрените пари на Дероните, особено тие со високи номинали зборуваат за издвојување на аристократија која би се јавила како носител на ова племенско ковање, што секако укажува на нивната економска моќ.[28]

Античките извори ги опишуваат македонските племиња и нивните соседи: Пајонците, Тракијците и Епирците во 7. и 6. век како номадски заедници чија економија главно се базира на трансхуманото сточарство и лов, кај кои дури и земјоделството се смета за помалку благородно занимање. Херодот, опишувајќи го општествениот статус и рангирањето на различните занимања меѓу племенските заедници во јужниот дел на Балканот, вели дека

[28] За племенското ковање на пајонските заедници види: Петрова , Josifovski 2006, 251-262. Павловска 2008.

дури и оние што живеат од војна и грабежи се на повисоко општествено скалило од земјоделците.[29] Тукидид раскажува дека во раните периоди во Македонија и Тракија луѓето често мигрирале, не поседувале лични богатства, не одгледувале растенија и не живееле во градови (ѕидани фортификации), а населението во случај на опасност се засолнувало во утврдени рефугиуми подигнати на високи, природно бранети места, а дури подоцна кралот Архелај (413-399 г.) изградил многу утврдувања и патишта.[30] Истиот извор известува дека во времето на походот на Македонија во 429 г., одрискиот крал Ситалк наишол на малку утврдени градови.

Во постарите историски извори се споменуваат градови на Македонците и Пајонците многу порано. Кај Херодот, на пример, во Долна Македонија, во областа Ботиаја се спомнати старата македонска престолнина Аига и Ихне како македонски градови уште пред персиските освојувања, а Диодор го споменува Алор уште пред времето на Филип II.[31] Меѓу нив е и Пела, спомената од Хекатеј, Херодот и Тукидид во 5. век, која подоцна Архелај ја избрал за нова престолнина на македонските кралеви, за која ги поканил најпознатите грчки архитекти и уметници да ја изградат и да ја украсат. Веќе во 382 г. Пела е позната како „најголем меѓу македонските градови", но првите фортификации датираат од времето на Филип II.[32] Во приказната за освојувањето на Пајонците кои живеат во долниот тек на Стримон се спомнуваат пајонски градови, меѓу кои и Сирис, каде Персијците оставиле ранети војници. Се поставува прашањето дали се овие вистински „градови" или, пак, станува збор за поголеми населби во кои е концентрирана моќната племенска аристократија и кои тукушто ја започнуваат својата протоурбана фаза и развојниот пат до она што се подразбира под поимот „град".Ако се земе предвид мислењето на некои автори дека градовите во модерна смисла на зборот се јавуваат за првпат дури

[29] Hammond - Griffith 1979, 23-24.
[30] Hammond - Griffith 1979, 137; Папазоглу 1957, 38.
[31] Папазоглу 1957, 122-123.
[32] Touratsoglou 1996, 137-138; Hammond - Griffith 1979, 139.

во 5. век и тоа најмногу се однесува на Атина по 480 г. пр. н.е., многу малку од нив може да се сметаат за вистински градови.[33]

Незначителните истражувања на населбинските слоеви на наоѓалиштата по Вардар, особено на постарите слоеви не дозволуваат многу коментари на оваа тема. Освен Скопско Кале, Исар Марвинци и Вардарски Рид, останатите локалитети или воопшто не се истражени или постарите слоеви не се откриени. На Скопско Кале нема сочувани интактни слоеви од 6. и 5. век, а малубројниот материјал од овој период е откриен во отпадни јами. На Градиште - Кнежје само сондажно е стигнато до постарите хоризонти и тие не се публикувани. Ист е случајот со Исар-Марвинци каде во рамки на градот е откриен доцноархајски материјал, но вон контекст. Последните истражувања беа насочени кон некрополите, па така под римската некропола беа откриени населбински слоеви од полното железно време, но не доволно за да зборуваме за градска организација. На Глос - Грчиште откриен е дел од куќа, но истражувањата кои траеа само една сезона се сосема недоволни. На Вардарски Рид се откриени делови од куќи од доцноархајскиот период на јужната и источната тераса, и дел од бедем на северната,[34] но ова се малку елементи за да се извлечат сериозни заклучоци. Според стратиграфската слика од досегашните истражувања, се смета дека подоцнежниот македонски град на Вардарски Рид е подигнат врз остатоците на доцноархајската пајонска населба, уништена во голема природна катастрофа во доцниот 6. или раниот 5. век.[35] Овој прекин го потврдуваат и познатите некрополи од полното железно време: Сува Река, Милци и Парагон во близина на Вардарски Рид, каде што најмладите погребувања датираат од раниот 5 век. Сепак, и овие малку податоци покажуваат дека станува збор за населбинско живеење, во пространи куќи градени со темели од камен и ѕидни платна од плитар, покриени најчесто со органски материјали.

Наспроти скромните податоци за населбинското живеење, некрополите нудат повеќе информации. Унифицираниот начин на погребување во рамни

[33] Микулчиќ 1999, 9.
[34] Митревски 2001, 2007, цртеж 2.
[35] Митревски 2004, 27.

некрополи, во гробови формирани во вид на цисти од камени блокови и скоро унифицирани гробни дарови, во втората половина на 6. век покажува мали промени во однос на големината и гробните циисти изведени од монолитни блокови залиени со глина на споевите. Драстични промени се забележуваат во гробните дарови. Веќе јасно издиференцираната аристократија сосема е свртена кон современите културни достигнувања на југот и југоистокот и тоа не само како посматрач и впивач на современите трендови, туку и како сериозен фактор во трговијата и креирањето на актуелните стилови во уметноста. Ова особено е видливо во т.н. кнежевски погребувања, културен феномен кој се јавува кај повеќе различни заедници на Јужниот Балкан, на територија која според известувањата во изворите е населена со Пајонци, Македонци, Ботиајци, Енхелејци-Дасарети, Девриопи, Елимејци. Сите тие покажуваат скоро идентични елементи особено во идејата да се испратат припадниците на аристократијата и високите војнички кругови на другиот свет со исклучително луксузни предмети, вклучувајќи златни маски, сандали, ракавици и апликации за облека, златен и сребрен накит и парадно оружје. Новите откритија во Аига, Архонтико, Ајани, како и оние на Горна Порта во Охрид овозможуваат издвојување на најмалку две касти, една владеачка и една војничка аристократија. Синдос и Архонтико го повлекуваат највеќе прашањето за границата меѓу македонските и пајонските племиња околу долниот тек на Аксиј во втората половина на 6. и раниот 5. век, што е клучно во одредување на носителите на т.н. кнежевски погребувања посебно на овие две некрополи и разгледувањето на овој феномен во поширок контекст во Јужен Балкан. Богатите наоди во кнежевските погребувања кои наеднаш се појавуваат во ова време, повлекуваат и прашања во врска со економската основа за истите, особено во рамки на заедници кои дотогаш покажуваат прилично унифицирана и слободно може да се каже, скромна материјална култура.

Доцноархајските населби продолжуваат контуниурано да се развиваат и во класичниот период, но без поголеми разлики во смисла на урбанизиран простор функционално одвоен за јавна намена или живеење. Во пишаните

извори кон крајот на 5. век се среќаваат податоци за неколку градови во долниот тек на Аксиос, во областа Амфакситида кои Ситалк ги освоил: Доберос, Идомене (Исар - с. Марвинци), Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија), Европ (Ашиклар во округот Гуменица, северна Грција) и Аталанте (лоциран јужно од Европ).

И во овој период се соочуваме со недоволна истраженост на локалитетите. Единствените градби од јавен карактер се Стоата на Вардарски Рид и палатата на локалитетот Градиште-Кнежје и двете датирани во времето на Филип II и Александар.

Многу од овие градови го продолжуваат својот живот и во подоцнежните периоди, но дел од нив згаснуваат на преминот во новата ера. Во 147 г. кога е формирана римската провинција Македонија, Стоби останал најголемиот град во северниот дел на провинцијата, близу до границата, од каде кон север се протегале сè уште варварските земји издигнувајќи се во значаен град, заради што би му обрнале малку повеќе внимание.

Имено, во текот и по завршување на граѓанските војни, неколку градови во Македонија се населени со дедуцирани ветерани од легиите, со што се формирани првите колонии во Касандреја, Пела и Дион. Формирањето на *oppidum Stobi civium Romanorum* се поставува во периодот меѓу битката кај Фарсала во 48 г. и таа кај Филипи во 42 г.[36] Се претпоставува дека во Стоби во ова време веќе постои *conventus* на римски граѓани кои ја искажале својата наклоност и поддршка кон Цезар, заради што и градот го заслужил стекнатиот статус, чии идеи за колонизација на провинциите ги спроведуваат неговите наследници.[37] Некои автори изнесуваат мислење дека и Стоби во ова време е населен со ветерани,[38] што претпоставува повеќе бранови на доселување, ако ја прифатиме препозицијата дека во градот има римски граѓани уште пред 43/42 г.

[36] Papazoglu 1986, 214, меѓу другото Папазоглу аргументира врз основа на контекстот во кој Плиниј го споменува Стоби како *oppidum civium Romanorum* веднаш по *Pella colonia* чие основање секако датира пред 30 г. пр. н.е.; Wiseman 1994, 1757-1763.
[37] Papazoglu 1986, 226-227.
[38] Микулчиќ И., 2003, 34-36.

Стоби прераснал во *municipium*, единствен во источните провинции, покрај тракискиот град Коела на Хелеспонт.[39] Муниципалноста и свисокиот статус на *ius Italicum* кој го уживал Стоби според податокот во *Digesta*, и кој за граѓаните значел и привилегија за ослободување од одредени даноци, градот го стекнал можеби уште за владеењето на Август.[40] Ваквата претпоставка е заснована на неколку факти: веќе постоечкиот *conventus* на римски граѓани доселени во доцниот републикански период, стратешката позиција на Стоби во северниот дел на провинцијата на клучната раскрсница на два големи патни правци што гарантира и економски просперитет, како и податокот дека и останатите опидуми споменати кај Плиниј прераснуваат во муниципиуми. Со ваквиот статус Стоби е забележан многу подоцна, на првите серии на пари ковани во градот во времето на Веспазијан во 72/73 г. од н.е., и на неколку натписи датирани во периодот од 1. до 3. век од н.е.[41]

Останатите познати градови во долината на Аксиј замреле. Билазора не продолжила да се развива во раноцарскиот период, Антигонеја замира од непознати причини во раниот царски период, Демир Капија (Стенае) и Гортинија сосема ја губат важноста во римско време. Освен Стоби, останува Идомене, градот на Исар - Марвинци да се развива сè до 4 век од н.е.

[39] Wiseman 1994, 1762, Коела ваквиот статус го стекнал подоцна, за време на Хадријан.
[40] Papazoglu 1986, 231; Wiseman 1994, 1762.
[41] За стобската ковница види: Dušanić 1967, 11-29: Јосифовски 2001.

# 3. Импорт и влијанија во занаетчиството по долината на Вардар во антиката

## 3.1. Керамичка продукција

### 3.1.1. Керамичка продукција во доцноархајскиот период

Керамичката продукција во текот на 6. век по долината на Вардар е релативно добро позната од причини што најголемиот број од познатите примероци потекнуваат од гробните целини и сосема мал дел од населбинските слоеви. Податоците главно сигнуваат од неколкуте истражувани некрополи лоцирани во Долно Повардарје: Лисичин Дол - Марвинци, Зелениште и Дедели - Валандово, Сува Река и Милци близу Гевгелија.[42] Единствен локалитет кој нуди податоци од населбинските слоеви е Вардарски Рид – Гевгелија, како и малубројниот материјал од локалитетот Глоска Чука, каде се вршени краткотрајни археолошки истражувања. Заради географската положба и отвореноста на Долното Повардарје кон југ и неговата директна изложеност на влијанијата од значајните центри, не случајно анализата започнува токму тука, на просторот јужно од природната бариера - Демиркаписката клисура.

Наоѓалиштата од доцноархајскиот период во Средното и Горно Повардарје се помалку истражувани. Делумно се истражувани некрополите на локалитетот Дабици - Сопот кај Велес, Дубиче-Волково, Орешани и Варвара кај Скопје.[43] Познати се поединечни наоди од Демир Капија и Корешница, Градиште – Неготино, Градиште, Кнежје - Свети Николе, случајните откритија вон контекст на Стоби, потоа Кале и локалитетот Градиште, Горно Нерези - Скопје.

[42] Иако одамна истражувана, некрополата на локалитетот Бишов Јавор не е публикувана, а материјалот е недостапен за проучување, освен неколку предмети изложени во Музејот во Гевгелија. Ристов 2004, Т. XXVII: 2с.

[43] Истражувањата не се објавени во целост. Види: Митревски 1997, 278-319, Каталог на некрополи.

За да се согледа керамичката продукција по долината на Вардар, главните присутни типови и форми на садови, нивниот развој и промените, како и влијанијата и потеклото, овде накусо ќе бидат претставени главните одлики преку избор од најкарактеристичните примероци откриени на истражуваните локалитети.

- *Локални форми во 6. и првите децении на 5. век*

Во текот на целиот 6. век во Долното Повардарје сè уште се присутни неколку форми на садови работени на грнчарско тркало, чија продукција по долината на Вардар започнува скоро еден век порано. Четири од овие форми се врзани со погребувањата, каде биле приложувани речиси без исклучок: бокал со засечен врат, кој во детските погребувања е заменет со помало бокалче - олпа или гутус со изливник, длабока чаша со една рачка или кантаровидна чаша со две рачки. Работени се на грнчарско колце, од прочистена глина која содржи примеси на мика, поретко зрна од кварц и песок, црвено до окер печена со сиво јадро на пресекот и тенки ѕидови. Садовите се потопувани во енгоба од разредена глина, а потоа боени со хоризонтални ленти со мат темноцрвена до кафена боја нанесена со четка. Овие садови најдобро ги илустрираат примероците од некрополите Дедели и Лисичин Дол во валандовскиот регион и Милци и Сува Река во гевгелискиот, кои покажуваат континуитет во погребувањата во текот на 7. и 6. век,[44] освен некрополата во Дедели, која не се употребува после 2/4 на 6. век[45]. Долгогодишните систематски истражувања на локалитетот Вардарски Рид - Гевгелија покажаа мал процент на застапеност на бокали со засечен врат работени на грнчарско тркало и тоа најчесто фрагменти,[46] што делумно оди во прилог на тврдењето дека се работени исклучиво за погребни цели.[47] Сепак, треба да се има на ум слабата сочуваност

---

[44] За керамичките наоди од Дедели види: Пашиќ 1983, 57-65; Митревски 1991. За примероците од Лисичин Дол види: Видески 1999, 91-112; Митревски 1999, 69-91. За примероците од Сува Река види: Пашиќ 1977, 43-57; Пашиќ 1978, 21-52; Ристов 1993, 13, 97-112. За примероците од Милци види: Георгиев, 1983, 65-72; Пашиќ ет ал. 1987, 75-102; Хусеновски 2005, 89-116.
[45] Митревски 1991, 69-70.
[46] Папазовска 2005, 115-159. Папазовска Санев 2009, 148.
[47] Митревски 1997, 118. Mitrevski 2011, 92.

на слоевите од железното време и раната антика на локалитетот заради подоцнежните интревенции, но и генерално малата истраженост на населбите од овој период. Неодамнешните истражувања на Исар - Марвинци, во железнодопскиот населбински слој под римската некропола открија печка за керамика полна со бокали со засечен врат работени на грнчарско тркало и лентесто боени, со што е потврдена нивната локална продукција.[48]

Бокалите со засечен врат се изработуваат со варијации во засекот на вратот и формата на телото: потопчесто, позаоблено или поаглесто на средината каде е најголем дијаметарот (Т.1:1-6). Лентестата рачка почнува од засекот на вратот и завршува некаде на средина на телото. Едноставната линеарна декорација со различен број и растојание меѓу хоризонталните ленти, вообичаено е изведена на самиот отвор однадвор и однатре, на вратот, почнувајќи веднаш под работ на устието и на средината на телото. Степенот на засеченост на вратот, варијациите во печењето, боењето, поставеноста на рачките, профилацијата и димензиите за едни се предуслов за издвоување на голем број варијанти, потврдувајќи ја на тој начин нивната локална продукција,[49] додека пак други издвојуваат главно два типа на бокали зависно од формата на телото.[50] Сепак, малите разлики во димензиите или профилацијата се чини дека се резултат повеќе на различните работилници и мајстори отколку на нивната намера да покажат иновативност и разноликост на формата и според тоа не претставуваат солидна основа за изведување на типолошка варијабилност.

Длабоките чаши се издвојуваат во два типа: чаши со една рачка и кантаровидни чаши со две рачки кои покажуваат поголеми варијации, пред сè во изведбата на вратот и преминот кон телото, во профилацијата и формата на

---

[48] Mitrevski 2011, 93. Mitrevski 2012, 109-110, fig. 9. Новите истражувања на Исар - Марвинци и Лисичин Дол (2008-2013 г.) не се публикувани.

[49] Митревски 1991, 50. Митревски 1997, 119.

[50] Папазовска-Санев 2009, 80-83, типологијата на бокалите со засечен врат работени на грнчарско тркало се базира на два елементи: засекот на вратот и обликот на телото. Оттаму, авторката разликува два главни типови: со степенест засек и биконусно тело и кос засек и крушковидно тело.

телото (Т.2:7-12). Почести се кантаровидните чаши со две рачки кои се поставени во рамнина со отворот или малку повисоко од него и најчесто завршуваат на делот од телото со најголем дијаметар. Варијациите се согледуваат во изведбата на вратот, кој кај некои примероци е кус, коничен или цилиндричен со ненагласен или остар премин кон телото нагласен со жлеб, а кај други е формиран врат кој континуирано преминува кон телото, давајќи му на садот S - профилација. Кај некои примероци од Дедели работ на отворот и целиот врат се покриени со боја, а лентите се распоредени на остатокот од телото.

Малите бокали - олпи кои се јавуваат во детските погребувања имаат рамен раб на отворот, повеќе крушковидно тело со најголем дијаметар кон дното. Едната вертикална лентеста рачка е прилепена веднаш под отворот и на делот од телото со најголем дијаметар. Хоризонталните ленти се нанесени почнувајќи од вратот кон долната половина на телото (Т.3:13-14). Олпите се интересна појава во некрополите од 7. и 6. век заради формата која потполно отсуствува во локалната железнодопска продукција во претходниот период. Нивното присуство во детските гробови е забележано од крајот на 7. век.[51] Кај некои примероци олпи се јавува мал изливник на телото, што ги издвојува во посебен тип - гутуси (Т3:15).

Кон крајот на 6. и почетокот на 5. век наведените форми на керамички садови покажуваат извесни промени кои водат кон нивната постепена еволуција во класични форми. Изработката на бокалите со косо засечен врат завршува кон крајот на 6. век, кога се забележуваат постепено губење на засекот на вратот и еволуирање во бокал со рамен раб.[52] Кантаровидните чаши добиваат понагласена профилација со издвоен врат и рачки кои постепено се извишуваат над ободот, а олпите добиваат потопчесто тело блиско до оинохоата. Треба да се

[51] Папазовска-Санев 2009, 83. Митревски 1991, Т. XV, во гробовите 53 и 56 во Дедели кои се датирани во 650-625 г. е откриено олпе.
[52] Георгиев 1984, 54. Митревски 1991, Т. XII:9, единствениот бокал со рамен раб во некрополата во Дедели е откриен во гроб 45 кој заради отсуство на други наоди не е попрецизно датиран. Папазовска-Санев 2009, 82-83, бокалите со кат. бр. 125 (од Сува Река) и 126 (Лисичин Дол) имаат сосема мал и плиток засек, кои веројатно претставуваат преодна форма кон рамниот раб. .

обрне внимание и на појавата на брановидна лента меѓу хоризонталните, изведена најчесто на рамото на затворените садови со иста боја и техника. Единствениот ваков примерок откриен во гробот 81 од Дедели припаѓа на поголем сад и датира до средината на 6. век,[53] додека пак бокалот со рамен раб и кантаровидната чаша со две рачки од гробот 74 од некрополата Сува Река се нешто подоцнежни и припаѓаат на 3/4 до крајот на 6. век (Т.3:16-17).[54] Сличен примерок е откриен на некрополата Синдос, датиран во 510-480 г.[55]

Во останатите региони по долината на Вардар се забележува одредена конзервативност во смисла на технолошките иновации, особено во употребата на грнчарското тркало. Дури во 6. век на локалитетите во Горното и Средно Повардарје ќе се јават примероци на бокали со засечен врат, чаши со една рачка и кантаровидни чаши изработени на грнчарско тркало, кои се поврзуваат со долновардарските керамичарски работилници.[56] Во регионот на Брегалница окер лентестата керамика е ретка. Еден примерок е познат од некрополата Криви Дол – Радање и Орлови Чуки – Стар Караорман. Ист е случајот и со крајниот североисток, каде само на локалитетот Градиште - Пелинце е откриен осамен фрагмент на бокал декориран со ленти,[57] додека пак на познатите локалитети во Западна Македонија ваквата керамика потполно отсуствува.

Се разбира дека воведувањето на грнчарското тркало не влијаело на на изработката на рачно работените садови, кои и понатаму се присутни задржувајќи ги главно железнодопските облици и декоративни шеми. Рачно работената керамика декорирана со врежување или канелирање како резултат на посилните северни, односно централнобалкански влијанија е почест наод на локалитетите во горниот и средниот тек на Вардар, додека пак железнодопските рачно работени форми на садови украсени со сликани и шрафирани

[53] Митревски 1991, 50, Т. XX:1; датирањето е изведено врз основа на наодите на накит во истиот гроб.
[54] Ристов 1993, 98, сл. 4а-в, Т. II: 6-8. Долен дел од кантарос? на кој исто така се забележува брановидна линија меѓу две хоризонтални е откриен и во гроб 73,. Т. II: 1. Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 73-74, датирани 6.-5. век.
[55] Σινδος 1985, 289-290, no. 475.
[56] Митревски 1997, 121, примероци од Дабици, Сопот: сл. 33:2-3.
[57] Папазовска Санев 2009, 151.

геометриски мотиви типични за западномакедонската мат сликана керамика, се карактеристични за Пелагонија и охридскиот регион.

*- Нови керамички форми во 6. век во локалната продукција*

Покрај овие типични форми на полното железно време кои како сет се приложуваат во погребувањата, во првата половина на 6. век долновардарските некрополи откриваат промени во однос на керамичките прилози. Покрај повардарската окер керамика, декорирана со боени хоризонтални ленти со ограничен репертоар на формите на бокал со засечен врат и длабока чаша со една рачка или кантаровидна чаша кои континуирано се изработуваат од претходниот 7. век, се јавуваат нови, претежно отворени форми на садови: длабоки чинии - скифоси со косо поставени хоризонтални рачки, длабоки садови - кантароси со едноставни лентести или тројни рачки вертикално поставени и плитки чинии со една рачка.

Скифосите се одликуваат со рамно или прстенесто дно, полусферичен длабок реципиент со вертикално издигнат раб одвоен од реципиентот со жлеб и две хоризонтални рачки поставени закосени нагоре. Изработени се од фино прочистена глина окер до црвено печена и декорирани со хоризонтални ленти изведени со мат црвена боја. Во литературата се познати неколку примероци од некрополите Сува Река[58] (Т.4:18),[59] и Милци[60] (Т.4:19-20), кои покажуваат мали разлики во формата, највеќе во длабочината на реципиентот. Неколку фрагменти од скифоси се регистрирани во населбинските слоеви на Вардарски Рид (Т.4:21-22).[61] Квалитетот на изведбата и лентестите мотиви изведени со црвена мат боја упатува на нивната локална изработка. Меѓу откриените скифоси внимание привлекува примерокот од гроб 32 од Парагон[62] кој наместо боење со ленти бил целосно премачкан со црн премаз, сега сочуван во траги

[58] Пашиќ 1978, 24; Митревски 1997, 119, сл. 31:8; Папазовска-Санев 2009, 65-66, кат. бр. 84.

[60] Пашиќ et al. 1987, 77; Митревски 1997, 119, сл. 31:13; Папазовска-Санев 2009, 65-66, кат.бр. 86-87; Хусеновски 2005, 103, T.IV:8.

[61] Папазовска 2005, 140, T VI:51.

[62] Пашиќ 1978, сл. 11г; Папазовска-Санев 2009, 65, кат. бр. 85.

(Т.4:23) и скифосот од гроб 31/35 од Милци[63] на кој наместо со црвена мат боја, лентестата декорација е изведена со црн премаз со кој се покриени работ, рачките и внатрешноста, а лентите се изведени во долниот дел од садот (Т.4:24)

Длабоките садови - кантароси со вертикално поставени лентести или тројни рачки се исто така присутни во двете гевгелиски некрополи Сува Река (Т.5:25-27),[64] Парагон (Т.5:29)[65] и Милци,[66] а еден фрагментиран примерок најсеверно е забележан на Градиште Кнежје (Т.5:28)[67]. Формата и профилацијата на кантаросите е скоро идентична со таа на скифосите, со рамно дно, полусферично тело со вертикално издигнат раб, со таа разлика што рачките се вертикално поставени и го надвишуваат работ. Се јавуваат два типа на рачки: лентести и троделни. Овие садови покажуваат ист квалитет во изработката и декорацијата како и скифосите, со тоа што на примерокот од Парагон (Т.5:29) кој меѓу другото се одликува со големи димензии (в. 21 см, диј. на отвор 30 см) и троделни рачки, во горната половина на телото се забележуваат по два концентрични кругови со вертикална лента над нив, изведени со црвена мат боја Хоризонтални ленти со мат црвена боја се нанесени и во внатрешноста на садот.

Плитките чинии со една рачка (Т.6:30-33) имаат едноставна профилација на полусферичното тело, со варијации во длабочината на реципиентот и работ на отворот, кој кај некои примероци е извлечен или сосема рамен. И кај оваа форма се среќава истата лентеста декорација изведена со мат црвена боја како кај примерокот од Сува Река (Т.6:30) или без декорација како оној од Лисичин Дол (Т.6:32).[68] Двата помлади примероци датирани на преминот од 6. во 5. век, првиот од некрополата Бишов Јавор, а вториот од Сува Река покажуваат промени. Кај првиот место лентестото боење, целиот сад е премачкан со

[63] Георгиев 1983, 68, Т.2:2; Папазовска-Санев 2009, 65, кат. бр. 85.
[64] Пашиќ 1978, 27, сл. 17г; Папазовска-Санев 2009, 64, кат.бр. 81.
[65] Пашиќ 1978, 27, сл. 11в; Папазовска-Санев 2009, 64, кат.бр. 82. Хусеновски - Сламков 2007, кат. бр. 72-1.
[66] Митревски 1997, 119, сл. 31:8, 11.
[67] Микулчиќ Г., 1995, 118, сл. 3; Митревски 1997, 121, сл. 33:5.
[68] Пашиќ 1978, 22, Сл. 2б; Папазовска-Санев 2009, 56-57, кат. бр. 70. За примерокот од гроб 18 на Лисичин Дол, види: Видески 1999, 101, T.VIII:15.

разреден црн премаз (Т.6:31)[69], а кај вториот се јавува изливник поставен наспроти рачката (Т.6:33).[70]

Кон крајот на 6. век на долновардарските наоѓалишта се среќаваат бокали со висок клунест изливник - прохуси, чии корени се наоѓаат во старата популарна бронзенодопска форма, особено присутна во доцното железно време и архајскиот период во металната продукција. Петте засега познати примероци кои потекнуваат од некрополите Бишов Јавор[71] (Т.7:34) и Милци[72] (Т.7:35), два примероци од Вардарски Рид[73](Т.7:36-37) и Демир Капија[74](Т.7:38), широко се датирани во периодот од доцниот 6. и низ целиот 5. век. Четири од петте примероци се одликуваат со скоро идентични формални карактеристики: прстенесто дно, топчесто тело со најголем дијаметар на средината, висок цилиндричен врат кој континуирано продолжува во висок клунест изливник, освен кај примерокот од Милци каде коренот на вратот е одвоен од телото со нагласен жлеб. Едната вертикална рачка е прилепена на задната страна на работ на отворот и на средината на телото. Кај примероците од Демир Капија и Вардарски Рид се јавуваат хоризонтални жлебови поставени веднаш веднаш под работ на изливникот. Но, квалитетот на глината и изработката е различна. Најстариот примерок од Бишов Јавор датиран широко во 6.-5. век е изработен од сиво печена глина со примеси од мика и крупни зрна песок без никаква доработка или украсување на површината. Неодамна откриениот примерок во војнички гроб во Милци кој потекнува од првата четвртина на 5. век и примерокот од Вардарски Рид датиран широко во 5.-4. век, покажуваат многу поквалитетна изработка од светла окер од црвена фино прочистена глина со сјајна површина добиена со премаз или глачани вертикални ленти, особено забележливи на примерокот од Вардарски Рид. Вториот примерок откриен во населбинските слоеви на Вардарски Рид се одликува со висок квалитет на

[69] Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 90.
[70] Пашиќ 1978, 27, Сл. 16в. Папазовска-Санев 2009, 59, кат. бр. 77.
[71] Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 88.
[72] Хусеновски 2015, 36, сл. 13.
[73] Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 102-103.
[74] Kilian 1975, Taf. 42:13.

изработка. Глината е светла окер, исклучително фино прочистена. Вратот и рачката се премачкани со сјаен црвен премаз, додека пак телото е украсено со вертикални глачани ленти. Примерокот покажува и мали промени во формата: дното на садот е заоблено место престенесто, а клунестиот изливник косо се издигнува од задната страна кон врвот, за разлика од претходните примероци каде е вертикално засечен. Во каталогот од постојаната поставка на Музејот во Гевгелија овој примерок е широко датиран во 5.-4. век, иако идентичен примерок е откриен во гроб 66 во Синдос, датиран многу порано, околу 550 г.,[75] до оние во Терме од почетокот на 5 век.[76]

За жал, примерокот од Демир Капија е познат само со цртеж, но шрафурата укажува на декорација со боење на вратот, можеби слично на прохусот откриен на некрополата Три Чељусти и Вртуљка кај Требеницште датиран многу подоцна, кон крајот на 4. или раниот 3. век, декориран на телото со широки хоризонтални ленти изведени со кафен фирниз на светлата окер боја на глината.[77] Доколку демиркапискиот примерок е сликан, тој веројатно ќе припадне на оваа група подоцнежни прохуси карактеристични за 4., односно раниот 3. век, на кое време припаѓа и недекорираниот примерок од гробот бр. 3 во Требенишко Кале[78]. Овие последните од охридскиот регион само ја потврдуваат популарноста на формата дури до раниот хеленистички период. Бокал со клунест изливник е познат и од еден случајно откриен гроб во Драгош - Ластоица, близу Битола, датиран широко во 6.-5. век, по формата поблизок до примероците од Вардарски Рид, Милци и Бишов Јавор.[79]

- *Локална продукција на сиво печени садови*

---

[75] Σινδος 1985, 226, κατ. 361.
[76] Σκαρλατίδου et. al. 2012, 468, εικ. 13.
[77] Кузман 1972, T.V:2.
[78] Битракова-Грозданова 1987, 45, T. VII:1, го датира во крајот на 4. и почетокот на 3. век, а сликаното оинохое од Требеништа во раниот 4. век врз основа на аналогии во Верија. Битракова-Грозданова 1990, 12-122, T.1:2, ја потврдува датацијата и потеклото на оваа форма наречена оинохое-прохус.
[79] Праисторија во Централна Пелагонија 1976, 58. Митревски 1997, 294, Каталог на некрополи бр. 27.

Во текот на 6. век, повеќето од претходно наведените облици на садови се изработуваат во локалната продукција во сиво печена варијанта во услови на редукција на кислородот во печките и намалување на температурата на печење, без декорирање со боја. Површината на садот е премачкана со разреден фирниз, кој по печењето добива сиво-син тон. Во сиво печена варијанта се појавуваат бокалите со косо засечен врат, со извесни промени во декорацијата, односно сликаните линеарни мотиви изостануваат, а на вратот, веднаш под работ појавуваат хоризонтални жлебови (Т.8:39-40).[80] Еволуцијата на бокалите со засечен раб кон форма со рамен раб на устието е забележана и во сивата продукција, која води кон класичните форми на бокали (Т.8:41). Чашите со една рачка поретко се јавуваат во сиви варијанти, но кантаровидните чаши чие тело станува потопчесто, а профилацијата добива нагласена „S“ форма се почести. (Т.8:42-44). Примерокот од Милци е премачкан со сјаен фирниз (Т.8:43), а дополнителен ефект е постигнат со вертикалните глачани ленти изведени со инструмент. Олпите со нивната издолжена крушковидна форма типична за сликаните варијанти не се среќаваат во сиво печената продукција, за разлика од гутусите кај кои телото станува потопчесто, а отворот е рамен или тролисен, каков што е еден подоцнежен примерок од Милци (Т.9:45-46).[81]

Од новите форми кои се јавуваат во 6. век некои се јавуваат во сива варијанта. Многу ретко се среќаваат длабоките отворени форми на скифоси со хоризонтални рачки. Засега е познат примерокот од гроб 72 на Сува Река кој е со поизразена S - профилација (Т.9:47),[82] а воопшто ги нема длабоките кантароси. Плитките чинии со една рачка се изработуваат со помали димензии, при што добиваат повеќе конусна форма на телото и вовлечен раб, (Т.9:48).[83] Еволуцијата на сиво печените садови се следи повеќе во текот на 5. и 4. век,

---

[80] Митревски 1991, 50, две до три хоризонтални врежани линии на вратот се јавуваат на бокалите од гроб 3, 21, 28 и 68 од Дедели. Според металните наоди на накит датираат широко од доцниот 7. до доцниот 6. век.

[81] Пашиќ et.al., 1987, гутус со топчесто тело и рамен раб, Т.VII:2. Георгиев 1984, 54, сл. 2ж.

[82] Ристов 1993, 97, Т.I:3, датиран во 2/2 на 6 век.

[83] Георгиев 1984, 57, смета дека можеби овие сиви локални варијанти на чинии со една рачка ја преземаат улогата на котоните.

кога ќе станат доминантна карактеристика на локалната продукција која ги имитира веќе развиените класични форми на садови.

- *Импортирани примероци на сликана и црнофирнизирана керамика и нивни локални варијанти*

Со досегашните истражувања по долината на Вардар на нашата територија, откриени се само неколку импортирани примероци на керамички садови со нови форми непознати за разгледуваниот регион во претходниот период.

Првиот откриен примерок во Долното Повардарје е едно коринтско ојнохое-арибалос (Т.9:49), случаен наод пронајден во коритото на Сува Река и датиран во доцниот 6. односно раниот 5. век.[84] Садот е со мали димензии, со цилиндрично тело, кус цилиндричен врат одвоен од телото со нагласен прстен и тролисен отвор на устието. Лентестата рачка која започнува од вратот го надвишува устието и завршува на рамото. Изработен е од зеленикаво-жолта глина, а геометриската декорација од која едвај се сочувани мотивите расчленета во хоризонтални зони која го покрива телото и рамото на садот е изведена со црн фирниз. Во првата најдолна зона се изведени вертикални линии врамени со ленти, по што следната зона е несликана, а над неа повторно во рамка од хоризонтални ленти е изведен континуиран линеарен мотив. На рамото се насликани листови кои почнуваат од коренот на вратот. Садот е определен како импорт од Потидаја, колонија на Халкидик која коринтјаните ја оснивале во 600 г.

Неодамна во т.н. „војнички гроб“ (бр. 103) на некрополата Милци (Т.10:50) е пронајден киликс на висока нога украсен со сликана флорална декорација. Киликсот е поставен на дисковидно проширено дно, висока нога, полусферичен реципиент благо конкавен под извлечениот и задебелен раб. Двете хоризонтални рачки се поставени на долната половина на телото, на местото со најголем дијаметар, благо искосени нагоре. Киликсот од

[84] Пашиќ 1978, 31,сл. 18. Георгиев 1984, 60, сл. 3а.

внатрешната страна е целосно премачкан со квалитетен црн фирниз, нанесен со четка во широка хоризонтална лента под работ каде е разреден и потесна лента во долниот дел од телото врамувајќи ја сликаната декорација, како и на надворешната страна на рачките, ногата и дисковидното дно. Работ, внатрешната страна на рачките и вертикалната страна на дисковидното дно се премачкани со безбоен сјаен фирниз. Сликаната декорација со мотив на палмети е изведена на средината на телото со црн фирниз, а палметите се одвоени со вертикални ленти изведени со црвен фирниз. Гробната целина е датирана во периодот од раниот до втората четвртина на 5. век.[85]

Од доцниот 6. и раниот 5. век потекнуваат два фрагменти од сликани садови, првиот од амфора, вториот од скифос откриени во т.н. Куќа со питоси на Јужната тераса на Вардарски Рид.[86] Фрагментот од вертикален раб од амфора (Т.10:51) е изработен од фино прочистена глина премачкана со бела енгоба и лента од црн фирниз. Од скифосот (Т.10:52) исто така е сочуван дел од работ и од страничниот ѕид на садот, односно дел од полусферичното тело од кое е извлечен конкавниот и нанадвор извиен раб. Садот е декориран со црн фирниз и во внатрешноста, а однадвор под работ е изведена широка хоризонтална лента од која кон телото на садот се изведени вертикални ленти. Определен е како производ на евбејската продукција. Од истиот контекст потекнува и фрагмент од киликс (Т.10:53), од кој е сочуван дел од страничниот ѕид на садот со рачката која е откршена. Се одликува со исклучително добар квалитет на глината печена со сива срцевина, како и на црвениот премаз кој во долниот дел од телото е изведен во широка лента.

Во скопскиот регион се регистрирани неколку примероци на импортирани форми: еден случаен наод на коринтски топчест арибалос во населбата Тафталице во Скопје датиран во средината на 6. век.[87]

---

[85] Хусеновски 2015, 20-21, сл. 15.
[86] Папазовска 2005, 141, 148, Т.VI, 56, 58.
[87] Sanev 2012, 139-144.

Арибалосот е со топчесто тело со заоблено дно (Т.10:54), кус цилиндричен врат, дисковидно проширен раб со мал кружен отвор и една мала лентеста рачка која е прилепена на дисковидниот раб и рамото. Изработен е од бледожолта глина и украсен со комбинирани флорални и геометриски мотиви. На едната страна на топчестото тело централно е поставено оволо, од кое радијално нагоре и надолу на четири страни се изведени долги стилизирани листови чии врвови завршуваат на задната страна. Просторот меѓу листовите е пополнет со мрежести полиња, а над и под централно поставеното оволо се изведени три споени овола. На горната страна, заради недостаток на простор мотивот оволо е недовршен, па мајсторот се снашол така што извел точки кои течат на рамото на садот. Дисковидниот раб одозгора е украсен со пет концентрични кругови, а со една боена лента е декориран и ветрикалниот раб на дискот. Боењето е изведено со разреден фирниз кој варира од црна, преку темнокафена до црна нијанса. Врз основа на аналогии со слични примероци низ музејските збирки во светот, примерокот е определен како Тип В, датиран во средината на 6. век, поточно 550-540 г. и поврзуван со населбата на локалитетот Градиште - Средно Нерези, каде пристигнал од коринтските колонии на Халкидик.[88] Слични примероци се откриени на Синдос,[89]

Популарната форма на котон во Повардарјето е застапена со повеќе примероци, од кои само два можат да се определат како импорт. Примерокот во гореспоменатиот војнички гроб во Милци (Т.10:55), изработен е од фино прочистена глина со зеленикаво-жолта боја. Поставен е на ниска прстенеста нога, со кружен реципиент кој завршува со навнатре вовлечен раб. Хоризонталната рачка со карактеристичните странични јазичиња е поставена прилепена на реципиентот. На светлата фирнизирана основа на глината, во горниот дел од реципиентот се изведени тенки црвени ленти, поврзани со вертикални цртички, формирајќи на тој начин мрежест орнамент. Определен е како коринтски производ и датиран во доцниот 6. или раниот 5. век.[90] Скоро

[88] Санев 2012, 142-143, забелешка 17.
[89] Σινδος 1985, 106, no. 159, определен како коринтски производ, датиран 530-500.
[90] Хусеновски 2015, 19-20, сл. 14.

идентичен примерок определен како коринтски производ е познат од гробот 115 на Синдос.[91]

Во поставката на Археолошкиот музеј на Македонија е изложен досега непубликуван котон (Т.10:56) откриен со последните истражувања на Исар - Марвинци, по форма скоро идентичен со претходниот примерок. Близок е до коринтските котони со прстенесто дно, полусферично тело и надолу свиен вертикален раб, како и една рачка со странични јазичиња. Котонот е изработен од фино прочистена светла окер глина и премачкан со црн фирниз однадвор сочуван во траги. Вертикалниот раб е исто така фирнизиран со тоа што најгоре и најдолу е изведена по една лента од црн сјаен фирниз, а просторот помеѓу е исполнет со разреден фирниз. Страничните ѕидови од внатре се исто така фирнизирани скоро до дното, на кое се изведени три концентрични кругови со црвена боја. Иако површината на садот е многу уништена и излупена, овој котон оддава одлики на импортиран примерок, се разбира не директно од Коринт, туку од некоја работилница во појужните градови или пак од некоја од колоните на Халкидик. Контекстот на откривање на котонот, кој несомнено е гробен прилог не ми е познат.[92]

Иако импортирани примероци се познати од крајот на 6. и почетокот на 5. век, уште од третата четвртина на 6. век во долновардарските некрополи се среќаваат локални имитации на котони, кои во целост ја имитираат формата на импортираните примероци, но на кои е аплицирана истата лентесто боена декорација карактеристична за локалната продукција, или пак се работени во сиво печена варијанта. Три примероци се откриени на некрополата Сува Река,[93] два на локалитетот Зелениште кај Валандово[94] и по еден примерок потекнува од

[91] Σινδος 1985, 135, no. 216.

[92] Непубликувано. Котонот е изложен е во витрина на која стои генерална датација на предметите од 450-400 г.

[93] Ристов 1993, гроб 74, стр. 98, сл. 4а, Т.II:8, гроб 72, стр. 97, Т.I:4. Papazovska-Sanev 2012, 419, fig. 5.

[94] Papazovska-Sanev 2012, 418, figs. 3 (Извор-Валандово), fig. 4, 8 (Зелениште-Валандово). За котонот од Извор-Валандово види: Георгиев 1984, 60-61, сл. 3д. Авторот наведува и еден фрагмент од Демир Капија.

локалитетот Извор кај Валандово и Бишов Јавор кај Смоквица[95]. Освен примерокот од Зелениште - Валандово, кој е изработен од сиво печена глина, кај кој телото е скоро топчесто, работ на отворот прстенесто издигнат, а рачката е со странични јазичиња, останатите се слични по форма, со подигната база, полусферично тело кое завршува со навнатре завиен раб и една рачка поставена хоризонтално или благо нагоре закосена.

Кај примерокот во гроб 74 од Сува Река (Т.11:57), јасно се распознава лентестата декорација со црвена мат боја нанесена на долната половина на телото, под рачката. Со мат боени, широки црвени ленти нанесени на горната и долната половина на телото, на рачката и внатрешната страна на отворот е декориран и вториот примерок од Зелениште - Валандово (Т.11:59). Начинот на декорирање на котоните од гроб 74 од Сува Река и Зелениште - Валандово, како и потполното отсуство на декорација кај другите два примероци, јасно укажува на нивното локално потекло, односно едноставно имитирање на формата на коринтските котони. Примероците од Сува Река (Т.11:58) и Бишов Јавор (Т.11:62) изработени во сиво печена варијанта се скоро идентични. За котонот од Извор - Валандово (Т.11:61), иако нема траги од сликање во постарата литература е искажано мислење дека станува збор за имортиран примерок врз основа на зеленикаво-жолтата боја на глината.[96] Садот бил дел од збирката на Филозофскиот факултет во Скопје и досега не бил изложен во јавноста. Публикуван е само со цртеж на кој отсуствува декорација, што го става под знак прашање тврдењето дека се работи за импортиран примерок. Примероците од Сува Река, се идентификувани како локални имитации изведени под влијание на јонски работилници, примерокот од Зелениште - Валандово (Т.11:60) е изработен под влијание од атичките работилници, додека пак останатите под влијание на коринтските котони.[97]

Единствените примероци на садови украсени во стилот на црни фигури неодамна се откриени на Југозападната некропола на локалитетот Исар кај

[95] Георгиев 1984,60-61, сл. 3д. Хусеновски-Салмков, 2005, кат.бр. 89.
[96] Георгиев 1984, 60-61, сл. 3д. Му благодарам на авторот за информацијата.
[97] Papazovska-Sanev 2012, 417-425.

Марвинци.[98] Се работи за три лекити со минијатурни димензии, откриени како гробни дарови во погребување кое го претставува најстариот хоризонт на некрополата, датиран на крајот на 6. век. Два се релативно добро сочувани со исклучок на рачките, додека кај третиот откршено е устието, ногата, а голем дел од површината на телото е излупено, така што насликаната сцена едвај се насетува. Остатоците од сликаната површина на последниот примерок укажуваат дека тој е најквалитетниот во смисла на густината и сјајот на фирнизот, за разлика од другите два примероци кај кои фирнизот е разреден и скоро без сјај. Формата на лекитите е атичка, со високо дисковидно издигнато дно, без нога, цилиндрично тело чиј најголем дијаметар е горе на рамото. Преминот од телото кон рамото на садот е под остар агол, рамото е скоро рамно од каде континуирано продолжува висок цевчест врат, кој завршува со извлечен раб. Рачката е прилепена на средина на вратот и на рамото. Горната половина на вратот со устието и неговата внатрешност се премачкани со црн фирниз, кој исто така е нанесен и на долната половина на садот и дното. На долниот дел од телото се оставени три нефирнизирани врежани жлебови, а вертикалниот дел од дисковидното дно е исто така нефирнизиран. Сликаната декорација е изведена на светлата основа на садот, почнувајќи од коренот на вратот каде се изведени точки, од кои радијално кон работ на рамото се насликани вертикални ленти. На самиот раб немарно е изведена хоризонтална лента, под неа на телото два реда на точки одоздола врамени со две хоризонтални ленти. Во средишниот дел од телото е изведена фигурална композиција. На првиот лекит (Т.12:63) централно е поставена машка фигура со шилеста брада, облечена во долга наметка и седната на столче, од кое се видливи двете задни ногарки. Во левата рака држи копје обвиткано со црвена прозирна ткаенина, а во левата ритон со животинска престава. Пред и зад оваа централна фигура, се наоѓаат две стоечки фигури со животински маски. Фигурата пред централната е претставена во чекор во правец спротивен од централната машка фигура, а главата која е во вид на маска на куче е свртена назад кон неа. Рацете се поставени на половината, а на задната

[98] Објавени во Македонски археолошки весник - интернет издание на УЗКН од раководителот на истражувањата З. Видески во 2009 г.

страна има долга опашка. Фигурата зад централната е претставена во чекор кон неа, во полунаведнат став на телото, со опашка одзади и неидентификувана маска или пак долга брада. Рацете не завршуваат со човечки шаки, туку повеќе наликуваат на животински шепи. Извесни детали на фигурите се изведени со бела боја, но фигурите се немарно насликани, со незразмерно изведени глави во однос на телото, со слабо нагласени детали и контури изведени со бела боја и анатомски лошо изведени движења, посебно на екстремитетите.

На вториот лекит (Т.12:64) сцената е слична со таа разлика што централната фигура е седната на коњ, на чија глава е насликан некаков сад (?). Коњаникот е силуета без детали на ликот, облечен во наметка, чии набори се нагласени со врежани нефирнизирани линии, како и оглавот на коњот. Фигурата пред неа е со маска на куче, а деталите од маската исто така се изведени со врежани нефирнизирани линии. Коњаникот држи долг стап, или копје (?) преку левата рака. Фигурата зад коњаникот држи ритон (?) во едната рака, која е испружена кон централната фигура.

Третиот лекит (Т.12:65) кој всушност се карактеризира со најквалитетен фирниз е со прилично уништена површина, заради што сцената е тешко препознатлива, но се чини идентична со некоја од двата претходно опишани лекити. Уште еден лекит со идентична форма како и сликаните е откриен на некрополата на Исар - Марвинци, но кај овој примерок целото тело е покриено со разводенет црнокафен фирниз, со висок сјај.[99]

Истражувачот ја идентифкува сцената со египетската митологија односно со Тот и Анубис, првиот преставуван со како павијан, кој се јавува во Озирисовиот суд како мерач на душите на покојниците, а вториот како шакал - чувар на некрополите, поврзувајќи ја преставата со фунеарарниот карактер на лекитите. Се чини дека доцниот 6. век е премногу рано за присуство на елементи од египетскиот религиозен систем во Медитеранот, а лекити со слична тема се среќаваат во неколку музејски збирки. Кај сите овие, сцената е

[99] Необјавено.Предметот е изложен во поставката на Археолошкиот музеј во Скопје.

идентификувана со Дионис и Сатири. Сите четири лекити според формата преставуваат минијатурни верзии на продукција на ателјето на Хаимон, за кое ги врзува и декоративната шема.[100] Темата Дионис седнат или на коњ меѓу сатири кои играат се среќава на лекити од ателјето на Хаимон на примероци од Нант,[101] иако истата тема се јавува и на еден примерок од т.н. *Little Lion Class*.[102]

Само уште еден фрагмент од сад украсен во стилот на црни фигури е познат на разгледуваното подрачје. Станува збор за дел од хоризонтално извлечен раб од кратер (Т.12:66), на кој на горната површина со црн сјаен и густ фирниз се изведени стилизирани животински фигури: елен и лавица или можеби леопард, заради тенкото елегантно тело. Веројатно целиот раб бил украсен со фриз во кој наизменично се менуваат двете животни. Фрагментот е откриен во ревизионите истражувања на ограбената гробница во Корешница - Демир Капија, која судејќи според останатите „неограбени“ предмети преставува кнежевско погребување од раниот 5. век.[103]

Во доцниот 6. односно раниот 5. век во Долното Повардарје паралелно со сликаните садови пристигнуваат и првите црнофирнизирани атички форми кои ќе го одбележат следниот, класичен период. Тоа се претежно килики на нога, во типологијата на црнофирнизираната керамика на атинската агора познати и како чаши на нога, од кои десетина припаѓаат на споменатото кнежевско погребување во Корешница.[104]

Деветте килики од Корешница (Т.13:67-74, Т.14:75) се идентични по форма, но со различни димензии и квалитет на изработка. Составени се од фрагменти, а повеќето од нив се во голема мера реконструирани. Киликсите се

---

[100] Agora XXIII, 47, nos. 1216, 1221, датирани 480-46с0 г.

[101] http://www.beazley.ox.ac.uk/record/2790096D-A3DF-4D22-B026-DE022F3D8BA9. Publication Record: Corpus Vasorum Antiquorum: NANTES, MUSEE DOBREE, 34, PL.(1591) 19.1-3.

[102] http://www.beazley.ox.ac.uk/record/19022881-7EA6-4EE4-9BF1-E55179649502.Publication Record: CVA: GELA, MUSEO ARCHEOLOGICO NAZIONALE 4, 22, PLS.(2500,2501) 35.10, 36.10-12.

[103] Истражувањата се презентирани на симпозиумот на МАНД одржан во Делчево во 2008 година, но сè уште не се публикувани. За пристап по материјалот му благодарам на проф. д-р Марјан Јованов.

[104] Непубликувано. Му благодарам на проф. д-р Марјан Јованов за информациите.

поставени на ниска нога со дисковидно проширено дно, а полусферичното тело со остар агол преминува кон конкавниот обод кој завршува со благо извиен раб. Хоризонталните рачки, закосени нагоре се поставени под аглестиот премин од телото кон ободот. Целосно се премачкани со црн фирниз, со различен квалитет: на некои примероци е густ, на места со дури зеленикав сјај, додека на други е разреден до кафен. Вертикалната страна на дисковидното дно, дното одоздола каде вообичаено се изведени концентрични кругови и внатрешната страна на рачките се нефирнизирани. Киликсите од Корешница според формалните карактеристики припаѓаат на т.н. Тип Ц и тоа на варијантата со конкавен раб кои на атинската агора интензивно се изработуваат во периодот од 525 до 480 г., иако има ретки примероци кои датираат од средината на 5. век па дури до крајот од векот.[105] Слични црнофирнизирани киликси се откривани на Синдос,[106]

Киликс е откриен и на некрополата Лисичин Дол кај Марвинци (Т.14:76).[107] Изработен е од прочистена глина со светла, жолтеникаво окер боја. Преминот од телото кон работ е континуиран, благо конкавен и завршува со скоро рамен раб. Двете хоризонтални рачки се поставени на делот од телото со најголем дијаметар. Површината на садот особено однатре е прилично оштетена, а со тоа и црниот фирниз кој едвај е сочуван на долната половина на садот, каде е нанесен во широка лента. Траги од црн фирниз се забележуваат на ногата, одоздола на дното и во внатрешноста на садот. На површината на садот која не е премачкана со црн фирниз бил нанесен безбоен лак кој исто така е сочуван во траги.

Фрагменти од овој тип чаши се откриени на некрополите Сува Река и Милци (Т.14:77а,б) како вонгробни наоди, како и во населбинските слоеви на

[105] Anthenian Agora XII, cat. nos. 398-413. Со оглед на тоа што ногата на нашиот примерок е реконструирана, односно не се забележуваат жлебови или прстенести задебелувања, тешко е со сигурност да се определи најблиска аналогија. Доколку реконструкцијата е во ред, најблизок до нашите примероците е примерокот со кат. бр. 401 датиран во 525-500 г.
[106] Σινδος 1985, 132, no. 214, атички прозивод датиран околу 520 г.
[107] Непубликувано. Еден примерок е изложен во Археолошкиот музеј на Македонија. Поголем дел од садот е реконстируиран.

Вардарски Рид.[108] Од вториот примерок откриен на Сува Река е сочувана ногата, два фрагменти од страничниот ѕид и еден мал дел од работ. Кај овој примерок ногата е висока, конусна и профилирана со едно прстенесто задебелување, одвоено одозгора и одоздола со жлебови. Телото е подлабоко, ободот е благо конкавен и многу повисок за разлика од примероците од Корешница и завршува со рамен раб. Овие два примероци се работени од сиво печена глина и премачкани со посен фирниз со темносива боја. И двата се датирани нешто подоцна од раниот 5. век. Примерокот на киликс од Сува Река заради различната профилација на ногата која е конусна може да припаѓа на т.н. варијанта Атина 1104 или на варијантата лентести чаши, кои на атинската агора се познати од втората четвртина до средината на 6. век, или почетокот на втората половина на векот.[109] Од киликсот откриен на Милци е сочувана само ниската нога, чие дно одоздола е благо конкавно. На преминот кон телото се изведени две прстенести проширувања одвоени со жлеб. Тешко би се одредил типот само врз основа на профилацијата на сочуваната нога, но и тој секако припаѓа на една од овие две варијанти.

Во кнежевското погребување во Корешница откриен е еден примерок на киликс без нога (Т.15:78). Изработен е од црвено печена глина со примеси од мика и премачкан со црн сјаен, но разреден фирниз, кој не е нанесен на вертикалната површина на дното и на делот од страничниот ѕид околу рачките. Поставен е на ниско прстенесто дно, телото е полусферично, со нагласен жлеб во делот над рачките, од каде страничниот ѕид е благо вовлечен и завршува со рамен раб. Двете хоризонтални рачки се благо кренати нагоре. Како и останатата содржина во погребувањето, датира од раниот 5. век. Припаѓа на т.н. Класа А која на атинската агора е карактеристична за краток период во првата четврина на 5. век, после што еволуира во т.н. Ренеја чаша.[110]

---

[108] За фрагментираните примероци од Милци и Сува Река: Георгиев 1984, 63, сл. 4в, г.

[109] Agora XII, cat. nos. 378-385 и cat. nos. 389-391 за лентестите киликси.

[110] Agora XII, 99-100, Pl. 21, cat. no. 455, датиран 480-470 г. Спореди и: Σινδος 1983, 34, πιν. 39 сличен примерок кој веќе припаѓа на Ренеја тип на чаши е откриен во Синдос, датиран нешто подоцна, во 460-450 г.

Во гевгелискиот регион во раниот 5. век се познати две црнофирнизирани чинии од типот лекане, едната откриена на Вардарски Рид (Т.14:79),[111] а другата е фрагмент откриен како вонгробен наод (Т.14:80) на некрополата Милци[112]. Квалитетот на изработката и фирнизот упатуваат на производ од некоја од колониите на северноегејското крабрежје. Скоро идентични примероци на лекани се откриени на архајската некропола во Афитис на Халкидик, за која се претпоставува дека е еритрејска колонија.[113] Откриените лекани во Афитис се прилично чести гробни дарови за разлика од останатите познати некрополи на Хаклидик со улога во ритуалот на сервирање храна или миење на рацете по погребната гозба. Тие се дел од локалната продукција, но се поврзуваат со јонско влијание.

### 3.1.2. Керамичка продукција во класичниот период

Грчко-персиските војни го прекинуваат и онака малиот доток на импортирани предмети на разгледуваната територија. Иако културните слоеви на наоѓалиштата во Повардарјето кои датираат од 5. век се слабо истражувани, општиот заклучок е дека продукцијата главно се сведува на локални имитации од сиво печена глина на веќе актуелните класични форми. По забележливиот хијатус во импортот во третата четвртина на 5. век, дури кон крајот на 5. век и во текот на 4. век на повардарските локалитети се откриени солиден број на импортирани садови работени во стилот на црвенофигуралното сликарство. Покрај овие луксузни форми, во континуитет продолжува и присуството на црнофирнизираните импортирани форми на садови. Најголема концентрација и на едните и на другите е забележана на локациите Манастир и Варници кај Демир Капија, на Исар - Марвинци, неколку поединечни наоди во Средното Повардарје (Градиште - Неготино, Стоби и Градиште - Кнежје), и во северниот дел на локалитетите Градиште - Бразда и Градиште - Средно Нерези). Населбинските слоеви на Вардарски Рид открија фрагментирани примероци кои

[111] Хусеновски - Сламков, 2005, кат. бр. 104.
[112] Георгиев 1984, 60, сл. 36.
[113] Μισαηλίδου-Δεσποτίδου 2012, 371-384, εικ. 10, 13$^{\alpha}$.

сведочат за присуството на импортираните примероци и на овој локалитет. За дел од овие примероци е пишувано во повеќе наврати, во форма на извештаи од ископувањата, каталошка обработка на формите или монографски прикази за одредени локалитети.[114]

Заради различните аспекти на разгледување не само на формата, туку и на сликаната декорација која определува припадност на одредена работилница, како и бројноста на присутните импортирани примероци, редоследот во анализата на овие садови ќе биде обратен од претходниот на архајската керамика. Оттука, овде подетално ќе се осврнам на главните форми, нивните карактеристики со поопширни описи на поединечните или групи на ипортирани садови во зависност од формата и нивната декорација, кои ќе овозможат извлекување на заклучоци за афинитетот кон одредени форми или сликани декорации односно кон одредени ателјеа.

*- Импортирани црвенофигурални садови*

Првите импорти на црвенофигуралните садови на наоѓалиштата по долината на Вардар датираат од последната четвртина на 5. век. Главно се застапени затворени форми на садови кои припаѓаат на категоријата фина трпезна керамика, односно садови кои служат за чување на течности (вода, вино, масло) и отворени, мали форми на садови кои се наменети за служење и консумирање на течности и цврста храна. Од првите форми присутни се хидрии, кратери, оинохоа, пеликеа, лебес гамикос, стамнос пиксида, аскос и лекити, додека пак од вторите застапени се честите типови на чаши, скифоси и кантароси, како и чиниите кои се застапени со ретки примероци на ихтии и лекани.

[114] За примероците од Демир Капија види: Вучковић-Тодоровић, 1959, 281-286; Вучковић-Тодоровић 1961, 229-269, Vučković-Todorović 1956, 31-38; За примероците од Исар - Марвинци види: Соколовска 1986; Митревски - Темов 1999, 135-156. За сликаните и монохромните садови во збирката на Музејот на Македонија види: Микулчиќ Г., 2005, 83-133; Sanev 2013, 3-55; Фрагментираните примероци на сликани садови од Вардарски Рид не се публикувани.

Најстариот примерок на сад декориран во стилот на црвени фигури е добро познатата хидрија (Т.15:81) откриена во Демир Капија и датирана во 420-400 г.[115] Хидријата е декорирана со сцена од Дионисиевиот култ и претставува директен импорт од Атина. Припаѓа на типот хидрии со врат и пониска нога, кои на атинската агора датираат во текот на 5. век. Горната површина на устието е рамна и завршува со надолу извлечен вертикален раб. Вратот е цилиндричен со тенденција на проширување кон рамото, кон кое континуирано закривува. Рамото е благо закосено кон вратот, а телото се стеснува кон дното. Садот е поставен на ниска профилирана нога. Двете хоризонтални рачки се свиени со врвот нагоре, а хоризонталната лентеста рачка започнува на рамото и завршува на вратот. Целиот сад е прекриен со црн густ, сјаен и високо квалитетен фирниз, кој не ја покрива само вертикалната страна на профилираната нога. На предната страна фигурите се насликани во две зони во обид да се прикаже перспектива. Во горната зона која го опфаќа рамото на садот и продолжува на телото е насликан Дионис во седечка положба свтрен кон лево, со венец на главата, со префрлена наметка. Во десната рака држи аскос, во левата чаша, а тирсот е потпрен на левото рамо. Во композицијата се вклучени седум Менади, два Ероси и два елени. Менадите се прикажани седнати или во стоечка положба со тирс или тимпан во рацете. Менадата зад Дионис држи елен, додека пак во долната зона еден крилат Ерос и подава ѓердан на седната Менада. На задната страна е насликана централна палмета врамена во триаголник и три палмети врамени во круг со флорални мотиви. На вертикалниот раб на устието е изведен оволо мотив со точки, кој е насликан и околу коренот на хоризонталните рачки, на вратот е изведен фриз од палмети врамени во круг и одвоени со јазиче, а фигуралната сцена на долната половина на стомакот е врамена со мотив на меандер и шах полиња, кои наизменично се јавуваат по секој четврт меандер. Високиот квалитет и стилот на изведбата на сцената и особено деталите, сјајниот црн и густ фирниз го поврзува овој исклучителен примерок со ателјето на познатиот атински сликар Медијас. Со

[115] Вучковић-Тодоровић 1961, 245-246, сл. 30; Vučković-Todorović 1956, 31-38; Sanev 2013, 21, cat. no. 1.

оглед на тоа што хидријата е откупена од Археолошкиот музеј во Скопје во 1947 г., контекстот на нејзиното откривање е непознат.

Сликаните атички кратери во Поварадарјето (Т.15:82-84) се познати само од фрагменти од ободот со дел од страничниот ѕид откриени во Демир Капија, Исар - Марвинци и Вардарски Рид.[116] Работ кај овие садови е извиен нанадвор и задебелен. Најчесто, страничниот ѕид под него е декориран со ловоров венец врамен со по една хоризонтална линија, освен фрагментот од Вардарски Рид. Фигурите се насликани во горната половина на телото, но и во трите случаи сцената не може да се идентификува. Тие припаѓаат на вообичаените типови на звонолики кратери поставени на високо дисковидно дно со извлечен раб и две хоризонтални рачки, карактеристични за првата половина на 4. век познати од атичките работилници, додека пак примерокот од Исар - Марвинци е определен како олинтски производ.[117] Заради лошиот квалитет на фирнизот веројатно и фрагментот од Вардарски Рид припаѓа на олинтската продукција.

Од вкупно три пеликеа едно е откриено во Демир Капија (Т.15:85), а другите две во Марвинци (Т.16:86-87).[118] Сите три се одликуваат со слични формални карактеристики: масивно прстенесто дно, овално тело кое континуирано продолжува кон елегантниот конкавен врат, кој завршува со надолу извлечен раб. Двете лентести рачки се прилепени веднаш под работ и на рамото. Декоративната шема е идентична кај сите три примероци: мотив оволо со точки е нанесен на надворешната страна на работ, а две ленти со истот мотив ја врамуваат фигуралната декорација. На пеликето од Демир Капија кое е датирано во 400-375 г. на предната страна се претставени Менада и Сатири во игра, додека пак сцената на две момчиња свртени еден кон друг на задната страна е оштетена. Садот е премачкан со густ, црн и сјаен фирниз, а со бела боја се изведени  точките на венците на главите на Сатирите и Менадата. На двете

[116] Микулчиќ 2005, 98, Т. XVIII; Sanev 2013, 22, cat. nos. 3, 4; Фрагментот од Вардарски Рид не е публикуван.

[117] Sanev 2013, 22, cat. nos. 4;

[118] За примерокот од Демир Капија види: Вучковић-Тодоровић 1961, 252-253, сл. 51; Микулчиќ 2005, 87; за примероците од Марвинци види: Sanev 2013, 22-23, cat. nos. 5-7.

пеликеа од Марвинци се среќава ретка сцена на Грипомахија, односно борба на Аримапс, припадник на племето еднооки Аримапси на коњ, облечен во ориентална облека и кожна капа на главата со копје во раката се спротивставува на грифон, кој е насликан со бела боја, а на задната страна две момчиња свртени еден кон друг. Пеликето е продукт на атичка работилница и датира од 350-340 г. На третото пелике откриено во Марвинци се среќава идентична сцена, со таа разлика што Аримапс е пешак, а не коњаник. Пеликето се припишува на работилница во Олинт, иако и за двете се смета дека се изработени од Filotrano painter, веројатно заради послабиот квалитет на изведба на второто.[119]

Импортирани оинохоа по долината на Вардар се откриени шест примероци, четри од Демир Капија и две од Исар - Марвинци.[120] Двете целосно сочувани оинохоа од Демир Капија (Т.17:88) и Исар - Марвинци (Т.17:89) се скоро идентични по формата: ниско прстенесто дно, овално тело со најголем дијаметар на рамото, конкавен врат одвоен од телото кој завршува со тролисен отвор. Вертикалната лентеста рачка благо го надвишува отворот. Примерокот од Демир Капија е премачкан со црн фирниз со висок сјај, а на телото е преставена девојка во химатион во цел раст со огледало во раката. Садот е припишан на ателјето на Fat Boy со атичка провиниенција и е датиран во втората четвртина на 4. век. Оинохоето од Марвинци се одликува со послаб квалитет на фирнизот кој е разреден и наместа кафен. Фигуралната сцена е врамена одозгора со лента декорирана со брановиден мотив изведена на рамото на садот, а одоздола со нефирнизирана лента. Преставена е глава на жена со сакос свртена кон фигура на момче во химатион со диск во раката. Овој примерок е идентификуван со работилницата на т.н. сликар од Олинт (Painter of Olynthus 5.156) и датира во втората четвртина на 4. век. Уште едно фрагментирано оинохое (Т.17:90) од кое е сочуван делумно тролисниот отвор, вратот и дел од рамото е припишано на атичката продукција веројатно врз

[119] Sanev 2013, 22-23.

[120] За примероците од Демир Капија види: Вучковић-Тодоровић 1961, 247, сл. 31; Микулчиќ 2005, 88-89, Т. II-V; Sanev 2013, 24-25, cat. nos. 8-13.

основа на квалитетниот црн фрниз и датирано во крајот на 5. и почетокот на 4. век. Сликаната композиција не е сочувана, освен мал дел од машка фигура која одозгора е врамена со лента со мотив оволо и точки, заради што припадноста кон одредено ателје е тешко за определба. На олинтската продукција е припишан и фрагментираниот примерок на оинохое декориран со флорални мотиви во четири зони, откриен во Демир Капија (Т.17:91). Забележливи се разлики во формата: телото е топчесто за разлика од претходните два целосно зачувани примероци, вратот е покус, потесен и не е одвоен од рамото туку континуирано продолжува, а под рачката е изведена рељефна апликација на женска глава. Во првата зона на вратот е изведен мотив оволо и точки, во втората зона на рамото се изведени листови од палма, во третата зона триаголни палмети и кон дното, во последната, четврта зона се изведени листови од ловор свртени кон лево. Датиран е широко во 4. век, а разредениот фирниз со кафена боја веројатно е причината за одредување на неговата припадност кон олинтската продукција.

Два црвено фигурални аскоси кои датираат од првата половина на 4. век се откриени во Демир Капија (Т.17:92) и Исар - Марвинци (Т.17:93).[121] Демиркапискиот промерок е во голем дел реконструиран, додека на вториот му недостасува дел од рачката. И давата аскоси имаат типична биконична форма на телото поставена на ниско шрстенесто дно, со врежани жлебови под аглестиот премин и на имитацијата на капак со централно испакнат дел. Од сликаната сцена на првиот примерок е сочуван пантер пред кој стои машка фигура. Мотив на оволо е насликан на аглестиот премин, под врежаните жлебови. Вториот примерок од Исар Марвинци е декориран со мотив оволо околу капакот, јазичест мотив на горната половина од телото, а со црн фирниз се прекриени долната половина од телото, рачката и изливникот. Централното испупчување на капакот е прекриено со црн фирниз, а околу се изведени кружни линии со црн фирниз. Првиот примерок заради квалитетниот црн и сјаен фирниз и

[121] Sanev 2013, 25-27, cat. nos. 14-15.

стилската блискост на претставата со манирот на т.н. група на виенски лекани е препишан на атичката продукција, додека вториот е со неодредена работилница.

Два примероци на лебес гамикос потекнуваат од Исар Марвинци.[122] Првиот примерок (Т.18:94) кој е датиран во 375-350 г., припишан на т.н. сликар од Акропол (Acropolis painter) се одликува со висок квалитет во изработката на жолтеникавата глина и црниот и сјаен фирниз, кој во долниот дел од садот е излупен. Овалното тело со најголем дијаметар горе каде што преминува кон рамото е поставено на ниска нога со дисковидно дно со нефирнизирана вертикална страна на дискот. Рамото косо се издигнува и завршува со вертикален раб на кружниот отвор. Двете високи рачки вертикално се поставени на рамото. Сочуван е капакот на садот со висока профилирана држалка. На телото на садот е претставена женска фигура која во рацете држи по едно ковчеже. Главата и е свртена наназад, кон крилатата претстава на Нике која држи тимпан во раката, изведена под рачката. Идентична претстава на Нике е изведена и под другата рачка, а крилата на двете претстави на божицата се допираат на задната страна на садот. На рамото е изведен јазичест мотив. Вториот примерок (Т.18:95) е изработен од жолтеникава глина со послаб квалитет на фирнизот кој е прилично излупен. Датиран е во средината на 4. век и е припишан на олинтска работилница, односно на погоре споменатиот Сликар од Олинт (Painter of Olynthus 5.156). Овој примерок се разликува и во формалните карактеристики од претходниот: ногата е паниска, но поширока која завршува со ниска дисковидна база; телото е повисоко, рамото покусо и континуирано се издигнува кон вертикалниот раб; рачките се многу покуси од претходниот примерок. Заради овие формални карактеристики садот повеќе се доближува до стамнос пиксида отколку до лебесите. На рамото, до работ на отворот е претставен јазичест мотив. На телото на садот е изведена глава на жена со сакос со флорален мотив пред неа, а над главата е изведен диск со крстест мотив и точки. На задната страна е истата преставa на женска глава со

[122] Митревски - Темов 1999, 142-145; Sanev 2013, 27-28, cat. nos. 17-18.

сакос, а пред неа е изведен дел од палмета. Под рачките се насликани големи палмети со спирални орнаменти.

Двата лекити сликани на бела основа (Т.19:96-97), исто така датирани во 420-400 г. се поврзани со ателјето на т.н. Reed painter од Атина.[123] Како типичен гробен инвентар во атичките погребни ритуали, тие преставувале основа за заклучокот дека во Демир Капија имало атински доселеници. Едниот е целосно зачуван, додека пак од другиот само долната половина. И двата припаѓаат на ист тип: устието е во вид на чашка одозгора рамно и одвоено до вратот со жлеб; вратот е тесен и цилиндричен со стеснување на средината; континуирано закривува кон косото рамо, од каде под остар агол започнува страничниот ѕид на овоидното тело, кое се стеснува кон дисковидно обликуваното дно; коренот на вертикалната лентеста рачка започнува од долната третина од висината на вратот и завршува на самиот раб меѓу рамото и телото. Со црн сјаен и квалитетен фирниз целосно е премачкано устието, вратот и рачката до долната третина од висината, долниот дел на телото и горната површина на дисковидното дно. Долниот дел на вратот и скоро целото тело се прекриени со бела боја, врз која со црвена и портокалова во цртеж е изведена сликаната сцена: млада девојка облечена во хитон свртена на десно пред правоаголна надгробна стела; со левата рака го покрива лицето, а десната е зад неа; зад стелата ја чека брадестиот Харон во чамец. Целата сцена е врамена во две хоризонтални линии и флорален мотив одозгора и само две линии одоздола. Бојата е едвај сочувана. Вториот лекит веројатно имал идентична декорација.

Најбројни меѓу импортираните црвенофигурални форми се малите т.н. *squat lekythoi* (Т.19:98-103, Т.20-Т.22), од кои во Демир Капија се откриени вкупно 27, на Исар - Марвинци вкупно 12, кои покриваат временски период од последната четвртина на 5. век до средината на 4. век.[124] Вкупно тринаесет лекити се датирани во последната четвртина до крајот на 5. век, односно 425-

[123] Вучковић-Тодоровић 1959, 282, сл. 3-4; Вучковић-Тодоровић 1961, 245, сл. 29а-б; Микулчиќ. 2005, 88, Т. II; Sanev 2013, 41-42, cat. nos. 60-61.
[124] Вучковић-Тодоровић 1961, 248-249, сл. 33-48; Соколовска 1986, 78, Т. 1:6, Т.3: 5,8, Т.6:5; Микулчиќ 2005, 89-92, Т. VI-VIII; Sanev 2013, 28-41, cat. nos. 21-57.

400 г., пет примероци од преминот од 5. во 4. век, еден е од почетокот и првата четвртина на 4. век, два од втората четвртина и пет широко датирани во првата половина на 4. век. Кај овој тип лекити не се забележува внатрешен развој на формата, а разликите се однесуваат на различни димензии, висината на вратот и чашковидното устие. Малите лекити од овој тип се одликуваат со прстенесто дно, топчесто тело, цилиндричен врат кој е одвоен од телото и чашковидно устие со рамен раб. Едната вертикална рачка започнува од средината на вратот, се извива кон чашковидното устие од каде лачно врти кон рамото. Нивната висина варира од 13 до 4 см кај помладите примероци. Фирнизот е црн, густ и сјаен, со висок квалитет, на некои примероци прилично излупен. Сликаната декорација во стилот на црвени фигури се сведува на ограничен репертоар: претстави на жени насликани во профил со цела става или само глава на жена со сакос, со накит или огледало во рацете, Глава на Хермес со крилата капа, животински престави: сфинги, лебеди, пантери и секако најбројните со палмета насликана слободна или врамена во полукруг. Претставите се надополнети со флорални мотиви. Меѓу нив се среќаваат и неколку примероци со мрежест мотив и т.н. *running dog patern.*

Во однос на нивната провиниенција, еден примерок е припишан на познатиот *Louvre maid painter*, два на т.н. *Mina Painter* кои датираат од последната четвртина на 5. век, два на т.н. *Straggy painter*, првиот датиран на преминот од 5. во 4. век, а вториот во втората четвртина на 4. век. Осумнаесет примероци припаѓаат на неидентификувано атичко ателје, само еден примерок од втората четвртина на 4. век потекнува од Олинт, а останатите три кои се широко датирани во првата половина на 4. век се со непознато потекло.[125]

Единствениот импортиран примерок на гутус (Т.23:134), односно *baby feeder* е атички производ датиран во 425-400 г., откриен во Демир Капија.[126] Садот е поставен на масивна прстенеста нога, телото е полусферично, одозгора рамно со кружен отвор на средина. На телото е поставена вертикална рачка, а

[125] Sanev 2013, 28-41, cat. nos. 21-57.
[126] Вучковић-Тодоровић, 1961, 254, сл. 52; Микулчиќ 2005, 91, Т. XII; Sanev 2013, 55, cat. no. 110.

под агол од 90 степени, хоризонтално е поставен мал цевчест изливник. Целиот е премачкан со црн сјаен фирниз, а декорацијата со мотив на континуирани спирали со точки е изведена на горната рамна површина.

Во категоријата фина трпезна керамика, односно формите наменети за служење и консумирање течности, на разгледуваната територија пристигнуваат двете типични форми на чаши: скифоси и кантароси.

Формата кантарос е застапена со два вида декорација: триаголни палмети и т.н. тип Св. Валентин. Од доцниот 5. век потекнуваат пет фрагментирани примероци на кантароси декорирани со палмети, од кои два се откриени во Демир Капија, а три во Градиште - Бразда (Т.23:135-136). Заради фрагментираноста, не е е јасна припадноста на конкретен тип, но во публикуваната литература се определени како прозвод на олинтските работилници. [127]

Сликаните кантароси кои припаѓаат на типот Св. Валентин (Т.23:137-143) се одликуваат со прстенесто дно и две вертикални рачки поставени веднаш под извлечениот раб на устието и на средина на телото, кое конкавно зкривува кон устието. Нивната специфична декорација се сведува на флорални (ловорови листови, палмини гранки, листови од мирта кои често пати се изведени со бела боја) и геометриски мотиви (јазичести мотиви, вертикални и хоризонтални линии со различна широчина), изведени врз црниот квалитетен фирниз на садот. Сите досега откриени примероци потекнуваат од Демир Капија, од кои само еден е целосно сочуван, а останатите се фрагменти. Фрагменти од овој тип кантароси се откриени на Вардарски Рид и најсеверно на Градиште-Бразда. Најстарите примероци датираат во третата четвртина на 5. век, а најмладиот е целосно сочуваниот примерок од раниот 4. век. [128]

Сликаните скифоси (Т.24:144-152) се најбројни по наоѓалиштата по долината на Вардар, најчесто во фргаменти и тоа не само на двата клучни

[127] Микулчиќ 2005, 93, Т. XVI; Sanev 2013, 49-51, cat. nos. 89-93. За примероците од Градиште Бразда види и: Микулчиќ 1990, 93, Т. I.
[128] Sanev 2013, 49-51, cat. nos. 89-93.

локалитети каде досега се регистрирани претходно наведените форми, Демир Капија и Марвинци, туку и на остатаните: Вардарски Рид, Градиште - Неготино, Стоби, Градиште - Бразда. Коринскиот тип на котиле воопшто не е застапено на наоѓалиштата по долината на Вардар. Познатите примероци припаѓаат на атичката форма со прстенесто дно, со тело кое кон дното се стеснува, а нагоре се проширува и завршува со надвор извиен раб и две хоризонтални рачки, вообичаено за развојот на формата во текот на 4. век. Во однос на декорацијата се забележуваат два главни видови: скифоси декорирани со фигури и со пламети. Скифосите декорирани со фигурална композиција се вкупно шест целосни примероци, од кои четири потекнуваат од Исар - Марвинци, два од Демир Капија датирани во првата половина на 4. век. Декорацијата се сведува на машки фигури, едно или две момчиња облечени во химатиони кои држат стригили или диск, а околу се претставени палмети со волутести орнаменти. Сите скифоси декорирани со фигури се препишуваат на т.н. Fat Boy Group, а од нив три се припишуваат на атичкото ателје, три на олинтското. Иако се работи за фрагмент на кој е видлива флорална декорација и дел од машка фигура, примерокот од Стоби е вклучен во овој преглед заради големите димензии, но и заради извонредниот квалитет на фирнизот и сликаната декорација кој несомнено го поврзува со Атина.[129]

Од бројните примероци декорирани со палмети во комбинација со спирални флорални мотиви познати од литературата, само три се целосно сочувани: едно од Демир Капија, едно од Исар - Марвинци. Примерокот од Исар-Марвинци е најстар и датиран во 375-350 г. со потекло од Олинт, вториот од Демир Капија е датиран во средината на 4. век и исто така потекнува од Олинт.

Меѓу формите на садови декорирани со сликање се откриени и отворени типови: лекане, ихтија и плитка чинија со проширен раб откриени во Демир Капија. Лекането е поставено на прстенесто дно, одвоен со жлеб од страничниот ѕид кој не е фирнизиран (Т.24:153). Оттука се издига кос страничен ѕид, кој

[129] Wiseman 1978, 412. Anderson-Stojanović 1990, 22, T.10.

аглесто прекршува и продолжува скоро вертикално нагоре кон вертикалниот раб од кој е одвоен со жлеб за капак. Двете полукружни рачки се закосени нагоре под агол. Рачките, вертикалниот раб, косиот долен дел од страничниот ѕид, како и прстенестото дно се премачкан со разреден фирниз со темнокафена боја. На средниот дел од телото е изведен мотив на рибина коска со истиот темно кафен фирниз. Поголем дел од лекането недостасува и е реставриран. Втората чинија е лекане, исто така реставрирана во поголем дел (Т.24:154). Откриена е на локалитетот Корешница во Демир Капија во 1991 г.[130] Полусферичното тело на садот е поставено на прстенесто дно, а вертикалниот раб е одвоен со жлеб од телото, слично на решението на вертикалниот раб кај претходно опишаниот киликс, а кое се среќава и претходно на доцноархајските скифоси. Чинијата е декорирана од надворешната страна со непрекинат меандер изведен со црн фирниз на светлата основа на садот. Дното и внатрешноста се премачкани со црн фирниз со широки потези на четката, така што премазот е сосема разреден. Чинијата е датирана во 4. век, а како можно место за нејзиното потекло е одреден Олинт. Од истото истражување, потекнува и еден фрагмент од чинија, исто така определена како лекане и сликана во стилот на црвени фигури од внатрешната, односно горната страна (Т.25:155). Фрагментот не може да се определи како лекане, туку како дел од ихтија, бидејќи само ихтиите имаат толку рамна горна површина погодна за сликање. Кон ова определба допринесува и работ кој е свртен вертикално надолу и декориран со мотив оволо. Од горната страна, единствено може да се идентификува ковчеже вообичаен мотви во комбинација со женски претстави. И овој фрагмент е поврзан со работилниците во Олинт, датиран во првата половина на 4. век.[131]

Една плитка чинија со проширен раб (Т.25:156) со исклучително квалитетна изработка, е откриени во Демир Капија и припаѓа на форма која ретко пристигнувала во овие краишта. Се одликува со масивно прстенесто дно од кое продолжува скоро хоризонтален страничен ѕид, кој се извива како јака и завршува со вертикален раб. Преминот од хоризонталниот страничен ѕид кон

[130] Sanev 2013, 28, cat. no 19.
[131] Карпузова - Петров-Пецовска 1996, 82-83, сл. 2. Sanev 2013, 28, cat. no 20.

јаката, како и од јаката кон вертикалниот раб, е назначен со длабок жлеб. Сликаната декорација е одлично сочувана. Изведена е со црн фирниз, но основата е зеленикава со висок сјај, како да е премачкана со безбоен лак, но не со еднаква густина, така што на места бојата на глината е повеќе нагласена отколку зеленикавиот премаз. На јаката е изведен мотив на непрекината спирала, но е прилично избледен. Жлебот меѓу јаката и вертикалниот раб е исполнет со црн фирниз. На дното на чинијата од внатрешната страна со тенки потези на четка натопена во црн фирниз е изведена полукружна палмета, која е делумно оштетена, но јасно се гледаат контурите на формата, а под неа во рамка од по две тенки хоризонтални линии е изведен мотив оволо. Иако откриена одамна, досега не е студиозно обработена.[132] Формата е атичка, но декорацијата е невообичаена не само заради мотивите, туку повеќе заради зеленикавиот сјаен фирниз кој треба да се бара во некој од центрите на северниот брег на Егејското крајбрежје, можеби Амфиполис.

- *Импортирани рељефни садови*

Само неколку примероци на рељефни садови се откриени на локалитетите во Повардарјето (Т.25:157-159). Сите потекнуваат од Демир Капија и датираат од класичниот период, поточно од доцниот 5. и раниот 4. век.[133]. Во ова време атинските мајстори почнале да изработуваат садови чии тела имале форма на женска биста или животинска фигура, а за таа цел најпогодна форма биле малите *squat* лектити. Еден лекит чија предна страна од телото е рељефно изведена во вид на женска допојасна претстава, која е идентификувана со Афродита е откриен како гробен дар. Лицето на божицата е овално, со добро потенцирани детаљи: очите се големи и кружни, образите и усните полни, носот прав. Косата е разделена на средината над челото и во крупни прамени зачешлана на страните, од две долги локни каде продолжуваат кон рамењата. Главата на божицата е покриена со украсна лента- стефане и восока капа која на краевите завршува во вид на зашилени листови одвоени со

[132] Соколовска 1986, 49, сл. 18:5.
[133] Вучковић-Тодоровић 1959, 254-256, сл. 6. Вучковић-Тодоровић 1961, 254-256, сл. 54-56.

бобинки. Задната страна на садот и веројатно вратот и устието кое недостасуваат, биле премачкани со црн фирниз, а рељефната претстава слично на теракотите била боена со бела или друга боја, вообичаени за теракотните фигурини од истиот период. Кај антропоморфните лектити, покрај допојасна женска престава која не секогаш се идентификува со Афродита, се среќаваат Ерос или Дионис. Телото на другите два лекити, од кои едниот е набавен со откуп, а другиот е гробен наод е моделирано во форма на лебед. Кај последниот, целосно сочуван примерок главата на лебедот е свртена на десно и се потпира на телото, на кое се сочувани траги од бела боја, додека вратот, устието и рачката на садот се премачкани со црн фирниз.

Веќе во раниот 4. век атичките работилници почнале да ја комбинираат сликаната декорација на садовите со рељефни додатоци, најчесто женска глава en face, обично поставени под рачките. Ваквите комбинациии биле инспирирани од скапите метални садови кои не биле достапни за секого. Примероци од садови со рељефни додатоци се откривани на локалитетите по долината на Вардар, но нивната фрагментираност не дозволува извлекување на повеќе заклучоци освен фактот дека биле импортирани во овие краишта.

*- Импортирани црнофирнизирани садови*

Иако примероци на црнофирнизирани садови се регистрирани уште во доцниот 6. и раниот 5. век преку споменатите килики од Корешница и котоните од гевгелиските некрополи, нивното присуство на наоѓалиштата по долината на Вардар се интензивира во доцниот 5. век и особено во текот на 4. век, паралелено со појавата на црвенофигуралните садови. Од затворените форми се среќаваат неколку примероци на оинохоа и длабоки чаши (mugs), додека пак процентуално повеќе се застапени отворените мали форми на садови за служење и консумирање течности и цврста храна, претежно разни типови на чаши (скифоси, кантароси) и разните варијанти на плитки чинии и соларници. Најголема концентрација на црнофирнизирани садови е регистрирана на клучните локалитети во Долното Повардарје: Исар - Марвинци, Демир Капија и

Вардарски Рид, поретко на Градиште - Неготино и Стоби, а на северниот крај на локалитетите во скопкиот регион, особено Градиште - Бразда. Бројните фрагментирани примероци на овие локалитети зборуваат за интензивен импорт на црнофирнизирани мали отворени форми.

Од Исар - Марвинци потекнуваат три примероци на црнофирнизирани оинохои со тролисен отвор (Т.25:160-161), од кои два се со мазно тело, а третиот е со ребресто тело. Првите два примероци се карактеризираат со прстенесто дно, овално тело со најголем дијаметар горе на рамото. Вратот е одовоен од телото со пластично ребро, отворот завршува тролисно, едната летнеста рачка е поставена на рамото и завршува над работ на тролисниот отвор. Според аналогните примероци и контекстот на откривање во гробни целини датираат од самиот крај на 5. и раниот 4. век. Кај третиот примерок вратот континуирано продолжува кон телото кое е декорирано со вертикални ребра. Заради овие карактеристики оинохоето е нешто подоцнежно од претходните две и датира во раниот 4. век.

Длабоката чаша со една двојна рачка подврзана во горниот дел (Т.25:162), кус цилиндричен врат, со ребресто тело и рамно дно откриена во Демир Капија се припишува на т.н. Фидија тип на длабоки на чаши. Уште неколку фрагментирани примероци од истата форма потекнуваат од Демир Капија и Вардарски Рид.

Од Исар - Марвинци потекнува еден примерок на киликс без нога (Т.26:163), откриен во населбински контекст и датиран во периодот меѓу третата четвртина и крајот на 5. век.[134] Тој има скоро идентична профилација како и погоре споменатиот примерок од Корешница, со мали разлики: помали димензии, нагласен жлеб на аглестиот премин од телото кон конкавниот обод и прстенесто дно. Двете хоризонтални рачки се благо подигнати. Фирнизот е црн, густ и со висок сјај.

[134] Вучковић-Тодоровић 1961, 254, сл. 52; Микулчиќ 2005, 91, Т. XII.

Примерокот од гроб 119 од Марвинци[135] и осумте примероци од Демир Капија[136] во постарата литература се познати како киликси, иако се чини по формата многу повеќе се доближуваат до т.н. болсал скифоси (Т.27:164-165). Поставени се на прстенесто дно, страничните ѕидови варираат од полусферични до скоро вертикални и завршуваат со рамен раб, а двете рачки се сосема хоризонтално поставени во однос на работ. Квалитетот на фирнизот варира од црн, густ со висок сјај, до маслинест сјај или разреден до црно-кафени нијанси, а кај некои примероци се среќава втисната декорација на дното од внатрешната страна, палмети поврзани со врежан круг или коси врежани засеци. Оваа форма во раниот 3. век веќе не се среќава.

Во првата половина на 4. век се јавуваат атички типови на скифоси во црнофирнизирани варијанти (Т.26:166), кои по формата не се разликуваат од сликаните варијанти. Застапени се на Исар - Марвинци, Демир Капија, Вардарски Рид и Градиште - Бразда. Многу поретки се коринтските типови на котиле со пошироко дно.

Веќе од средината на 4. век се јавуваат и класичните типови на кантароси со хоризонтални испусти на рачките, со лентесто профилиран раб, со мазно тело или вертикални канелури (Т.26:167-168). Кантаросот со лентесто профилиран раб на устието кој на атинската Агора се развива во втората четвртина на 4. век, како варијанта на чаша - кантаросот чии елегантни, високо свиени рачки се заменети со едри, вертикални рачки споени со работ на устието и телото, со правоаголен пресек и хоризинтални испусти, поставени рамно во однос на устието. Обично ногата е прстенесто профилирана со жлеб меѓу прстените, одоздола конкавна и со централно испапчување. Ребрата на телото се јавуваат истовремено со појавата на формата, но не се толку типични за атинските колку за олинтските примероци.[137] Телото е поставено на ниско стебло или директно на ногата. Вратот на овие порани примероци е низок во однос на долниот дел од

[135] Соколовска 1986, 78, Т.1:4.
[136] Микулчиќ 2005, 94, Т.XII, Т. XIII.
[137] Agora XII, 122.

телото, а лентесто профилираниот раб на устието е карактеристика која ретко се среќава по 300 г. пр. н.е.[138]

Меѓу импортираните форми на отворени садови се среќаваат ихтии (Т.26.169), мали плитки чинии (Т.26:170-173) со полусферично тело и рамен, вовлечен раб или извлечен раб, најчесто декорирани со втиснати пламети од внатрешната страна на дното или коси врежани засеци. Поретко се среќаваат плитките чинии со аглесто профилирано тело и извлечен раб и ихтиите кои ги носата генералните одлики на формата карактеристична за 4. век со скоро хоризонтални страничен ѕид и квалитетен црн фирниз. Малите соларниците се јавуваат во две варијанти како мини ехинус панички со вовлечен раб или пак во форма на макара (Т.29:174-175). Овие, главно атички форми се веќе широко распространети во Медитеранот, па оттука одредувањето на конкретна работилница би била возможна само со компаративни анализи на составот на глината или фирнизот како и неговиот квалитет. Како и за сликаните форми на садови, на наоѓалиштата по Вардар доминира атичката продукција, и работилниците на Халкидик, претежно Олинт до неговото освојување од Филип II, со ретки исклучоци кои се стигнати можеби од Амфиполис.

*- Локални имитации на импортирани црвенофигурални садови*

Само две оинохоа со тролисен отвор (Т.26:176-177) декорирани во стилот на црвени фигури и тоа од неговата последна фаза, откриени во Демир Капија и датирани во втората половина на 4. век припаѓаат на локалната продукција. Нивната груба изработка со дебели ѕидови, жолтеникавата глина на едниот и сивата на вториот примерок, како и карактеристиките на формата, односно тешката прстенеста база, континуираниот премин на телото кон рамото и вратот, изливникот поставен на стомакот на садот и масивната рачка укажуваат на локална имитација. Според формата на телото повеќе наликуваат на доцноархајските олпи односно гутуси со изливник и тролисен отвор. На вратот и телото несмасно и со многу слаб квалитет на разредениот фирниз без сјај е

138 Agora XXIX, 85.

изведена голема палмета. Ова се единствени примероци кои укажуваат на безуспешните обиди да се имитираат сликани садови од локалните мајстори.

Три примероци на скифоси, два од Градиште - Кнежје, Св. Николе и еден од Градиште - Бразда (Т.28:178-180) веројатно се производи на сè уште неидентификувана локална работилница. Од примерокот од Бразда е сочувана само горната половина. Изработен е од жолтеникава глина со невообичаено големи димензии (диј. на отворот: 15 см). Декорацијата е изведена на светлата основа на садот со разреден кафен до црвен фирниз со слаб сјај, нанесен со четка. Веднаш под работ е изведен хоризонтален спирално свиен брановиден мотив, додека во долната зона истиот мотив комбиниран со палмети. Двата примероци од Градиште-Кнежје се изработени од слична светла боја на глината, врз која декорацијата е насликана со црвен фирниз, нанесен со четка. Според формата и двата примероци припаѓаат на атичките облици карактеристични за 4. век со стеснување на телото кон дното, со конкавно вовлекување под работ, кој е извлечен нанадвор. Сликањето изведено со црвен, посен фирниз, без сјај и прилично излупен. Првиот примерок е декориран со палмета и спирален мотив, а кај вториот декорацијата е поделена во зони. Долната половина на садот е целосно премачкана со црвен фирниз, а над неа, кон работ, во три хоризонтални зони се насликани палмети, спирално свиен брановиден мотив, а во најшироката зона ластарки со листови од бршлен и цветови или плодови изведени со точки. Под работ се насликани закосени црти. Квалитетот на изработката и сликаријата упатуваат на локална, засега неидентификувана работилница.

Два фрагменти од сликана плитка чинија и три фрагменти од сликан, затворен тип на сад откриени со последните истражувања на Скопско Кале, датирани порано во првата половина на 5. век. [139] Од плитката чинија, која по формата потсетува на лекане, откриена на Кале - Скопје се сочувани два фрагменти од страничниот ѕид (Т.28:180). Чинијата е со рамно дно, плиток полусферичен реципиент и профилиран раб. На едната страна се видливи остатоци од хоризонтална рачка, која е откршена. Страничниот ѕид на чинијата

[139] Papazovska-Sanev 2012, 421, figs. 11-12.

однадвор е декориран во две зони: во првата се изведени геометриски мотиви на впишани квадрати еден во друг одвоени со вертикални линии, а во долната зона континуирано тече спирално завиен брановиден мотив. Глината е прочистена и окер печена, но со груба обработка, а боењето е изведено со мат црвено-кафена боја. Останатите три фрагменти се дел од затворен тип на сад (?) (Т.28:181) на кој, на светлата основа се изведени стилизирани флорални мотиви со тенки немарни линии од црвен фирниз со лош квалитет: срцолики листови, спирално завиен брановиден мотив, розети изведени од точки и сл. Заради сличниот состав на глината, начинот на изработка и бојата, Папазовска-Санев ги припишува на локална работилница на просторот на Скопската котлина или Јужноморавската долина, која ги изработила под влијание на јонската архајска керамика од 5. век што особено е видливо во декорацијата, датирајќи ги во првата половина на 5. век.[140]

Две плитки чинии, идентични по форма со импротираниот примерок објаснет погоре, исто така потекнуваат од Демир Капија (Т.28:182-183). Кај првиот примерок едвај се сочувани траги од црвена и зеленикава боја со висок сјај. Третиот примерок е сочуван во фрагменти, но на основа на претходните две е направена реконструкција со исклучително лош квалитет, па оттаму оригиналните делови од чинијата се замачкани и дополнително оштетени. Декорацијата се разликува од останатите два примероци. Жлебот на преминот кон вертикалниот раб е изведен со црвена боја, како и поголемиот дел од декоративната шема. На јаката е изведен мотив на рибина коска со црвен фирниз, а од остатокот јасно се распознава само мотивот на круг обиколен со точки изведени централно на дното на чинијата.

*- Локални имитации на црнофирнизирани садови*

Локалната продукција во класичниот период на локалитетите по долината на Вардар ја обележува главно сиво печената керамика, откривана во

[140] Papazovska-Sanev 2012, 421, авторката ги поврзува со наодите од Кале - Кршевица кај Врање, а датирањето го поддржува со наодот на бокал кој открива влијанија од источно грчката керамика. Овој наод не е публикуван.

изобилство во скопскиот регион (Градиште-Бразда), Средно Повардарје (Градиште-Неготино), Исар-Марвинци и Вардарски Рид во Долното Повардарје. Изборот на формите е ограничен, но се забележува извесно подобрување на технологијата во однос на сивопечените садови од доцноархајскиот период, особено во третманот на површината на садот. Биле изработувани од прочистена глина, со примеси од мика, но сепак слабо печени, на што укажува невоедначената боја на пресекот, слично на сивата срцевина кај локалната лентесто боена керамика од претходниот период. Се уште е задржана праксата да се потопуваат садовите во разредена глина, заради што површината добива сива превлака со благ сјај, но во обид да се имитира сјајниот црн фирниз на импортираните примероци продолжува техниката на механичко глачање во ленти, графитирање, или посипување на површината со лискун.[141]

Од затворените типови на садови познати се т.н. амфори со странично поставени рачки чија форма не е целосна имитација на хеленските типови, туку покажуваат иднивидуален локален развој. Познати се две целосно зачувани амфори, едната откриена на Вардарски Рид (Т.29.184),[142] а втората од Градиште-Неготино (Т.29.185)[143] која во литературата е идентификувана како хидрија. Класификацијата на овие садови во амфори или хидрии е спорна од причини што формалните карактеристики отстапуваат и од амфрите и од хидриите. Формата на телото, изведбата на вратот и работ на отворот упатуваат повеќе на хидриите, но бројот на рачките и нивната поставеност е невообичаена и за хидриите и за амфорите. Ја немаат третата карактеристична рачка за хидриите, а двете хоризонтални рачки со кружен пресек место хоризонтално се поставени вертикално на рамото. Примерокот од Вардарски Рид е со рамно дно, додека оној од Градиште - Неготино со прстенесто. И кај двата примероци телото е топчесто и континуирано преминува кон рамото и кусиот врат. Отворот завршува со задебелен, рамно извлечен раб. Површината на двата сада е сјајна,

[141] Соколовска 1993, 146, технологијата на графитирање била постигната со глазура која на садот му дава црна боја после печењето, што особено е забележливо на сивопечените садови од локалитетот Градиште - Бразда.
[142] Блажевска 2006, 274, кат.бр. 389.
[143] Соколовска 1993, 144, сл. 7.

со разлеана глазура. И двата примероци се датирани во периодот од втората четвртина до средината на 4. век.[144] Оваа форма се среќава во претперсиската керамика од Олинт, каде се најчесто лентесто боени, или пак се среќаваат примероци сликани со флорални и геометриски мотиви.[145] На атинската агора овие т.н. амфори со странично поставени рачки се среќаваат во текот на 4. век, но се сметаат за импортирана форма од Кипар или нивни имитации од други центри на малоазискиот брег или Сирија.[146]

Една друга затворена форма на сад привлекува внимание, а тоа е стамнос пиксидата (Т.29:186). По формата потсетуваат на упростена варијанта на лебес гамикос со тоа што конусната или дисковидна нога на високо стебло се снижува во прстенесто дно, вратот скоро се губи, рачките стануваат пониски и капакот многу поедноставен со копчеста држалка. Од Исар Марвинци е позната една стамнос пиксида сликана во стилот на црвени фигури погоре презентирана, претежно се среќаваат сиво печени варијанти кои на јужната некропола во Марвинци се употребени како урни и наречени мешести садови со две рачки.[147] Овие садови се непознати во Атина или Коринт, но се среќаваат на Родос и во претперсиската керамика на Олинт, а во регионот на Античка Македонија се присутни како чести гробни дарови на некрополите во Исар - Марвинци и Верија, некои декорирани и во техника West Slope, дури и до доцниот 2. век. Ова укажува дека тие имаат иднивидуален развој на оваа територија под влијание повторно на источната керамика.

Неколку типични форми се среќаваат во сиво печена варијанта. Групниот наод на Градиште - Неготино за кој се смета дека потекнува од печка за керамика, содржи тролисни оинохоа (Т.29:187), кои ги имитираат импортираните форми со извесни мали разлики во изведбата.[148] Површинскиот

---

[144] Блажевска 2006, 274. Соколовска 1993, 144.
[145] Olynthos V, 34-35, P 52, Pl. 32, P 53, Pl. 31. Двата примерока со контекстот на откривање се датирани по палењето на градот, односно по 479 г. Agora XII, 191, note 26, укажуваат на симнување на датацијата на средината на 4. век.
[146] Agora XII, 191, nos. 1484-1488, Pl. 63.
[147] Соколовска 1993, 143, сл. 4.
[148] Соколовска 1993, 144-145, сл. 8, 9.

третман на садот со глачање во вертикални ленти, кој е забележан на локалните форми уште од доцниот 6 век, се задржува дури и до доцниот 3 век, што го потврдува оинохоето откриено на Вардарски Рид (Т.29:188). Сепак најчести се малите форми на чинии со вовлечен раб, болсал скифосите и атичките форми на скифоси со тесно дно (Т.29:189), овие последниве особено бројни во скопскиот регион, на Градиште - Бразда, каде се среќаваат и сиви имитации на формата на кантаросите од групата St. Valentine.[149] Уште една атичка форма се среќава како локална копија. Хитрите - садови со заоблено дно (Т.30:190), топчесто тело, кус врат и една вертикална рачка, од сива и црвено печена глина со примеси на лискун и песок и со мазнети ленти на површината, на Исар Марвинци се среќаваат како урни во гробовите со кремација, а нивното производство како кујнски садови продолжува на Вардарски Рид до доцниот 2 век. На атинската агора како типични огнишни садови во кои се подготвувала храна се присутни од доцниот 7. век, а скоро без промени на формата се јавуваат до ранoримските слоеви на агора и во Коринт.[150]

Но, една група на сиво печени садови откриена во групниот наод од печка на Градиште-Неготино покажува задржување на некои форми од доцноархајскиот период, на кои се забележува одреден типолошки развој. Тоа се канатровидните чаши со две рачки кои го надвишуваат работ на отворот (Т.30:191-192), кои сега добиваат прстенесто дно, понагласена s-профилација на телото и поширок отвор. Втората форма преставува продолжение на формата на длабоките чинии со хоризонтални рачки - скифоси, често пати украсени со хоризонтални жлебови под работ (Т.30:193-194), слично на доцноархајските бокали со засечен врат во сива варијанта, или пак кај некои се задржува еден рецидив од уште пораните железнодопски форми, а тоа копчест додаток на рачките, кој потсетува на печуркастите додатоци на кантаровидните садови.

### 3.1.3. Керамичка продукција во хеленистичкиот период

---

[149] Соколовска 1993, 145-146, сл. 10, 12.
[150] Agora XII, зебалешка 3. Corinth VII, 120-121.

Хеленистичкиот период носи големи промени во керамичката продукција. Опаднатиот квалитет на декоративните техники, редукцијата на формите во однос на претходната епоха и технологијата на калапење, водат кон масовна продукција во огромниот број новопојавени регионални и локални работилници низ Медитеранот, кои успешно ги имитираат актуелните форми, но и развиваат свои локални форми и варијанти. Оттука произлегуваат сериозни потешкотии во определувањето на импортираните производи и нивните имитации или локални производи, па повеќе станува збор за импортирана идеја или влијание, отколку за директен импорт. Ако во претходната епоха формата, квалитетот на фирнизот и декорацијата беа пресудни за определување на импортирани примероци, во овој период одредувањето на импортот кај едноставните и недекорирани садови е возможен само со хемиски и микроскопски анализи на глината.

Иако главно станува збор за масовно производство на едноставни форми без висок квалитет на премазите или декоративните шеми, овој период изобилува и со примероци на фина трпезна керамика кои се одликуваат со квалитетна изработка, елегантни форми и декорација, особено кога станува збор за црнофирнизираните садови декорирани со техника на West Slope, минуциозната изведба на ситните детали на калапените садови, или извонредно квалитетниот црвен премаз на Источната сигилата, која претставува основа на целата подоцнежна римска керамика, не само во однос на декорацијата, туку и во формите. Технологијата на калапење, особено применувана во изработка на рејлефно калапени чаши, светилки, но и на некои форми на затворени садови, преставува значајна новина во керамичката продукција. Заради лесниот и ефтин начин на изработка, скоро во сите поголеми регионални центри ќе се појават работилници за рељефно калапена керамика, секоја со свои карактеристики кои ги разликува од останатите. Леснотијата во копирање на формата и декорацијата на калапените садови уште повеќе ја отежнува определбата на локални и импортирани примероци, посебно ако станува збор за вешти мајстори на својот занает.

И покрај ослабената политичка и економска моќ, во раниот хеленистички период Атина сè уште доминира на пазарот, особено во изработката на West Slope стилот. Во текот на 2. век сосема го губи приматот на влијателен керамички центар, а тежиштето се префрла на голем број нови центри насекаде низ Медитеранот, особено на брегот на Мала Азија (Пергамон, Антиохија, Самос, Родос, Делос, Книдос, Кипар и др.) и Александрија на северноафриканскиот брег. Оттука стигнува полуксузна продукција како онаа на садовите сликани на бела основа, рељефно калапени садови и Источната сигилата. Од средината на 2. век на трговската сцена се појавуваат и западните италски центри од кои започнува полека продорот на италската керамика и форми кои ќе го обележат следното римско раздобје. Не помалку значајна, особено за нашата територија е продукцијата на керамички производи во престолнината и неколку други центри во Античка Македонија.

Оттука, разгледувањето на материјалот од овој период налага малку поинаква организација и презентација, за разлика од претходните две епохи, кој започнува со преглед на West Slope стилот, на калапените садови, источната продукција на сигилати, западните римски форми, додека пак генералните одлики на локалната керамичката продукција се дадени во кратки црти. Посебен дел е посветен на транспортните амфори како сериозна одлика на трговските врски и импортот не само на садовите, туку и производите кои се цел на трговија за кои амфорите биле амбалажа при транспортот.

*West Slope стил и атичкиот импорт*

Од средината на 4. век квалитетот на сликаната керамика сосема опаѓа и веќе во втората половина на истиот век се развиваат неколку стилови кои директно ќе влијаат на развојот на т.н. West Slope стил, кој на атинската агора се јавува во својата развиена форма дури во втората четвртина на 3. век и кој всушност претставува единствена сликана декорација на фината трпезна керамика во хеленистичкиот период присутна на нашиот разгледуван простор. Непосредните претходници на оваа техника се наоѓаат во т.н. Гнатија стил за

кој е карактеристична раскошна декоративна шема во која се вклопени и фигурални претстави со многу побогат колорит, Керч стилот, позлатените сликани садови, рељефните и металните садови. Овој едноставен декоративен систем, користи најчесто флорални и геометриски мотиви, изведени со густа глина со бела или окер-портокалова боја врз црниот фирниз на садот.

Импортираните форми од Атина во раното хеленистичко раздобје се претежно мали, отворени типови на садови. Во разгледуваниот регион ретко се среќаваат, речиси и потполно отсуствуваат големите затворени форми декорирани во техника *West Slope* како што се каликс и ѕвонoликите кратери, трпезни амфори и оинохоа, а најчести се кантароси, чаша-кантароси и пиксиди. Иако ваквата декорација е со многу подоцнежен датум, пресудна улога во одредување на хронологијата има и формата на садовите на кои се јавува ваквиот вид декорација.

Најстарите промероци на садови откриени по долината на Вардар на кои е изведена декорација со додадена густа глина врз црниот фирниз потекнуваат од Демир Капија, Вардарски Рид и Стоби. Првиот откриен во Демир Капија (Т.31:195) е датиран во раниот 4. век, односно од средината на 4. век и подоцна,[151] датум кој всушност треба да се корегира. Во литературата е познат како лагинос, според олитнските примероци кои Робинсон ги нарекува „лагиноси со прстенести рачки", сметајќи ги за садови за вино, претходници на хеленистичките лагиноси.[152] Иако на демиркапискиот примерок недостасуваат вратот и рачката, садот ги има сите одлики на ранохеленистичките гутуси со масивно прстенесто дно, аглесто тело кое остро прекршува најдолу, близу до дното, кружна рачка и висок цилиндричен врат одвоен од телото со жлеб и кој завршува со извиен раб. Садот е премачкан со црн сјаен фирниз наместа разреден и излупен, врз кој, со густа окер глина е изведена ластарка со листови

[151] Вучковић-Тодоровић 1961, 262, сл. 88; Микулчиќ 2005, 89, Т. XII:16-IV.
[152] Olynhtus XIII, 245; Вучковић-Тодоровић 1961,263, сл. 88. Истиот примерок од Демир Капија правилно е типолошки определен како гутус-аскос од Битракова-Грозданова 1987, 44.

од бршлен. Блиските примероци според формата и декорацијата на атинската агора се датирани многу подоцна, во првите три децении од 3. век.[153]

Вториот примерок преставува мало бокалче со топчесто тело, кус врат и извиен раб, исто така откриен во Демир Капија (Т.31:196). Едната рачка е откршена. На преминот од рамото кон телото е изведен жлеб, а над него тече низа од срцолики листови од бршлен изведени со окер глина. Садот е класифициран како лонче, и датиран како и претходниот примерок од средината на 4. век и подоцна.[154] И овој датум треба да се корегира, некаде во првата половина на 3. век. Според формата се класифицира во малите бокалчиња со кружен отвор кои се развиваат уште од класичните хитри и на атинската агора се произведуваат до доцна во 2. или 1. век.[155] Директна аналогија на оваа форма декорирана со *West Slope* не ми е позната, но разредениот фирниз укажува на неатичко потекло.

Од Вардарски Рид потекнуваат неколку целосно зачувани кантароси со West Slope декорација. Првиот примерок се одликува со квалитетна изработка, црн сјаен фирниз и West Slope декорација на конкавниот врат, со вообичените мотиви: маслинова гранка, а под неа венец од кој висат лотосови цветови (Т.31:197). Лентесто профилираниот раб на устието во потполност одговара со заоблените вертикални ребра на долниот дел од телото. Рачките и ногата со стеблото недостасуваат, но врз основа на зачуваните делови од телото, покажува сличност со примерокот бр. 46 од атинската Агора датиран 290-270 г.[156] Квалитетната изработка упатува на импорт од атинските работилници. Останатите четири примероци се типични претставници на класичниот тип на кантароси со едноставен, рамен раб на устието (Т.31:198-200). Кај сите примероци се забележува извишување на вратот во однос на долниот дел од телото и поизразена конкавност. Само еден примерок ги задржува

[153] Agora XXIX, cat. nos. 1144-1146.
[154] Микулчиќ 2005, 89, Т. XII:237-IV.
[155] Agora XXIX, 132-133.
[156] Agora XXIX, Fig. 6, Pl. 5, No. 46. Битракова-Грозданова 1987, 40, Т. I, 1. Сличен е примерокот од гробот бр. 17 од месноста Сува Чешма кај Требениште, датиран нешто порано, во 330-310 г.

вертикалните ребра на долниот дел од телото. Работ на устието кај сите е благо извлечен, а испустите на рачките на оние примероци кај кои се зачувани, се поставени косо во однос на устието. Сите се одликуваат со различен квалитет на фирнизот кој варира од изразено црн, со висок сјај преку сивкасти до темнокафени нијанси кај останатите. Три од нив се декорирани со едноставен мотив на маслинова гранка изведена со разредена окер глина. Сите наведени примероци се откриени во различен контекст, но главно се датираат во првите четвртина на 3. век.[157]

Последниот примерок исто така спаѓа во групата кантароси со рамен раб на устиетσо, но заради неговите карактеристики би го издвоиле од претходните четири примероци (Т.31:201). Ногата недостасува, вратот е издолжен и конкавен, а испустите на рачките се закосени. Во целост, овој кантарос остава впечаток на поголема елеганција и виткост на телото. На вратот е изведена West Slope декорација со бела и темно окер разредена боја, од кој заради оштетувањата на вратот распознатлив е само стилизираниот жртвеник?, вкомпониран во стилизирани флорални елементи. Слични примероци откриени се на некрополата Дебој во Охрид,[158] во еден гроб од Хераклеа Линкестис,[159] во некрополата во Олбија,[160] во гробот бр. 1 во могилата во Митино, област Тофилица во Бугарија.[161] Овој тип на кантароси, за кој авторите сметаат дека потекнува од атичките работилници, е датиран во раниот 3. век, врз основа на карактеристиките на формата кои се совпаѓаат со кантаросот бр. 26 од Томпсоновата група А и на еден примерок од Меноновата цистерна на атинската Агора,[162] но и на два кантароси од некрополата во

[157] Блажевска 2005, 210, сл. 2c; Rotroff 1983, Pl. 52, Fig. 17, датиран во раниот 3. век; Agora XXIX, Fig. 4, Pl. 2, No. 14, датиран во 290-275 г. Καλτσας 1998, 47, Πίν. 33, гробен наод од гроб 1369, датиран на крајот на 4. и почетокот на 3. век.

[158] Bitrakova-Grozdanova 1990, 69, Pl. 35a.

[159] Mikulčić 1966, 51, T. XV, 23b, датиран во 3. век.

[160] Парович-Пешикан 1974, 82-83, рис. 78, 1, кој се разликува во рачките кои наместо испусти се декорирани со релјефни додатоци - брадеста машка глава, поставени во горниот дел.

[161] Копривлен, 44 и 46, Таб. 48, 8, од гроб бр. 1 во могилата во Митино, месност Тофилица.

[162] Thompson 1934, 320, A 29: Miller 1974, 195-210; спореди и Agora XXIX, Pl. 2, No. 16, датиран околу 275 г., и Pl. 3, No. 23, датиран 275-260 г.

Верија,[163] и еден примерок откриен на некрополата Маркови кули - Прилеп.[164] На територијата на Р. Македонија е карактеристичен за некополата во Дебој, Охрид каде се откриени поголем број примероци со идентична форма и слична, но не и идентична West Slope декорација.

Во техника на *West Slope* се декорира и една друга популарна форма која често се среќава како гробен дар почнувајќи од доцниот 3. односно раниот 2. век. Станува збор за тоалетните садови - пиксиди познати во две главни варијанти, на конусна нога и на три нозе во вид на животниски шепи. И двата типа на капакот покрај рељефниот медаљон имаат сликана декорација во техника на *West Slope,* најчесто од венци кои кружно се изведени околу медаљонот, аплицирани на црно или црвенофирнизирана основа на садот. Меѓу најстарите примероци е пиксидата на конусна нога откриена во Стоби (Т.31.202), датирана широко во 3.-2. век.[165] Целосно е премачкана е со квалитетен црн фирниз освен на ногата каде е кафен, а на капакот е декорирана со пламети изведени со окер глина, меѓу кои со вежување е изведен мотив оволо. Неколку квалитетни примероци на пиксиди на конусна нога декорирани со West Slope се познати од некрополата Исар-Марвинци (Т.31:203) датирани врз основа на контекстот на откривање во гробна целина од првата половина на 2. век.[166]

Троножните пиксиди засега се познати од Исар-Марвинци. Од последните ископувања потекнува еден извонреден примерок на пиксида со големи димензии, поставена на три ногарки (Т.31:204).[167] Долниот дел од телото е цилиндричен со хоризонтално проширување, а кон дното се заоблува и завршува со прстенеста база. За хоризонталното проширување се прилепени трите ногарки кои се изведени во вид на сфинги со раширени крила, со извонредно прецизно изведен рељеф на лицата и канџите, кои стојат на кружна

[163] Δρούγου - Τουράτσογλου 1980, Π 2173, Π 2171.
[164] Битракова-Грозданова 1987, 41, Т. I, 2, од втората половина на 3. век.
[165] Соколовска Битракова-Грозданова,
[166] Соколовска 1986, 80-81, Т. 15.1-8; Т.16.7; Т.22.1, 10.
[167] Необјавено. Примерокот е изложен во поставката на Археолошкиот музеј. За отстапената фотографија му благодарам на колегата Перо Арџанлиев.

изидгната база. Капакот е исто така цилиндричен со конкавни страни, хоризонтално проширен и завршува полукружно во горниот дел. На врвот е украсен со рељефно изведен медаљон, околу кој е насликан истиот мотив на палмети и овола како кај стобскиот примерок, а на работ над хоризонталното проширување ластарки со срцолики бршленови листови. Уште еден примерок од пиксида на три ногарки во вид на лавовски шепи потекнува од Исар - Марвинци, но со послаб квалитет во изведбата. Недекорираниот примерок од Вардарски Рид изработен од сиво печена глина, уште подоцна, кон крајот на 2. век е потврда за неговата изработка во локалната градска работилница.

Покрај овие на Вардарски Рид и Исар - Марвинци се откриени фрагменти од различни форми на мали отворени садови декорирани во техника на *West Slope* со различни мотиви, кои го покриваат целиот период на оваа продукција до крајот на 2. век кога сосема се губи квалитетот не само на фирнизот, туку и на глинениот премаз со кој оваа техника се изведува, кој станува сосема разреден. Детална анализа на сите фрагменти би дала и поточна определба на нивното потекло.

*Калапени керамички садови*

Значајна новина во керамичката продукција претставува технологијата на калапење особено применувана во изработка на рејлефно калапени чаши, светилки, но и на поголеми затворени типови на садови. Релјефно калапените чаши претставуваат ефтина замена за металните полусферични чаши, чии декоративни мотиви често пати биле копирани на глинените примероци. Нивното потекло се бара во александриската продукција на метални садови, најчесто декорирани со геометриски, флорални и фигурални мотиви, но денес е сигурно дека идејата за нивното производство потекнала од атинските керамичари, а инспирацијата произлегла од александриската метална продукција на златни и сребрени полусферични чаши. Набрзо се јавуваат и други центри кои произведуваат релјефно калапени чаши: Коринт, Делос,

Пергамон, а, особено е значајна работилницата во Пела која била активна во 2. и раниот 1. век.[168]

Откако во 1883 год. Otto Benndorf објавил неколку калапи за полусферични чаши за кои се сметало дека потекнуваат од Мегара, ги нарекува мегарски.[169] Иако ова име набрзо било прифатено во терминологијата, сепак предложената номенклатура од Edwards - калпени релјефни чаши е поточна.[170] Атенаиос споменува атинска чаша за пиење наречена ἡμιτόμος, што можеби се однесува и на релјефно калапените чаши, иако постои посебна категорија на полусферични чаши работени на колце, кои исто така се атински производ.[171]

Досега се изнесени разни мислења околу времето на нивната прва појава на атинскиот пазар. Според Thompson ова се случило околу 275 г.,[172] а Edwards ја спушта оваа датација на 250 г.[173] Најекстремно е датирањето на Byvanck-Quarles van Ufford од средината на 2.-1. век.[174]Денес врз основа на контекстот на откриените примероци, нивната појава е сигурно датирана во 224/3 г.[175]

Релјефно калапените чаши се декорирани во зони, одвоени меѓу себе со низа од бобинки, жлебови или ребра. На заобленото или благо зарамнето дно на чашата се наоѓа медаљон најчесто со многулисна розета, а поретко со фигурална претстава.[176] На долниот дел од страничниот ѕид е каликсот најчесто декориран со флорален мотив, кој често пати целосно го опфаќа

[168] Ακαμάτις 1994.
[169] Agora XXII, 2, Benndorf ги поврзал со γιάλας, карактеристични чаши кои ги користеле жителите на Мегара, а кои ги споменува Атенаиос. Истиот автор го споменува и името κόνδυ, кое е исто така несоодветно бидејќи се однесува на персиска форма на чаша.
[170] Corinth VII, 88-89, 151.
[171] Agora XXII, 3.
[172] Thompson 1934, Hesperia III.
[173] Corinth VII, 152.
[174] Битракова-Грозданова 1987, 51.
[175] Agora XXII, 10-13, Ротроф ја врзува нивната појава со обновеното пријателство со Египет во време на Птоломеј III Еуергетес. Ова се случило набрзо по 229 г. кога Атина се ослободила од македонската хегемонија.
[176] Agora XXII, 26, ликот на Атена Партенос на дното на релјефно калапените чаши се специфика на една од најпознатите атински работилници на Бион.

страничниот ѕид. Декорацијата на страничниот ѕид е главниот мотив на чашата, над кој обично е изведена декоративна лента.

На наоѓалиштата по долината на Вардар сè до Стоби најсеверно, се откриени голем број рељефно калапени чаши, претежно во фрагменти, па оттука доколку недостасуваат клучните елементи за определување на потеклото извечените заклучоци се во зоната на релативното. Формата на чашата, особено работ на устието е различно изведен и покрај останатите карактеристики како што се глината и декорацијата е показател на потеклото и работилницата. Во врска со декорацијата на чашите, врз основа на откриените примероци се заклучува дека се присутни скоро сите познати декоративни шеми и мотиви, почнувајќи од најстарите, карактеристични за доцниот 3. и првата половина на 2. век со мотив шишарка и преклопени листови - т.н. имбицес. Присутни се чаши со развиена флорална декорација на разни листови од лотус, папрат, палми, акантуси комбинирани со гроздови или лозови витици и листови и т.н. долги листови (*long petals bowls*), карактеристични за последната фаза од развојот на рељефно калапените чаши од средината на 2. и во текот на 1. век. Фигуралните композиции најчесто преставуваат идилични сцени со разни животни и птици, митолошки суштества или Ероси кои наизменично се менуваат на страничниот ѕид. Во втората група спаѓаат митолошки композиции и теми, сцени на лов и сцени поврзани со тројанската војна. Од досега познатите примероци на рељефно калапени чаши откриени по долината на Вардар, отсуствуваат само т.н. чаши со мрежест мотив, карактеристични за атичките работилници.

Атинските рељефно калапени чаши како директен импорт не се познати, но пак затоа нивни имитации се потврдени на Вардарски Рид, Исар Марвинци и Стоби. Ова особено се однесува на пораните декоративни шеми, како што се мотивот шишарка или имбрицес. Исто така, присутни се и флоралните развиени шеми и фигуралните претстави, но ниту една од нив ги немаат вообичаените карактеристики на атинските работилници на Бион или Аполодорос. Кај атинските примероци работ на устието може да е благо

извиен, рамен, заоблен или благо проширен што нема значење за хронолошката определба. Освен мотивот шишарка, во атинските работилници сите останати се изработуваат до раниот 1. век, односно до 86 г. кога Сула ја разорува Атина, а во Коринт до 146 г. Овие чаши се изработени од глина со мали примеси на мика со боја на печење од розева до светлокафена. Чашите се премачкани со црн фирниз, разреден до кафени, сиви или црвени тоналитети.

Единствено како вистински импорт можат да се определат чашите кои ги носат одликите на источните работилници и таа во Пела. Рамниот или благо вовлечен раб, карактеристичното боење со црвено-црн фирниз е одлика забележана на повеќе примероци на наведените локалитети. Рељефно калапените чаши кои се работени во источните работилници, а се увезени главно преку Делос, се полусферични и поплитки, работ на устието е рамен или благо вовлечен, а за нив е карактеристично т.н. двојно боење на надворешноста на чашата со црн фирниз околу работ, кој надолу преминува во нијасни на црвен до кафен.[177] Меѓу нив, би ја издвоиле чашата со македонски штит откриена на Вардарски Рид (Т.32:205). Тоа е полусферична чаша со рамен раб на устието, декорирана со концентрични полукругови - announcement еписеми во кои е изведена осумкрака ѕвезда - стровилос.[178] Еписемите се однадвор врамени со бобинки, а меѓу нив се изведени канатроси на висока нога. Во медалјонот на дното исто така е изведен стровилос, врамен со шест концентрични кругови кои го опфаќаат каликсот. Изработена е од фино прочистена глина со црвена боја, а премачкана со фирниз кој при печењето добил две контрастни бои: црна на горната половина која надолу преминува во интензивна црвена боја. Формалните карактеристики и начинот на боењето упатуваат на потекло од малоазиските работилници.[179] Датирана е во доцниот 2. век, односно околу 100 г.

---

177 Agora XXII, 4 и 7.

178 Описот на основните мотиви на македонскиот штит претставен на реверсот на монетите од Лихнид, види: Битракова-Грозданова 2001, 45.

179 Ladstätter et al. 2003, K 46, Taf. 5, 155, датиран околу 100 г. Anlağan T., 2000, 46, kat. no. 28, датиран во 2/2 на 2. век. Blaževska 2006, 245-250.

Релјефно калапените чаши со ваков мотив се јавуваат во втората половина на 2. век, а нивното производство продолжува во раниот 1. век. И покрај мотивот кој се среќава на штитот кој го носела македонската војска, нивното потекло не се врзува за Македонија, туку за коринтските работилници.[180] Томпсон смета дека овие чаши се јавуваат за прв пат во атинските керамичарски работилници, а се развиваат под влијание на протогеометриската керамика украсена со концентрични полукругови, гробни дарови откриени во текот на големите градежни активности на атинската Агора.[181] Zahn потеклото на овој мотив го наоѓа во висечките гирланди карактеристични за West Slope декорацијата, но Baur прв го идентификувал изворот на инспирација во декорацијата на македонскиот штит поврзувајќи ја нивната продукција со македонските центри.[182] Edwards ги издвоил како посебна група - чаши со линеарни мотиви која се развива доцна во рамки на релјефно калапените чаши вклучувајќи ги тука чашите со мотив *long petals*, чашите со мрежест мотив и оние со концентрични полукругови.[183] Според Edwards атичките и коринтските керамичари биле инспирирани од монетите на македонските кралеви и автономните градови кои на реверсот имале претстава на штит, а Callaghan докажува дека инспирацијата дошла директно од штитот, а не од монетите, следејќи го развојот и појавата на одредени мотиви на штитот врз основа ретките сликани претстави и оние на монетите. Иако се работи за импортиран примерок кој ги носи сите одлики на источната продукција на рељефно калапени чаши, во стручната литература преовладува мислењето дека заради мотивот тие мора да се изработувале во локалните македонски работилници. Македонскиот мотив на овие чаши не е спорен, до досега не е позната продукција на чаши со вакви карактеристики на територијата на античка Македонија. Од друга страна, примероци на калапени чаши со мотив на македонски штит се откривани во малоазиските центри Пергамон, Делос, Ефес, Тарсус, Сардис, Антиохија и Самарија, во Танис и

[180] Callaghan 1978, AAA XI, 34.
[181] Thompson 1934, 442, E 78.
[182] Callaghan 1978, 33-34.
[183] Corinth VII, 175-185.

Олбија на Понт, на грчкото копно во Атина и Коринт, Аргос и Тесалија што укажува на нивната широка распространетост.[184] На нашата територија освен примерокот од Вардарски Рид фрагменти се откриени во Охрид.[185]

На источната продукција според профилацијата на чашата припаѓа и примерокот од Вардарски Рид (Т.32:206).

Врз основа на целосно сочувани примероци и бројните фрагменти од рељефно калапени чаши се чини дека влијанието на работилницата во Пела е најголемо.[186] Вообичаените примероци се работени од сиво печена глина и премачкани со квалитетен сив до црн премаз, чашите се повеќе во вид на парабола отколку полусферични, со профилиран висок раб. Примероци од оваа продукција се познати на Вардарски Рид (Т.32:207-208).

Во 2. век, на локалитетите во Долно Повардарје се откриени релјефно декорирани мали кратери и трпезни амфори. Релјефната декорација е изведена во долната половина на телото каде главно се повторуваат мотиви карактеристични за рељефно калапените чаши: флорални мотиви или фигурални сцени поврзани со култот на Дионис, митолошки сцени или симплегми. Примероците откриени на Вардарски Рид се дел од инвентарот во куќите на Источната и Јужната тераса, од кои два се целосно сочувани, а останатите се фрагменти, кои се разликуваат во однос на димензиите и формата. Откриени се во контекст кој временски ги определува кон крајот на 2. и првите децении на 1. век.

---

[184] За примероците од Пергамон види: Schäfer 1968, Taf. 51, MB570, MB119. За Делос види: Bruneau 1970, 241, Pl.40, D10. За ефеските примероци види: Rogl 2003, K46, Taf. 5, 155. За Тарсус види: Jones 1950, 223, cat.no. 158, fig. 129. За Сардис види: Rotroff-Oliver 2003, 138, no. 576, Pl. 100. За примероците од Понт види: Bouzek 1990, 114, Fig. 34.4, примерокот е одреден како производ на јонските работилници. За атинските примероци види Agora XXII, 39. За останатите види: Liampi 1998, 85-91. Taf.18-19, со посочена литература.

[185] Кузман 2006, 215-244, сл. 29-31. На Самуилова тврдина во Охрид се пронајдени бројни примероци на рељефно калапени чаши кои на дното во медаљонот се декорирани со мотив ѕвезда кој исто така се јавува на македонскиот штит, но мотивите на страничниот ѕид се главно флорални, заради што не припаѓаат во оваа класа на линеарни чаши. Според профилацијата на чашите се согледува влијание од работилницата во Пела, но не е исклучена локланата продукција.

[186] Ακαματις 1993.

Првиот примерок припаѓа на варијантата кратер со волути (Т.32:209). Високата нога е моделирана со неколку жлеба, а издолженото овално тело е релјефно декорирано во две зони. Во долната зона се изведени долги лотосови листови меѓу кои се извиваат лотосови витици и цветови, а во горната зона е изведена фигурална претстава. Овој дел од садот е прилично оштетен, па не може во целост да се реконструира претставата, но веројатно станува збор за митолошка сцена. Меѓу фигурите облечени во долги хитони се распознава престава на Артемида со лак и тоболец со стрели, а идентификацијата е надополнета со делумно сочуваниот натпис АРТЕ[....]. Двете зони се одвоени меѓу себе со жлебови, кои се изведени и во горниот дел од телото и на преминот кон кусиот врат. Малите, волутесто оформени рачки се прилепени веднаш под профилираниот раб на устието. Изработен е од фино прочистена глина со жолтеникаво сивкаста боја, а целосно е премачкан со темносив до црн фирниз. Слични примероци се откриени во Петрес[187] и во Вергина.[188]

Целосно зачуваниот мал кратер без рачки е откриен во Куќата на колекционерот на Вардарски Рид се одликува со кус, нагласено конкавен врат, а профилираниот раб на устието е хоризонтално извлечен (Т.32:210). Во долниот дел од телото врамен со врежани жлебови од двете страни е изведен фриз од гроздови околу кои се извиваат витици од винова лоза. Останатите се фрагменти од рељефно декорирани кратери: фрагмент од вратот и рамото на садот декориран со тенка врамена лента на која е изведен фриз од лотосови цветови;[189] фрагмент од профилирана нога и долниот дел од телото декориран со долги листови; фрагмент од висока нога од кратер, на која меѓу двете зони профилирани со жлебови изведени се преклопени мали лотосови листови.

Во оваа група на рељефно калапени садови спаѓаат една трпезна амфора и два фрагментирани сада чија форма засега е спорна. Амфората е скоро целосно сочувана (Т.32:211). Поставена е на висока, профилирана конусна нога, топчесто тело кое преку скоро хоризонтално рамо преминува во висок

---

[187] Αδάμ Βελένη 1997, Πίν 114β.
[188] Δρούγου 1997, 49, Εικ. 8, датиран во средината на 2 век.
[189] Сличен примерок е откриен во Тесалоника: Αδάμ Βελένη et al., 2000, Πίν. 140ε.

конкавен врат. Работ е лентесто профилиран, а двете вертикални рачки поставени под ободот и на работ на рамото се украсени со волути во горниот дел и рељефно изведена маска која е аплицирана на спојот со телото. Изработена е во истата техника на сиво печените кратери од квалитетна глина и темносив премаз. Рељефната декорација изведена во долната половина на телото е идентификувана како сцена на инагурација на македонските кралеви во присуство на боговите. Преставена е Атина со шлем која надгледува свена на лов на лавови, омилен мотив кој се јавува на сликаната фасада на т.н. гробница на Филип II во Вергина.

Останатите два сада од Вардарски Рид се делумно сочувани, па оттука одредувањето на формата е несигурно помеѓу амфора, стамнос пиксида или мал кратер. Од првиот сад е сочувана високата, профилирана конусна нога и само дел од топчестото тело на кое е изведна рељефната декорација со престава на Атена во краток хитон со шлем со перјаница на главата и кружен штит во раката (Т.33:212). Околу се преставени голи фигури на воини. Сцената е одозгора врамена со декоративна лента со флорален мотив. Изработена е од црвено печена прочистена глина и премачкана со невоедначен црвеникав премаз. Од вториот сад недостасува вратот и рачките (Т.33:213). Таа е изработена исто така од црвено печена глина, но со погруба фактура и без премаз. Ногата е конусна, но без профилација, а точестото тело преминува во скоро рамно рамо на кое се прилепени рачките. Рељефната декорација е изведена во две зони, одвоени со жлебови. Во горната зона која има улога на широка декоративна лента, се изведени розети и букраниони кои наизменично се менуваат, а во долната зона се изведени музите одвоени со палми, а над секоја во рељеф е испишано името на Музата.

Во текот на истражувањата на Исар-Марвинци пред неколку години е откриена рељефно декорирана стамнос пиксида (Т.33:214). Таа се одликува со одличен квалитет на изработка од фино прочистена глина со невоедначен црвен до кафен премаз. Поставена е на профилирана конусна нога, со овално тело, кус врат кој завршува со рамен раб. Двете рачки со кружен пресек се поставени на

рамото. Рељефната декорација е изведена во долната половина на телото врамена од двете страни со декоративна лента украсена со флорални мотиви. Рељефната сцена се состои од екслицитни еротски сцени кои течат во фриз, придружени со натписи.

Кон крајот на 3. и раниот 2. век улогата на садови за сервирање и мешање вино ќе ја превземат релјефните кратери кои претставуваат глинени имитации на металните садови. Ногата и работ на устието се единствените делови изработени на колце, кои биле додавани на телото кое е изработено во калап. Рудиментираните волутни рачки ја изгубиле својата функција и единствено претставуваат декоративен елемент.

На атинската Агора биле произведувани кратко време, некаде до средината на 2. век,[190] но затоа во регионот на античка Македонија претставуваат мошне популарна форма во доцниот хеленизам. Квалитетната изработка, сивата боја на глината, квалитетниот темносив премаз и мотивите кои во целост се превземени од репертоарот на релјефно калапените чаши го врзуваат потеклото на овие садови со некоја од работилниците во блиските центри во Македонија, најверојатно Пела. Слични примероци изработени од сиво печена глина се откриени во Пела,[191] Петрес,[192] Ајани.[193] Изнесено е мислење дека во Горна Македонија постои локална работилница за рељефно калапена керамика вклучувајќи ја тука и продукцијата на релјефно калапени чаши, која ги користи сличните печати кои се јавуваат на калапената керамика од работилницата во Пела.[194] Рељефните трпезни амфори и стамнос пиксиди, особено овие последниве, како форма која е особено карактеристична и омилена на територијата на античка Македонија се секако дел од оваа продукција.

---

[190] Agora XXIX, 139, со оглед на тоа дека не се среќаваат примероци декорирани со мотив long petals кои се воведуваат околу 150 г., производството на оваа форма запира некаде во истото време.
[191] Ακαμάτις 1998, 97, Είκ. 7, датиран во доцниот 2. век.
[192] Αδάμ Βελένη 1998, 64, Είκ. 46.
[193] Καραμήτρου-Μεντεσίδη 1993, 23, Πίν. 7, 73, Πίν. 42.
[194] Καραμήτρου-Μεντεσίδη 1993, 73.

Во поглед на влијанијата во продукцијата на релефно калапените мали кратери, амфори и стамнос пиксиди не треба да се исклучи и влијанието од исклучително калитетната аретинска рељефна керамика. Ова особено се однесува на кратерите без рачки кои повеќе потсетуваат на пехарите, работени во Арецо. Овие кај нас, секако се резутат на локална продукција на македонската територија, која никогаш не успеала да го постигне квалитетот на премазите ниту на источната, ниту на западната керамичка продукција.

*Импорт од источните работилници*

Сликањето на садовите врз бела енгобна основа со многу поупростен стил и флорални мотиви нанесени со бледо црвена, жолтеникава или зелена боја продолжува во хеленистичкиот период во малоазиските работилници и на Кипар, каде што станал особено омилен начин за декорирање на лагиносите, кратерите, пиксидите и други форми на садови. Иако ретки, импортирани примероци се регистрирани на Вардарски Рид. Откриени се повеќе фрагменти од аглестиот дел од телото и фрагмент од врат кои веројатно припаѓаат на еден лагинос (Т.33:215). Тој е целосно боен со бела боја, врз која се изведени хоризонтални ленти со црвена и портокалова боја. Овие карактеристики го поврзуваат садот со некоја од малоазиските работилници, а временски е определен околу средината до крајот на 2. век.[195] Лагинос претставува посебен тип на декантер за вино (οἰνοφόρος), чие потекло се врзува за источногрчките работилници. Во кипарските работилници лагиносите се изработуваат во втората половина на 3. век, а на островите и во малоазиските центри се среќаваат сè до крајот на 1. век.[196] Најзначајни и најшироко распространети низ Медитеранот се лагиносите изработени од фино прочистена глина, целосно премачкани со бела енгоба, врз која декорацијата е изведена со нијанси на црвен, портокалов или кафен фирниз. Иако на Кипар се изработувани околу 225 г. на грчкото копно, посебно во Атина, лагиносите се најпопуларни во периодот меѓу 150-50 г., кратко потоа излегуваат од употреба со оглед на тоа

[195] Ladstätter et al., 2003, 49-50, K 58-65, Taf. 7, 157, многу слични примероци се откриени во Ефес, датирани околу 100 г.
[196] Битракова-Грозданова 1987, 44; Thompson 1933, 450.

што многу ретко се среќаваат во раноримските слоеви.[197] Се среќаваат и локални варијанти изработени од сиво печена глина или пак премачкани со црн фирниз, кои се мошне ретки.[198] Се чини дека засилениот импорт на лагиноси со бела основа го прекинува локалното производство.

Од Кипар стигнуваат и чашите со две рачки се одликуваат со прстенеста нога, аглесто тело и две хоризонтални рачки со кружен пресек, притиснати кон работ на устието, чие потекло се бара во центрите на југозападниот брег на Мала Азија (Т.33:216). Ова е генералниот опис на формата, додека пак малите промени во однос на изведбата на одредени делови, како и квалитетот на глината и фирнизот ги определуваат варијантите или пак поедините производствени центри. Главно се јавуваат два центри, едниот во Палестина а другиот во Книд, од каде веројатно биле распространети низ источниот Медитеран и Понт. Чашите со две рачки од Палестина најрано датираат од почетокот на 3. век, во Атина биле импортирани по 200 г. каде биле изработувани локални варијанти со атичката глина сѐ до првата четвртина на 1. век. [199]

Вториот тип, односно Книдските чаши се изработувани од глина со сива или кафена боја, понекогаш со контраст меѓу срцевината и површината на садот (Т.33:217). Фирнизот е без сјај и нанесен во тенок слој, покривајќи ја чашата целосно однатре и до половина на надворешниот ѕид, често пати со силен контраст меѓу бојата внатре и надвор. Двете рачки се одвоени од ѕидот на садот. Во Атина забележан е импорт на овие чаши почнувајќи од втората четвртина на 2. век, па се до првата половина на 1 век од н.е.[200] Импотираните примероци условиле изработка на имитации во атичка глина со сјаен фирниз кој го покрива целиот сад и со втиснати и врежани мотиви на дното. За разлика од оригиналот рачките со врвот се сосема прилепени за ѕидот на садот.

---

[197] Agora XXIX, 227.

[198] Agora XXIX, 127, и забелешка 34, на атинската агора црнофирнизираните примероци се јавуваат во периодот од раниот до втората половина на 2. век.

[199] Agora XXIX, 118.

[200] Agora XXIX, 119, Fig. 23, Pls. 38, 39, Nos. 395-404, а за импортираните книдски чаши со две рачки во Атина види на стр. 233, Fig. 96. Pl. 124, Nos. 1576-1579.

Кај нашите примероци тешко е да се одреди потеклото. Сјајниот фирниз и глината, како и прилепените рачки за ѕидот на садот упатуваат на имитација на книдските чаши, но не во Атина туку во некој од другите центри на малоазискиот брег, можеби Пергамон. Вториот примерок со сивата глина, мат фирнизот и одвоените рачки од телото на садот би упатиле на импортирана чаша од Книд, но конвексниот горен дел од телото и не така остриот премин кон долниот дел и многу големото количество на мика и песок во глината, укажуваат на имитација, која е можеби локална. И двата примерока се датирани во втората половина на 2. до првата половина на 1. век.

Последните примерок е варијанта на чаша со две вертикални рачки (Т.34:218). Откриени се во истиот контекст како и книдските чаши, па оттаму и датирањето е истовремено. Чашата се одликува со извонредно квалитетна изработка од портокалово-црвеникава глина, со исклучително тенки ѕидови. Поставена е на подигната база со рамно дно. Долниот дел на телото е повеќе заоблен отколку аглест, одвоен од конвексниот горен дел со жлеб. Устието е со благо вовлечен раб. Двете вертикални рачки се канелирани, а горниот дел од телото, почувајќи од под работ на устието, па се до под рачките е украсен со мали коси и гуси засеци во повеќе редови.

Прегледот на импортираните садови или влијанија од источните работилници би го заокружиле со познатата Источна сигилата А и Б, односно т.н. пергамонска и самоска продукција. Претежно станува збор за разни типови чинии со печатени орнаменти, изработени од исклучително квалитетна глина со светла боја и квалитетен темноцрвен премаз (Т.34:219-220). Плитки чинии кои припаѓаат на Источната сигилата А украсени на дното од внатрешната страна со круг од коси засеци и втиснати палмети стигнуваат на локалитетите во Повардарието, но не во колеми количини. (Т.34: 220). Плитката чинија од Стоби покрај карактеристичната декорација има и втиснати печати Еден примерок е познат од Вардарски Рид, кој според карактеристиките припаѓа на источна сигилата А (Самариа форма 1), кои се популарни од средината на 2. па до 1. век (Т.34: 221). На истата продукција припаѓаат и неколку промероци од Исар -

Марвинци и Стоби, а еден примерок е познат и од Глоска Чука - Грчиште..Ова форма се чини е доста популарна и најчесто имитирана во локалната продукција, барем таму каде што стигнале импортирани примероци. Со оглед на тоа што истата форма се јавува и во кампањската А и Б продукција, некогаш е тешко да се каже од каде доаѓаат влијанијата за локалните изработки. На пример на атинската Агора биле имитирани во краток период меѓу 110 и 86 г. Неколкуте публикувани примероци од Стоби се определени како локални имитации од 1. век, кои припаѓаат на Форма 3, ново зависност од тоа дали се имитации на источната сигилата или кампањската керамика се издвоени во две групи А и Б.[201] локалните имитации на Вардарски Рид исто така се издвоени во две варијанти, но веројатно изработувани во Тесалоника или Пела, чии работилници интензивно работат во доцниот 2. и раниот 1. век.

Самоската Б продукција е застапена со мали форми на чинии со втиснати орнаменти или без нив. Неколку примероци се откриени на Вардарски Рид и Стоби (Т.34:222-223).

*Импорт од западните работилници*

Западната, италска продукција не е особено карактеристична за Повардарјето во овие рани периоди на римската доминација. Не можеме да кажеме дека не е присутна, но за разлика од западните региони на денешната територија на Македонија, каде влијанијата од италскиот полуостров стигнувале и порано преку Кандавискиот пат, односно Виа Егнатија, во Повардарјето овој вид на производи ќе станат карактеристични дури после августовото време.

Од ретките раноримски форми меѓу првите кои пристигнале на оваа територија се доцните форми на кампањската продукција, римската тенкоѕидна керамика и биконичните чаши со две рачки.

---

[201] Anderson-Stojanović 1992, 101-102, Nos. 729-732, Pl. 86. Битракова-Грозданова 1987, 51, забелешка 131, Т. XV, 4-9.

Садовите од кампањската Б продукција, се претежно плитки чинии кои се боени со црн или темносив сјаен фирниз, декорирани со втиснати мотиви или врежување. Набргу овие импортирани производи се изработуваат и во локалната продукција, имитирајќи ги формите, но не и квалитетот на премазот. Со оглед на тоа што формите на кампањската А и Б продукција се позанти и меѓу формите на Источната сигилата, некогаш е тешко да се определи од каде доаѓа конкретното влијание, особено што најчесто локалните имитации се работени почесто во црвено печена глина со црвен невоедначен премаз со лош квалитет. Кампањските садови се разни варијанти на мали чинии со извлечен раб, поставени на прстенесто дно со полусферично тело, декорирани со втиснати пламети опкружени со широка лента од коси зацеси, засега познати со два примероци од Вардарски Рид и Стоби. Работ е извлечен, па завиен вертикално нагоре со нагласен жлеб. Примерокот од Вардарски Рид, заедно со локалната копија изработена од црвено печена глина со црвеникав премаз со лош квалитет потекнува од заворен контекст датиран во доцниот 2. и раниот 1. век. Стобскиот примерок е нешто подоцнежен, од самиот крај на 1 век. На репертоатор на истата Б продукција припаѓа и малата чинија од Вардарски Рид, со вертикален страничен ѕид изработена од сиво печена глина и премачкана со квалитетен црн фирниз со висок сјај декорирана на дното од внатрешната страна со коси засеци. Примерокот е датиран во текот на 1 век., но е познат и меѓу формите на Источната сигилата кои не се изработувале пред последната четвртина на 2. век.

Од кампањска А и Б се познати и големите плитки чинии со вертикален раб со втисната или врежана декорација на дното однатре и плитки чинии со извиен раб познати со неколку примероци од Вардарски Рид и Стоби. Примерокот од Вардарски Рид е поставен на прстенесто дно, со скоро хоризонтален страничен ѕид кој под остар агол се издигнува нагоре и завршува со извиен раб (Т.34: 224). Сивата глина, квалитетниот црн фирниз и широката лента со коси засеци на дното ја поврзува со кампањската А продукција.[202]

[202] Morel 1986, 464, genre 1300, fig. 1, no.1, 8, Blaževska 2011,

Примерокот од Стоби е идентификуван како локална имитација на западна форма, но нема одредена форма или потекло.[203]

Малите чаши со две рачки карактеристични за 1. век. и повеќе за 1 век од н.е. припаѓаат на раноримската продукција. Тоа се чаши на прстенеста нога, биконично или топчесто тело, широко устие и две вертикални рачки (Т.34:226-227). Служеле како чаши за пиење, заменувајќи ги веројатно веќе одамна исчезнатите кантароси и скифоси.

Откриени се во поголем број на Вардарски Рид, но на Стоби покрај тоа што се чести гробни дарови на Западната некропола во августово време, под мозаикот во источниот триклиниум на Куќа Перистерија е откриена печка за керамика полна со вакви чаши, што ја потврдува локалната продукција. Единствениот постар примерок е откриен на Вардарски Рид датиран во раниот 1. век, квалитетно изработен од фина глина и темнокафен фирниз е единствениот можеби импортиран примерок банкина од редени тегули (Т.34:226). Датирана е најрано од сите останати примероци на Вардарски Рид, во првите децении на 1 век. Сите останати примероци се подоцнежни и се врзуваат за слоеви датирани во доцниот 1. век и првата половина на 1. век од н.е.

Главна одлика на овие садови се екстремно тенките ѕидови (2-2.5 мм) често со рапава структура, но иако околу средина на 1. век од н.е. ѕидовите стануваат подебели, терминот тенкоѕидна керамика останува. Глината варира во бојата од сива до портокалово црвена. Раните примероци немаат премаз, но од августовскиот период површината обично е премачкана со темносива до браон, но понекогаш е прошарана со розева или портокалова боја. Изборот на формите е ограничен на неколку, но претежно се садови за пиење: високи чаши, бокали и длабоки чинии кои се јавуваат во повеќе варијанти. Освен барботин бобинки се јавува и врежување и релјефни флорални мотиви, но биле произведувани и недекорирани. Барботин бобинки претежно се јавуваат на

[203] Anderson-Stojanović 1992, 26, No. 75, Pl. 14.

иста форма: висока чаша со рамно дно и страничен ѕид кој постепено се проширува, вовлечено рамо и изразен раб на устието. Формата на чаша помалку се должи на хеленизираните форми и се смета дека потекнала од металните ситули од италското железно време. На околу 0.02 м под устието чашите се декорирани со хоризонтални низи на барботин бобинки од кои висат венци од бобинки. Овие венци го опфаќаат целиот страничен ѕид до дното. Изворот на барботин декорацијата со бобинки, исто така се бара во областа на италската метална продукција.

Тенкоѕидните садови претставуваат типична категорија на трпезна керамика за куќите во овој период, која е прилично хронолошки осетлива. Нивното потекло се врзува за работилниците во Централна Италија (Cosa, Ostia), од каде најмногу се шират низ италскиот полуостров, западниот Медитеран и западна Европа. Тенкоѕидните садови со барботин бобинки откриени во Cosa се датираат меѓу 175 и 50 г., а особено се популарни околу 150 г. Континуирано се произведуваат се до 1. век од н.е.[204]

Овој вид садови се ретки во Атина[205] и Коринт, каде го одредуваат слојот на рушење на градот од страна на Мумиус во 146 г., а се среќаваат импортирани примероци кои се датираат во исто време со оние од Иберискиот Полуостров, поточно во периодот меѓу 130 и 70 г.[206] На Вардарски Рид се откриени два фрагменти кои припаѓаат на ранoримските тенкоѕидни садови . И двата се одликуваат со извонредно тенки ѕидови, и декорација со низи од барботин бобинки. Регистрирани се и во Стоби во поголеми количини, каде се издвоени во шест групи, претежно импорти, но за некои е изнесено мислење за можно локално или регионално производство. Слични на нашите се примероците од групата 1 датирани од доцниот 2. до средината на 1. век.[207]

*- Локална продукција*

---

[204] Anderson-Stojanović 1992, 35-36.

[205] Agora V, 13, F24, Pl. 1, датиран во 2/4 до крај на 1. век, овој примерок што е наведен е ист како нашите.

[206] Williams - Russel 1981, 34-35.

[207] Anderson-Stojanović 1992 36, No. 147, Pls. 19, 163.

Како што е погоре посочено заради масовната и технолошки лесно изводлива продукција, керамичките садови во хеленистичкиот период повеќе или помалку успешно се изработуваат ширум Медитеранот. Промените се однесуваат на формите и на декорацијата на садовите.[208] Голем број од формите карактеристични за класичниот период го завршуваат својот развој најдоцна до втората четвртина на 3. век, по што веќе не се произведуваат. Други форми бележат континуиран развој до доминацијата на римските форми, покажувајќи еволуција на формата. Од друга страна пак, се јавуваат неколку нови форми карактеристични за хеленистичкиот период, кои ги диктираат новите производни центри на истокот и во Античка Македонија. Црниот сјаен фирниз карактеристичен за класичниот период го губи квалитетот, станува разреден во повеќе тоналитети од црн до сивкаст или темнокафен до црвен, без сјај или со металест сјај, нееднакво нанесен на површината на садот. Затворените форми наменети за течности (масло, вино, вода) ретко се фирнизирани, а нивната декорација доколку е присутна е сосема упростена, со црвени до кафени премази нанесени во неправилни хоризонтални ленти, разлеани по површината на садот.

Трпезните амфори со изменета форма, сосема ја губат декорацијата и стануваат едноставни садови за секојдневна употреба. Присутни се два типа: со лентесто профилиран или извлечен раб, најчесто без декорација или пак премачкани со невоедначено нанесен разреден фирниз или премаз, некогаш во хоризонтални ленти (Т.35:229). Во 3. век во работилниците во античка Македонија се јавува една нова форма на трпезна амфора која во неколку варијанти се изработува сè до првата половина на 1. век. Наречена е „македонски тип“, која освен во населбинските слоеви, е многу чест наод и во погребувањата (Т.35:230). Класичните форми на оинохоата во хеленистичкиот период, исто како и амфорите, еволуирале во едноставни недекорирани варијанти со промени во формата или профилацијата (Т.35:231), но кога станува

---

[208] За формите и декорацијата на хеленистичката керамика, види: Thomson 1934: Битракова-Грозданова 1987, 39-63; Соколовска 1987, 77-85; Rotroff 1997, со цитираната бројна библиографија.

збор за садовите за вино, под влијание на источните работилници, особено на Кипар, се изработуваат локални недекорирани варијанти на лагиноси.

Класичните форми на кратери не се изработуваат по 4. век, а во подоцнежниот период се заменети со сосема нови форми кои ја имаат истата намена. Кратерот кај Хелените се користел за мешање на виното со вода во различен соодност во зависност од околностите. Обично стоел на средина на андронот каде што најчесто се одвивале симпозиумите, односно веселбите. За разлика од нив, античките Македонци го пиеле виното чисто и немешано со вода, што за Хелените била одлика на варварите, па оттаму и генералното мислењето дека оваа форма не е застапена на територијата на античка Македонија, што, пак, е поткрепено со ретките наоди на овој тип садови. Поради големите димензии, ретко кога овие садови се зачувани во целост, особено во населбинските слоеви. На нашата територија, освен ретките импортирани примероци од класичниот период, во 2 век на голем број локалитети низ античка Македонија се јавуваат релјефно декорирани мали кратери и кратери со колонети со големи димензии, сликани на бела основа со флорални растителни мотиви или пак едноставни варијанти и еден локален тип на кратер со колонети (Т.35:232). Такви се откриени на Вардарски Рид, датирани во доцниот 2 и раниот 1 век.[209] Релјефната декорација во долната половина на телото со мотиви поврзани со култот на Дионис или, пак, митолошки сцени, рудиментираните волутни рачки кои ја изгубиле својата функција и единствено претставуваат декоративен елемент, сивата боја на глината и квалитетниот темносив премаз, зборуваат за производ на некоја од работилниците во Горна Македонија или пак Пела, а кратерот боен на бела основа своите аналогии ги наоѓа во особено влијателните делоски работилници. За да тврдиме дека станува збор за промена на навиката кај Македонците во начинот на кој го консумирале виното, потребни се повеќе вакви наоди, поткрепени со информации од истражувањата.

[209] Блажевска 2006.

Кај помалите отворени форми на садови се среќава разреден фирниз со нијанси на црвена, кафена и црна боја нанесена само на горната половина од садот. Кантаросите се типична форма од класичниот период која ќе продолжи да се произведува и во хеленистичкиот период, до втората четвртина на 3. век, се разбира следејќи го генералниот развој на формата, со акцент на вертикалноста и виткоста на пропорциите, што подразбира повисока и потесна чаша, со повисок врат во однос на долниот дел од телото, со повисока нога и закосување на хоризонталните испусти на рачките во однос на устието. Овие тенденции кон виткост на формата се забележуваат во извишеноста и елегантните пропорции. Класичните типови кантароси со лентесто профилиран раб и канелирано тело или оние со едноставен раб на устието и мазно тело, не се произведуваат по средината на 3. век, а нивното место го заземаат т.н. „baggy" типови на кантароси, кои лесно се имитираат во локалната продукција (Т.35:233). Скифосот веќе не се произведува, освен во охридско-преспанскиот регион каде што исклучително груби, локални варијанти на скифоси се среќаваат дури и во 2.[210]

Разните варијанти на плитки чинии меѓу кои се вообичаените ехинуси, ихтии и чинии со извлечен раб на устието, едни од ретките форми чиј развој може да се следи сѐ до крајот на хеленистичкиот период (Т.35:234-238). Промените не се толку драстични и впечатливи и главно се однесуваат на длабочината на чинијата, димензиите и се разбира разводенување на густиот црн фирниз. За разлика од нив чиниите со задебелен раб, соларниците и макара соларниците се форми кои не се среќаваат по средината на 3. век.

Останатите две категории, складишните (питоси, стамноси, диноси и др.) и кујнските садови во кои се поготвувала храна (хитрите со една или две рачки, аритерите, грнињата, длабоките чинии наречени лопаси и разните тави, црепни итн.) поради својата непривлечност и честопати хронолошка неосетливост ретко се од особен интерес, но се значајни поради информациите што ги нудат, тесно поврзани со секојдневниот живот. На пример, економската моќ на едно

[210] Битракова-Грозданова 1987, 41-42.

семејство се одредувало и по бројот на питосите во куќата, односно колкави се можностите на домаќинството за складирање големи количества храна и пијалаци.

Од особено значење за проучување на керамиката на овие простори во периодот на раната антика претставува лоцирањето на локалните работилници. Во класичниот период можеме да зборуваме за локални работилници на нашата територија во кои се изработува т.н. пајонска сива керамика со хеленизирани форми, но заради слабиот степен на истраженост на градовите од овој период, можеме со сигурност да лоцираме неколку и тоа врз основа на процентуално големата застапеност на оваа керамика, но не и на откриени работилници. На пример, локална продукција може да се идентификува по долината на Вардар, и тоа на: Вардарски Рид (Гортинија), Исар - с. Марвинци (Идомене), Градиште - Неготино (Антигонеја), Кнежје - Св. Николе (Билазора), Градиште - С. Бразда, во Пелагонија врз основа на нивното присуство главно во гробните целини и во охридскиот регион (Требениште, Лихнид).

Но, веќе во хеленистичкиот период, особено во текот на 2. и 1. век сигурни потврди за локални работилници срeќаваме на Вардарски Рид, Марвинци и Лихнид, и тоа не само врз основа на откриениот материјал, туку и сигурно потврдените печки за керамика или калапи. Овие работилници покрај силните влијанија кои во зависност од регионот ги добиваат од водечките малоазиски или италски центри, се ориентирани и кон засилената керамичка продукција во античка Македонија. Во Тесалоника, Пела чија работилница всушност ги диктирала главните импулси особено во изработката на релјефно калапените чаши, во Верија, но и во градовите во Горна Македонија во доцниот хеленистички период интензивно работеле голем број влијателни работилници.

Ќе гиземеме за пример 11-те досега откриени печки за керамика на Вардарски Рид, најмногу сконцентрирани на Јужната тераса во т.н. индустриски кварт на градот.[211] Тоа се претежно мали печки кои веројатно ги задоволувале

[211] Блажевска 2004а, 261-281.

потребите на домаќинството или на градот или блиските околни населени места (на пример, т.н. Керамичарска работилница), но не за масовен импорт. Таков е примерот и со Лихнид каде што е откриено изобилство на релјефно калапени чаши декорирани со специфични мотиви карактеристични за двата типа на македонскиот штит, кои досега се непознати на други наоѓалишта.[212] Можеби станува збор за влијание од работилницата во Пела, но, секако, не се исклучува и фантазијата и инвентивноста на локалниот мајстор.

На преминот од старата во новата ера веќе старите хеленистички форми се истиснати на сметка на новите форми и декоративни мотиви кои ги диктираат римските работилници.

*Транспортни амфори*

Во поглед на прецизната хронолошка определба, економијата во градовите, трговски врски со оддалечените региони во Медитеранот, транспортните амфори се од исклучително значење. Интензивната трговија со вино и масло предизвикала појава на работилници кои изработувале траспортни амфори со точно одреден капацитет, обележани на рачките со правоаголни или кружни печати во кои е втиснат симболот на градот, работилницата или името на мајсторот, а често е додавано и името на магистратот што во тој период управувал со градот. Овие печати биле гаранција за квалитетот и количеството на производот кој се транспортирал во амфорите. Со оглед на тоа што функцијата магистрат е краткотрајна, и во некои градови се познати имињата на оние што биле управители, транспортните амфори веќе одамна се третираат за многу прецизна алатка во изведување на хронологијата. Водечки центри во изработката на транспортни амфори биле Родос, Тасос, Кос, Книд, Синопе, Коринт и др., сите со одредени свои специфики во однос на формата по која и се препознаваат. Некаде во 3. век се појавува една специфична група транспортни амфори со правоаголен печат во кој е втиснато името на керамичарот. Познати под името Парменискос група, се смета дека главен центар за нивно

[212] Кузман 2006, 215-245.

производство е Пела.[213] Овој тип амфори засега е потврден на Вардарски Рид. Веќе од средината на 2. век многу почесто се среќаваат италските типови на транспортни амфори.

### 3.1.4. Продукција на керамички светилки (Т.34)

Светилките како предмети со конкретна намена за осветлување на затворен простор било да се работи за профан или сакрален амбиент се јавуваат во 7. век. Со текот на времето добиваат функција и во ритуалите поврзани со задгробниот живот на кој луѓето во античките пероди посветувале големо влијание. Биле изработувани од глина, рачно, на грнчарско колце или во калап, со различни форми и профилации, со или без декорација. Светилките се изработувале во истите центри кои во дадениот период се носечки во керамичката продукција, во истите работилници и од мајстори - керамичари кои ја користеле истата глина и премази. Патиштата по кои стигнале на нашата територија се идентични со тие на керамичките садови, па оттука ги разгледуваме во истото поглавје.

- *Атички импорт*

Најстарите примероци на светилки кои датираат од 5. век пристигнале релативно доцна по долината на Вардар и потекнуваат од Исар Марвинци. Се работи за два примероци сочувани во фрагменти, сепак доволни да се одреди нивната форма.[214] Тоа се светилки со кружно тело, широк отвор за сипање на маслото, краток фитилник со кружен отвор и без рачки. Премачкани се со квалитетен густ црн фирниз, кој упатува на нивното атичко потекло. Вториот примерок е декориран со кружни жлебови околу отворот за масло, кои се оставени нефирнизирани. Според типологијата на светилките на атинската агора се врзуваат за типовите 21Б и 22С според Howland, кои датираат во

[213] Grace 1956, 168; Ακαμάτις 2000, 13-49.
[214] Соколовска 1986, Т.31:1, 5.

периодот од втората и третата четвртина на 5. век. Од Исар Мрвинци потекнува и единствениот целосно сочуван примерок на светилка датирана во периодот од последната четвртина на 5. до средината на 4 век (Т.32:1).[215] Кај овој примерок се забележува развојот на светилките во класичниот период кој води кон позатворено тело, со помал отвор за долевање масло и подолг фитилник. Забележливо е ослабување на квалитетот на фирнизот. Се поврзуваат со тип 30А и 30В според Howland.

Во периодот меѓу втората половина на 4. до првата четвртина на 3. век на нашите локалитети се среќаваат светилки со топчесто тело од добро познатиот тип Howland 25В, кои претставуваат атички импорт. Три од нив се откриени на Вардарски Рид (Т.32:2-3). Се одликуваат со тешко, прстенесто дно, со централно испачување од внатрешната страна и топчесто тело. Првиот примерок е со најголем дијаметар близу до дното, што е карактеристика на пораните светилки од овој тип, а кај вториот телото е повеќе сферично, одлика на светилките кои се со подоцнежна датација. Отворот за масло е опколен со длабок жлеб, а работ е вовлечен. Фитилникот и кај двата примероци е долг, заоблен на крајот, со кружен отвор за фитилот, и рамна горна површина. Карактеристика на овој тип светилки е малата перфорирана држалка, поставена странично, која веројатно служела за обесување на светилките во продавниците или кога не се во употреба.[216] Првите две се премачкани со црн фирниз со слаб сјај, а кај последната фирнизот е со интензивен346 металест сјај. Не е нанесен само на дното одоздола и на жлебот околу отворот за масло, кој кај првата светилка е многу излупен.

Овој тип светилки се типичен атички производ, каде се карактеристични за втората половина на 4. до првата четвртина на 3, датирање кое е изведено врз основа на контекстот на откривање и фактот што ниедна не е откриена во Олинт.[217] Првиот примерок од Вардарски Рид е датиран кон

---

[215] Соколовска 1986, Т.2.2.
[216] Agora IV, 72, note 67.
[217] Agora IV, 72.

крајот на 4. век. врз основа на аналогиите во во Атина,[218] Верија[219] и Пела[220]. Останатите две светилки се нешто подоцнежни и датирани на преминот од доцниот 4. во раниот 3. век.[221] Истиот тип светилки во Тарсус се класифицирани во Група I, датирана во доцниот 4. век, односно во ранохеленистичката целина.[222] Само за овие неколку примероци откриени на Исар Марвинци и Вардарски Рид мпоже да се каже дека преставуваат импорт од атичките работилници, врз основа на квалитетниот фирниз со кој биле премачкани, за кои не постојат показатели дека биле изработувани во локалната продукција.

*- Иморт од источните работилници*

Во раниот 2. век во малоазиските работилници почнува производството на рељефно калапени светилки познати како Ефески тип, кои набрзо се raшириле низ целиот Медитеран. Импортирани примероци од овој тип се откривани на истражуваните локалитети по Повардарјето, од Вардарски Рид до Стоби.

Нивните основни карактеристики се подигната овална база и тело со нагласена аглеста форма (Т.32:4). Горната страна на телото е рамна, опколена со издигнат раб. Централно поставениот кружен отвор за полнење на маслото обично е со издигнат раб, кој единствено недостасува кај подоцнежните примероци кои се датираат во 1. век од н.е. Околу отворот се изведени три мали перфорации. Долгиот фитилник со рамна горна површина надолу остро се проширува, а на крајот завршува во вид на триаголник со остри краеви. Прстенестата вертикална рачка обично е со два вертикални жлебови. Овој тип на светилки, освен рачката, издигнатиот раб околу рамната горна површина на телото и трите мали перфорации кои отпосле се додаваат, целосно биле

218 Agora IV, 73, No. 302, Pl. 38. Gadbery L. M., 1992, Hesperia vol. 61, 479, Pl. 110e, датирана во третата четвртина на IV век пр. н.е.
219 Δρούγου Σ., 1990, No. 46 (Πίν. 11, Εἰκ. 3), No. 47 (Πίν. 12, Εἰκ. 3), датирани во 300-275 г. пр. н.е.
220 Δρούγου Σ., 1992, No. 46, Εἰκ. 3, Πιν. 11, крајот на IV век. пр. н.е.
221 Agora IV, 73, No. 305, Pl. 38, примерокот е датиран околу 300 г. пр. н.е.
222 Goldman H. - Jones F. F., 1950, Tarsus I, 87, Fig. 93, 1.

изработувани во калап. Релјефната декорација, изведена на фитилникот и на рамото која покажува богат избор на мотиви карактеристични и за релјефно украсените садови во овој период, е исто така изведена во калап со врежување, а многу поретко со втиснување на печати. Глината е сиво печена со многу мика, а фирнизот е темносив, многу ретко со металест сјај. Ефеските светилки во долгиот период на производство претставуваат исклучително хомогена група која претрпува мали промени кои се однесуваат на формата на светилката, но од друга страна се одликуваат со широк репертоар на декоративни мотиви.

Рамото на светилките е релјефно декорирано со мотив на триделни листови одвоени со група од по три бобинки, кои во низа ја украсуваат и горната површина на фитилникот, мотив оволо, врежани линии кои завршуваат во вид на спирали, со спирали издвоени со по една бобинка, мотив оволо и стреличка, низа бобинки, тесни и долги јазичести листови. Нивното датирање во доцниот 2. и раниот 1. век е потврдено и со аналогни примероци на откриени на атинската Агора,[223] Делос,[224] Пела,[225] Петрес,[226] Марвинци,[227] и други локалитети.

Два примероци од Вардарски Рид се одликуваат со поинаква изведба на фитилникот (Т.32:5). Место вообичаениот триаголен завршеток, фитилникот кај овие прмероци има овална форма со сосема рамна горна површина, што претставува подоцнежен елемент кој се развива во средината и втората половина на 1. век во рамките на вообичаениот тип.[228] Според формата нашиот примерок одговара на светилката бр. 659, откриена на атинската Агора.[229] Освен оваа промена, светилката ги задржала сите карактеристични елементи на ефескиот

[223] Agora IV, Pl. 49, Nos. 649-657.
[224] Deonna W., BCH XXXII, 151, Fig. 20, примерокот е откриен во Делос, со поинаква декорација на рамото, датирана во текот на II век пр. н.е.
[225] Δρούγου Σ., 1992, 82, Πίν. 58, No. 226.
[226] Αδάμ Βελένη Π., 1997, Δ' Ελλ.Κερ., 144, Πίν. 116ε.
[227] Соколовска В., 1986, Т 31, 12.
[228] Deonna W., BCH XXXII, 147, Fig. 13, 16, 17, 19, во Делос овална форма на фитилникот се јавува во текот на II век пр. н.е.; потполно истата декорација се јавува на примерокот на Fig. 13. Ρήγινος Γ. Ε., 1997, Δ' Ελλ.Κερ., 105, ΘΕ 2812, Πίν. 79β, 82γ, датирана е во раниот I век пр. н.е.; Agora IV, 167, светилките со ваков фитилник во Атина не се датираат пред времето на Сула, а во Коринт се во втората половина на I век пр. н.е.; Δρούγου Σ., 1992, 83, Πίν. 60, No. 233.
[229] Agora IV, 167, No. 659, Pl. 49.

тип. Горната површина на фитилникот е декорирана со една голема палмета, а рамото на светилката со неколку помали.

Широк кружен завршеток на фитилникот и кружен отвор за фитилот со издигнат раб се среќава и на светилката, но тоа не е единствената карактеристика која го одвојува овој примерок од останатите (Т.32:6). Телото е кружно, а на горната страна по ивицата на светилката е изведен издигнат раб, со што е формиран канал по кој маслото кое истекло при полнењето повторно се враќа во разервоарот преку двете перфорации на рамото. Отворот за полнење масло е мал и кружен, врамен со издигнат раб. Рамото е декорирано со копјести листови. Овие карактеристики, како и блиската аналогија откриена во Аига, ја одредува оваа светилка како една од многуте имитации на ефескиот тип кои временски се определуваат во 1. век од н.е.[230] Слична светилка, но со различни декоративни мотиви е откриена во Делос, каде е определена како светилка од тип Аристон, датирана во крајот на 2. и почетокот на 1. век.[231] Сигурниот контекст на откривање на нашиот примерок, на подно ниво во последната градежна фаза во Куќата со атриум ја врзува повеќе за средината до крајот на 1. век.

Иако во групата на калапени светилки со релјефна декорација од ефески тип би можеле да се сместат уште две откриени на Вардарски Рид, високиот постамент на кој се поставени повеќе ја одредува припадноста кон т.н. светилки на висок постамент, отколку формалните карактеристики на светилката.

Првиот примерок има биконвексно тело со аглеста профилација, кое на горната страна е вдлабнато (Т.32.7). Отворот за полнење на маслото е опколен со издигнато ребро а завршува со вертикално издигнат раб. Фитилникот е долг,

---

230 Κοτταρίδου Α., ΑΕΜΘ 1, 112, Πίν. 10β, примерокот е откриен во Аига и во потполност одговара на нашиот и во формата и декорацијата; датиран е во средината или втората половина на I век од н.е.

231 Χατζηδάκης Παν., 1997, 303, Πίν. 224α.; Agora IV, 214, Аристон е познат керамичар кој работел во Атина во доцниот II век пр. н.е до 86 г. пр. н.е. чие име се среќава на калапи за светилки и на дното на повеќе типови на светилки, но и на калапи за релјефни чаши. Изгледа дека неговата работилница страдала за време на завземањето на Атина од Сула, бидејќи неговите производи не се среќаваат по 86 г.

со рамна горна површина, а завршува во вид на триаголник со остри краеви и со широк овален отвор за фитилот. Рамото и горната страна на фитилникот се релјефно декорирани. На предната страна кон фитилникот е изведена брадеста машка глава, од двете страни фланкирана со по една спирала. Зад спиралите, на рамото тече флорална декорација: спирално извиткани витици и триделни цветови кои наизменично се менуваат. Нема рачка, ниту пак странични држалки. Сите овие карактеристики би ја поврзале светилката со ефескиот тип, судејќи и по сличниот примерок откриен во Делос.[232] Кон ова се надоврзуваат и сличните калапени и релјефно украсени светилки откриени во Пела, исто така датирани во доцниот II и I век пр. н.е., кои авторката ги врзува за делоските работилници.[233] Од друга страна, според изведбата на горниот дел на телото покажува поврзаност со примероците од Тип 51С според Howland откриени на атинската Агора.[234]

Светилката е поставена на столбест, одвнатре шуплив постамент од кој е зачуван само мал дел. На предната страна на постаментот релјефно е изведена глава на жена (?), со коса раздвоена на патец и пуштена на рамењата. Цртите на ликот едвај се распознаваат. Глината од која е изработена е фино прочистена, сиво печена и премачкана со тенок слој темносив премаз, кој е прилично излупен.

Најблиската аналогија на нашиот примерок е откриена во Коринт, и претставува светилка со фигурален постамент во вид на жена со калатос на главата, датирана во доцниот II и првата половина на I век пр. н.е., односно во периодот меѓу 146 и 44 г. пр. н.е.[235] *Светилката е откриена во Работилницата на* Менек, во слој кој се врзува за нејзината последна обнова, заради што би ја

[232] Delos XXVII, 264, D262, Pl. 50, светилката е датирана во доцниот II и почетокот на I век пр.н.е.
[233] Δρούγου Σ., 1992, 74–91, Тип ΠΛ.12 (на пример Πίν. 64, No. 246, ); светилките на висок постамент откриени во Пела (ΠΛ.7) се датирани многу порано, околу 300 г. пр. н.е. во зависност од формата на самата светилка: 57, Εἰκ. 8, Πίν. 25, No. 103.
[234] Agora IV, 177, Nos. 694, Pl. 50, доцнохеленистички релјефни светилки датирани во доцниот II век пр. н.е. до 86 г. пр. н.е.
[235] Williams C. K II - Zervos H. O., 1991, 5, Pl. 2, No. 6, датацијата авторите ја потврдуваат со одликите само на светилката која според нив потсетува на атинските имитации на книдските светилки (Howland Тип 51B).

датирале во истото време како и коринтската аналогија. Иако првиот примерок е откриен во работилница за керамика, нејзината изработка и глината укажуваат на потекло од малоазиските центри, можеби од делоските работилници.

Сличните светилки откриени на атинската Агора во типологијата на Howland се заведени како Тип 47А, наречени столбести светилки, датирани во средината и третата четвртина на 3. век.[236] Двата дела, светилката и постаментот посебно се изработувале во двојни калапи, а пред печењето биле спојувани. Посебно внимание било посветувано на предната страна на постаментот кој треба да потсетува на вистински столб кој стои на проширена база, стеблото е канелирано со вертикални канелури, нагоре се стеснува и завршува со стилизиран коринтски капител со лик на крилата Горгона или Хермес. Ги поврзуваат со луксузните мермерни и бронзени стоечки светилки, кои биле омилен плен на Римјаните во текот на освојувања Сула на Атина, кои пак од друга страна се доцни реминисценции на фамозната златна светилка на Калимахос во Ерехтеионот.[237]

Broneer во Коринт ги сместува во Тип IX, кој смета дека ваквите светилки заради тоа што обично биле со мали димензии биле подарок за светилиштата,[238] но не е исклучена нивната употреба во приватните куќи.[239]

Двата примерока откриени на Вардарски Рид сигурно немаат култна намена во онаа смисла како што според Broneer би имале во Коринт. И двете се откриени во приватни куќи за живеење, односно во работилница, иако не е исклучена можноста да се поврзани со домашно светилиште, што особено би важело за вториот примерок, бидејќи е откриена во куќа која во претходната градежна фаза датирана во првата половина на 2. век, во една од просториите има потврдено домашно светилиште односно олтар.

*- Северноафрикански импорт*

[236] Agora IV, 153, Nos. 611-612, Pl.48.
[237] Agora IV, 154.
[238] Corinth IV, 49, fig. 24.
[239] Agora IV, 154.

Единствен примерок на рељефно калапена светилка која потекнува од александриските работилници е откриена во Централниот комплекс на Акрополата на Вардарски Рид (Т.32:8). Таа се одликува со подигната прстенеста база, кружно тело со аглеста профилација, долг фитилник со заоблен крај и овален отвор за фитил. Кружниот отвор за полнење масло е обиколен со издигнат раб, а на страната на телото е поставена јазичеста држалка. Светилката е целосно покриена со релјефна декорација со флорален мотив: на горната и долната површина на фитилникот е изведена по една палмина гранка со спирално свиени врвови на листовите,  на рамото е изведен мотив оволо и стрелички. Бојата на глината е бледожолтеникава. Датирана е во втората половина на 2. век, можеби кон самиот крај на векот.

*- Италски импорт*

Италските светилки почнуваат да стигнуваат на разгледуваната територија прилично доцна, кон крајот на 1. век, заради што излегуваат од рамките на овој труд. Овде би спомenале еден рељефен сад со италско потекло, заради функцијата на полнач за светилки, иако типолошки спаѓа во категорија садови. Откриен е на Вардарски Ридби датиран во доцниот 2. век. Садот е обликуван во форма на седната старица, облечена во долг хитон со долга наметка. На вратот има марама подврзана во јазол. Косата е разделена на патец , собрана во кок високо на темето и покриена со марама. Главата на старицата е несразмерно поголема од телото, а ликот е гротескно изведен, со широк сплескан нос, дебели усни развлечени воширока насмевка, кои и даваат негроиден изглед. Во рацете држи голем сад со хоризонтални рачки. на грбот е изведена цедилка со три перфорации, од каде косо се издигнува устие со извиен раб. Лентестата рачка е поставена ниско на грбот и веројатно завршува на работ на устието. На левото ламо е поставен нагоре закосен изливник.

Оваа категорија на садови го добила името Магента тип од Beazley заради светлиот виолетов или розеникав пигмент сочуван на некои примероци. Биле произведувани кон крајот на 2. век, поточно околу 120 г. во

јужноиталските градови.[240] Биле изработувани три типа на Мегента садови: полначи за светилки и два типа на шишенца за масло, со најзразличен репертоар на мотивикои се во тесна врска со стандардните доцнохеленистички теракотни претстави поврзани со митологијата, комедијата, жанр сцените, фантастиката и животинскиот свет. Полначите за светилки се постара група изработувана главно меѓу 120 и 70 г., а се чести во Кампања, средна и јужна Италија, грчкото копно и островите, особено Делос и Кипар, па се до северниот брег на Понт.[241]

- *Локална продукција*

Масовната продукција на производи од печена глина во хеленистичкиот период со која имитирањето на актуелните форми е лесно изводливо во огромниот број регионални работилници, важи како констатација и за производството на светилки. Откриените примероци на светилки на наоѓалиштата по долината на Вардар во текот на 3. и 2. век, укажуваат на локална продукција врзана за некоја од работилниците во Античка Македонија, успешно имитирајќи ги актуелните форми или развивајќи варијанти на истите. Се до појавата на ефескиот тип светилки, на оваа територија не се регистрирани импортирани примероци, туку локални имитации на актуелните форми, работени на грнчарско тркало, а од крајот на 3. век масовно се изработуваат калапени светилки. Главно можат да се поделат во две групи: имитации на актуелни атички форми и варијанти или деривати кои се развиваат на територијата на античка Македонија.

Имитациите на атичките типови на светилки не покажуваат широк репертоар на формите. Главно се сведуваат на неколку типови: дискоморфни светилки, светилки со цевчесто издигнато дно и светилки со повеќе фитилници.

Имитација на светилики од типот 25D според Howland кои на атинската Агора се карактеристични за последната четвртина на 4. и првата четвртина на

[240] Higgins 1976, 1-33.
[241] Higgins 1976, 6.

3. век,[242] е откриена на Вардарски Рид (Т.32:10). Се одликува со масивно дно со подигната база и скоро вертикален страничен ѕид. Горниот дел од светилката е конкавен, на самиот надворешен раб е врежан жлеб, а отворот за полнење масло завршува со рамен раб. Фитилникот е заоблен на врвот, а на телото странично е поставена мала перфорирана јазичеста држалка. Премачкана е со црн фирниз со слаб квалитет и без сјај, што укажува на локална продукција, можеби од работилницата во Пела, каде светилките со вакви карактеристики припаѓаат на типот 4 (дискоморфни светилки), но за разлика од оние на Агора се среќаваат во текот на целиот 3. век.[243]

Светилките со централно издигнато дно се познати од Вардарски Рид со три примероци, кои потекнуваат од доцниот 2. и раниот 1. век (Т.32:11). Тие се одликуваат со подигната база, кружно тело кое завршува со рамен раб, два фитилника, проширени на крајот, со потполно рамна горна површина поставени еден наспроти друг, две двороги држалки, високо издигнат средишен дел на базата во вид на цевка, и кружен поклопец кој го покрива отворот на телото. Глината од која се изработени е фино прочистена и со црвена боја. Премачкана е со разреден темнокафен фирниз.

Светилките со централно поставено цевчесто извишување на базата биле произведувани долг временски период и бележат континуиран развој од доцниот 7. па се до 2 век. Најстарите атичките примероци (Howland -Тип 11), според видот на глината веројатно потекнуваат од Коринт (Broneer - Тип I), а во Атина биле прифатени и адаптирани. Бидејќи овие ламби немаат рачка централниот цевчест отвор веројатно служел за протнување на прст за да може да се пренесува или полесно да се пали. Овој отвор е минијатурна варијанта на отворениот центар на големите т.н. корона ритуални ламби. Во понатамошниот развој во текот на 6. и 5. век производството на различните типови и нивните варијанти наизменично го превземаат Атина, Родос или некој друг источен центар, а во текот на втората четвртина на 4. век до раните години на 3. век, во

[242] Agora IV, 79, No. 350-355, Pls. 12, 39.
[243] Δρούγου Σ., 1992, No. 65–79, Εἰκ. 5, 6, Πίν. 16 –19, најблиски аналогии се примероците со бр. 76 и 77 датирани во првата половина на III век пр. н.е.

Олинт и на атинската Агора се среќаваат вистинските предходници на нашите примероци.[244]

Централниот дел на базата кој е во вид на отворена цевка која се издига над работ на телото всушност претставува згодна рачка за држење и пренесување, но и за обесување на светилката. Трагите од изабеност од внатрешната страна на цевката на некои примероци укажува дека низ неа е протнувано јаже подврзано во јазол од долната страна, заради што овие светилки биле повеќе ѕидни отколку трпезни, односно имале функција на фенерчиња. Балансот на светилката го одржуваат двата фитилника поставени еден наспроти друг. Доколку биле набодувани на дрвени прачки со постамент, бил формирана еден вид на примитивна пренослива подна светилка, претходник на бронзените стоечки светилки од доцнохеленистичкиот и раноримскиот период.[245]

Најблиски до нашите примероци се оние откриени во Пела, во Светилиштето посветено на Мајката на боговите и Афродита, датирани во доцниот 2. век.[246] Сличност покажуваат и малите светилки со централно поставена издигната цевка и два фитилника откриени на атинската Агора, датирани во периодот помеѓу доцниот 3. век и 150 г., кои според Howland припаѓаат на Тип 27D.[247] Кај некои примероци место шуплива цевка се јавува полна прачка, која често пати на крајот завршува со отвор во вид на ушка за која светилката се закачувала, елемент кој се јавува кај олинтските светилки (Тип 26А) и не доживеал никакви промени уште од 4. век. Двете двороги странични држалки кои немаат практична функција кај овој тип светилки, претставуваат survuval од претходно споменатата олинтска варијанта, иако се чести кај вообичаените хеленистички светилки. Но кај ниеден примерок од наведените аналогии не е сочуван капак. Единствен примерок со капак, но и со три клуна е

---

[244] Agora IV; развојот се следи преку Howland Type 19 (Nos. 131-141, Pl.33), Type 22 (Nos.191-208, Pl.35,36), Type 26 (Nos.356-374, Pl.40) i Type 27 (Nos.376-396, Pl.40) со наведените варијанти.
[245] Agora IV, 83.
[246] Λιλιμπάκη Ακαμάτη Μ., 2000, 136, Αρ. 340, Σχ. 11β, Πίν. 119.
[247] Agora IV, 89.

откриен во Калиполис кој е датиран нешто порано од нашите примероци, во 3/4 на 3. век.[248] Примерокот откриен во Пела спаѓа во Тип 6 и е датиран исто така доста порано, во првата половина на 3. век.[249] И покрај долгиот период на производство овој тип на светилки биле прилично непрактични заради честото откршување на цевчестата држалка. Иако се присутни низ целиот Медитеран, не биле произведувани во големи количини.

Единствениот примерок на светилка со повеќе фитилници е откриена на Јужната тераса на Вардарски Рид, во една од просториите на Култниот објект (Т.32:12). Таа е со прстенеста нога, длабоко кружно тело, со широк кружен отвор за полнење масло со издигнат раб. Околу отворот за масло се врежани три кружни жлеба. Трите фитилници се куси, со заоблен крај и рамна горна површина. Светилката е без рачка, но на рамото, меѓу трите фитилници се поставени три перфорирани држалки кои служеле за обесување.

Врз основа на формата, таа припаѓа на тип Howland 34B, светилки со повеќе фитилници кои на атинската Агора се датираат во периодот меѓу последната четвртина на 3. до третата четвртина на 2. век.[250] Овој тип на светилки има од три до петнаесет фитилници кои можат да бидат кратки или долги, со заоблен, аглест или проширен крај, но обично сите имаат една лентеста рачка, која на нашиот примерок не се јавува. Најголемиот број од примероците биле откривани во приватни куќи, но се смета дека оние со големи димензии можеби се користеле во светилиштата.[251]

Меѓу атинските светилки со повеќе фитилници нема примерок кој е близок до нашиот, но една локална варијанта откриена во Севтополис многу повеќе одговара, со таа разлика што и оваа, исто како и атинските е со

---

[248] Agora IV, 89-90, Pl. 40, No. 388, датирана околу 150 г. пр. н.е., примерокот е без капак; ΜΠΑΖΙΩΠΟΥΛΟΥ ΒΑΛΑΒΑΝΗ Ε., 1994, Γ′ Ελλ. Κερ., 49, Πίν. 18α, 11736, светилката е со три клуна и капак и е датирана во последната четвртина на III век пр. н.е.

[249] Δρούγου Σ., 1992, 54–56, Εικ. 8, Πίν. 24, No. 100, во фуснота 89 како аналогија наведува примерок од Делос датиран во 2/2 на II и почетокот на I век пр. н.е.; Delos XXIII.

[250] Agora IV, 106, Nos. 457-463, Pl. 42-43.

[251] Agora IV, 107, всушност светилките со повеќе фитилници се наследници на ритуалните корона светилки од архајскиот и класичниот период.

вертикална лентеста рачка.[252] Нашиот примерок е поврзан со култна активност и тоа во рамки на домашниот олтар. Откриена е заедно со предмети кои упатуваат на домашно светилиште, веројатно посветено на женско божество.[253] Датирана е од средина на 2. до почетокот на 1. век.

Во Централниот комплекс на Акрополата е откриен еден примерок на кернос, светилка која најчесто била наменета за светилиштата. Таа се состои од кружна цевка на која, одозгора се сместени осум мали светилки (Т.32:13). Зачувана е само половина од цевката со две светилки, од кои, едната е целосно зачувана, а кај другата е откршен дел од телото. Останатиот дел од керносот е реконструиран на основа на зачуваните елементи. Сите осум светилки се идентични. Телото е кружен, со кружен отвор за полнење масло со вовлечен раб. Отворот за масло е релативно широк во однос на малите димензии на светилката. Фитилникот е со заоблен крај и овален отвор за фитилот. Од двете страни на рамото се поставени мали, еднороги држалки. Овие ритуални светилки со долга историја на производство, според Howland припаѓаат на Тип 41,[254] а кај Broneer се заведени под Тип I.[255] Нашиот примерок се датира во периодот меѓу средината на 2. до почетокот на 1. век.[256] Околу ритуалната намена на нашиот кернос, засега би можеле единствено да кажеме дека веројатно е поврзан со домашно светилиште или олтар во рамки на Централниот комплекс.[257]

---

[252] Чичикова М., 1984, 51, Таб. IX, кат. I 133.

[253] Митревски Д., 2005, Вардарски Рид I, 50, Сл. 31, 32, откриена е со трпезна амфора со фалусоиден изливник, теракотна глава на куче, фрагмент од змија и фрагменти од теракота со големи димензии. Заради овие наоди и куќата доби име Култен објект.

[254] Agora IV, 128-129, Nos. 524-528, Pl. 45; од наведените слична на нашиот примерок е светилката No. 528, датирана во хеленистички контекст.

[255] Bronner, 34, Fig. 16, No. 42, коринтскиот примерок е датиран многу рано, во VI век пр. н.е. и се третира како прототип на подоцнежните ритуални светилки.

[256] Соколовска В., 1986, Т. 31, 15, слична светилка со кружна цевчеста форма, но се раликува по тоа што од самата цевка излегуваат фитилници, е откриена во Марвинци, датирана во крајот на II век пр. н.е; Delos XXVII, 265, D 260.

[257] Neidinger W. - Matthews E., Вардарски Рид I, 203, сл. 6, во една од просториите на комплексот (Room C) беа откриени групирани теракотни претстави на женска божица (Деметра, Кибела?), заедно со релјефни тимиатериони. За идентификацијата на божиците види: Битракова Грозданова В., 1999, 202, сл. 5. Иако керносот не е откриен во истата просторија, можеби е во врска со почитувањето на овие божици.

Во доцниот 3. и во текот на целиот 2. век една од најдоминантните форми во локалната продукција се т.н. хеленистички биконвексни светилки, од кои се познати повеќе варијанти работени на грнчарско тркало, но и во калап (Т.32:14-18). Станува збор за основниот тип на хеленистички светилки кој се јавува во повеќе варијанти. Примероците откриени на Вардарски Рид може да се издвојат во четири варијанти, чии разлики се согледуваат во дворогата држалка поставена на страна, или лентестата рачка. Се одликуваат со биконвексно тело со подигната база, нагласено издигнато ребро околу отворот за полнење масло, кој е релативно голем и завршува со рамен раб. Фитилникот е долг со конвексна горна површина и голем овален отвор за фитил. Врвот на фитилникот завршува со проширени краеви во вид на котва. На едната страна светилката има дворога држалка. Биле изработувани од различни типови на глина со примеси од мика, боени со разреден фирниз или посен премаз или пак се без боење. Сите откриени примероци биле во употреба, за што сведочат трагите од горење околу отворот за фитил. На атинската агора се поистоветуваат со тип 32 според Howland.

Најблиските аналоги на примероците од Вардарски Рид се среќаваат во Пела каде припаѓаат на типот 10, односно хеленистички аскоморфни светилки.[258] И овие се издвоени во две варијанти врз основа на малите разлики во формата на телото. Кај првата е повеќе биконвексно, а кај втората варијанта преминува кон цилиндрично - биконвексно најавувајќи го новиот тип на цилиндрични светилки. Аскоморфните светилки, особено варијантата А во Пела го започнуваат својот развој во прва половина на 2. век, а варијантата Б и цилиндричните светилки се карактеристични за втората половина на 2. и раниот 1. век, време во кое се исто така присутни и калапените светилки.[259] Нивното датирање е изведено врз основа на стратиграфските податоци во Пела и аналогиите со добро датираните гробни целини во Верија.

[258] Δρούγου Σ., 1992, 61–62, No. 116 – 190, Εἰκ. 9, 10, 11, Πίν. 29– 48.
[259] Δρούγου Σ., 1992, 61.

Прототипот на аскоморфните светилки се јавува во доцниот 3. век пр. н.е. Иако овој тип светилки, особено цилиндричните во извесни карактеристики можат да се поврзат со одредени типови кои се јавуваат на атинската Агора (НТ 32 или пак 34А) и во Коринт (тип 12), сепак директни аналогии нема. Покажуваат поголема блискост со форми на светилки кои се припишуваат на малоазиските работилници во Ефес, Книд и Делос. Оттаму Андроникос откриените светилки од овој тип во Верија ги нарекува ефески.[260] Но, за нив е карактеристичен независен и индивидуален развој на територијата на Античка Македонија, регион во кој доминираат меѓу останатите типови. Во Пела тие се сметаат за локална автохтона продукција, а се откриени во останатите градови. Кон овие се надополнуваат и примероците откриени на територијата на Република Македонија, од Стоби, Марвинци, Демир Капија и Вардарски Рид. Неодамна беше изнесена теза за посебно издвојување на овие светилки во тип кој би се нарекол „македонски".[261]

### 3.1.5. Анализа на кермичната продукција по долината на Вардар во антиката

Генералните заклучоци за керамичката продукција во текот на 6. век во Повардарјето се сведува на масовно присуство на локални форми кои континуирано се изработуваат уште од 7. век, појава на нови отворени форми на садови на кои доминира декорација типична за локалната продукција и едвај присутен импорт или локални имитации, кои се карактеристични дури за доцниот 6. и раниот 5. век.

Повеќе од евидентно е дека импортирани примероци на наоѓалиштата од 6. век по долината на Вардар, барем досега, нема, освен неколку примероци кои почнуваат да пристигнуваат во регионот дури кон крајот на 6. и раниот 5. век. Освен овие, доминантните форми и нивните варијанти застапени на

---

260 Ανδρονίκου Μ., 1955, ΑΕ, 28, Είκ. 8, λύχνοι άρ.8, 9; Битракова Грозданова В., 60, Т.XVI, 4, 5.
261 Јакимовски А., магистерска теза под наслов „Античките светилки од збирката на Музејот на Македонија" одбранета во мај 2005 г. на Институтот за Историја на Уметноста и археологија - Скопје.

наоѓалиштата по долината на Вардар во текот на 6. век се исклучиво локални производи. Во тој случај би се поставило прашањето од каде и зошто потекна идејата за подетална разработка на импортираните форми и нивните влијанија токму од почетокот на 6. век.

Кога станува збор за архајската керамика во Македонија досега во литературата повеќе патис е изнесено мислење дека доминатната локална окер печена и лентесто боена керамика откриена во Долното Повардарие датирана во текот на 6. век е резултат на силните влијанија, кои преку Халкидик стигнале од источно грчките градови на малоазискиот брег. Овие центри досега се дефинирани како јонско-родски, без посочување и разграничување на конкретните градови или работилници, ниту пак се поблиску разграничени конкретните форми на садови или мотиви од локалната продукција врз кои „јонско-родските центри“ извршиле влијание. Оттука тргна идејата во тезата да се лоцира импортот и неговите влијанија на локалната продукција, со јасно разграничување на поединечните форми и декоративни шеми на кои е извршено влијание однадвор.

Заради соодветна анализа на мислењето за влијанијата на источно-грчките центри, на ова место неопходен е кус осврт на авторите кои се занимавале со оваа проблематика. Во 1966 г., Микулчиќ во својата студија за Пелагонија во првиот милениум од старата ера, образложувајќи го архајскиот период во регионот ги лоцира елементите на „родско-јонскиот керамички круг“ во неколкуте имортирани примероци, особено амфорискосот од Сарај Брод за кој вели дека припаѓа на „простата јонска керамика“, за што наоѓа паралели во архајската керамика во грчките колонии на Понт, особено во Истрос и Аполонија.[262] Понатаму, авторот наведува дека истиот декоративен стил се среќава на локалните архајски садови откриени во некрополата Сува Река во Гевгелија во 1963 г. Оттука, повеќето подоцнежни истражувачи на локалитетите од полното железно време и архајскиот период во Долното Повардарје ја повторуваат истата констатација.

[262] Mikulčić 1966, 30, зебелешка 27.

Околу потеклото на овие садови и нивната декорација се изјасниле уште неколку автори. Сметајќи на овие источни влијанија, Килиан ја датира појавата на оваа керамика во 575-525 (односно во неговата фаза IIC), превидувајќи го фактот дека таа секогаш е придружена со форми на метални предмети карактеристични за поранiот период, односно 700-575 г.[263] Имајќи ја на ум концентрацијата на окер печените форми на садови работени на колце и декорирани со геометриска мат боена декорација во Долното Повардарје, Васиќ двои посебна, т.н. Гевгелиска група на железното време и ги определува како локални форми кои се создадени во 7. век под влијание на јонската керамика.[264] Слично на Килиан, Георгиев ја спушта датацијата во 6. век сметајќи дека оваа керамика има повеќе раноантички отколку праисториски карактер.[265]

М. Паровиќ-Пешикан, често цитирана во врска со јонските влијанија во архајскиот период, лоцирајќи ги егејските влијанија во еден подолг период уште од длабоката праисторија, посебно се осврнува на овој проблем, сметајќи дека при одредувањето на потеклото на керамиката од подоцнежното железно време треба да се има предвид влијанието кое го извршила доцнохеладската и субмикенската керамика во Термајскиот залив врз декоративниот систем на постарата локална мат боена керамика, на која се среќаваат типичните мотиви на протогеометрискиот и геометрискиот период.[266] Во овој процес, таа особено важна улога им придава на евбејските колонии на Халкидик формирани до средината на 8. век, како и оние на тракискиот брег во средината на 7. век, како главни носители на геометризмот во керамичката продукција. За лентесто боената керамика во долновардарските некрополи таа смета дека е „продолжение на старата традиција на керамиката од протогеометрискиот и геометрискиот период“ и уште повеќе континуитетот го согледува во присуството на „изворните форми, особено бокалот со засечен врат“.[267]

[263] Kilian 1975,103.
[264] Vasić 1987, 703.
[265] Георгиев 1984, 53.
[266] Паровиќ-Пешикан 1985, 32-33.
[267] Паровиќ-Пешикан 1985, 35-36.

Од друга страна, со јонскиот културен круг ја поврзува изработката на колце, црвенкастата фактура со примеси на песок и лискун што според неа е одлика на јонската бухеро керамика, со простата лентеста керамика која се среќава во „сите јонски населби и нивните колонии на Средоземјето и Понт“ и особено со „еолската субгеометриска сликана керамика (G 2-3 во Троја)“. Последната, врз основа на наодите во Олинт ја смета за своевидна паралела на повардарската лентесто боена керамика. Појавата на јонските влијанија ги поврзува со колонистите од осторовот Парос кои во 680 г. формирале колонии на Тасос, и тракискиот брег (Неаполис и Ојсиме), како и на колоностите од Еолија кои формираат колонии во тракискиот Херсонес.[268]

Во својот долгогодишен опус на проучувања на долновардарските некрополи од железното време, Д. Митревски повеќе пати се навраќа на ова прашање пренесувајќи ги претходно искажаните мислења на Килиан, Васиќ, Паровиќ-Пешикан, Георгиев. Во еден од раните трудови на оваа тема, монографскиот приказ на некрополата во Дедели, тој заклучува дека појавата на формите на окер лентесто боените садови, особено на бокалот со засечен врат, работени на грнчарско тркало во 7. век во Долното Повардарје е резултат на „домашното керамичко наследство“ чиј континуиран развој се следи од микенската керамика. Уште повеќе, со микенските садови го поврзува и начинот на декорирање со расчленување на хоризонтални зони, боење на устието и рачките, што понатаму ќе го услови и развојот на локалната мат сликана керамика со мотиви карактеристични за протогеометрискиот и геометрискиот стил на раното железно време.[269] Со родско-јонската продукција ја поврзува фактурата, и начинот на изработката односно светлата боја на глината која со печењето станува окер-црвеникава.[270] Посочувајќи ги главните карактеристики на долновардарската - пајонска група во железното време, лентесто боена керамика работена на грнчарско колце која се појавува во втората фаза од неговата поделба на железното време од 700-625 г., ја

[268] Паровиќ-Пешикан 1985, 35-36 и натаму.
[269] Митревски, 1991, 50-52.
[270] Митревски 1991, 50.

определува како „типичен јужнопајонски продукт, настанат врз основите на домашната керамографија со примена на современи технолошки достигнувања.“[271]

Во 1997 година, Митревски во својата докторска дисертација објаснувајќи ги промените во гробните дарови во долновардарските некрополи во почетокот на 6. век ќе напише: „Неопходните импулси за локалната продукција на окер печените садови на колце во Долното Поврадарје може да се претпостави дека стигнале од југ, каде се откриваат извесни сличности со истовремената т.н. источно грчка архајска керамика“.[272] Иако натаму продолжува со образложение на отворените форми на садови (скифоси), констатацијата се однесува на целокупната окер печена продукција. Иако споменати и претходно, во последните два труда на оваа тема, Митревски ги искристализира „неопходните импулси“ кои ја менуваат керамичката продукција во 7. и 6. век во Повардарјето и кои доаѓаат од источните центри преку Халкидик.[273] Пред сè тоа е технолошката иновација - грнчарското колце, во изработката на тенките ѕидови на садовите, фино прочистената глина и усовршениот технолошки процес на окер печење со енгобирање на површината на садовите.

Иако популациите по долината на Вардар се сретнале со микенски импорт работен на колце уште во доцнохеладскиот период LH IIIC, овој технолошки процес не бил прифатен во локалното керамичко производство. Се чини дека масовната употреба на грнчарското колце во 7. век на овие простори е логична последица на целокупниот развој на долновардарските пајонски заедници, кој е согледан многу пати досега во сите сегменти на општествениот развој. Нивната отвореност кон југ и близината на веќе формираните колонии на трако-македонскиот брег неминовно ќе доведе до превласт на керамиката на грнчарско тркало над рачно работената. Самиот процес на изработка на садовите на грнчарско тркало побарува и почиста фактура на глината, која е

[271] Митревски 1991, 154.
[272] Митревски 1997, 120.
[273] Mitrevski 2011, 85-98. Mitrevski 2012, 105-113.

полесна за обработка. Бојата на садот по печењето ќе зависи од температурата, минеролошкиот состав на глината, контролата на присуство на кислород во комората и на крајот умешноста на мајсторот, па оттаму и садовите на колце имаат сива срцевина што е резултат на невоедначеното печење. Мислењето на Паровиќ-Пешикан дека присуството на примеси од песок и лискун во долноварадарската лентесто боена керамика ја доближува до јонската бухеро се чини неприфатлива од аспект на технологијата на печење на едната и другата и третманот на површината кој е сосема различен.

Во оваа прилика нема да навлегуваме во детална анализа на потеклото на формата на бокалите со засечен врат кои се елаборирани многу пати како вообичаена и најкарактеристична раножелезнодопска форма, која своите корени ги влече од бронзенодопските клунести вази. Формата бокал со засечен врат доминира во раножелезнодопската керамичка продукција на просторот на Тесалија, Епир, Македонско-пајонскиот простор, се среќава и делумно во Тракија,[274] на Тасос каде е интерпретирана како македонски тип,[275] но потполно изостанува во Мала Азија и на грчкото копно јужно од Тесалија, иако се познати примероци од Еретрија на Евбеја,[276] но црнофирнизирани и лентесто боени со бела боја. Јасно е дека бокалите со косо засечен врат работени на грнчарско колце во 7. и 6. век се продолжение на оваа традиционална форма, која очигледно најмногу се задржала во регионот на Долното Повардарје. Уште поголема потврда за локална продукција е неодамна откриената печка на Марвинци полна со окер печени и лентесто боени бокали со засечен врат.[277]

Оттука, потеклото на *типичните форми на садови: бокалите со косо* засечен врат, кантаровидните чаши со една или две рачки кои исто така се постара форма кои своите корени ги влече од бронзеното време, кои се дел од керамичкиот сет во погребувањата од 7. и 6. век, треба потполно да се исклучат

---

[274] Bozkova 2012, 71, fig. 3.
[275] Bernard BCH 88.
[276] Паровиќ-Пешикан
[277] Mitrevski 2012, 110.fig. 9.

од влијанијата од исток, сè до доцниот 6. век, односно до нивната трансформација во хеленизирани форми.

Во повардарската лентесто боена керамика нови форми работени на грнчарско тркало се „широко отворените форми на садови со хоризонтални и вертикални рачки“, скифоси, кантароси и плитки чинии со една рачка присутни од почетокот на 6. век. Кон овие треба да се придодадат и олпите, односно гутусите приложувани во детските погребувања малку порано, во последната четвртина на 7. век, со оглед на тоа што олпите се форма која исто така не се среќава во локалната продукција во претходниот период. Овие нови форми на садови се локални производи чија декорација ја следи традиционалната шема на расчленување на површината со хоризонтални ленти присутна скоро два века во локалната продукција.

Отворените длабоки садови со хоризонтални рачки се различно нарекувани: скифоси, киликси или едноставно - чаши (*cups*), во зависно од регионот и типологијата. Нивното потекло се наоѓа во микенските скифоси, од кога се следи нивниот континуиран типолошки развој. Еволуцијата на формата преку протогеометриските и геометриските скифоси се согледува во профилацијата, длабочината, димензиите, но и во изведбата особено на ногата: од конусната нога на микенските, преку ниското прстенесто или конусно дно на геометриските, до високата нога со дисковидно проширување на базата кај примероците од архајскиот период. Овие последниве во источната продукција се познати како јонски чаши.

Формата отворен сад со хоризонтални рачки, односно скифос, Митревски ја поврзува со доцномикенската продукција укажувајќи на „големата сличност на доцномикенските скифоси и подоцнежните од Чаушица и Милци, како една од првите форми на новата железнодопска лентесто боена локална продукција, особено во начинот на боење на рачките и отворот на садовите“.[278] Поврзувањето е сосема во ред, ако се има предвид дека оваа форма воопшто не

[278] Митревски 1997, 121.

престанала да се произведува низ целото железно време во Медитеранот. Имено скифосите се присутни на грчкото копно, островите и Мала Азија континуирано од протогеометрискиот период со карактеристична протогеометриска и геометриска декорација: хоризонтални и вертикални ленти, концентрични кругови и полукругови. Скифосот е една од омилените форми на сликаната керамика во „Стилот на дивикози и птици" низ малоазиските центри и чест гробен наод во варијанти со едноставна проста декорација во родоските некрополи, но и на Тасос, Коринт и Евбеја. Појавата на скифоси со точкаст мотив во локалната тасоска продукција води потекло од геометриските скифоси од Парос.[279] Во керамичарската работилница лоцирана во Фари формирана под влијание или од мајстори од Парос во 7. век, но активна и низ целиот 6. век, се произведуваат скифоси декорирани во геометриски стил под влијание на пароските, но се развиваат и локални декоративни шеми, кои понатаму биле извезувани во градовите на северноегејското крајбрежје и во внатрешноста.[280] Иако скифосот како форма во доцното бронзено време и преодниот период е непознат во Повардарието, каде стигнал ограничен репертоар од субмикенските форми и не се јавува како карактеристичен гробен прилог во постарото железно време, тие се среќаваат во Вергина, Висои, Трен итн. и што е најважно во северноегејското крајбрежје.

Но, декорацијата во ленти на овие садови и поврзувањето со источните влијанија е посебно прашање. Имајќи предвид дека бокалот со засечен врат е традиционална железнодопска форма и дека примероците работени на грнчарско тркало и лентесто боени се појавуваат во Долното Повардарие во 2/4 на 7. век, а во Чаушица и нешто порано во почетокот на векот, тогаш е нејасно како скоро еден век подоцна од изработката, во 6. век, истата форма со непроменета декорација станува производ под влијание на источно-грчките центри и тоа во услови кога нема ниту еден познат импортиран примерок со ваков вид на лентесто боење кој би го извршил ова влијание.

---

[279] Tiverios 2013, 174, fig. 1β-γ.
[280] Tiverios 2013, 174.

Лентестото боење со темна боја, најчесто црн фирниз се јавува на садовите во малоазискиот регион, островите и центрите на грчкото копно уште во протогеометрискиот период и продолжува и понатаму во сликаниот ориентален стил сè до појавата на црните фигури на сликаната керамика, но ретко како доминантен самостоен елемент, туку најчесто во служба на хоризонтално расчленување во зони и комбиниран со други геометриски или стилизирани фигурални мотиви.

Таканаречените едноставни (прости) лентести садови (banded and plain wares) кои главно биле изработувани за локална употреба се потврдени во малоазиските центри во доцниот 7., поточно од 625 г. и во текот на 6. век.[281] Во последната третина на 7. век, поточно од 625 г. паралелно со доминантиот стил на диви кози (Middle Wild Goat II) и раниот коринтски стил, во Јонија се јавува продукција на отворени садови - скифоси, т.н. *Ionian cups*, боени со лентеста декорација, чиишто директни претходници се горе споменатите геометриските скифоси.[282] Едноставната лентеста декорација која се јавува на телото на овие јонски чаши, но и на алабастрони, шишиња, трпезни амфори, олпи е најчесто изведена со црн, но и со црвен фирниз, со прекривање на целиот сад со црна боја, односно фирниз и оставање на лентести резервирани или боени површини однадвор на ниво на рачките, а кај некои садови и однатре. Најчесто била употребувана бела боја или во комбинација со виолетова. Факт е дека овие садови со лентеста декорација се особено бројни во родоските некрополи Јалисос и Фикелура, како и во архајските слоеви во градските центри Линдос и Камирос.[283] Овие чаши биле произведувани во Самос и Милет во доцниот 7. век, иако нивната продукција е потврдена и во јужниот дел на Јонија и Еолија, откаде биле извезувани на Понт, во источниот и западен Медитеран, во Карија, па дури во Токра на Левант и секако на северноегејското крајбрежје[284]. Нивното присуство е регистрирано и на запад, посебно во Етрурија каде што не е

[281] Cook-Dupont, 134. Clara Rhodos VIII. Samos
[282] Cook-Dupont, 129-131.
[283] Clara Rhodos VIII.
[284] Види: Τιβεριος et. al 2012.

исклучено и да се работи за локални етрурски производи.[285] Веројатно на оваа продукција мислеле сите погоре наведени автори, почнувајќи од И. Микулчиќ во тврдењето дека е под влијание на простата јонска керамика.

Но, кога станува збор за лентестото боење на бокалите со косо засечен врат јонската лентеста или т.н. „проста“ керамичка продукција чиј почеток датира во 625 г., не можела да изврши влијание на декорацијата и формите кои во повардарските некрополи се присутни уште од втората четвртина на 7 век. Прво, во раниот 7. век во јонската продукција не се познати форми на садови декорирани само со хоризонтални ленти, а припадниците на т.н. проста јонска керамика се карактеристични за 6. век. Најрано ваквата декорација на исток се среќава на т.н. јонски чаши во 625 г. што значи дека тие не се прототипот за нашата лентесто боена керамика.

Но, т.н. еолската субгеометриска сликана керамика чиј центар на производство е Лемнос или Троја според Bernard,[286] за која Паровиќ-Пешикан смета дека во извесна смисла преставува паралела на лентестата керамика во Повардарјето, се шири главно на исток од Халкидик во 7. век, а типот G 2-3 во Троја е датиран околу 700 г., би можела да се јави како подобен кандидат кој ги извршил посочените влијанија, особено што присуството на керамика е регистрирано најзападно во Карабурнаки и Метоне[287]. Во тој случај, би требало да се корегира и времето од кога овие влијанија се забележани врз локалната продукција, односно од почетокот на 7. век со самата појава на најстарите регистрирани примероци во долновардарските некрополи работени на колце и лентесто боени.

Од друга страна, поголемо значење за ова прашање има присуството на евбејската, коринтската, па дури и атинската геометриска керамика на Халкидик и во Термајскиот залив,[288] која исто така покрај луксузните садови сликани во

[285] Cook-Dupont, 132-134.
[286] Bernard 1964, BCH, 88/1, 91-93. Еолската Г2-3 кермика се раширила во неколку центри: Троја, Самотраке, Лесбос, додека Лемнос создава своја локална варијанта.
[287] Ilieva 2013, 123-130.
[288] Papadopoulos 1989, 25-30, 38-39. Tiverios 2013, 174.

ориентален стил, ја продолжува традицијата на геометризмот. Обемните истражувања на локалитетите во северниот дел од Грција и северноегејското крајбрежје даваат основа за детални проучувања и анализи на откриениот материјал, во кој е регистрирано масовно присуство на импортирана и локална керамика со геометриска декорација.

Во својата студија за геометриската и архајската керамика во Македонија и во неколку центри на североегејското крајбрежје, Тивериос предлага нова класификација на колонијална, полуколонијална, домашна и локална, во која полуколонијалната и локалната ги испреплетува елементите од колонијалната и домашната.[289] Нивната изработка е резултат на доселените керамичари, локални керамичари кои се обучувале во некој од актуелните центри, па дури и патувачки мајстори од Евбеја и Кикладските острови особено Парос, од Коринт, Атина и малоазиските центри, особено Хиос, кои со себе ја донеле не само техниката на изработка, туку и формите и декоративните шеми. Локални работилници со откриени печки за производство на кеамички садови се веќе регистрирани во коринтска Потидаја,[290] Тороне, Тасос,[291] Менде[292] и др.[293] Од особено значење се предложените локални работилници чија продукција започнува уште во 8. век, во Анхилаос (античката населба Синдос) и Карабурнаки, каде се издвоени неколку групи на локална керамика декорирана со сликани геометриски мотиви,[294] а која со присутните форми и декорација може да се смета за вистински прототип кој извршил влијание на нашата повардарска лентесто боена керамика. Локални работилници се регистрирани и во Афитис на Халкидик, каде главните влијанија доаѓаат од Коринт, Јонија и Атика, каде се смета дека е лоцирана и главната продукција на т.н. Waveline

---

[289] Tiverios 2013, 74-198.Τιβέριος 2013a, 15-24.
[290] Κουσουλάκου 2013, 69-72.
[291] Perreault et. al., 2013,29-39.
[292] Αναγνωστοπούλου-Χατζηπολυχρόνη 2013, 51-67.
[293] Tiverios 2013, 174-175.
[294] Tiverios 2013, 179, Анхилаос го смета за античката наслеба на Синдос која се развила од евбејски емпорион. Gimatzidis 2010, 250-252. За работилницата во Карабурнаки види и: Τσιαφάκη - Μανακίδου 2013, 73-88.

керамика на Халкидик, но неодамна е предложено и постоење на локална работилница за црнофигурални садови.[295]

На Ахилаос, Крабурнаки и голем број локалитети на северноегејското крајбрежје се јавуваат скифоси со тенки ѕидови наречени *ionicising eggshell* или *monochrome eggshell* (јонизирана тенкоѕидна или монохромна тенкоѕидна керамика), декорирана со црвеникав или црн фирниз, чест на керамиката во Јонија.[296] Како центар на нејзиното производство е предложен Карабурнаки, пристаништето на Терме. Една од омилените форми во оваа работилница е токму скифосот, односно чаша без нога.

Токму со оваа „јонизирана" продукција може да го поврземе фрагментот од скифос од Вардарски Рид (Т.10:53), чија квалитетен црвен фирниз укажува на импортиран примерок, но од каде точно, би се потврдило со микроскопски и хемиски анализи на глината. Двата скифоси (Т.4: 23, 24), првиот од Сува Река и вториот од Милци, на кои се забележуваат траги од црн фирниз, односно е евидентно влијанието на јонската керамика исто така би се поврзале со работилницата во Карабурнаки. Но, останите скифоси (Т.4:19-22) декорирани со тенки црвени мат ленти би можеле да бидат произведени во работилницата во Карабурнаки или можеби и во локална работилница на Вардарски Рид или Исар - Марвинци, што особено се однесувало на двата скифоси од Милци и Сува Река (Т.4: 18, 20), на што упатува нивната исклучително груба изработка. Во класификацијата на Тивериос, оваа керамика е наречена доморoдна, токму заради локалните мајстори кои ја изработувале под влијание на надворешни влијанија.

Со оглед на тоа што скифосот како форма е континуирано присутен во протогеометриската, геометриска керамика и сликаните источногрчки стилови, неговото повторна појава во Повардарието во 6. век, не е резултат само на микенското наследство, затоа што период од четири века од крајот на

[295] Μισαηλίδου-Δεσποτίδου 2012, 384.
[296] Tiverios 2013, 179-180. Наречена е јонизирана не јонска, заради улогата на локалните мајстори во нејзината изработка и влијанието од Јонија. За импортираните јонски чаши на Карабурнаки види: Τσιαφάκη 2012, 227-239.

субмикенскиот период е сепак многу долг временски хијатус за да локалното население повторно се присети на старата форма, туку заради континуитетот на формата низ целото железно време во регионот. Во раното железно време кај нас секако отсуствуваат сите останати форми типични за егејскиот југ, а доминираат локалните, рачно работени брозненодопски форми. Но, може да се сложиме со Митревски, дека во Повардарјето тие се јавуваат како резултат на архајската керамичка продукција во регионот, која е резултат на овој долг и континуран развој на формата, а во однос на декорацијата делумно може да се прифати тврдењето дека нивното потекло треба да се бара во источно-грчките центри. Всушност ова влијание е посредно: источногрчките центри извршиле влијанија во своите колонии, а тие на локалните работилници. Но на овој начин ја објаснуваме појавата на скифосот и делумно декорацијата на оваа форма, посебно на таа изведена со црвен и црн фирниз, но не и лентестата декорација која на бокалите и останатите форми се јавува скоро еден цел век порано.

За разлика од скифосите, формата на широко отворен сад со вертикално поставени лентести или торделни рачки - кантарос поретко се јавува во керамичката продукција од архајскиот период. Во доцногеометриската и протоаточката керамика кантароси се познати од втората половина на 8. век со типична расчленета линеарна декорација, нанесена и на рачките, чие потекло се врзува за микенските пехари со високо свиени рачки.[297] Еден примерок на кантаровиден сад на висока нога со вертикални рачки кои го надвишуваат работ, откриен на некрополата Јалисос на Родос е идентификуван како коринтски импорт, но пак бројни фрагменти од кантароси, исто така сликани на рачките се откривани на Тасос, чие потекло се врзува за еолската керамика, односно тројанската Г2-3.[298] За сликаната декорација на оваа форма важат истите заклучоци кои погоре се изнесени за скифосите. Сепак, оваа форма не е ниту честа, ниту карактеристична за локалната продукција во споменатата работилница во Карабурнаки. Сликаната декорација со концентрични кругови

[297] Agora VIII, 50-51, Pl. 10, nos. 169-175.
[298] Bernard 1964, 93, fig. 11, 12, Во врска со нивнот потекло од K. Lehmann е сугерирана Самотраке и бетоските кантароси.

на скифосот од Акантос, кој е определен како производ на тасоско-пароски мајстори,[299] се појавува како мотив на кантаросот од некрополата Парагон (Т.5:29). Оваа форма би се вклопила во локалната група во рамки на класификацијата на Тивериос.

Но затоа пак, освен скифосот, работилницата во Карабурнаки, ги развива се олпите и плитките чинии со една рачка на кои се јавува и изливник како типични форми во својата локална продукција, кои покажуваат сличност со примероците од долноварадарските некрополи (Т.6:30-33). Монохромни олпи и плитки чинии со една рачка кои исто така се определени како локална продукција се откриени на архајската некропола на Терме (Седес).[300] Кантаровидни чаши со две рачки кои се дел од локалната продукција се приложувани и како гробен дар на синдоската некропола.[301] Од публикуваните резултати од истражувањата, најблиските аналогии во однос на овие нови отворени форми на садови кои се јавуваат во Долното Повардарје се наоѓаат во некрополата во Терме (Седес).

Во врска со лентестото боење треба да се осврнеме на промената, односно брановидната линија која се јавува на средината на телото меѓу лентите на еден примерок на бокал со рамен раб и кантаровидната чаша од гробот 74 од Сува Река. И двата сада според формалните карактеристики упатуваат на доцниот 6 век: бокалот е веќе со рамен раб, а кантаровидната чаша се доближува кон архајските или ранокласични форми. Идентичен примерок на чаша со потполно истата декорација е откриена во Синдос, каде е определена како традиционална форма и датирана во 510 г.[302] Формата е локална, но појавата на брановидната линија меѓу хоризонталните ленти се врзува повторно за источните работилници и т.н. *Waveline* стил.

Како што претходно веќе заклучивме во врска со формата на бокалите со засечен врат и чашите во долноварадарските некрополи, нивната доминантна

[299] Tiverios 2013, fig. 1β.
[300] Σκαρλατίδου et al. 2012, 467, εικ. 12δ.
[301] Σινδος 1985, 249, no. 404, датиран во гробната целина 530-510 г.
[302] Sindos katalog, Tiverios Ergo 2. Σκαρλατίδου et al. 2012, 467, εικ. 12δ.

декорација со боени црвени хоризонтални ленти треба да се сфати исклучиво како логичен развој на орнаменталните системи на локалната продукција кој води кон симплифицирање на геометризмот од претходниот период, но кој очигледно е под влијание на повеќе продукциски центри и стилови. На овој логичен развој кој започнал во раниот 7. век и кој континуирано непроменет трае и во текот на целиот 6. век, совршено се вклопуваат присуството на еолската сликана керамика, како и евбејската и коринтската геометриска керамика во 7. век. Појавата на отворените форми на садови во 6. век исто така се вклопува во посредните влијанија на јонските чаши и еолската сликана керамика. Се чини дека не постои конкретен прототип за појавата на лентесто боената керамика во Повардарие во 7. век, туку таа се јавува како резултат на повеќе испреплетени влијанија од југ и исток аплицирани врз традиционални и нови форми, но со локално производство.

Познато е дека до средината на 6. век доминацијата во колонизацијата на Халкидик, Термајскиот залив и на брегот источно од Халкидик и Стримон е на малоазиските центри, Кикладските острови Андрос и Парос, на Евбеја и Коринт, додека пак влијанието на Атина започнува да се чувствува од втората половина на 6. век. Неколку сликани или црнофирнизирани садови откриени на крајниот северен и крајниот јужен дел од Повардарјето се единствениот импорт во доцниот 6. и раниот 5. век. Впечатливо е и тоа што презентираните имортирани садови, освен котоните не биле воопшто имитирани во локалната продукција, ниту во формата, а уште помалку во декорацијата.

Иако евбејскиот импорт во крајбрежните градови е регистриран од 10 век,[303] на локалитетите по Вардар е забележливо негово целосно отсуство, со исклучок на малиот фрагмент од скифос откриен на Вардарски Рид.[304] Вториот фрагмент од амфора откриена во Куќата со питоси од Вардарски Рид е единствениот пример на транспортна амфора регистрирана на овие простори.

[303] Rhomiopoulou 2008, 171.

[304] Папазовска 2005, 141, 148. Papazovska-Sanev 2012, 421. Bernard 108, fig. 21, скоро идентичен фрагмент од скифос е определен како припадник на Г2-3 керамиката откриена на Тасос, но со потекло од Лемнос.

Нивното целосно отсуство е невообичаено, особено ако се има предвид фактот дека траспортот на вино и маслиново масло исклучиво се одвивал во овие садови чија продукција и дистрибуција е строго контролирана во водечките центри. Веројатно треба да се има на ум дека овие недефинирани фрагменти со дебели ѕидови најчесто се игнорирани во теренските инвентари. За конечно извлекување на заклучок по ова прашање треба да следи ентузијастичко копање низ студискиот материјал во музејските или теренските депоа.

Арибалосот од Скопје датиран во 550-540 г., оинохоето-арибалос од Сува Река се определени како производи кои стигнале преку коринтска Потидаја. Дали се директен коринтски производ увезен преку Потидаја, или пак се тука изработени од мајстори имигранти ќе остане отворено прашање, иако квалитетот изработката, особено на сликаната декорација укажува на нивно производство во Потидаја и покрај зеленикава глина која упатува на коринтската.

Потеклото на формата на трите црнофигурални лекити од Марвинци датирани на крајот од 6. век, сликаниот киликс од Милци и црнофирнизираните киликси од Корешница и Милци и двете лекани од Вардарски Рид и Милци треба да се бара во атичките работилници. Фактот дека и двата фрагменти се работени од сиво печена глина и премачкани со разреден посен фирниз укажува на нивната локална провининеција, можеби во една од халкидичките работилници.

Сликаниот котон од Милци и црнофирнизираниот котон од Марвинци се импортирани примероци од коринтска Потидаја. Всушност котоните се единствените импортирани форми кои се копирани во локалната продукција. Примероците од Зелениште, Извор Валандово и Сува Река ја потврдуваат нивната имитација во локалната продукција. И кај овие се забележува имитирање на формата и тоа повторно на коринтските типови со исклучок на примерокот од Извор-Валандово кој е со атичко влијание, но не и на

декорацијата, која како и кај останатата локална продукција на садови е аплицирана лентеста декорација.

Веќе погоре е посочено дека една од новините во 6. век претставува новата технологија на печење на керамичките садови со редукција на кислородот заради што бојата на глината станува сива. Во сива варијанта се изработуваат сите застапени форми, особено бокалите со засечен и рамен раб, кантаровидните чаши со две рачки, кантаровидните чаши со една рачка и скифосите поретко, додека пак сосема отсуствуваат сиви варијанти на отворените садови со вертикални рачки - кантароси и олпите. Интересно е кога точно се појавува сивата продукција во долновардарските наоѓалишта. На пример, во некрополата во Дедели сиво печена керамика не е откриена, додека пак во Сува Река и Милци присутна е во текот на 6. век. Сивата продукција продолжува да се произведува во раноантичкиот период имитирајќи ги класичните форми, а се среќава дури и во доцнохеленистичките населбински слоеви на нашите наоѓалишта. Нејзината појава во раниот 6. век е во прилог на прифаќањето на архајските влијанија.

Сивата продукција е позната на малоазискиот брег и тоа главно во Еолија и Троада, особено на Лесбос каде е единствен тип на фина керамика сè до 6. век иако е регистрирана во ограничен број и во појужните региони.[305] Нејзината продукција главно се сместува во периодот од 8. до 6. век, додека во Пергамон е регистрирана и во хеленистичкиот период. Се смета дека сиво печената керамика во овој регион е локален производ уште од раното железно време, чија традиција на изработка продолжила и после грчката колонизација. Изработувана е од фино прочистена глина со фина глинена превлака или полирана површина, најчесто недекорирана или со врежани мотиви на брановидни и хоризонтални линии, точки и шрафирани триаголници, а многу ретко рељефни или фигурални мотиви. Формите главо ги следат вообичаените источно грчки садови. Еолската сива керамика е малку извезувана и тоа преку Лезбос, иако е позната и на Хиос, Самос, Тасос, Ал Мина и Наукратис во

[305] Cook, Eastern greek Pottery, 135-137.

Египет, а парчињата откриени на Тасос и во Хистрија на Понт може да се дел од домашната традиција.

Во доцниот 7. и раниот 6. век на Родос е регистрирана т.н. бухеро керамика која се одликува со темносива, скоро црна боја на површината на садот. Иако се сметала за родоска, производството на бухеро керамиката е лоцирана во некој од појужните центри. Формите на садови се алабастрони, арибалоси, унгвентариуми, оинохоја и чинии. Бухеро керамика отсуствува на наоѓалишатата по долината на Вардар, но е регистрирана на некрополата во Архотнико близу Пела и тоа со типичните мали форми.[306] Бухеро керамика е идентификувана во Југозападна Македонија (Радолишта, Требеништа, Прогон и Сарај). Таа е темносиво печена со темна превлака, слична на истовремената букеро керамика од малоазиските градови во источното средоземноморие. Се среќаваат котони, хидрии, калпиди, кантароси, за кои е изнесено мислење дека се рашириле долж ентацискиот пат, од хеленските упоришта на трако-македонскиот брег, од коринтската Потидаја и бројните халкидски и јонски колонии, па оттука нејзиното потполно отсуство по долината на Вардар е невообичаено.

По хијатусот регистриран на наоѓалиштата по долината на Вардар во третата четвртина на 5. век, нов бран на информации потекнува од доцниот 5. век, кога е забележан засилен импорт на црвенофигурални садови. Генералниот заклучок во врска со потеклото на примероците на садови декорирани во стилот на црвени фигури во досега публикуваните трудови се сведуваше на атичките или халкидичките работилници без сериозна анализа која би ја одредила припадноста на наведените примероци на конкретна работилница или ателје, освен за хидријата од Демир Капија, која сигурно е определена како производ од ателјето на Медијас. Последно Санев ја одредува припадноста на одредени садови на познатите ателјеа, идентификувајќи неколку познати мајстори врз

[306] Ηρυσοστόμου - Ηρυσοστόμου, 2012, 239-251. Бухеро керамика се среќава и на некрополите во Синдос, Верија и Терме.

основа на аналогни примероци во светските музејски збирки.[307] Главната причина во анализата за потеклото од атичките или олинтските работилници преставува квалитетот на фирнизот и различната фактура и боја на глината, но општиот впечаток е дека недостасува добро образложение на карактеристиките кои ги определуваат, како и сериозна анализа на глината и премазите.

Забележливо е слабо присуство на големите затворени форми на садови сликани во стилот на црвени фигури: само една хидрија, неколку фрагменти од ѕвонолики кратери, три пеликеа, неколку оинохоа, два лебес гамикос, два аскоси, два бели лекити. Причините веројатно со право, се бараат во слабата економската моќ на купувачите, во проблемите кои произлегуваат од транспортот на големите форми, но и во различните културни традиции на купувачите.[308] Проблемите кои би произлегле од транспортот на големите форми на садови вообичаено се поврзуваат со копнените рути повеќе отколку со водните траси, како што е случајот со реката Вардар. Ова особено се однесува на долното течение на реката по теснецот во Демир Капија отворен кон југот без природни препреки, што донекаде и ја објаснува забележливата концентрацијата на црвенофигуралните садови во регионот на Долното Повардарје: на Исар-Марвинци и посебно во Демир Капија каде врз основа на белите лектити кои се традиционална гробна форма врзана за погребните обичаи на атињаните е изнесено мислење дека овде се доселиле трговци од Атина.[309] Во барање на причините за слаботo присуство на црвенофигуралните садови не треба да се занемари и слабата истраженост на локалитетите по Вардар, особено некрополите каде би се очекувала поголема присутност на импортирани садови. Наспроти ова регистрирано поголемо присуство на мали форми, највеќе на squat лекити и особено скифоси.

Од атичките мајстори, покрај ателјето на Медијас, идентификувани се *Filotrano painter* за пеликеата од Исар-Марвинци, *Fat Boy* за оинохоето од

[307] Sanev 2013, 3-55.
[308] Sanev 2013, 9.
[309] Τιβέριος 2012, 45-46, εικ. 10-11, бели лекити се распрстранети на поширок регион во Македонија, Пидна, Аига итн.

Демир Капија, сликарот од групата *Vienna lekanis* за аскосот од Демир Капија, *Painter of Acropolis* за лебес гамикос од Марвинци, *Luvre maid painter, Straggly Painter* и *Mina Painter* за малите squat лекити и *Reed Painter* за белите лекити. Останатите атички производи припаѓаат на неидентификувани работилници.

Повеќе внимание привлекуваат примероците идентификувани како олинтски производи на база на слабиот квалитетет и разредениот фирниз, но најповеќе на жолтеникавата боја на глината. Тоа се фрагментот од кратер од Исар Марвинци, вториот примерок на пелике од Марвинци, оинохоето и лебес гамикос од Марвинци атрибуирани на *Painter of Olynthus 5.156*, оинохоето од Марвинци сликано со флорални мотиви, како и неколку squat лекити и скифоси атрибуирани на непозната олинтска работилница.

Кога станува збор за олинтските ателјеа внимание привлекуваат пеликето и еден скифос. Имено, двата примероци на пелике декорирани со сцена Грипомахија припаѓаат на групата вази кои заради огромниот број примероци откриени во Пантикапеион (денешен Керч) на Понт се наречени керчански вази, односно керчански стил. Всушност Атина е главниот производител и извозник на овие садови на источниот брег на Понт, па оттаму и овие две пеликеа се припишуваат на *Filotrano painter*, со таа разлика што првото е определено како атички, а второто олински производ. Сличен е случајот со два скифоси атрибуирани на ателјето *Fat Boy*, но едниот е атички, а вториот олинтски производ. Веројатно Санев смета дека стилот на двете атички ателјеа е имитиран и во Олинт, или пак припадници на двете ателјеа се меѓу оние сликари на вази кои се доселиле во Олинт. Дури и да се сложиме со оваа констатација проблематично е подоцнежното датирање на олинтскиот примерок на пелике датиран во 350-325 г., со оглед на тоа што моќта на Олинт сериозно опаѓа по освојувањето од страна на Филип II во 348 г. Но, ова се објаснува со една друга работилница која е неодамна идентификувана во престолнината на македонското кралство, во Пела.[310]

[310] Akamatis 2013.

Во втората половина на 4 век сè уште се популарни атичките производи, кои заедно со металната продукција која цветала во Македонија во текот на целиот 4. век, ќе го одбележат доцнокласичниот период. Тоа се претежно квалитетно изработени, најчесто луксузни форми декорирани со сликање (последната фаза на стилот на црвени фигури и сликање во стилот West Slope), со квалитетен, густ црн фирниз. Атичкиот импорт преку колониите на Тракомакедонскиот брег стигнува и во македонските градови, а набрзо локалните работилници ќе започнат и со изработка на имитации.

Од друга страна во локалната керамична продукција, која сè уште е силна во втората половина на 4. век, се забележуваат две тенденции: изработка на локални имитации на атички форми и континуирано производство на одредени форми карактеристични уште од железно време. Првата тенденција ја претставуваат садови од сива или темнокафена глина, главно имитации на чинии, оинохоа, хидрии, локални варијанти на кратери со колонетести рачки, Болсал скифоси со груба или пофина изработка и без фирниз. Кај некои форми се забележува еден постар манир на декорирање на површината на садот со мазнети вертикални и хоризонтални линии. Додека пак задржувањето на постарата железнодопска традиција е видливо преку грнињата со потковичести или јазичести држалки декорирани со ребра со втиснати прсти или коси врежувања, длабоките чаши со една држалка и садовите со огниште кои се одликуваат со груба изработка од глина со многу мика и покрупни зрна песок.

Класичните форми на садови се присутни по долината на Вардар најдоцна до средината на 3.век. По овој половина век хијатус кој го покажува сегашниот степен на истражувања, 2. и 1. век изобилуваат со најразлични форми карактеристични за полниот и доцниот хеленизам.

Во овој период се забележуваат големи промени во керамиката. Голем број од класичните форми се изчезнати или пак модифицирани така што покажуваат малку сличност со своите класични предходници, а новите хеленистички форми се сосема развиени. Квалитетот на фирнизот драстично

опаѓа, процес кој е започнат уште во 3. век. Тој станува доста разреден, невоедначено нанесен со слаб, металест сјај или пак сосема без сјај. На еден сад можат да се сретнат повеќе нијанси од црн до светлосив, од црвен до темнокафен, а голем број садови се премачкани со премаз без сјај или пак воопшто не се боени. Кај поголемите затворени садови за течност може да се сретне боење во хоризонтални ленти, а кај чиниите се јавува карактеристично боење до половина од надворешниот ѕид. Иако е мошне ретка во овој период, West Slope декорацијата ќе се задржи и понатаму како доминантен начин на сликана декорација, иако со опаднат квалитет, со поедноставени мотиви и употреба на врежување кое е особено карактеристично во 2.век.

Калапената керамика овозможува масовна локална продукција на одредени форми или мотиви кои во дадениот период се мошне актуелни, а со тоа и појава на многу нови, локални центри. Биле изработувани најразлични форми, меѓу кои највеќе полусферични чаши, светилки, потоа кратери, трпезни амфори, пиксиди на три нозе и други. Па така, за разлика од втората половина на 4. и првата половина на 3. век кога главните импулси во керамиката ги диктираат Атина и Коринт, сега тежиштето се префрла во центрите по малоазискиот брег, Антиох, Ефес, Пергамон, Тарсус, Делос, Книд и др. Оттаму стигнува една нова продукција позната како Источна сигилата, позната по фината глина и сјајниот црвен односно портокалов фирниз, чиј квалитет се разликува во зависност од центарот. Од друга страна во овој период стигнува импорт од италските центри, особено во Кампања, боени со црн или темносив сјаен фирниз, декорирани со втиснати мотиви и врежување. Овие импортирани производи набрзо ќе се среќаваат во локалната продукција, имитирајќи ги формите, но не и квалитетот.

На територијата на Античка Македонија во текот на 2. и 1. век. во градовите постои локална керамична продукција, а поголемите центри секако се носители на новините. Од средината на 2. век ќе се јават неколку центри за изработка на калапена керамика. Пред се, во Пела каде во втората половина на 2 и раниот 1 век судејќи по големиот број откриени калапи постои работилница за

изработка на реjефно калапени чаши, за кои особено се карактеристични неколку мотиви: долги лотосови листови кои го опфаќаат целиот ѕид на чашата или комбинирани со витици кои на врвот завршуваат со розети и секако фигуралните мотиви. Изнесено е мислење дека во истиот овој период и во некој од градовите во Горна Македонија (Ајани, Петрес) постои центар за изработка на релјефно калапена сива керамика, особено кратери и трпезни амфори, продукција која е под силно влијание на онаа во Пела.

Најголем дел од презентираните форми на садови кои се врзуваат за 2 и 1. век, покажуваат сродност со керамиката откриена во градовите во Античка Македонија. Ова посебно се однесува на некои форми за кои се смета дека потекнале или покажале посебен индивидуален развој на оваа територија. Тоа се македонскиот тип амфори, малите лекити со странично поставен изливник, пиксидите на три нозе, бокалите со цедилка, недекорираните тимиатериони, хеленистичките биконвексни светилки за кои неодамна беше изнесено мислење дека се дел од локалната-македонска продукција, аритерите, Парменискос групата на транспортни амфори, на кои би ги додале и кратерите со колонети и шишињата кои потсетуваат на алабастрони.

Чашите за пиење, како што се класичниот тип на кантароси  и скифоси се веќе одамна исчезнати и заменети со хеленистички тип на кантарос, т.н. Baggy тип, релјефно калапените чаши како и неколку варијанти на чаши со две рачки кои се јавуваат во доцниот хеленизам. За разлика од Baggy типот на кантароси кои се јавуваат на атинската Агора, нашите се едноставни варијанти, без фирниз и декорација во стилот на West Slope, заради што и се определени како локални варијанти. Не се застапени во голем број, па оттаму би можело да се каже дека не се најпопуларни чаши за пиење во овој период. Наспроти нив, иако во овој труд се презентирани мал број одбрани примероци, бројноста на откриените релјефно калапени чаши укажуваат на фактот дека тие биле омилена форма на чаша кај населението на Вардарски Рид. Од нив се заклучува дека атинската продукција на релјефно калапени чаши стигнала на Вардарски Рид во минимален број, па така и нејзиното влијание е скоро безначајно. Два големи

центри се важни во овој случај. Прво продукцијата во малоазиските центри, особено Ефес, Пергамон, Антиох, Книд, чии производи како што е познато во најголем дел биле извезувани преку Делос, а потоа онаа во Пела. Но секако, треба да се нагласи и локалното производство на рејефно калапени чаши на Вардарски Рид, потврдено со откриените калапи, на кое особено влијание извршиле импортираните примероци од наведените центри. И останатите форми на чаши со две хоризонтални прилепени рачки, познати како книдски чаши, и варијантата со вертикални рачки, укажуваат на импорт или влијание од Мала Азија.

Влијанието на керамиката од малоазиските центри особено е видлива и во другите мали форми на садови, особено разните варијанти на чинии од репертоарот на Источните сигилати, светилките, и формите на т.н. садови сликани на бела основа (лагиноси, кратери, тимиатериони и др.). Повторно, не станува збор за импорт со голем квантитет, но сепак доволно за да изврши влијание на локалната продукција. На пример, засега е откриен еден примерок на плитка чинија со вертикален раб која припаѓа на антиохиската продукција на Источна сигилата А, но пет-шест локално изработени чинии со вертикален раб. Оваа локална продукција на формите на Источната сигилата е потврдена и на други локалитети во Античка Македонија, особено Стоби. Со по еден - два примероци се застапени и уште неколку форми на Источна сигилата: полусферична чинија, чинија со извиен раб, чинија со вертикален страничен ѕид и др. Ефеските релјефно украсени светилки се застапени на локалитетите по Вардар, и во текот на 2. век стигнуваат и италски производи. Од раноримските форми застапени се биконичните чаши со две рачки, неколку фрагменти од т.н. тенкоѕидна керамика, само еден примерок на типично римска светилка и италските транспортни амфори од типот Dressel и Lambolia. Во ова време еден од најпознатите центри за керамика на италскиот полуостров е областа Кампана, од каде стигнал мал број на мали форми на садови, претежно плитки чинии со врежани коси црти на дното или втиснати орнаменти и квалитетен фирниз.

Нивниот број, а со тоа и влијанието на локалната продукција е многу помало во однос на малоазиската продукција, но сепак вредно да се спомене.

## 3.2. Коропластика - продукција на теракотни фигурини

Производите на коропластите - фигурните изработени од печена глина откриени по долината на Вардар се опфатени во трудови кои презентираат извештаи од ископувањата и во неколку поединечни студии, или како составен дел на поголеми трудови кои обработуваат поширок спектар на наоди од една епоха. Во извештајните трудови фигурините главно се обработувани во рамки на контекстот во кој се откриени, најчесто како гробни дарови со генерален опис и идентификација на претставата, додека пак неколку студии или делови од студии преку теракотните фигурини се занимаваат и со нивното значење и симболика во врска со актуелните верувања и религиозни концепти.

Теракотните фигурини од доцноархајскиот и класичниот период се практично непознати, што во голема мера се должи на малиот број досега откриени примероци. Споменатите публикации главно се однесуваат на доцнокласичните и најмногу на наодите од хеленистичкиот период, па оттука, во ова поглавје е даден кус преглед на нивните главни и веќе познати одлики. Од ранoримските теракотни фигурини кои во изобилство се откривани на Западната некропола во Стоби, некои типови се познати од извештаите од истражувањата. Иако најголемиот дел од овде презентираните типови на теракотни фигурини се добро познати и обработени, овде е даден општ преглед на коропластиката во периодот од 6-1 век, со дополнување од неколку нови и досега непубликувани примероци, без тенденција да се навлегува во детална типолошка класификација. Преку претставување на типовите на фигурини е објаснет нивниот развој, потеклото на самиот предмет или потеклото на идејата за неговата изработка, со обид за лоцирање на локални работилници Малку повеќе простор е одвоен за протомите, бистите и седечките женски престави заради нивната идентификација со одредени божества кои пренесувале идеи за одредени религиозни верувања.

### 3.2.1. Женски протоми и бисти

Единствениот примерок на протома која датира од доцноархајскиот период е потекнува од Исар - Марвинци (Т.37:1). Претставениот лик ги има сите карактеристики на доцноархајскиот период во однос на стилот: големи бадемасти малку закосени очи со нагласени подочници, долг и малку грбав нос, полни усни развлечени во познатата архајска насмевка и заоблена брада. Косата е раздвоена на патец и покриена со вел кој е прицврстен за полукружна украсна лента (стефане) и паѓа на рамењата зад големите уши. Глината е светла, а премазот од бела боја е сочуван во траги. Вакви протоми биле најчесто откривани како гробни дарови, иако нивната намена е во секојдневниот живот во домовите каде стоеле закачени на ѕид. Протомата нема задна страна, а често пати се среќава перфорација во горниот дел која служела за закачување. Во голем број се откриени во некрополата во Камирос на Родос, а се среќаваат пошироко во регионот на Медитеранот. Иако имитации на ваквите протоми се работени во Беотија и во Олинт се чини дека протомата од Марвинци е блиска до родоските и датира од раниот 5 век.[311]

Една серија на женски протоми се врзува за доцнокласичниот и хеленистичкиот период. Како и претходната и кај овие примероци нема изработена задна страна. Десет примероци се откриени на локалитеот Исар-Марвинци, како гробни дарови на Југозападната некропола. Сите припаѓаат на ист иконографски тип на допојасна женска биста со висока капа на главата покриена со вел кој паѓа на рамењата. Најкарактеристичен елемент на овој иконографски тип се рацете кои се свиткани во лактовите и допрени до градите, во кои држи птица, цветови или разни плодови. Откриените примероци покажуваат и некои специфични разлики низ неколкуте века од нивната изработка, заради што можат да се издвојат и неколку поединечни варијанти. Ваквите претстави се често откривани во гробните целини низ локалитетите во Античка Македонија, често пати именувани само како протоми на женско божество без конкретна идентификација.

[311] Higgins 1954, 67-70, cat. nos. 134-141.

Првиот примерок е женска допојасна претстава облечена во пеплос со апоптигма, целосно сочувана (Т.37:2). На главата носи висока капа украсена со рељефно изведени кругови, внатре радијално поделени кои асоцираат на розети. Петте розети се поставени во долниот дел на капата, веднаш над косата. Лицето на божицата е округло и оддава нежност и сензуалност. Над кусото чело, бујната коса е поделена на покрупни прамени зачешлани наназад. Очите се бадемасти и малку закосени, образите заоблени со нагласени јагодици, носот долг и проширен на врвот, брадата зашилена, а полните сензуални усни се развлечени во блага насмевка, слична на архајските фигури. На ушите кои се покриени со косата се забележуваат обетки во вид на розети. Велот од капата се спушта на рамењата во набори нагласени од внатрешната страна. Исто така, нагласени се наборите на наметката која ги покрива надлактиците. Двете раце, на кои носи по една белегзија се свиткани во лактите и поставени на градите. За жал, делот од десната рака во која само се надѕира предмет со кружна форма е оштетен, но се чини дека таа држи ненков плод. Во левата рака јасно се распознава лотосовиот цвет. На фигурината се забележуваат траги од бела боја.

На истиот тип допојасни женски престави припаѓаат уште пет примероци, сите откриени на локалитетот Исар-Марвинци. Вториот примерок (Т.37:3) е составен од повеќе фрагменти и делумно реконструиран. Лицето на божицата е округло, со крупни, скоро несразмерни очи хоризонтално поставени под веѓите. Носот е прав, а образите со нагласени јаболчници. Полната уста е развлечена во насмевка која уште повеќе ги нагласува полните образи. Над челото, косата е разделена на средина и во крупни, благо извиени прамени е зачешлана на страните. Капата е висока, полукружна и украсена со пет рељефно изведени розети врамени во круг и поставени на средина. Облеката е различна од претходниот примерок. Имено, божицата е со префлена наметка со нагласени набори, која ја опфаќа десната рака однадвор, а потоа префрлена преку левата рака паѓа надолу. Заради оштетувањата не се јасни предметите што ги држи во рацете кои се свиени во лактите и положени на градите. Се чини дека во левата рака држи плод. Белата боја со која била премачкана е едвај сочувана во траги.

Наблискиот примерок е откриен како гробен дар во Верија, датиран во крајот на 4. век и идентификуван како протома на женско божество.[312]

Третиот примерок (Т.37:4) е сличен на претходната фигурина, иако рељефот не е толку нагласен како кај претходната. Лицето на божицата е со малку поразлични карактерни црти: очите се бадемасти, хоризонтално поставени под скоро рамните веѓи; носот е прав, а лицето поиздолжено. Усните се потенки, а брадата заоблена. Над ниското чело, косата е разделена на средината и зачешлана на страна и скоро незабележлива под високата полукружна капа на која нема рељефни додатоци. Но, кај овој примерок веднаш над косата се наоѓа полукружна украсна лента - стефане од која нагоре продолжува високата капа. Велот паѓа врз рамењата, но наборите едвај се нагласени. Наборите на наметката се нагласени на надлактицата. Дали божицата носи апоптигма или едноставен хитон како и претходната не е јасно, бидејќи рацете ги покриваат градите и предниот дел од фигурината. Таа во десната рака држи птица, а во левата најверојатно цвет, иако тешко се распознава предметот заради слабиот рељеф. Фигурината е целосна, а била премачкана со бела боја, која е прилично зачувана.

Четвртиот примерок е составен од повеќе фрагменти (Т.37:5), а делови од капата се реконструирани. Украсната лента стефане е помалку нагласена и потесна од претходниот примерок. Рељефот е уште послаб, па деталите тешко се распознаваат особено на лицето кое е заоблено, со бадемасти очи рамно поставени под веѓите, рамен нос, едвај нагласени усни и заоблена брада, со ниско чело над кое косата е разделена на средината и висока, едноставна капа без рељефни додатоци од која велот паѓа на рамењата. Наборите на облеката воопшто не се нагласени, а се чини дека и носи апоптигма. Исто како и претходниот примерок и оваа во десната рака држи птица, додека претметот во левата рака е нераспознатлив. На вратот, во плиток рељеф се распознава ѓердан, веројатно со копјести листови. Фигурината била премачкана со бела боја, а на левото рамо и раката се забележуваат остатоци од жолта боја.

---

[312] Αλαμανη-Τζαναβαρι 1999, 46, εικ. 1.

Петтиот примерок (Т.37:6) е прилично оштетен. Капата на главата е сосема реконструирана веројатно по аналогии со претходните примероци, но реконструкцијата е непрецизна, со оглед на тоа што капата целосно го покрива челото скоро до очите. Нема елементи ниту пак за украсната лента - стефане. Контурите на тркалезното лице едвај се распознаваат заради излижаноста и слабиот рељеф, освен носот. Исто како и кај примерокот бр. 2 велот се спушта од капата, ја опфаќа десната рака однадвор, а оттука е префрлена нагоре, преку левото рамо. Наметката е со рељефно нагласени набори и сосема ја покрива десната рака, додека пак левата е слободна. Во десната рака таа држи шилест плод (шишарка или пак се работи за пупка од цвет?), а во левата јаболко. На овој примерок не се забележуваат траги од боење.

Шестиот примерок е со уште поизлижан рељеф од претходните, со многу неквалитетна изработка, што можеби укажува на нејзината локална изработка (Т.38:7). Составена е од неколку фрагменти, а оштетувањата на десната страна на капата и во пределот на вратот се реконструирани. Главата на божицата со висока полукружна капа е благо навалена надолу на десната страна, прилично оштетена и со едвај распознатливи карактеристики, а рељефот на облеката воопшто не се забележува. Дали на капата има ии украсна лента - стефани не е видливо заради излижаноста напримерокот. Рацете се поставени на градите, но какви предмети држи сосема не е јасно. Белата боја е едвај сочувана.

Следните три примероци (Т.38:8-10) би можеле да се издвојат во посебна варијанта на допојасни женски претстави со украсна лента - стефане и ниска капа или пак сосема без капа, а велот е прицврстен на украсната лента. Сите се откриени на Исар-Марвинци. Првиот ваков примерок (Т.38:8) е одлично сочуван, особено дебелиот слој на бела боја кој е нанесен на површината и делумно ги покрива цртите на лицето. Лицето е заоблено со полни образи, прав нос и крупни очи поставени под веѓите кои се закосени надолу. Усните не се распознаваат јасно над заоблената брада, но се чини дека биле нагласени со црна боја. Косата е целосно под велот, кој е процврстен за полукружна украсна лента, префрлен преку главата на која нема капа и паѓа на рамењата. Во

пределот на ушите кои не се видливи се забележува кружна обетка насликана со црна боја врз белата основа. На вратот е насликан ѓердан од топчести мониста, исто така изведен со црна боја врз белата основа. Наметката ја обвиткува десната рака под лактот, па оттаму е префрлена преку левата рака од каде е префрлена преку рамото, од каде паѓа слободно надолу. Наборите на ткаенината се нагласени во плиток рељеф. Двете раце се свиткани во лактите и поставени на градите, но заради излижаниот рељеф не се распознава јасно што држи во двете раце.

На истиот тип припаѓа и следниот примерок (Т.38:9). Лицето е округло, со тркалезни полни образи, полни усни и заоблена брада. Очите и веѓите се едвај нагасени во плиток рељеф. над ниското чело, косата е раздвоена и зачешлана на страните без нагласен рељеф. Полукружни стефане со вел ја покрива главата и паѓа надолу. Облеката и рацете едвај се надѕираат во плиток рељеф. Двете раце се на градите, но и кај овој примерок не се забележуваат предметите во рацете. Нема сочувани траги од боење, која многу веројатно е отстранета во процесот на чистење на фигурината.

Третиот примерок (Т.38:10) е прилично оштетен: недостасува долната половина од фигурината и мал дел од главата. Оваа протома се разликува од претходните заради сивата боја на глината. Премачкана е целосно со бела боја, а детаљите се изведени со црна боја врз белата. Лицето на божицата е округло со полни образи, заоблена брада, полни усни, прав нос и крупни очи. Се чини дека очите биле нагласени со црна боја сочувана само на левото око. Над целот косата е разделена на средината и зачешлана на страните, над што е поставена полукружна украсна лента која го придржува велот. Косата, лентата и велот се обоени со црна боја. Од страните не продолжува заоблено по контурите на главата како кај претходните два примероци, туку еден полукружен испуст ја следи главата и веројатно служел за подобро прицврстување на ѕидот на кој стоела. Надолу не се распознаваат контури на облеката, ниту рацете, а на вратот со црна боја е насликан ѓердан од кружни мониста.

На групата женски допојасни бисти припаѓаат неколку примероци откриени на Вардарски Рид и Исар Марвинци. И во оваа група која хронолошки е подоцнежна од претходната и датира од доцниот хеленистички период, односно 2. и 1. век, можат да се издвојат во најмалку три варијанти. Но главна одлика на иконографскиот тип се рацете кои на овие претстави се спуштени покрај телото, заради што се губат атрибутите на претходната група на женски протоми кои во свитканите раце на градите држат различни предмети, како и малку пинаквата изведба на капите.

Првиот примерок е допојасна женска претстава откриена во т.н. Куќа со атриум на Вардарски Рид (Т.38:11). Фигурината е со прилично излижан рељеф, со слабо нагласени детаљи особено на облеката, но на лицето јасно се распознаваат архаизирани црти, кои се невообичаени за контекстот на откривање во 2. век. Лицето е издолжено, со нагласени јаболчници, носот долг, а полните усни се развлечени во насмевка која и ги дава споменатите архаизирани карактеристики. Очите и веѓите се во плиток рељеф, над ниското чело косата е разделена на средина, а прамените едвај се нагласени. На главата носи полукружна ниска капа. Бидејќи рељефот е сосема излижан, не е јасно дали двете издадени ребра на рамењата се всушност прамени од косата или пак е велот кој веројатно е собран позади од каде паѓа на рамењата и ја следи нивната контура. Како што веќе е споменато, деталите на облеката не се забележуваат воопшто, освен V-изрезот на хитонот. На ушите се забележуваат кружни обетки. Заради овие карактеристики, овој примерок е издвоен во посебна варијанта.

На втората варијанта на допојасна женска престава со висока капа припаѓаат две ретки престави на божица (Т.38:12) идентификувана како Персефона-Деметра,[313] односно Кибела.[314] Се работи за два идентични примероци кои очигледно се работени во ист калап, откриени во просторијата

[313] Сламков 2004, 119, кат. бр. 9 ја идентификува како Кибела-Деметра;Хусеновски-Сламков 2005, 71, бр. 176, идентификувана како Деметра-Персефона-Кибела.
[314] Битракова-Грозданова 1999, 202.

C12 во Централниот комплекс на Акрополата на Вардарски Рид.[315] Двете се комплетно сочувани до висина од 25.8 см, освен мали фрагменти од левата страна под градите и левата рака на втората фигурина кои се реставрирани. Двете фигурини се изработени од црвено печена глина со мика и партикули песок. Нема траги од боење по печењето, но се видливи траги од оган на левата страна на втората фигурина, веројатно настанати при уништувањето на просторијата во која стоеле. Божицата е облечена во јонски хитон со кратки ракави, подврзан со јаже под градите. Двете плетенки го врамуваат лицето на божицата и паѓаат на рамењата и надлактиците. Нејзиното лице е убаво моделирано со бадемасти очи, прав нос и мала, полна и сензуална уста. Главата е покриена со калатос од типот пиргофорос, со рељефно изведен кружен и лунулест мотив, поставен во просторот меѓу кулите. Таа е украсена со накит, две големи кружни обетки на ушите, ѓердан и две двојни белегзии на надлактиците. Двете теракотни бисти од Вардарски Рид, отскокнуваат од вообичаената иконографија на Кибела седната на престол, на кои божицата ги нема нејзините препознатливи симболи и атрибути, освен „corona muralis“ на главата во која се изведени полумесечина и сонце. Нивната идентификација со Мајката на боговите - Кибела (иако авторот оправдано заклучува дека другите атрибути на Кибела, вообичаени за доцнохеленистичката иконографија на божицата отсуствуваат во овој случај)[316] е базирана на теракотните фигурини на божицата откриени во светилиштето на Мајката на боговите и Афордита во Аига каде се откриени престави на добро познатиот иконографски тип на божицата седната на престол, но носи калатос на главата од истиот пиргофорос тип.[317] Освен фигурината од Метроонот во Аига треба да ги спомeнеме и фигурините на седната Кибела на престол од светилиштето на Мајката на боговите во Пела, каде божицата носи калатос од пиргофорос тип со лунулест мотив во просторот меѓу кулите, како и фигурините од Ајани и Петрес, на кои на двете се среќава линулест и кружен мотив на калатосот, од кои втората е

[315] Neidinger and Mathews 2005, 203, сл. 6, 7.
[316] Битракова-Грозданова 1999, 202.
[317] Δρούγου 1993, εικ. 4; Δρούγου 1997, 54, fig. 7.

иднетификувана како Енодија.[318] Лунулестиот мотив кој води кон нејзината идентификација како Кибела се јавува на неколку теракотни фигурини или рељефи со престава на божицата откриени на поширок регион на Тракија, Македонија, јонскиот брег и грчкото копно, кој ја симболизира нејзината космичка моќ и синкретизмот со анадолската Артемида и Артемида-Хеката.[319] Најблиската аналогија на нашите две фигурини доаѓа од т.н. Куќа со скалила од Ајани, каде за жал калатосот е откршен, па постоењето на симболите меѓу кулите е несигурно.[320]

Третата варијанта е претставена со шест примероци на допојасни женски бисти со високи капи украсени со цветови, од кои пет се откриени во населбинските слоеви на Вардарски Рид кои датираат од 2. до раниот 1. век, а последната глава е откриена на локалитетот Глоска Чука. Од Исар-Марвицни е позант фрагмент од капа украсена со цветови.

Првиот примерок е прилично оштетен (Т.39:13). Недостасува десната страна и долниот дел. Лицето е скоро без рељеф. Очите, веѓите и устата се наѕираат, единствено долгиот нос е јасно видлив. Косата е разделена на средината над челото и зачешлана на страна, но прамените едвај се забележливи. На десната страна еден прамен се спушта на рамењата, а на левата украсна лента во вид на издигнати ребро кое ја следи контурата на рамото. Се чини дека божицата е облечена во тенок проѕирен хитон, бидејќи сочуваната лева града изгледа како да е без облека. На левата надлактица се забележува двојна белегзија, а на ушите кружни обетки. На главата има висока полукружна капа украсена со рељефно изведени пет цветови, од кои трите на средината се откршени. Цветовите се изведени од поединечни грутки глина, а веројатно биле споени со гранчиња. Глината е црвено печена со примеси од мика и зрна песок, без траги од боење.

[318] Lilimpaki-Akamati et al., 2004, 58, fig. 71. Karamitrou-Mentessidi 1989, 48, fig. 14; Vokotopolou et al., 1993, 274, cat. no. 352. Adam-Veleni 1998, 78, fig. 68.
[319] Nankov 2007, 50-52.
[320] Καραμήτρου-Μεντεσιδη 2008, 38, εικ. 39.

Вториот примерок е откриен во Куќата на колекционерот на Вардарски Рид (Т.39:14) и потекнува од затворен контекст датиран во доцниот 2. и раниот 1. век. Фигурината е прилично оштетена. Од лицето, јасно се гледаат вдалбнувањата за очите. Косата во крупни прамени е зачешлана на страните и разделена на средината. На главата има висока полукружна капа украсена со седум кружни вдлабнувања во кои се изведени розети. На двете надлактици се забележуваат белегзии. Поголем дел од предниот дел на бистата недостасува, но се сочувани тешките набори од хитонот. Глината е грубо изработена, непрочистена и со темнокафена боја. Нема сочувани траги од боење.

Од третиот примерок е сочувана главата и вратот (Т.39:15). Иако нема капа на главата припаѓа на овој тип заради двата големи цветови закачени во косата од десната страна. Цртите на лицето и кај овој примерок едвај се распознаваат. Лицето е овално, со полни образи, долг и прав нос, а устата е оштетена. Косата е разделена на средината и зачешлана наназад, а прамените се во плиток рељеф. Од под ушите кои се украсени со две кружни обетки, има две пластични ребра, кои можеби се прамени од косата или пак ребра кои покрај вратот ја следат контурата на рамото. Глината е црвено печена со примеси од мика и зрна песок, без траги од боење.

Четвртиот примерок е исто така многу фрагментиран (Т.39:16). Сочувана е само левата страна со левата рака, десното рамо и вратот. Од облеката јасно е нагласен изрезот на хитонот, наборот под десната града, како и дел од јажето со кое е подврзан хитонот. Изработена е од глина со темнокафена боја со примеси од мика и песок, а траги од боење не се сочувани. На рамењата се изведени издигнати пластични ребри заоблени на краевите. Во овој случај е сигурно дека не се работи за прамени од косата, ниту пак за наслон од столица, туку најверојатно за некакви украсни ленти со кои е подврзана косата, а чии краеви паѓаат на рамењата.

Уште една фрегментирана глава со цвет во косата е откриена на Вардарски Рид (Т.39:17). Додека пак примерокот од Глоска Чука (Т.39:18) е

помал по димензии и многу веројатно припаѓа на стоечка женска фигурина иако ги има истите одлики, односно висока капа украсена со цветови. Последниот примерок е само фрагмент од капа која припаѓала на допојасна женска фигурина од овој тип (Т.39:19). Откриена е на Исар-Марвинци. Капата е украсена со голем кружен цвет централно поставен на врвот, а од него кон страните се спушта венец изведен од листови и гранчиња.

### 3.2.2. Седнати женски фигури

Најстарите претстави на седнати женски фигури се откриени на Исар-Марвинци и потекнуваат од 5. век. Фигурите се облечени во долги наметки без нагласени контури или набори, со рацете поставени на колената, а на главата носат капи, зашилени на темето (Т.40:20-23). Цртите на лицето, едвај се распознаваат, освен шилестиот и многу нагласен нос на три од вкупно четири примероци. Седнати се на стол чии агли единствено излегуваат од контурата на телото кое како да е стопено со столот. Од четирите сочувани примероци една е изработена од глина со многу мика со темносива боја, а на останатите две се забележуваат остатоци од бела боја.

Сите останати седнати теркотни фигурини се многу подоцнежни и припаѓаат на 2. и 1. век. најчесто оние седнати на орестол или стол се идентификувани кко претстави на божицата Кибела, а оние без стол кко хиеродули - придружнички главно на Афордита, иако се среќаваат и со Кибела и Деметра.

Од 2. век датира и примерокот откриен на Исар-Марвинци (Т.40:24) и е единствен досега откриен примерок со големи димензии (в. 50 см). Главата на божицата недостасува, но на рамењата се сочувани прамени од косата. Седната е на престол, а предните страни се решени во вид на столбци украсени со палемти на врвот. Божицата е облечена во долг хитон со апоптигма подврзана со широк појас и јазол на средината. Нозете се подигнати на столче, чии предни страни се украсени со лавовски глави.

Две фигурини откриени на Вардарски Рид во затворени целини во две од куќите на Јужната тераса, припаѓаат на овој добро познат иконографски тип на божицата седната на престол со висок дволисен или тролисен завршеток на престолот со нозете поставени на ниско столче. Во левата рака држи тимпан, а во испружената десна рака патера. Ја придружуваат два лава седнати од двете страни покрај неа.

Првата фигурина (Т.41:25) висока 27.5 см е откриена во фрагменти и делумно реставрирана.[321] Изработена е од глина со многу мика и песок. Трагите од бела боја сочувани на левата страна укажуваат на тоа дека била боена после печењето, додека пак трагите од горење кои се видливи на горната половина на фигурината настанале како резултат на рушењето во пожар на Работилницата на Менек, каде била откриена. Божицата е облечена во долг јонски хитон подврзан под градите, кој го нагласува нејзиниот елегантен и тенок струк. Химатионот е префрлен преку скутот и колената, откривајќи ги вертикалните набори на хитонот одоздола. Таа носи висока капа - полос на главата, на која е префрлен вел кој ја покрива косата сплетена во две долги плетенки. Двете нозе се поставени на столче, десната нога е повлечена понапред и излегува од работ на столчето. Двата лава се седнати до неа, на двете страни на престолот. Рељефот е плиток и не е потенциран, особено деталјите на лицето на божицата и лавовите кои се тешко распознатливи. Очигледно, калапот во кој била изработена фигурината бил излижан од долга употреба.

Втората фигурина (Т.41:26) која е откриена во соседната Металуршко-текстилна работилница припаѓана на истиот тип, но е оштетена и сочувана до висина од 22.8 см. Сосема недостасува главата, додека другите фрагменти кои недостасуваат се реставрирани, вклучувајќи го и долниот дел од постаментот.[322] Двете плетенки се сочувани и укажуваат дека божицата е претставена со истата фризура како и претходниот примерок. Некои детали на облеката се повеќе нагласени, како појасот со кој е подврзан хитонот под градите, но не и двата

[321] Митревски 2005а, 57-58, Fig. 47а; Сламков 2004, кат. бр. 12.
[322] Митревски 2005а, 58-60, Fig. 50; Сламков 2004, кат. бр. 13.

лава на страните кои се скоро без  рељеф. Иако многу слични на прв поглед, двете фигурини се изработени во различен калап, од различна глина и многу веројатно од различни мајстори. Глината на вториот примерок е црвена, но добро прочистена за разлика од претходната, и без траги на боење по печењето.

Иконографската престава на седната Кибела на престол придружена од два лава е побро позната и раширена низ Медитеранот во класичниот и хеленистичкиот период.[323] Но најблиските аналогии на нашите фигурини во соседните региони доаѓаат од Варош (античкиот град Керамие во регионот на Двериоп) близу Прилеп,[324] од светилиштето на Мајката на боговите и Афродита во Пела,[325] Ајани[326] и од хеленистичкиот град во Петрес близу Флорина[327].

Во стобската серија на теракотни фигурини датирани главно во втората половина на 1. век се среќаваат повеќе примероци на седнати женски фигури (Т.41:27-28). И кај нив може да се издвојат повеќе варијанти во зависност од изведбата на деталите кои на повеќето примероци тешко се распознаваат заради лошиот рељеф. Главно се работи за седнати женски престави облечени во долги хитони и завиткани во химатиони, со слабо нагласен рељеф на наборите. Деталите на лицето ретко се нагласени, а од истите причини не е јасно дали на главата имаат префрлен вел или пак се работи за едноставно моделирана фризура, најчесто раздвоена во патец. Едната рака вообичаено е покрај телото и положена на колената, додека пак другата свиткана во лактот е поставена на градите, каде се чини дека е изведен голем венец со медаљон или некаков друг предмет кој го придржува со свиената рака. Седнати се на стол со висок наслон кој како да е слиен со телото, со рамни страни. На некои примероци нозете на фигурата се подигнати на столче. Сличниот иконографски тип на седната женска престава на престол, со нозете подигнати на столче би ја поврзале со Кибела, иако недостасуваат другите атрибути вообичаени за нешто постарите

[323] Vermaseren 1977, 72.
[324] Битракова-Грозданова 1999, 124-146.
[325] Lilibaki-Akamati et al., 2004, 58, fig. 71.
[326] Karamitrou-Mentessidi 1989, 45-46.
[327] Adam Veleni 1998, 78, fig. 68.

претстави, додека пак во однос на поставеноста на едната рака на градите покажува сличност со раните типови од доцниот 5. и 4. век од Исар-Марвинци. Покрај белата боја со која веројатно биле целосно премачкани се забележуваат траги и од црвена боја.

Во оваа група спаѓаат и теракотни фигурини на седнати голи жени без столица или престол, со косата собрана во кок, кои се идентификувани како Хиеродули, „светите проститутки“, поврзани со култот на Афродита. Примероците со кои располагаме, главно се откривани на Вардарски Рид и Исар Марвинци и потекнуваат од 2. век, како и една нешто подоцнежна серија честа на Западната некропола во Стоби, датирана во августово време.

Хиеродулата откриена во Куќата на колекционерот на Вардарски Рид датирана во доцниот 2. век е единствена од својот вид заради начинот на изработка и украсите на неа (Т.41:29). Женската фигура е во седната поза, со десната рака свиткана во лактот и поставена на стомакот, а левата е покрај телото. Косата е разделена на средина над челото, во крупни прамени зачешлана и собрана наназад. На темето е прицврстена со лентеста дијадема на која се наредени кружни украси, а над дијадемата има полукружна капа исто така украсена. На ушите носи кружни обетки, а на вратот има ѓердан со голем кружен медаљон. На двете надлактици и на глуждовите има белегзии, од кои таа на десната рака е дополнета исто така со кружен додаток. Две белегзии ја украсуваат и левата нога над коленото и една глуждот. Останатите хиеродули од Марвинци, Вардарски Рид (Т.41:30) и особено оние од Стоби (Т.41:31-32) се вообичаени голи женски престави во седната поза, со коса собрана во кок и без украси. Кај примероците датирани во доцниот 2. и 1. век, на самиот крај од оваа продукција рацете се само нагласени на рамењата.

### 3.2.3. Стоечки женски фигури

Стоечките женски теракотни фигурини се појавуваат на локалитетите по долината на Вардар во раниот хеленистички период, чија најголема

концентрација е забележана на подобро истражените локалитети - Вардарски Рид, Исар - Марвинци и Демир Капија, а се јавуваат и на Глоска Чука - Грчиште и Згрополци. Овде секако треба да се спомене и обемната продукција на теракотни фигурни од Стоби, датирана претежно од средината на 1. век пред Христа и на преминот во 1. век од новата ера, иако се среќаваат и постари примероци. Досега теракотните фигурини, особено стоечките женски престави без атрибути на божици не се обработени поединечно во форма на каталог со детални описи, но присутните типови и нивниот развој во хеленистичкиот период, се публикувани во досегашната литература.[328] Оттука, овде би се задржале на главните карактеристики на хронолошкиот развој на типовите преку некои покарактеристични примероци, главно од Вардарски Рид, Исар-Марвинци и Демир Капија, во кои ќе се вклучат и фрагментирани примероци од кои е сочувана само главата, но припаѓаат на оваа категорија на женски фигури.

Се работи за стоечки женски фигурини со благо наведната глава на едната страна, со кокетно закривена поза на телото, облечени во долги хитони, завиткани во химатиони (Т.42:33-37). Вообичаено, со едната рака поставена на струкот ги придржуваат наборите на облеката, а другата, свиткана во лактот и поставена на градите или стомакот е завиткана под химатионот. Раните примероци датирани во доцниот 4. и раниот 3. век потсетуваат на популарната продукција на фигурините во Танагра, каков што е случајот со двете фигурини откриени како гробни дарови во Демир Капија.[329] Двете се завиткани со химатионот, со рацете ја придржуваат наметката, а на главите носат капи со различна висина, покриени со вел. Обично примероците од Танагра, чија продукција и дистрибуција е особено интензивна во 4. и 3. век ги задржуваат истите морфолошки карактеристики на овој тип фигурини, а разликите главно се однесуваат на изведбата на фризурата, која е разделена во патец, зачешлана во благи кадрици на страна, покриена со висока капа или вел, кој паѓа на рамењата. Танагра фигурините се боени по печењето со интензивни бои кои на нашите примероци не се сочувани. Истиот тип на кокетни женски фигурини, но

[328] Види особено: Битракова-Грозданова 1987, 135-140.
[329] Битракова-Грозданова 1987, 135, Т.VIII, 1, 2.

сега под засилено влијание на малоазиските центри во Троја и Мирина продолжуваат да се изработуваат и во целиот 2. и делумно во 1. век.

Во доцниот 4. и раниот 3. век се јавува и една серија на женски стоечки фигури со т.н. мелон фризура, сплетена во плетенки или крупни локни, зачешлана station наназад и собрана во кок на темето (Т.42:38). Примероци од оваа варијанта, од кои најчесто е зачувана само главата се откриени во Демир Капија, Марвинци, Глоска Чука и Вардарски Рид, а нејзиниот прототип се наоѓа во монументалната скулптура на Корина изработена од скулпторот Силанион.[330]

Во текот на 3. век продукцијата од Тангра развива една нова варијанта на на девојки со бујна коса, со обработени фризури со локни или кадрави прамени собрани назад во кок, со пуштени увојци на лицето, затскриена со вел префрлен преку главата или пак без вел (Т.42:39-40). Овие се работени во длабок рељеф, со нагласени и убаво обработени црти на лицата на девојките, со благ поглед и сензибилитет кој е најчесто споредуван со стилот на Праксителовите скултури во мермер. Такви примероци се откриени на Исар Марвинци, Стоби и Вардарски Рид.

По 220 г. и низ целиот 2 век се јавува една нова варијанта која носи нов моден детаљ, во изведбата на главите на девојките со марама која го покрива челото и се врзува на тилот. Конкретно за овие се посочени врските со Троја и Мирина, а примероците во Верија и Пела датирани во втората четвртина на 2. век укажуваат директни влијанија од Мала Азија на македонската територија.[331]

Во текот на 2. век се јавуваат фигурини на девојки кои го задржуваат во извесна мера постариот стил на фигурините од Танагра, со мали разлики во изведбата (Т.42:41-42; Т.43:43-48). Имено сите овие се подигнати на кружен постамент, со истата кокетна поза, со едната нога истурена напред, а тежината на телото е префрлена на ногата која е повлечена. Се забележуваат варијанти во изведбата на облеката: кај некои се открива хитонот, високо потпашан под

---

[330] Соколовска 1986. Битракова-Грозданова 1987, 135.
[331] Битракова-Грозданова 1987, 136.

градите а химатионот е префрлен преку грбот и едната рака, додека кај други се збалежува истиот стил на обвиткување на химатионот околу телото, но вообичеано едната рака е слободна, а со другата ги придржуваат наборите на облеката. Кај неколку примероци од Вардарски Рид и Марвинци, левата рака преку која е префрлен хитонот е свиткана во лактот и подигната нагоре. Некои од овие дами во едната рака држат ладало, огледало или пак двојна флејта. Најголемите разлики се согледуваат во изведбата на главите и фризурата. Често пати се јавуваат високи капи, некои украсени, потоа венци и дијадеми. Преку капите е префрлен вел. Косата е најчесто раздвоени на средината, зачешлана на страна во крупни прамени, а свиени кадрици паѓаат на рамењата. Овие типови кои се врзуваат на малоазиската продукција, особено онаа во Мирина се всушност најбројните застапени примероци на нашите наоѓалишта, во гробовите на Исар Марвинци и Демир Капија и во населбинските слоеви на Вардарски Рид. Овде особено би ги спомenале главите на девојки кои припаѓале на стоечки фигури, откриени во пештерата Змеовец, близу с. Дрен кај Демир Капија (Т.43:46-48). Ова се едни од најдобро сочуваните примероци во однос на колоритноста, датирани во 2. век. Квалитетната изработка веројатно упатува на работилница на југот, во поголемите македонски центри. Пештерата е определена како светлиште, веројатно на Афродита, со оглед на тоа што меѓу фигурините се идентификувани и престави на божици за кои ќе стане збор во следното поглавје.

### 3.2.4. Теракотни фигури на божества

Ако ги изоставиме протомите, допојасните претстави на божиците идентификувани како Афродита, Кибела или Деметра и Кибелите седнати на престол, останува да ги разгледаме овде другите типови на стоечки теракотни фигурини или само глави кои заради одредени карактеристики или присутни атрибути се идентификувани со божествата.

Најпрво овде би спомeнале една теракотна глава на божица која е откриена во т.н. Централен комплекс на Акрополата на Вардарски Рид, датирана во доцниот 2 век (Т.43:49). Во каталогот од постојаната поставка на Музејот во Гевгелија е публикувана како глава на жена, иако изгледот и димензиите упатуваат на претстава на божица.[332] Главата е сочувана заедно со вратот до висина од 12,7 см, но откршувањето на вратот укажува дека веројатно се работи за биста. Се забележуваат оштетувања на брадата и левиот образ. Изработена е од кафена глина со примеси од мика и големи партикули од песок, но не се сочувани траги од боење. Главата на божицата е благо навалена на левата страна. Очите се закосени надолу, веѓите ја следат линијата на очите, носот е прав, а усните мали, но полни и сензуални. Фризурата е едноставна, разделена на патец над челото и зачешлана во прамени со остра алатка. Единствено двете локни кои го заокружуваат лицето и паѓаат до ушите даваат впечаток на обработена фризура. За жал, задниот дел од главата е откршен, така што не е јасно како е изведена фризурата, но бидејќи нема траги од долги локни, се чини дека била собрана на тилот, нагласувајќи го долгиот врат на божицата. На главата носи дијадема со кружен оранмент во централниот дел, кој исто така е оштетен.

На прв поглед се чини дека се работи за престава на Афродита, судејќи според изведбата на косата и нежниот изглед, но ако ја спoредиме нашата божица со теракотната глава на Кибела откриена во ритуална јама во Светилиштето на Мајката на боговите во Аига,[333] се забележува сличната идеја во претставувањето на возрасна божица со дијадема. Главата на Кибела во Метроонот во Аига е датирана во доцниот 3. век и според С. Другу таа е рефлексија на пораните престави на божицата од класичниот период која носи одлики на Афродита.[334] Светилиштето во Аига е посветено на Кибела и

[332] Митревски 2001, 52, сл. 66; Хусеновски-Сламков 2005, кат.бр. 177.
[333] Δρούγου 1993, εικ. 5, 8, 9; Δρούγου 2011, 325-333.
[334] Δρούγου 2011, 331.

Афродита, како и на други божества во мистичните ритуали кои го нагласуваат нејзиниот хтонски карактер.[335]

Главата и дел од десното рамо се сочувани од теракотна, веројатно биста на божица со поголеми димензии откриена на Вардарски Рид (Т.43:50). Лицето е овално, нежно со полни образи, мала сенузална уста, прав нос и бадемасти очи под рамните веѓи. Крупни локни го врамуваат лицето, скротени под ниската полукружна капа, а сплетената бујна плетенка паѓа на десното рамо. На ушите се забележуваат кружни обетки. Големината на главата упатува на престава на божица, а во недостаток на други атрибути, би се потпреле на нежниот израз на лицето кое упатува на Афродита.

Теракотната фигурина откриена во пештерата Дрен кај Демир Капија која е идентификувана како светилиште е преставува Атена Акидемос со коринтски плем на главата под кој се надзираат две долги плетенки кои паѓаат на рамењата (Т.43:51). На градите носи голем ѓердан со кружен медаљон со престава на медуза. Се поврзува со слични претстави работени во Пела во 2. и 1 век, но и во Троја.

Во стобската серија на подцнежни фигурини од августово време се среќаваат претстави на различни божества, но најчести се Афродита, Ерос, Дионис и Телесфор (Т.44:52-60). Афродита е присутна со најразлични варијанти: седната на гуска или лебед, па идентификувана икако Леда, Афордита Книдска, Афродита собака сандала, Ерос на бик, Дионис седнат на лав, а Телесфор во повеќе типови со или без дете. Единствената потврда за Атис ја наоѓаме воедна фрагментирата теракотна фигура од Глос Грчиште (Т.44:61).

### 3.2.5. Животински фигурини

Исар-Марвинци, Вардарски Рид и стобска продукција се локалитетите на кои се откривани теракотни фигурини на животни. Најимпозанатна е големата

[335] Δρούγου 2011, 332-333; Δρούγου 2011a, 23-33. Blazevska, In Honorem Stella Drougou, во печат.

фигура на седнат лав со раскошно изведена грива која потекнува од 2. век, откриена на Марвинци (Т.45:62). Се препоставува дека е дел од голема скулпторална композиција од глина која ја преставува Кибела. Од Марвинци потекнува и лав со помали димензии.

На Вардарски Рид во 2. век се откриени неколку животински фигурини: голема глава на куче, глава и дел од телото на змија, глава на нилски коњ, овен, коњ и разни птици (Т.45:63-67). Од нив највеќе внимание привлекуваат кучето и змијата кои се најдени во т.н. Култен објект, заедно со фрагменти од драперија и рака од голема теркотна скулпторална композиција, голема светилишна светилка со три изливници и амфора со фалусоиден изливник. Змијата и нилскиот коњ може да се поврзат со египетски влијанија, додека кучето повеќе за Артемида.

Стобската теракотна продукција изобилува со животински престави: бикови и крави, петли, кучиња, диви свињи и кози, коњи со тркалца чија финкција се упте не е јасно дефинирана. Некои од нив со право се определени како детски играчки, но други секако се поврзани со религиозни верувања. (Т.45:68-71).

### 3.2.6. Анализа на коропластиката по долината на Вардар

Првите теракотни фигурини по долината на Вардар стигнуваат прилично доцна, на почетокот на 5. век и во мал број. Всушност само пет примероци откриени на Исар-Марвинци се врзуваат за раниот 5. век. Примерокот на протома од доцноархајскиот период е единствен од овој тип досега откриен не само по долината на Вардар, туку на целата територија на денешена Македонија, за жал со непознат контекст на откривање. Најчесто се гробни дарови или се откриени во рамки на објекти за живеење, закачени на ѕид во женски простории и ако без атрибути се поврзуваат со претстава на божица.[336]

[336] Higgins 1967, 64, на еден примерок на протома од Делос датиран околу 500 г. е испишан натпис со посвета на Хера, но не секогаш овие протоми се поврзани со оваа божица.

Овој тип е познат и широко распространет низ Медитеранот, откриван на брегот на мала Азија и островите, посебно Родос,[337] која се смета за матична територија на нивното производство, на централнто грчкото копно во Беотија, каде се дефинирани како источно влијание,[338] на Понт и Сицилија. Во најголем број случаи заклучоците се сведуваат на доселени мајстори или импортирани калапи. На северноегејското крајбрежје се присутни на Халкидик, особено во Олинт, некрополата во Акантос и Неа Каликратија на Халкидик главно датирани во првата четвртина на 5. век, каде се регистрирани и локални работилници.[339] Изнесено е мислење дека главна улога во нивото ширење на северноегејското крајбрежје можеби има Тасос, каде исто така имал локални работилници кои ги изработувале овие протоми со исклучително висок квалитет.[340] Нашиот примерок според морфолошките карактеристики е поблисок до источните, родоски работилници, но многу поверојатно иззработена во некои од локалните работилници на северноегејското крајбрежје.

Во скоро истиот период, првата половина на 5. век од Исар Марвинци се познати четирите седнати женски претстави со зашилена капа. Потеклото на овој иконографски тип се наоѓа во источната продукција. На родоската некрополата на Камирос, слични примероци се среќаваат на преминот од 6. во 5. век.[341] Женска преставa седната на стол со капа на главата асоцира на претстава на божица, но без претставени атрибути идентификацијата е невозможна. Во општите класификации на теракотната продукција во текот на 6. век таа би произлегла од групата седнати Афродити за кои главен продукциски центар е предложен Самос.[342] Зашилената капа - пилос која вообичаено се изработувала од јагнешка кожа е типична малоазиска капа вообичаена за машки престави

337 Higgins 1967, Pl. 26, fig. a-b, исто ги нарекува родоски протоми. Clara Rhodos VIII, 203, fig. 181.
338 Szabo 1994, 127-131, fig. 148. Higgins 1954,
339 Τζαναβαρη 2014, 331.
340 Szabo 1994, 129-130, не ја исклучува можноста и локалната беотска продукција да извршила посредно влијание на ширењето на овој тип на халкидик.
341 Clara Rodos IV, 121, fig. 114. Истиот тип на жена со шилеста капа се среќава и седната на коњ.
342 Higgins 1967, 36-37.

идентификувани како гениј, како на пример примерокот од некрополата во Јалисос[343], а не на женски престави. Иако во останатиот дел од Медитеранот не се така чести како родоските протоми, веројатни нивото ширење се случува по истите патишта. Примероците од Марвинци се со груба изработка, без нагласени детали што упатува на локален производ, особено примерокот изработен од сиво печена глина.

Иако малку на број, за разлика од керамичките садови, теракотните фигурини во доцноархајскиот период упатуваат на единствени влијанија од исток, се разбира не директни туку со посредништво на колониите на северноегејското крајбрежје.

Сè до доцниот 4. век на нашата територија е забележано потполно отсуство на теракотни фигурини. Во доцниот 4. и 3. век се актуелни примероци кои припаѓаат на вториот тип на женски допојасни бисти со рацете поставени на градите кои покажуваат мали разлики во однос на деталите: со висока капа украсена со рељефно изведени розети (првите две), со висока капа и украсна лента - стефане без рељефни додатоци (останатите четири), а четирите примероци се посебна варијанта со ниска капа и стефане со вел. Во трудот на Цанавари сите наши примероци без разлика на горе наведените разлики припаѓаат на Тип Г и се датирани на преминот од 4. во 3. век. Откривани се на просторот на Античка Македонија во Синдос, Дервени, Лете, Миеза, Пела, Аинеа, Верија и се врзуваат за локална работилница која функционирала во времето на Касандар.[344] Идентификацијата на оваа божица сè уште е спорна. Заради тоа што најчесто се работи за гробни дарови се смета дека таа е поврзана со верувањата за задгробниот живот, заштитувајќи ги мртвите во подземјето. Кон ова тврдење се надополнува и сликаната претстава на божицата во гробот - циста во Амфиполис. Од друга страна, вакви фигурини се откривани и во светилишта и приватни куќи особено во женските одаи, и главно се врзуваат на раѓањето, бракот, репродукцијата и смртта. Се смета дека токму овие

[343] Clara Rodos VIII, 208, fig. 185.
[344] Τζαναβαρη 2014, 333-334.

карактеристики кои можат да се поврзат со неколку различни божици е причината за отсуството на конкретни атрибути. Сепак, птиците, цветовите и плодовите ги врзуваат за божиците на кои им се упатуваат молитви за изобилство и плодност, па оттаму најчесто се споменува Афродита, Артемида или Деметра.[345]

Потеклото на овој иконографски тип треба повторно да се бара на исток, на Родос каде се развиваат од родоските архајски протоми во средината на 5. век, а оттука се шират низ целиот Медитеран.[346] Иако отсутни во текот на 5. и скоро целиот 4. век, очигледно овој иконографски тип станува омилен на просторот на античка Македонија каде на преминот од 4. во 3. век во локални работилници бележи индивидуален развој, од каде и стигнале до Марвинци.

Хеленистичкиот период е обележан со масовно присуство на теракотни фигурини, кога доминира продукција на стоечки женски фигурини облечени во хитон со химатион со богато изведени набори, под влијание на продукцијата во Танагра за кои досега многупати е пишувано. На нашата територија се дистрибуирани преку некој од поголемите центри во античка Македонија, Пела или Верија каде се откривани во изобилство. Не е исклучено и нивното локално производство особено во текот на 2. век во градовите на Вардарски Рид и Исар - Марвинци.

Одредувањето на импортирани примероци во калапената индустрија е исклучително тешко, особено кога не се извршени анализи на глината. Тангриските производи се широко распространети низ Медитеранот, а нивните имитации се изработувале и во локални работилници. Некои примероци од Исар-Марвинци и Вардарски Рид датирани порано во 3. век, кои припаѓаат на познатите типови на фигурини од Тангара би можеле да се одредат како импорт,

---

345 Τζαναβαρη 2014, 334.

346 Higgins 1954, за примероците во Британскиот музеј од Родос: 237- 239, 241, 242, 295; Халикарнас: 492; Беотија: 842, Олинт:2075, Тарент: 1276. За беотските протоми на Дионис на кои богот во рацете свиткани на градите држи јајце и петел (874) и јајце и кантарос (873). Види исто Higgins 1967, 64, Fig. 26C, нивната продукција на Родос завршува околу 330 г. Во Беотија се среќаваат до крајот на 4 век, најчесто женски протоми со рацете на градите.

но веројатно со посредништво на центрите во античка Македонија. Теракотната продукција во 2. век е во голема мера врзана за локалните работилници, потврдена и со бројните откриени калапи, се разбира следејќи ги новитетите кои ги носат големите продукциски центри. Во Античка Македонија, откриените теракоти во некрополите од 2. век во Верија и Пела, ги потврдуваат овие два центри како носечки во регионот. На Вардарски Рид несомнено во некои од единаесттe откриени печки се изработувале и теракоти, а нивниот огромен број на Исар Марвинци исто така потврдува локална продукција. Единствено фигурините откриени во светилиштето во пештерата кај Дрен, Демир Капија, каде се смета дека се почитувала Афродита, кои претежно се фрагментирани, но со извонредно сочувани бои, упатуваат на работилницата во Пела.

Примероците на женски стоечки фигурини најчесто се јавуваат како гробни дарови, особено популарни во женските погребувања од 2. век, што особено го потврууваат наодите од Исар-Марвинци, но и населбинските слоеви на Вардарски Рид, каде се среќаваат во изобилство во куќите.

Функцијата на стоечките женски претстави не е до сосем објаснета. Недостатокот на други атрибути ја отежнува нивната идентификација со некоја од божиците, па оттаму главно се определени како претстави на девојки без да им се придава ритуално или религиозно значење во смисла на почитување на одредени божици. Нивното големо присуство во женските погребувања, особено во 2. век, им дава одредена улога во задгробниот живот, но повеќе како предмети со кои покојничките биле поврзани во секојдневниот живот, отколку како предмети кои одразуваат религиозен концепт. Оваа констатација уште повеќе се потврдува и со големиот број вакви фигурини откриени во населбински контекст, иако за околностите во кои биле употребувани во секојдневието потребни се сериозни компаративни истражувања на населбинските слоеви на поширок регион. Анализата би опфатила мапирање на местото на откривање, во женските одаи, во некое посебно катче во куќата во која се наоѓа домашниот олтар, или во просторот за секојдневнен престој, во економскиот дел на куќата и сл. Ако го земеме за пример Вардарски Рид, каде

вакви теракотни фигурни на девојки се откриени во голем број во затворени целини, би извлекле заклучок дека претежо се врзани за женските одаи, на горните спратови во куќите и тоа најчесто со домашни олтари посветени на Афродита или Кибела.[347] Вакви домашни олтари на Вардарски Рид се откриени повеќе, но освен оној во т.н. Куќа со светилиште за кој е одредена посебна просторија во приземјето на куќата со иззидана клупа на која стоеле ритуалните предмети, за сите останати не постои правило, ниту пак строго определено место за таа намена, односно повеќето се адаптирани на просторот и потребите на сопствениците. Но, во повеќето случаи се смета дека се наоѓаат на горниот спрат, и тоа најчесто врзани за женските одаи. Најдобар пример дека вакви фигурини на девојки се откривани во домашни олтари е Куќата на Колекционерот, каде на горниот спрат стоел домашен олтар на Афродита сигурно потврден со мермерната скулптура на божицата и околу седумнаесет престави на девојки, чија функција во овој случај е врзана за ритуални дејствија. Во еден случај на Вардарски Рид е откриен приемрок на девојка во т.н. Работилница на Менек, и тоа во глинена конструкција наспроти печката во која веројатно се подготвувал некој дел од процесот на изработка на глинените производи. Но, во нејзина близина е откриена и теракотна фигурина на Кибела на престол, опишана погоре. Бидејќи над работилницата не е констатиран горен спрат, кој секако и не би бил направен заради самата работилница, изнесено е мислење дека или двете се дел од производството на Менек, или мајсторот во работилницата имал олтар посветен на божицата.[348]

Оваа масовна продукција на женски стоечки фигурини без конретни атрибути е придружена со една серија на седнати фигури или бисти датирани главно во 2. век, кои се поврзуваат со двете најпочитувани божици Кибела и Афродита.

Седната женска фигура на стол или на престол најчесто се идентификува со Кибела. Фригиската Мајка на боговите Кибела, чиј култ преку Мала Азија се

[347] За домашните олтари на Кибела и Афродита на Вардарски Рид види: Blazevska-Slamkov, 2011. Blazevska, In Honorem Stella Drougou, во печат.
[348] Блажевска 2005,. Blazevska, In Honorem Stela Drougou, in print.

шири на островите и грчкото копно, на трако-македонскиот брег и во внатрешноста на Балканот, е особено почитувана во хеленистичкиот период. Нејзината препознатлива иконографија креирана во 5. век по идејата на скулпторот Агоракрит или Фидија,[349] се задржува низ целиот хеленистички период, но и подоцна во римско време. Божицата на природата и обновата на вегетацијата, на планините и дивите ѕверови е претставена седната на престол со тролисен или дволисен наслон, облечена во хитон и химатион, со тимпанон и патера во рацете, со лавови од двете страни на престолот, со калатос или „corona muralis“ на главата. Варијантите најчесто се јавуваат во претставата на лавовите (еден или два лава седнати покрај престолот, еден лав во скутот или лав под нозете), типот на круната на главата (калатос, полос или corona muralis) и појавата на аколити - момче (Хермес) и девојка (Кора) преставени во релјеф на наслонот, или две брадести машки глави, аколити-гали, кои ги гази под нозете, што се должи на различните влијанија кои вообичаено стигнувале од југ или исток, од Мала Азија.

Култот на Кибела, особено е почитуван во античка Македонија, за што зборуваат многубројните мермерни или теракотни претстави, како и светилиштето во Вергина и Пела. На нашата територија не е откриен храм, иако наодите од Марвинци упатуваат на негово постоење. Теракотната скулптура на Кибела со огромни димензии, фигурата на лав исто така со големи димензии, како и мермерните рељефи и скулптурата на божицата, укажуваат дека во градот мора да постоел храм. За сега нејзиното почитување е потврдено во рамки на домашни олтари посветени на Мајката на боговите откриени во неколку куќи на Вардарски Рид од 2. и 1. век и во Централниот комплекс на Акрополата каде се откриени двете бисти на Кибела и два релјефни тиматериони - кадилници, едниот со претстава на Сатир, а другиот, со многу погруба изработка, во вид на пчела, исто така, симбол на Кибела. Во истиот комплекс е откриена глава на жена со поголеми димензии од вообичаените теркотни фигурини за 2. век, која неодамна е исто така идентификувана како

[349] Битракова Грозданова 1999, 136.

Кибела чија најблиска аналогија се среќава во Метроонот во Вергина,[350] што е сигурна потврда за почитувањето на божицата и не ја исклучува можноста за постоење на храм или светилиште во или околу градот.

Уште една серија на женски бисти е актуелна за 2. век, особено на Вардарски Рид. Тоа се женски допојасни престави со високи капи украсени со цветови, со коса сплетена во плетенки и украсни ленти на рамењата. И нив мора да ги поврземе со работилниците во античка Македонија, особено во Пела, од каде доаѓаат примероците откриени на Вардарски Рид, иако многу веројатно е некои од нив а се изработени тука.

Заради отсуство на други атрибути и овие често се идентификувани како женска божица, можеби Афродита или Артемида. Херодот раскажува за обичајот на пајонските жени да принесуваат заветни дарови завиткани во пченична слама, посветени на Артемида Кралица, идентификувана како божица на плодноста, вегетацијата и изобилството.[351] Досега не се откриени претстави на божицата во мермер, но чести се нејзините релјефни претстави во глина: теракотни фигурини, бисти во медаљон аплицирани на капаците од пиксидите кои се чести наоди од 2. век по долината на Вардар, особено на Исар - Марвинци и Вардарски Рид и на сребрениот медаљон од Бучин, каде што се среќава вообичаената хеленска иконографска претстава на Артемида, млада девојка со кус хитон и ловечки чизми, со тоболец на грбот, честопати придружена од куче или елен.

Но на македонско-пајонскиот простор, особено во хеленистичкиот период, се јавуваат многубројни епиклези на божицата како резултат на асимилацијата на локалната божица со слично значење или на синкретизам со други божества. Теракотните бисти на Артемида, откриени во Дебреште, Суводол, Стибера на кои божицата е претставена со цветна дијадема на главата и протоми на коњ и куче, ја поврзуваат со тесалскиот култ на Енодија, која на македонско-пајонскиот простор во хеленистичкиот период се поистоветува со

---

[350] Blazevska, In Honorem Stella Drougou, во печат.
[351] Битракова Грозданова 1999, 148-150.

Артемида. Се смета дека во античка Македонија бил формиран синкретизам меѓу неколку божици: Артемида Агротера, Енодија и Мајката на боговите Ма. Но, на нашите примероци потполно отсуствуваат протомите на куче или коњ, а единственото заедничко со бистите идентификувани како Артемида Енодија. Од друга страна нежните лица, транспаретните хитони, белегзиите на надлактиците на некои примероци, цветната круна повеќе упатуваат на Афродита или можеби станува збор за синкретизам на повеќе женски божества почитувани на оваа територија.

Со претходно споменативе женски божества се поврзани и хиеродулите, чие производство е локално, поврзано со влијанијата од водечките македонски центри. Единствено од нив се издвојува хиеродулата од Вардарски Рид заради големината, начинот на изработката на фризурата и накитот со кој е украсена. Ова е единствена ваква престстава досега откриена на наша територија која најблиските паралели ги наоѓа на Делос и тоа во групата на т.н. „ориентални Афродити“, а кои всушност се силен одраз на египетските влијанија, што особено се согледува во накитот, особено ѓерданот со кружен медаљон кој потекнува од фараонските престави на ритуалните танчарки.[352] Ритуалната танчарка преставува упте една сигурна потврда за почитувањето на Афродита во домашниот олтар во Куќата на колекционерот, но од друга страна дава потврда и за идентификацијата на бистите со цветна капа кои веројатно треба да се идентификуваат со Афродита.

Стобските теракотни фигурини припаѓаат на една подоцнежна продукција датирана главно во времето на Август, заради што се и најчесто се класифицирани како фигурини од раниот империјален период. Слични фигурини се откривани во изобилство во некрополата во Тесалоника, но нивната поврзаност со источната продукција, особено таа во Мирина и изборот на иконографските типови укажува на потекло во хеленистичката коропластика. Работени со многу послаб квалитет од продукцијата во претходниот 2. век, со плиток рељеф без нагласени детали особено во изведбата на лицата, а бројните

[352] Barett 2011, 175-184, D 25-D35.

скоро идентични примероци укажуваат на нивна локална изработка во Стоби. Изборот на преставите на божества најчесто разни варијанти на Афродита, Ерос, Дионис, Телесфор и бројните животински фигурини во Стоби, жанр сцените на театарски трагични или комични маски или мимичари, нивната улога во погребувањата и секојдневниот живот на стобјаните, сè уште не добиле соодветна интерпретација во науката.

## 3.3. Обработка на метал –тореутика и јувелиство

### 3.3.1. Тореутски производи

Глинените садови најчесто претставуваат имитација на луксузните прототипови изработени од бронза, сребро или поретко од злато во техника на леење, ковање и исчукување, украсени со чукање, врежување, позлата или релјефно изведени апликации. Сметани за исклучително луксузни и скапи предмети врзани за кралски куќи, аристократија и богати слоеви во општеството, некои примероци претставуваат врвни дела во уметничката обработка на металот.

По долината на Вардар во рамки на разгледуваниот временски период не се откриени голем број тореутски производи.[353] Скоро сите се веќе познати и елаборирани во науката. Најстарите примероци се фрагменти од фијала со омфалос и леген од војничкиот гроб на Милци откриени неодамна,[354] и рачката од хидрија од кнежевското погребување во Корешница[355] кои потекнуваат од раниот 5. век.

Фијалата припаѓа на познатиот тип фијали со омфалос, со полусферична форма декорирана на страничниот ѕид со преклопени лотосови листови врамени од двете страни со два реда пунктирани точки (Т.46:1). Ѕидовите се тенки, а декорацијата е изведена со искучување и пунктирање. Слични фијали со омфалос се познати од кнежевските погребувања во овој период: Синдос, и

353 Новите истражувања на некрополите на Исар-Марвинци не ми се познати.
354 Хусеновски 2015, 17-18, сл.11, 12.
355 Необјавено, ми благодарам на М. Јованов.

Требениште, еден примерок потекнува до Радолишта.[356]Легенот (лебес) е едноставен сад со цилиндрична форма, рамно дно и извлечен раб, без никаква декорација (Т.46:2). Најблиската аналогија се наоѓа на некрополата на Синдос, датиран околу 500 г.[357]

Нешто подоцна, од крајот на 5. и раниот 4. век лебес е откриен во гробот - циста во Жданец. Се работи за голем бронзен сад изработен од тенок бронзен лим, кој е прилично оштетен репариран уште во антиката, од кој пак одлично се сочувани двете масивни рачки од бронза прилепени за страничниот ѕид од садот. Рачките се состојат од цилидричен перфориран дел низ кој е протната полукружна алка од дебела бронзена жица. Од цилиндричниотдел надолу продолжува испуст во вид на палмета. Лебесите, големи садови со широк отвор со масивни рачки украсени со најразлични пластични апликации, се ретки наоди во некрополите во Македонија. Единствените примероци датирани во втората половина на 4. век се откриени во охридскиот регион, на некрополата на Требенишко Кале[358] и Горна Порта.

Само една хоризонтална рачка од хидрија е откриена во ограбениот кнежевски гроб во Корешница (Т.46:3). На краевите и на средината е украсена со аплицирани розети, а на средината со врежани палмети кои од двете страни ја врамуваат розетата.

Сребрената чаша од Жданец е единствениот откриен сад по долината на Вардар изработен од скапоцен материјал (Т.46:4). Сребрената чаша е откриена како гробен дар во погребување во циста, датирани во раниот 4. век.[359] Чашата е со прстенесто издигнато дно, полусферичен долен дел од телото, висок конкавен врат и извен раб. Долната половина од телото е украсена со вертикално поставени јацевидни орнаменти, а секој втор е одвоен со мали тролисни палмети. Сочувана е само една вертикална рачка, па оттаму е наречен

356 Filow-Schorpil 1927, 75, Abb. 93:1.
357 Σινδος 1985, 47, no. 65. За примерокот од Требениште види: Filow-Schorpil 1927, 76, Abb. 93:2. За примерокот од Радолишта види: Поповић 1958, T.VI, 23/1.
358 Лахтов 1959, T. XXXII, сл. 2.
359 Соколовска-Пашиќ 1975, 231-244.

кана или пехар, но спротивната страна недостасува. Рачката го опфаќа работ со два крака, чии краеви завршуваат во форма на глава од птица. Долниот дел на рачката завршува во форма на лист.

Тореутски производи сосема отсуствуваат на разгледуваната територија сè до 4. век, од кога датира познатиот сет за вино од Демир Капија, кој се состои од фрагментирана ситула, симпулум и цедилка и две каликс чаши.

Делумно зачуваната ситула од Демир Капија (Т.46:5) припаѓа на типот со тело во вид на кофа, со врежан срцевиден мотив под рачките.[360] Според обликот на телото таа е блиска со ситулата од околината на с. Граешница со пластично изведени додатоци на рачките, мотив на оволо под устието и натпис (ΤΕΥΤΟΥΕΙΜΙ) изведен со пунцирање на работ на устието, која денес се наоѓа во Белград.[361] Овие врвни тореутски производи се поврзуваат со сличните примероци откриени на поширокиот простор на Македонија и Тракија, карактеристични за средината или втората половина на 4. век, особено со примероците од музејот во Комотини, Дервени, Никисиани и кралската гробница во Вергина.[362]

Со ситулите, особено оние што немаат изливник, се поврзуваат цедилки и симпулуми (црпалки). Две цедилки, типолошки сосема различни, се откриени на разгледуваната територија: едната во гробот бр. 3 во Демир Капија составена од два диска (Т.46:6), горниот ситно перфориран, поставени на три ногарки во вид на лавовски шепи, а другата од Куќата на колекционерот на Вардарски Рид, во вид на полусферична чаша чиј реципиент е ситно перфориран со техника пункцирање во вид на маслинова гранка (Т.46:7). Двете цедилки датираат од втората половина на 4. век.[363]

---

[360] Вучковић-Тодоровић 1961, 239, сл 16.

[361] Antička bronza u Jugoslaviji, 1969, br. 54. Barr-Sharrar 1982, 127, fig. 8. Ситулата од Граешница би се датирала порано, врз основа на сличностите со примерокот од гробницата во Каламариа близу Солун од доцниот 5. век.

[362] The Search for Alexander, 1980, kat, nos, 107, 157.

[363] Јованов 2005, 284-285, сл. 7.

Симпулумите чии рачки обично завршуваат во вид на глава од куче или лебед, какви што се оние од Демир Капија[364] и Вардарски Рид[365] се почести наоди во ваквите сетови за вино (Т.47:8). Двете каликс чаши, засега се познати само од демиркаписката некропола.[366]

Металните оинохоа не се бројни наоди. Од раните форми на оинохоа кои имаат различна профилација на телото со поостар премин кон вратот, тролисно устие, кована рачка со правоаголен пресек која го надвишува работ на устието е откриен еден примерок на Исар -бМарвинци (Т.47:9).[367] Обично рачката е украсена на местото каде што е прилепена за телото на садот со апликација - срцелика, во вид на палмета или брадеста машка глава, каков што е приемрокот на рачка од с. Кршевица - Мариовско со релјефна апликација на Сатир.[368] Рачката откриена на Вардарски Рид (Т.47:10) претставува извонреден примерок кој припаѓа на посебен тип оинохоа изработувана во два дела (конвексно тело и конкавен врат), особено карактеристични за богатите погребувања во Дервени, Никисиани и Вергина.[369]

Кон овие се приклучуваат фрагментирани бронзени садови откриени во населбински контекст на Вардарски Рид (Т.47:11, 12). Тое се една чинија и две рачки од хидрија, пронајдени во затворен контекст во Куќата на колекционерот заедно со горе споменатите цедилка и симпулум.[370] Всушност, се работи за предмети кои сопственикот на куќата, која датира од втората половина на 2. век ги чувал на горниот кат заедно со други, значително постари предмети со уметничка вредност.

Металните садови претежно се откривани во гробни целини, а многу ретко во населбински слоеви. Нивното интензивно присуство во погребувањата

[364] Вучковић-Тодоровић 1961, 239-240, сл 20.
[365] Јованов 2005, 285-286, сл. 8, 9, со наведена библиографија.
[366] Вучковић-Тодоровић 1961, сл. 17. еден примерок од Црквиште - с. Беранци
[367] Соколовска 1987, Т.1, 1. Битракова-Грозданова 1987, 145, Т.II, 4. Оинохоето од Црвејнца е од друг тип со крушовидно тело со едноставна рачка изведена од тордирана бронзена жица и кружно устие, е датирано во истиот период.
[368] Микулчиќ 1966, 56, Т. XXI, Ь.
[369] Јованов 2005, 284-285, сл. 7.
[370] Јованов 2005, 281-289; Митревски 2005, 229-261.

се забележува во доцноархајскиот период, и тоа во кнежевските погребувања од втората половина на 6. и раниот 5. век., потоа во текот на 4. век и повторно во доцниот хеленистички период. Доцноархајските богати гробови од Синдос, Архонтико, Требениште и Горна Порта во Охрид, Беранци, Ајани и др., изобилуваат со бронзени и сребрени садови. Во текот на 4. век, особено во втората половина се забележува големо присуство на најразлични сребрени и бронзени садови во некрополите на поширок регион во античка Македонија и Тракија: богатите погребувања во Никисиани, Дервени, кралските гробници во Вергина, Ајани, скровиштата во Рогозен, Панаѓуриште и др. На територија на Р. Македонија метални садови се откриени на неколку локалитети. Освен фијалата од Радолишта,[371] кантаросот од Црквиште, с. Беранци[372] и ситулата од Граешница[373] кои не се откриени во затворен контекст и се широко датирани во текот на 5. односно раниот 4. век, останатите наоди на бронзени садови откриени во некрополите во Демир Капија, Исар - Марвинци, Црквиште - с. Беранци, Требенишко кале, Црвејнца - с. Опеница и Лихнид се гробни дарови кои потекнуваат од средината до крајот на 4 век. Станува збор за садови кои најчесто се поврзуваат со сетот за вино: ситули, лебеси (котли), оинохоа, бокали, канатроси, каликс-чаши, симпулуми и цедилки, а од останатите формите со друга намена: чинии, лекити и хидрии.

Сетот за вино од ситула, симпулум и цедалки е поврзан со навиката на античките Македонци да го пијат виното немешано со вода.[374] Оттаму, во многубројните бронзени и сребрени сетови за вино откриени во богатите погребувања на територијата на античка Македонија во 4. век клучна улога имаат ситулите, цедилките и симпулумот, а забележливо е отсуство на кратерите, садови кои се наменети за мешање на виното со вода. Засега се познати само два кратера со волути за кои се смета дека се импорт од атичките или коринтските тореутски работилници, меѓу кои е кратерот од Дервени, врвно

[371] Поповић 1958, 80-81, сл. 23/1.
[372] Микулчиќ 1966а, 227, сл. 4.
[373] Antička bronza u Jugoslaviji, 1969, br. 54.
[374] Barr Sharrar 1982, 130, note 33.

ремек-дело на тореутиката, чиј сопственик бил висок воен офицер од војската на Александар, но по потекло Тесалиец.[375]

Ситулите се садови во вид на кофа со две рачки, кои уште поодамна се изработувале на поширокиот медитерански простор, во Египет, Мала Азија, па сè до Етрурија и железновременските култури во средна Европа, а во Тракија и Македонија се карактеристични од доцниот 5. до првата четвртина на 3. век. Најчесто се украсени со врежување на разни мотиви под устието или под рачките, со релјефно изведени апликации на самите рачки или со релјефно изведени изливници во вид на глава од лав или Силен во кои е вметната цедилка. Овоидната ситула од некрополата во Црквиште, с. Беранци, украсена со изливник во вид на глава од Силен, е претставник на ситулите кои заради релјефниот изливник служат како бокал од кој виното се сипува во чаша.[376]

Садовите изработени од скапоцени метали претставуваат вистинско богатство во античкиот свет. Како предмети со голема вредност, не е исклучена можноста да биле чувани во семејството со генерации, пред да бидат положени како гробен дар. Ретките наоди во населбите може да наведат на помисла дека не биле многу користени во секојдневниот живот, но неколку елементи укажуваат на спротивното. Имено, се смета дека македонската кралска куќа и нејзиното најблиско опкружување е таа која ги диктира актуелните трендови и вкусови, особено со раскошниот стил на живеење, за кој зборува Атенаиос. Симпозиумите одржувани на дворот изобилувале со скапоцени садови, луксуз кој очигледно сакале да ги придружува и на другиот свет. Нивното присуство во некрополите како гробни дарови се поврзува и со различните верувања и различната ритуална погребна практика не само кај Македонците, туку и кај Тракијците, Илирите и останатите негрчки народи на север од хеленскиот свет. Погребниот банкет кај Македонците претставен на сликаната надгробна стела од Деметриас во Тесалија од раниот 3. век посветена на извесен Меналај од Амфиполис, на која се претставени метални садови како неминовен дел од

---

375 Temelis - Touratsolglou, 1997; Barr Sharrar 1982, 123-124; Barr Sharrar 2008.
376 Микулчиħ 1966а, 229, сл. 2а-б.

церемонијата, укажува на источни влијанија и идеи поврзани со хероизацијата на мртвите. Наспроти ова богатство, забележливо е отсуството на метални садови во погребувањата кај Хелените кои и во време на најголемиот подем, на пример во Атина, немале обичај да ги погребуваат мртвите со скапоцени дарови.[377] Освен ова, на најголем дел од металните садови откриени во гробовите, дури и на оние во кралските гробници во Вергина, се забележани траги од употреба.[378]

Повеќе автори се занимавале со објаснување на појавата на луксузните метални садови, со одредување на нивното потекло и особено со лоцирање на тореутските работилници што ги изработувале. Некои не ја исклучуваат можноста дека уште во втората половина на 6. и 5. век на територијата на негрчките народи на север, Македонците, Тракијците, Пајонците и др., се јавуваат првите работилници за изработка на метални садови, поттикнати од племенската аристократија која ги контролирала главните рудни наоѓалишта во регионот.[379] Овие работилници сместени во племенските центри изработувале предмети од метал главно под влијание на јонските градови.

Во постарата литература обично се поврзувале со халкидските работилници во Олинт, а подоцна и Амфиполис,[380] но деталните проучувања на стилските карактеристики на големиот број предмети откриени на територијата на античка Македонија, зборуваат за постоење на локални македонски тореутски центри, кои со најголем интензитет работат во 4. век Секако дека на формирањето на нивниот стил влијаеле тогашните големи центри како Коринт и Халкис, јонските градови или, пак, јужноиталските центри.

### 3.3.2. Јувелирски производи

Занаетчиската умешност и инвентивност на мајсторите најдобро се согледува во изработката на накитот, за што биле користени најразлични

[377] Barr-Sharrar 1982, 123; Barr-Sharrar 2008, 2-3.
[378] Barr-Sharrar 1982, 123.
[379] Barr-Sharrar 2008, 3.
[380] Микулчиќ 1966, 60.

скапоцени метали или камења, бронза, па дури и железо. Како одлика на материјално богатство и општествениот статус на носителот, парчињата накит најчесто се приложувани како гробни дарови.

*Накитот во доцноархајскиот и класичниот период*

Накитот присутен во погребувањата во долновардарските некрополи во текот на 6. век го обележуваат промени започнати во последната четвртина на претходниот век, кои главно се однесуваат на формите, но не и во изборот на материјалот или технологијата на изработка. Оваа теза нема за цел да ги обработува формите на култен накит познат како пајонско-македонски бронзи ниту пак нивната инспирација или влијанија, иако помладите форми биле изработувани до длабоко во 6. век. Тие припаѓаат на посебна категорија која би требало да се разгледува неодвоено и континурано заедно со нивните претходни облици во постарите бронзи. Исто така, предмет на интерес не се познатите форми на железнодопски накит (наочарестите фибули, разните типови на лачни фибули, торквеси, разните типови на белегзии) кои се карактеристични за претходните железнодопски фази и чие производство сосема престанува или кај одредени форми продолжува со модифициран изглед прилагоден на новите трендови. Но, сосема накратко би се осврнале на некои генерални аспекти во врска со нивната изработка.

Накитот во 7. и 6. век главно е изработуван од бронза. Засега не е познат накит изработен од друг вид скапоцен метал на разгледуваната територија. Без разлика на влијанијата, карактеристичните железнодопски форми на накит, како и формите на култниот накит од т.н. пајонско-македонски бронзи во најголем дел се изработувани од домашни мајстори кои очигледно добро ја познавале технологијата на обработката на бронзата. Извршените хемиски анализи на примероци од различни локалитети покажале идентичен состав на бронзата, со што го потврдиле постењето на локалните работилници.[381] Врз основа на бројните проучувања на материјалот откриен во долновардарските некрополи,

[381] Митревски 1991, 155.

изнесени се заклучоци дека промената на формите на накитот присутен во погребувањата започнува околу 625 г. кога каракеристичниот железнодопски украсен накит како и култниот накит е заменет со помали и поелегантни форми, со т.н. помлади форми на бронзи: гроздовидни, топчести, звонести или елипсовидни привезоци, двопетлести лачни фибули, двојни игли, разни ажурирани привезоци и слично. Во рамки на овие се јавуваат и крстести, лунулести шупливи привезоци чијашто оригинална намена е украсна или практична коњска опрема, но кои биле употребувани како накит и положувани во женски погребувања, елемент донесен од степските народи на исток.[382] Сите овие се исклучиво локални производи работени од локални мајстори. Единствениот импортиран примерок на накит, широко датиран во 7. век претставува фрагмент од фригиска фибула (Т.48:1) со цилидрични задебелувања на лакот, изработена од бронза, која е откриена во дел од куќа на локалитетот Глоска Чука кај с. Грчиште, Валандовско.[383] Сочувана е само половина од фибулата со полукружен лак со кружен пресек и со четири цилиндрични задебелувања, кои скоро се допираат во долниот дел и правоаголна нога.

Но, веќе од средината на 6. век повторно се забележуваат промени во накитот положен како гробен дар. Се појавуваат двојните омега игли или т.н. требенишки тип, присутни до доцниот 4. век, иглите со плочеста глава т.н. пелопонески тип од кои се развиваат и раскошно украсени примероци изработени од злато и сребро, лачните фибули на шарнир т.н. малоазиски фибули, конусните наушници, белегзиите со завршетоци во вид на змиски глави и ѓердани од килибар или разни стаклени мониста во вид на амфори, розети и слично од кои најпознати се т.н. мониста со вметнати окца, особено карактеристични за преминот од 6. во 5. век и натаму.[384] Повеќето од овие форми се среќаваат и до доцниот 4. и раниот 3. век, некои дури и подоцна, некои исчезнуваат или бележат индивидуален локален развој, но заедничко за сите е тоа што нивната изработка е под некакво надворешно влијание, најчесто

---

382 Митревски 1991, 156, План 1.
383 Митревски 2010, 142-143, сл. 18:3.
384 Митревски 1997, 175.

од исток. Истовремено, во втората половина на 6. и на преминот во 5. век со појавата на богатите погребувања се јавува обичај да се покрива лицето, рацете и облеката на покојникот со златни, рељефно украсени фолии со разни форми: маски, ромбоидни или наочаресги фолии и кружни, лентести, звездести или триаголни апликации за лицето или за облеката.

Од претходно наведените форми на доцноархајски накит, некои се ретки, или пак сосема отсуствуваат по долината на Вардар. Овој преглед започнува со ромбоидна златна фолија откриена во војничкиот гроб (Т.46:2) во Милци,[385] единствената позната одлика на т.н. богати кнежевски погребувања по долината на Вардар. Ромбоидната златна фолија е изработена со техника на исчукување: по рабовите се наоѓа двојна рамка, во централниот дел розета исто така врамена во двоен круг, а на двата агли триделни листови, исти како и на розетата. Уште две златни ромбоидни фолии се откриени на југозападната некропола на Исар-Марвинци, кои веројатно потекнуваат од истото време.[386] Едниот е многу сличен на примерокот од Милци, декориран со централно поставена розета врамена со концентрични кругови, на аглите флорален мотив од истите листови на розетата, а сето тоа врамено во две рамки покрај рабовите (Т.48:3). Вториот примерок е со назабени ивици, а мотиви се геометриски: ромбови, полукругови и точки (Т.48:4). На двата примероци од Марвинци на краевите се забележуваат перфорации за пришивање врз облеката. Апликацијата од војничкиот гроб во Милци и првата од Марвинци декорирана со еден од највообичаените мотиви - розета се скоро идентични со примерокот од гроб 22 во Синдос, датиран околу 500 г.[387] Третиот примерок со назабени ивици и геометриска декорација засега нема позната паралела.

Уште еден елемент укажува на богато погребување. Тоа е тенија - дијадема изработена од тенок златен лим без декорација (Т.48:5). Долгата лента

[385] Хусеновски 2015, сл. 9. авторот наведува слична и од истражувањата во 1997 г. на локалитетот Бишов Јавор, која не публикувана до сега.
[386] Двете се објавени на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата.
[387] Σινδος 1985, 76, πιν. 108. Сличен примерок со три спирали е откриен во Требениште: Filow-Schkorpil 1927, 36-37, Abb.32:5.

завршува заоблено на едниот крај, додека пак на другиот се стеснува. Околностите во кои е пронајдена не се публикувани, па оттаму преостанува датирање врз основа на аналогии. Не се забележуваат перфорации за пришивање, па се смета дека се работи за украс на главата. Покрај тоа што повеќето вакви се декорирани во техника на исчукување, среќаваат и слични недекорирани примероци во Синдос.[388] Златни тенки ленти ги украсувале и рабовите на шлемовите, кои го врамувале лицето што е карактеристика на богатите војнички гробови во Синдос и Архонтико.[389]

Развиен вид на двојна игла со спирални завршетоци датирана во раниот 5. век е откриена во војничкиот гроб во Милци.[390] Изведбата на главата е специфична (Т.48:6). Составена е од две поедничени игли изведени од бронзена жица, полукружно свиени во горниот дел формирајќи омега или буква „ М", од каде жиците продолжуваат вертикално нагоре и завршуваат свиени во спирали. Двете игли се споени со бронзена намотана жица во вертикалниот дел.[391]

Од гробот во Корешница потекнуваат две двојни игли: едната од сребро со конусна глава (Т.48:7), чии најблиски аналогии се среќаваат меѓу накитот од Синдос, Радолишта и Требеништа.[392] Втората игла е позлатена со конусна глава и завршетоци во вид на змиски глави (Т.48:8). Двете игли датираат од раниот 5. век и своите блиски аналогии ги наоѓаат во некрополата во Синдос и Требениште.[393] Освен овие, и едноставните железни примероци од Синдос, други примероци на двојни игли од требенишки тип, или уште наречени омега или „М" игли по долината на Вардар не се познати до крајот на 5. и раниот 4. век од кога датираат трите двојни игли од требенишки тип (Т.48:9) од бронза во

[388] Σινδος 1983, 78, πιν. 111, тенија датирана околу 500 г.
[389] Види: Σινδος 1983, 83, πιν.121, шлем од гроб 65 датиран 530-520 г., πιν.199, гроб 25 од 540 г., πιν. 211 гроб 59 од 530-520 г.
[390] Хусеновски 2015, 16, сл. 10.
[391] Μισαηλιδου 2003, 353-354, Т.44, εικ. 298, идентичен примерок од Агиас Параскеви датиран од последната четвртина до доцниот 6. век.
[392] Необјавено. Σινδος 1983, 282, πιν. 465, датирана во 520г.. Во Музејот во Гевгелија се изложени две фрагментирани бронзени игли со конусни глави од Бишов Јавор, види: Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 98. Поповић 1958, Т.VIII, гроб XVIII, 12/1. Lahtov 1965, T.VI, 7, 8. Од Црквиште - Беранци потекнуваат два фрагменти, види: Mikulčić I. 1966, T. XI:19h.
[393] Идентичен примерок на сребрена двојна игла со змиски завршетоци од Требениште види: Filow-Schorpil 1927, 36-37, Abb.32:4. Lahtov 1965, T.VI, 9.

погребувањето со кочија и коњи од Жданец.[394] Двојните игли од требенишки тип водат потекло од двојните двопетлести и оние со проста триаголна глава, чести во погребувањата во текот на 7. век во Повардарјето. За нив е искажано мислење дека се развиваат на оваа територија од каде се шират на север, но инспирацијата за нивната изработка потекнува од Мала Азија и Фригија.[395]

Познатиот т.н. пелопонески тип на игли со плочеста глава ретко се среќава во долината на Вардар. По еден пар бронзени игли од овој тип се изложсени во Музејот во Гевгелија и потекнуваат од некрополите Милци и Бишов Јавор, датирани широко во 6. век.[396] Во Археолошкиот музеј на Македонија се изложени сребрени пелопонески игли откриени на Исар Марвинци (Т.49:10). Сите се скоро идентични, а аналогни примероци изработени од сребро и бронза се среќаваат на поширок регион.[397]

Едноставните бронзени наушници изработени од мазна тенка жица која на едниот крај е триаголно расчукана, датираат од 6. век и тоа поверојатно во втората половина на векот. Еден примерок од некрополата Милци нема декорација на триаголно проширување (Т.49:11), додека пак на едниот од двата познати примероци од Сува Река се забележуваат топчиња по краевите во права линија, а во средината во вид на брановидна линија изведени со исчукување (Т.49:12).[398] Бронзените наушници од Бишов Јавор и Сува Река со триаголни плочести завршетоци, едната украсена со топчиња во техника на исчукување се поврзуваат со работилници на Халкидик.[399] Двата примероци потекнуваат од

---

394 Микулчиќ Г. 1991, 193, сл. 7. За луксузните златни и сребрени примероци од почетокот на 5. век на Горна Порта во Охрид види: Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 68, и особено примерокот со кат.бр. 156. За примероците од Радолишта види: Поповић 1958, Т.VIII, гроб I, 15/1.

395 Mikulčić 1966, Митревски 1997, 128.

396 Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 77 (Милци); кат. бр. 97 (Бишов Јавор).

397 Сребрени примероци од Требениште: Filow-Schorpil 1927, 32-33, Abb.29: 1, 2, 6, 7. За примероците од Радолишта: Поповић 1958, Т.VIII, гроб XIX, 17/1 и гроб V, 20/1. За пелагониските наоди види: Mikulčić I. 1966, Т. XI:19h (Црквиште-Беранци со рамна недекорирана глава), додека пак примерокот од Петилеп-Беранци, Т. XII:21 е идентичен.

398 Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 78 (Милци), кат. бр. 86, 87 (Сува Река). Ристов 1992, Т.I:6 и Т.II:5.

399 Ристов 1992, 105.

крајот на 6. или првите децении на 5. век, за кои блиски аналогии изработени од злато се наоѓаат во Нови Пазар и гласинечкиот културен круг.

Најстариот наод на луксузен накит се конусните наушници. Една полно лиена конусна наушница со три псевдогранули на врвот изработена од сребро со позлата е откриена како вонгробен наод на некрополата Милци (Т.49:13) е определена како халкидички импорт потекнува од доцниот 6. или првите децении на 5. век.[400] Слични конусни обетки од сребро со псевдогранули на врвот од некрополата Калдрма близу Прилеп се датирани подоцна, кон крајот на 5. век што ја потвдува популарноста на овој тип подолг период.[401] Сличноста со овој примерок не ја исклучува можноста и обетката од Милци да е подоцнежна со оглед на тоа што не е откриена во затворен контекст.

Со новите истражувања на Исар-Марвинци неколку обетки од овој тип изработени од злато и сребро се изложени во поставката на Археолошкиот музеј: една масивна полно лиена позлатена конусна обетка без дополнителни украси и прикачена за широка долга свиена златна лента, а двете други со помали димензии прикачени за тенка жица (Т.49:14) .[402] Конусните обетки се наречени обетки од ориентален тип, чие потекло, како и на двојните игли се поврзува со Мала Азија, поточно Фригија, а нивниот пренос во текот на 7. век на северноегесјкот крајбрежје го овозможиле јонските колонии. Во југозападниот дел на денешна Македонија се познати примероци изработени од злато, сребро и бронза, кои не датираат пред почетокот на 6. век,[403] но примероците од Радолишта, Висои и Црквиште-Беранци, Сарај-Брод и Живојно,[404] припаѓаат на преминот од 6. во 5. век. Во Синдос не се познати, но

[400] Георгиев 1984, 60, сл. 3в. Papazovska-Sanev 2012, 417, fig. 2.
[401] Китановски 1975, 112, Т.XIII. Vasić 2006, 123, fig. 4, најсеверно, на територија на денешна Србија во регионот на Јужна Морава е откриен сличен примерок, определен како производ на работилници од Македонија и датиран во исто време или нешто подоцна од примерокот од Калдрма.
[402] Необјавено. За фотографијата и благодарам на колешката Александра Папазовска.
[403] Mikulčić I. 1966, 33.
[404] За примероците од Радолишта види: Поповић 1958, Т.IX, гроб I, 4/1 и гроб I, 5/1. За примероците на конусни наушници изработени до злато, сребро и бронза во регионот на Пелагонија, види Mikulčić I. 1966, T.V:11g - Висои, Беранци (бронза); T.IX:18c - Живојно (злато); T.IX:18h - Сарај, Брод (бронза); Т. XI:19 h - Црквиште, Беранци (сребро и бронза).

затоа пак во кнежевските погребувања во Требеништа во постарата литература се определени како белегзии[405].

Нешто помладата форма на т.н. инкасти обетки, кои се шупливи со рамен испуст во вид на хоризонтално извлечен раб на горниот дел и украсени со филигран и гранулација, чести исто така во југозападниот регион, особено во Требениште и Горна Порта,[406] засега во едноставна, недекорирана варијанта се потврдени само на Марвинци со новите истражувања (Т.49:15).

Чунестите обетки во Повардарието се карактеристични за 4. век. Два прилично лошо зачувани пара од Жданец изработени од сребро, првично се датирани во доцниот 5. и раниот 4. век (Т.49:16).[407] Чунестиот дел од обетката е декориран со ромбови и триаголници изведени од гранули, кои се разликуваат кај двата пара. Кај првите се распоредени во цик-цак линија, а кај вторaта хоризонтално. Горниот и долниот раб на чунот се обрабени со филигранска жица, а двата краја се обвиткани со намотана филигранска жица. Едниот, слободен крај на чунот завршува топчесто со биконусна профилација, а целата обетка се држи на полукружна алка која на местото каде е споена со чунот се изведени три прстенести задебелувања на првата и втората обетка, додека пак кај третата само едно.

Златната чунеста обетка од Демир Капија е украсена со гранулација со геометриски мотиви: ромбови и триаголници распоредени цик-цак, кои ја исполнуваат површината на чунот во две зони издвоени со две линии од гранули, датирана во доцниот 5 век[408] (Т.49:17). Горниот и долниот раб на чунот се порабени со гранули, а двата краја се намотани со тенка златна жица. Слободниот крај завршува со топчест завршеток со биконусна профилација, а од другиот крај излегува алката изработена од свиена златна жица, на чиј почеток исто така се забележуваат гранули.

---

[405] Лахтов 1965, 72, Т.VIII:9.
[406] Лахтов 1965, 5, Т.XII:3, 4. Кузман-Почуча Кузман 2014, 102, кат. бр. 97.
[407] Соколовска-Пашиќ 1975, 236-238, Т.III, сл. 1 и 2. Vasić 1991, ги двои обетките од Жданец во две посебни групи врз основа на декорацијата, но ја повлекува датацијата околу 350 г.
[408] Микулчиħ 1972, 137, Т.1, i-181.

Во својот краток осврт на тогаш познатите обетки од овој тип, Васиќ извел класификација во три групи врз основа на различните декоративни мотиви на истите. Двете сребрени обетки од Жданец и златната обетка од Демир Капија во зависност од тоа дали ромбовите и триаголниците се изведени во цик-цак или хоризонтална линија припаѓаат на две различни групи, датирани од раниот до средината на 4. век.[409] Златната обетка од Демир Капија е најстариот примерок од раниот 4. век, датирана врз основа на садовите со црвени фугури откриени во истиот гроб. Во истата оваа група спаѓаат и двете обетки од Жданец со слична декорација, кои својата аналогиии во однос на декорацијата ги наоѓаат во обетката од Амрит во Сирија[410] и Вани, Западна Грузија, датирани околу 400 г.,[411] иако Васич го симнува целиот наод од Жданец во средината на 4. век, врз основа на малоазиските фибули.[412] Третата обетка од Жданец со хоризонтално распоредени геометриски мотиви ја определува во третата група за која предлага датирање во првата половина на 4. век, врз основа на примероците од некрополата Калдрма кај Прилеп.[413]

Од публикуваните материјали познати се уште две обетки од гробот бр. 1 во Демир Капија изработени од злато, раскошно декорирани со палмети и борба на петли на рамната површина на чунот, крилата сфинга на горниот раб на чунот, а место топчест завршеток, крајот на чунот завршува во вид на лавовска глава.[414] Фрагменти од сребрена чунеста обетка украсена со филигран и гранулација, веројатно со флорални мотиви е откриена во секундарно погребување во гробот циста бр. 45 на некрополата Милци, датирана во 4. век.[415]. Овие раскошни варијанти со флорална декорација и сфинги се издвоени во посебна, најмлада група од средината на 4. век.

---

409 Vasić 1991, 138. Датирањето е изведено врз основа на примероци откриени во датирани контексти.
410 Битракова Грозданова - Маленко, 1998, 9.
411 Изложба во Гети.
412 Vasić 1991, 138.
413 Vasić 1991, 138. За примероците од некрополата Калдрма, види Китановски 1975, 125, T.IX.
414 Вучковић-Тодоровић 1961, 238.
415 Георгиев 1984, 79, сл. 11б.

Во постарата литература се споменуваат и две златни обетки во Народниот музеј во Белград, наводно од Демир Капија кои имаат мазно тело на чунот, освен два триаголници на краевите изведени со гранулација и лавовска глава (?) на едниот крај.[416] Овде би ги спомenале и постарите варијанти од Радолишта декорирани со поупростена гранулација.[417] Недостатокот на декорација упатува на постарите едноставни или инкорпорирани во раскошни варијанти со висулци, но со мазно тело на чунот, кои се јавуваат на Кипар во текот на 7. и 6. век каде се окарактеризирани како типичен феникиски производ.[418]

Обетките со чунест облик се едни од најстарите форми кои од Блискиот исток и од областа Мари во вториот милениум се шират низ цела Мала Азија, островите сè до јужна Италија и Сицилија.[419] На нашата територија се откриени по долината на Вардар и на наоѓалиштата во Југозападна Македонија каде се актуелни од крајот на 5. до средината на 4. век. Најблиските аналогии за чунестите обетки од Демир Капија и Жданец вообичаено се наоѓаат меѓу примероци откриени на Северна Грција, на Халкидик, во околината на Тесалоника и Олинт, каде повеќе автори ја лоцираат нивната изработка, додека пак Васиќ посочува на можност на постоење на локални работилници во околината на Демир Капија, Скопје и Битола, поврзувајќи ги со продукцијата и ширењето на малоазискиот тип фибули чиј локален развој се бележи на териотријата на Македонија, од каде се шират кон север, кон внатрешноста на Балканот.[420] Најмладите примероци од средината на 4. век се фрагментот од Милци и исчезнатите обетки од Демир Капија кои своите паралели ги наоѓаат во раскошните примероци откриени во некрополите во Црквиште-Беранци[421] кои претставуваат врвни ремек-дела на златарството, едната полихромно украсена со сина стаклена паста, филигран и гранулација, а другата со бела

416 Vasić 1991, 136, 138.
417 За примероците од Радолишта види: Поповић 1958, T.XIX, гроб I, 7/1 и 8/1.
418 Karageorghis 2000, 193, cat. nos. 315-316.
419 Битракова Грозданова - Маленко, 1998, 8-10.
420 Vasić 1991, 139-140.
421 Mikulčić I. 1966, T.XIX, сл. 29d. Микулчић И., 1970б, 140, T.II, ι-409.

стаклена маса и претстава на сфинга, кои се врзуваат повторно за халкидичките ателјеа.[422]

Во претходниот 7. век, во повардарските некрополи се јавуваат ѓердани изработени од големи необработени грутки килибар. Килибарот или јантар, скаменета смола од Балтикот уште од длабоката праисторија се смета за полускапоцен материјал од кој се изработувал накит. Целосни ѓердани од доцноархајскиот и класичниот период ретко се зачувани во Повардарјето, но во повеќе погребувања во долновардарските некрополи се среќаваат бројни мониста од стакло со окца или килибар.[423] Најдобра илустрација за оваа категорија на накит се кружните мониста од црна стаклена маса на кои окцата се изведени со бела стаклена маса, откриени на Исар-Марвинци (Т.49:18).[424] Од Бишов Јавор, датирано во 6. век потекнува едно триаголно монисто, кое место вмeнтнати окца, на триаголните краеви спрално е вметната жолтеникава стаклена маса.[425] Нивното датирање е отежнато, доколку не е познат контекстот на откривање заради тоа што не ја менуваат формата долго време.[426]

Нешто подоцнежен е ѓерданот од 36 килибарни мониста со неправилна кружна форма и различна големина во кој се вметнати и две мониста од белузлаво стакло во вид на афорискоси (Т.49:19).[427] Ѓерданот потекнува од Жданец и датира од раниот 4. век.[428]

Неколку типови на белегзии изработени од сребро се откриени во Демир Капија и сите до една припаѓаат на детски погребувања. Две белегзии

---

[422] Битракова Грозданова - Маленко, 1998, 9.
[423] Ѓердани од обработени зрна од килибар - мониста со различна форма се среќаваат во раниот 5. век на некрополата Горна Порта во Охрид: Кузман-Почуча Кузман 2014, кат. бр. 81-84.
[424] За идентичните мониста од Требениште види: Filow-Schorpil 1927, 95, Abb:113. За монистата од регионот на Пелагонија види: Mikulčić I. 1966, T.V, i (Висои-Беранци), Т.Х, сл. 19с (Чепигово).
[425] Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 94.
[426] Целосен ѓердан од стаклени кружни жолти мониста со сини окца потекнува од Штип: Митревски 2013, 233, сл. 94:6. Karageorghis 2000, 286, cat. nos. 469, е идентичен примерок од Чеснола колекцијата откриен на Кипар е широко датиран од 300 до 30 г.
[427] Соколовска-Пашиќ 1975, 238, Т.III, сл. 5.
[428] Битракова-Грозданова 1987, ѓердан од стаклени мониста во вид на амфорискоси е откриен во Делагожда.

изработени од дебела жица со кружен пресек со триаголно проширен плочест завршеток украсен со гранули датираат од втората половина на 5. век (Т.49:20).[429] Нешто порано, во Требениште се јавуваат белегзии од сребро и бронза со идентичен дизајн, со триаголно проширен крај украсен со исчукување на точки или линии.[430] Не може, а да не се забележи дека гореспоменатите едноставни наушници од Бишов Јавор и Сува Река, покажуваат стилски сличности со белегзиите од Требениште и Демир Капија. Сличните примероци на север во гласинечкиот културен круг изработени од луксузен материјал упатуваат можеби на една работилница која го развива овој стил на наушници и белегзии еден подолг временски период, барем до крајот на 5. век, кога веќе не се среќаваат.

Една белегзија со отворени краеви во вид на змиски глави со мазно тело (Т.49:21а) или три белегзии со тордирано тело, од кои две цели и една фрагментирана (Т.49:21б) временски припаѓаат на периодот од доцниот 5. до средината на 4. век. Се забележува разлика во изведбата на змиските глави на примерокот со мазно тело и на трите тордирани примероци. Постарите три белегзии со тродирано тело изведено од две дебели и две потенки жици се одликуваат со дури претерано нагласени детали на змиите: главата е триаголна со втиснати две ленти од носот до крајот на главата. Очите се втиснати кругови со нагласени лаци над нив, истакнати „уши“ и отворена уста. Датирани се кон крајот на 5. век.[431] На подоцнежниот примерок на белегзија со мазно тело со кружен пресек змиските завршетоци се немарно моделирани, со сплескана глава, едвај нагласени очи, уста и без нагласени лаци над очите. Датирани се врз основа на аналогните примероци од гробот 26 во Црквиште-Беранци во средината на 4. век.[432]

---

[429] Вучковић-Тодоровић, 1959, 258, сл. 12. Микулчиќ И. 1972, 137, Т.I, i-423. укажува на потекло од колонијалните работилници на Халкидик.
[430] Lahtov 1965, T.VIII:6, T.IX:3, 4.
[431] Микулчиќ И. 1972, 137, Т.I, i-428, Т.II, i-426, i-427. Слична белегзија со тордирано тело е откриена во Требениште: види Lahtov 1965, T.X:7.
[432] Микулчиќ И. 1972, 137, Т.I, i-429. За постарите наоди од Требениште: Lahtov 1965, T.X:1-6, 8.

Последните два примероци се варијантата на белегзии со мазно тело и краеви во вид на змиски глави кои се меѓусебе споени со додадена тенка плочка.[433] На плочката на првиот примерок (Т.49:22а) на двата краја се изведени врежани палмети кои змиите ги придржуваат со отворената уста, а средишниот дел кој ромбоидно, односно скоро крстесто се проширува е декориран со врежан круг со точка на средината и врежани линии по рабовите. Овој централен ромбоиден дел е јасно одвоен од страничните палмети со врежување. Кај вториот примерок (Т.49:22б), палметите на краевите се практично споени со централниот ромбоиден дел кој не е расчленет како кај претходниот примерок. Без познати аналогии во регионот, двата примероци се датирани во доцниот 5. век.[434]

Змискиот стил се јавува во богатите кнежевски погребувања, особено изразен во завршетоците на белезиците со отворени краеви и фубулите од малоазиски тип, мотив кој во грчкото златарство е отсутен.[435] Белегзии со змиски завршетоци на главите се среќаваат во Синдос, најрано датирани во 510 г. па до 450 г. во кој период може да се следи нивниот развој со тело со правоаголен пресек и преклопени краеви,[436] до лентест пресек со преклопени или отворени краеви.[437] Тордираните сребрени примероци од Демир Капија од втората половина на 5. век немаат свои претходници во синдоската некропола, но требенишките примероци се постари, и определени како локален производ карактеристичен за требенишката култура.[438] Иако главно продукцијата на накитот во 5. век се врзува за колонијалните работилници на Халкидик, ретката појава на тордирање на примероците од Демир Капија, нивната робусна изработка како и архаизираните глави на змиите, би можела да се припише на

[433] Микулчиќ И. 1972, 135, Т. II, i-424, i-425.
[434] Микулчиќ И. 1972, 137.
[435] Битракова-Грозданова - Маленко 1998, 7-9. Karageorghis 2000, cat. no. 377, масивни сребрени белегзии со преклопени завршетоци ви вид на змиски глави се дел од Чеснола колкецијата во метрополитен музејот, потекнуваат од Кипар и датираат од 5. век.
[436] Σινδος 1983, πιν. 60, датирани околу 500 г.; πιν. 310, датирани 510 г.; πιν. 487, датирани околу 450 г.
[437] Σινδος 1983, πιν. 49, датирани 460-450 г.; πιν. 487, околу 450 г.; πιν. 495, втора четвртина на 5. век.
[438] Lahtov 1965, 74, 102-103.

локален мајстор. Изведбата на змиските глави на белегзијата со мазно тело од Демир Капија и Црквиште-Беранци потсетуваат на постарите златни примероци од Синдос,[439] што укажува на задржување на стилските карактеристики и локалниот вкус кој мајсторите го имитираат дури цел век подоцна.

Три примероци на големите лачни фибули на шарнир, познати како малоазиски тип изработени од сребро и четри бронзени се среќаваат како гробни дарови во Демир Капија, и осум на север, во Жданец.[440] Бројот на откриените фибули од овој тип до денес е сигурно драстично зголемен, но не се публикувани, ниту пак изложени во некоја од збирките, па оттукаодве се задржуваме на оние кои се познати во литературата, но се доволни да го покажат развојот кој во голема мера е познат.

Од нив четири се одликуваат со поголем лак (Т.49:23а) на кој се поставени шест шестолисни розети чии ливчиња се одвоени со врежани линии, а розетите се од двете страни фланкирани со по едно прстенесто задебелување. Главата е во форма на палмета украсена со топчиња на аглите, а ногата во вид на стилизирана змиска глава со топчести задебелувања од страната. Останатите четири иако потекнуваат од истото време со оглед на тоа што се најдени во иста гробна целина имаат покус лак, украсен со пет шестолисни розети (Т.49:23б), чии ливчиња не се одвоени со врежана линија, на палметите место топчиња има врежани кругови кои исто така се среќаваат и во празниот простор на долниот дел од главата, кој кај претходните четири примероци не е декориран. Истражувачите го датираат ова погребување во Жданец во првите децении на 4. век, одредувајќи го потеклото на фибулите од грчките градови на Халкидик и тракискиот брег.

Демиркаписките примероци од сребро се скоро идентични со оваа втора група од Жданец со пет розети на лакот, кои се датирани во последните децнии на 5 век. Бронзените фибули од Демир Капија го покажуваат развојот на овој

[439]Σινδος 1983, 40, πιν. 49, парот златни белегзии припаѓа на гроб 55 датиран во 460-450 г.
[440] За примероците од Демир Капија види: Микулчиќ И. 1972, 136, Т.I, i-420-422, Т.II, i-431-434. За примероците од Жданец види: Соколовска-Пашиќ 1975, 233-235, Т.II, сл. 1-8. Бројот на откриените фибули од овој тип е зголемен до денес.

тип фибули во 4. и 3. век со намалување на бројот на розетите на четири, сплескување на ливчињата, губење на просторот од лакот меѓу розетите или нивно претворање во едноставни прстенести задебелувања расчленети со врежани линии (Т.49:23в). Во последната фаза лакот е мазен и проширен на средината со по две прстенести задебелувања на краевите.[441]

Нешто подоцна, во последната четвртина на 4. век датираат четирите целосно сочувани златни примероци, дел од случајно откриеното депо во Тремник, Неготино (Т.49:24). Лакот е украсен со пет шестолисни розети, фланкирани со по едно прстенесто задебелување од двете страни, а просторот од лакот меѓу розетите скоро и да го нема.[442] Главата е плочесто проширена и декорирана со филигран жица со флорален мотив, а ногата го има познатиот изглед на змиска глава со две големи топчести задебелувања и врежана линија и минијатурни розети на врвот.

Лачните фибули познати како малоазиски тип, како идеја произведена во Гордион во Фригија, стигнале на нашата територија преку јонскиот брег. Единствениот ран примерок откриен на локалитетот Глоска Чука, Валандовско, датиран во 7. свек, е определен како импорт кој зборува за врските со Мала Азија.[443] За индивидуалниот развој на овој тип фибули на нашата територија е пишувано доста во литературата.[444] По долината на Вардар луксузни примероци на вистински фригиски тип на фибули изработени од злато се забележани во Синдос почнувајќи од последната четвртина на 6. и раниот 5. век, каде се забележува раната фаза на развојот на фибулите, на кои лакот има повеќе полукружна форма и е украсен со три до пет цилиндрични задебелувања со

[441] Микулчиќ И. 1972, 136, Т.II, і-431-434. Два примероци од Вардарски Рид се изложени во Музеј-Гевгелија, едниот со четири прстенести задебелувања, а вториот со проширен лак на средината и две пртсенести задебелувања на краевите: Хусеновски-Сламков 2005, 62-63, кат. бр. 127-1 127-2, датирани во 5.-4. век., кои ги имаат сите одлики на подоцнежните примероци од 4. и 3. век.
[442] Необјавено, примероците се изложени во поставката на Археолошкиот музеј.
[443] Митревски 2010, 142-143.
[444] Mikulčić I. 1966, 42-43, 57-58.

мали палмети на главата и розети на ногата,[445] до примероците датирани околу 450 г. кога се појавува нога во вид на змиска глава.[446] Но на север не се забележани сè до крајот на 5. и почетокот на 4. век, до сребрените примероци од Жданец и Демир Капија со шест или пет шестолисни розети на лакот, врежана палмета на главата и ногата изведена со топчести задебелувања која наликува на змиска глава. Малоазиската фибула индивидуално се развива на нашите простори, така што во текот на 4. век се со поголеми димензии, поразвлечен лак, ногата и главата се украсуваат со врежани детали, за да подоцна повторно се намалат димензиите, се губат розетите на лакот кои стануваат топчести или пак на крајот мазен лак проширен на средината со две топчести задебелувања на крајот.[447] Како моден тренд е раширена на север меѓу популациите во средниот дел на Балканот се до денешна Романија[448]. Но нивното присуство на поширок регион, го отежнува одредувањето на конкретна работилница каде се изработувале, иако најчесто е посочуван Халкидик како извориште. Во употреба се до доцниот 3-ти, односно раниот 2. век работени во бронза со многу намалени димензии и рудиментирана форма.

Во јувелирски производи ги разгледуваме двете минијатурни тоалетни кутии - пиксиди, едната сребрена од Жданец, а втората златна од Тремник, Неготино. Малата сребрена пиксида од Жданец е цилиндрична по форма (Т.50:25).[449] Капакот одозгора е украсен со полукругови и овални листови во техника на филигран изведен со тенка жица. Горниот и долниот раб е опшиен со тордирана жица. По рабовите се распоредени пет сребрени топчиња, а едно поставено централно и обиколено исто така со тродирана жичка. Целиот

[445] Σινδος 1983, πιν. 63, 114, 132-133, 516, 523. Од овие особено се истакнува златната фибуласо три цилиндрични задебелувања на лакот расчленети со прстенести ребра со розета на главата и пламета на ногата, датирани околу 510 г., која го покажува развојот од фригиските фибули со цилиндрични задебелувања.

[446] Σινδος 1983, πιν. 484-485, 493-494, 496-497.

[447] Неколку подоцнежни луксузни примероци датирани во 3. век, изработени од сребро со позлата со проширен лак на средината се откриени на Грна Порта во Охрид, види: Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 205-210.

[448] За примероците на север од Македонија види Соколовска-Пашиќ 1975, 235-236.

[449] Соколовска-Пашиќ 1975, 241, Т.IV, сл. 12а и б.

страничен ѕид до долниот раб е обиколен со хоризонтално поставени испреплетени жички.

Скоро идентична на оваа, но со помали димензии е златната пиксида со многу подобар квалитет на изработката (Т.49:26) која е откриена во групниот, случаен наод на локалитетот Тремник, но декорирана со техника на филигран и гранулација.[450] Работ и горната површина на капакот е опшиен со неколку реда филигрански жички, а во средишниот дел е изведена стилизирана флорална декорација, исто така во техника на филигран. Централно е поставено една поголема златна гранула, а околу уште пет гранули кои се прилепени врз три помали гранули. Страничниот ѕид на пиксидата е украсен во две зони на континуирани прекрстени жички врамени од горе и долу со хоризонтални филигрански жици. На долната површина на пискидата се поставени ито така пет гранули од злато кои служат како ногарки. На страничниот ѕид на пиксидата вертикално се прилепени два цилиндрични дела во вид на шарнир, кои служеле за обесување на пиксидата веројатно на синџирче. Исти вакви шарнири веројатно имало и на сребрената пиксида од Жданец, но се откршени, па оттука е малку нејасно дали биле носени прикачени на ѓердан како привезоци. Сребрената пиксида од Жданец упатува на потекло од Сицилија, каде е откриен сличен примерок закачен на ѓердан.[451]

*Накитот во хеленистичкиот период*

Во најголем дел овие доцноархајски и класични форми на накит исчезнуваат или се модифицираат во текот на втората половина на 4. и 3. век кога е забележан интензивен развој на златарството со користење на слични мотиви и техники на еден поширок простор на Медитеранот. Златото интензивно се употребува, задржувајќи ги техниките на украсување со филигрански жици и гранулација, со раскошна изведба, а подоцна и со вментување на други материјали, стаклена паста или скапоцени камења и нови мотиви: флорални и зооморфни мотиви, особено фантастични животни,

[450] Необјавено, предметот е изложен во поставката на Археолошкиот музеј.
[451] Guzzo 1998, 56-57, fig. 7.2.

божества, Хераклов јазол и сл. Единствените примероци на накит од овој период потекнуваат од Исар - Марвинци и неколку парчиња од Демир Капија.

Во доцниот 4. век еден од најдоминантните мотиви е реалистична претстава на глава од лав со отворена челуст. Сè до последните големи истражувања на Југозападната некропола на Исар-Марвинци, ваков тип на обетки не беа познати во регионот на Повардарјето, освен неколку примероци кои потекнуваат од запленет материјал.[452] Најстариот примерок е датиран во втората половина на 4. век со аналогни примероци (Т.50:27). Алката е изведена од тордирана жица, на која е прикачено конусно проширување декорирано со филигранска жица во две зони со мотив киматион и спирали. Гривата на лавот е пластично изведена, со вдлабнати очни дупки. Една обетка со лавји протоми со извонредна изработка потекнува од овие нови истражувања на Марвинци, датирана во истиот период (Т.50:28). Протомата на лав е изведена со прецизни детали, особено гривата, а за разлика од претходниот примерок конусното проширување е декорирано само со попречно намотана филигранска жица.[453] И двата примероци, иако во стилот на деталите се разликуваат, во прецизноста на нивната изведба покажуваат блискост со примероците откриени во југозападниот регион, главно датирани во втората половина на 4. век и раниот 3. век. Тие се поупростени варијанти на обетката од Демир Хисар, а повеќе се доближуваат до примероците од Делагожда и Охрид.[454] Примероците од Ајгинио во северна Пиерија и од Пидна се скоро идентични со нашите два примерока и датирани во последната четвртина на 4. век.[455]

Останатите два примероци, датирани подоцна, во 3. век се со полоша изработка: тордирната алка е потенка, гривата и деталите на лицето на лавот не

[452] Ивановски 2006, 172-174, сл. 1-3.
[453] Примерокот е објавен на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата.
[454] Битракова Грозданова 1987, Т.III, сл. 1 (Демир Хисар), Т.IV, сл. 2 и 9 (Делагожда). За примероците од Охрид види: Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 221 и кат. бр. 235 (Горна Порта), кат. бр. 255 (Самуилова тврдина), кат. бр. 285 (Дебој).
[455] Tsigarida 2012, 341, pl. a, b. Скоро идентични се лавовските протоми на ѓердан од Ајгинио, датиран во раниот 3 век. pl. IX a.

се обработени (Т.50:29-31). Типолошка сличност со овие примероци покажуваат обетките откриени во охридскиот регион од 3. и 2. век.[456]

Веќе во 3. век протомите место од злато се изработуваат од стаклена паста или полускапоцен камен или килибар. Два примероци во оваа група (Т.50:31-32) запленети предмети датирани во 3.-2. век, се идентификувани како обетки со негроидни глави изведени од стаклена паста.[457] Идентификацијата е произволна заради тоа што на првиот примерок стаклото е стопено и деформирано до непрепознатливост, а на втората сосема недостасува. Обетките со негроидни глави не се карактеристични за регионот на Повардарјето, иако не е исклучено нивното присуство кое можеби ќе го потврдат новите истражувања. Поверојатно се работи за протоми на кучиња со кои лавјите протоми најчесто биле заменувани во подоцнежните примероци.[458] Еден ваков примерок со протома на куче или јарец (?) изведена од сино стакло (Т.50:33) е публикуван во од новите истражувања на Марвинци.[459]

На прв поглед се чини дека териоморфните обетки како што се нарекуваат овие со животински протоми, кај постарите примероци од втората половина на 4 век, какви што се првите два од Марвинци и кои се одликуваат со прецизност во деталите на гривата и лицето на лавот, но и во филигранските украси на конусното проширување и дебелината и бројот на тордираните жици и алката укажуваат дека се изработени од увезени мајстори или пак самите се увезени од некој поголем центар каде работеле искусни занаетчии. Такви се неколку примероци од охридскиот крај, примерокот од Демир Хисар и првите два од Марвинци. Но веќе во 3. век кога опаѓа квалитетот и прецизноста во нивната изработка, како и реалтивно поголемиот број на отркиени примероци

[456] Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 203 и 211 (Горна Порта), кат. бр. 284, 287, 290, 289, 305, (Дебој), кат. бр. 341 и 347 (Требенишко Кале)

[457] Ивановски 2006, 176, сл. 4, 5.

[458] За примероци на обетки со животински протоми од сталена паста види: Битракова Грозданова 1987, 68, Т.III, сл. 4 (Требенишко Кале). Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 256 (Самуилова тврдина) и кат. бр. 291 (Дебој), изведбата на тордирана алка и конусот е идентичен со нашите примероци бр. 29-30;

[459] Примерокот е објавен на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата

укажуваат на локални изведби од мајстори кои се угледувале на постарите или го учеле занаетот од нив.

Во доцниот 4. и раниот 3. век еден од најдоминантните мотиви на териоморфниот стил е реалистична претстава на глава од лав со отворена челуст. Тие вообичаено се јавуваат како обетки или како завршетоци на ѓердани.[460] Обетките со лавовски протоми беа ретка појава по долината на Вардар, но денес барем овде презентираните примероци покриваат поширок период од крајот на 4. и низ 3. век. На подоцнежните примероци се забележува опаѓање на квалитетот особено во изведба на деталите на лицето на лавот и гривата, но и упростувањето, намалување или целосно отсуство на дополнителна филигранска декорација на конусното проширување, како и стеснување на спирално свиените жици од алката. Наведните аналогии покажуваат присуство на овој тип обетки на поширок регион, посебно на некрополите во Југозападна Македонија (Требенишко Кале, Црвејнца, Делагожда, Дебој, Демир Хисар), Тесалија, Амфиполис, на Јадран (наодите од Будва), Кипар и на Понт (Олбија и Томис).[461] Ѓерданот од Демир Капија од златен синџир со завршетоци во вид на лавји протоми главно се среќава на истата територија, како и обетките. Веќе во 3-от век протомите место од злато се изработуваат од стаклена паста или полускапоцен камен или килибар. Ова особено важи за подоцнежните типови обетки каде што лавјите протоми се заменети со глави на кучиња и антропоморфни претстави, односно глави на негроиди чија коса е изработена од златен лим, во што се гледа силното влијание на александриските златарски работилници. Ваквите обетки се особено застапени во охридскиот регион.

Кај обетките од 3. и 2. век доминираат златни обетки со преставa на Ерос (Демир Капија и Марвинци), гулабици (Исар-Марвинци), грифони (Исар-Марвинци). Златната обетка со претстава на Ерос со крила од Демир Капија (Т.50:34) го преставува младиот бог на љубовта со свиено тело, со рацете на

[460] Karageorghis 2000, 236, cat.no. 380, во колекцијата Чеснола се наоѓаат златни белегзии со зваршетоци во вид на лавовски глави датирани 450-400 г.
[461] Битракова-Грозданова 1987, 68-69.

колковите, а алката е изведена од тордирана жица.[462] Двете обетки со престава на Ерос од гробот 25 на Исар-Марвинци всушност припаѓаат на два различни пара: едниот Ерос е претставен со конусна капа и раце изведени од тордирана жица. На градите на вториот Ерос е изведена вкрстена лозица во филигран и гранулација (Т.50:35). И двете се нешто подоцнежни од демиркапискиот примерок и датирани околу средината на 2. век.[463] Од новите истражувања на Марвинци потекнуваат уште два пара обетки со престава на Ерос, кои за разлика од претходните кои се полно лиени, овие се изработени од тенок златен лим и датирани подоцна во 2. век (Т.50:36). Исто како и кај претходниот приемрок телото на богот е украсено со вкрстена лозница.[464] Уште еден примерок на обетка со претстава на Ерос од истиот тип, исчукани од тенок златен лим е дел од запленетиот материјал од Исар-Марвинци (Т.50:37).[465] На обетката нема нагласени детали, а е прикачена за тенка, слабо тордирана алка. Во едната рака држи палмова гранка (?), а нозете на божеството преминуваат во цилиндрично проширување на кое е вметната елипсовидна алка за закопчување. Блиските аналогии повторно се наоѓаат во охридскиот регион. Обетките со претстава на Ерос исто така се карактеристични за една поширока регија од почнувајќи од 4. век, но нивната изработка продолжува според некои автори и длабоко во римската епоха.[466] За Демиркапискиот примерок датиран во 3. век е искажано мислење дека потекнува од халкидичките работилници,[467] но најблиските аналогни примери се наведени на Кипар. Одредување на точно место на изработка на накит кој се наоѓа на поголем простор и подолг временски период е проблематично.

Од истиот период од Марвинци потекнува и парот обетки во облик на гулабици, прикачени на тордирана алка (Т.50:38). Деталите на птиците, крилата,

---

[462] Соколовска 1973/74, 189-190, Т.II:3. Битракова Грозданова 1987, Т.IV.7.
[463] Соколовска 1986, 71-72, 89, Т. 17:6,7.
[464] Примерокот е објавен на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата. За аналогни примероци види: Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 226 (Горна Порта), кат. бр. 289 (Дебој) широко датирани во 3.-2. век.
[465] Ивановски 2006, 178, сл. 6.
[466] Битракова Гроздановаа 1987, 75.
[467] Соколовска 1973-74, 189.

пердувите и нозете се изведени со филигранска жица во вид на псевдогранулација.[468] Скоро идентичен пар обетки со гулабици откриен во новите истражувања.[469] За разлика од претходниот примерок на алката е изведена од мазна златна жица во предниот дел над птицата е изведено елипсовидно проширување со вметнат полускапоцен камен со рубин црвена боја (Т.50:39). Аналогните примероци на гулабици со вметнат гранат во крилата се откриени на Требенишко Кале.[470]

Слични примероци со полускапоцен камен во алката се и двете обетки со престава на грифони кои потекнуваат од истиот период, а многу веројатно и од истата работилница (Т.50:40). Елипсовидното проширување е украсено со гранулација околу полускапоцениот камен. Грифонот е прикажан седнат на задните нозе врз правоаголен постамент од тенок лим, со крилата прилепени за телото и свиткана опашка.

Прстените се исто така ретки. Најстариот примерок од Марвинци е бронзен прстен со овална глава и врежана престава на Сатир кој подига трофеј датиран во крајот на 5.век. Една гема од карнеол со престава на атлет во трчање од средината на 2. век,

Два златни ѓердани потекнуваат од Демир Капија од истата гробна целина датирана на почетокот на 3. век. Едниот е изработен од осум златни биконични мониста од тенок златен лим чии краеви и на средина, на бикоичната профилација се зајакнати со тордирана жица (Т.50:41). Идентичен примерок е откриен на Горна Порта во Охрид.[471] Вториот ѓердан е синџир плетен од алки во вид на осумки (Т.50:42) од кој на краевите завршува со лавовски протоми.[472]

---

[468] Соколовска 1986, 89, Т.16:5. Битракова Грозданова 1987, 74, Т.III, сл. 6.
[469] Двете се објавени на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата
[470] Битракова Грозданова 1987, 74.
[471] Соколовска 1973-74, 190, Т.II, сл. 3. Битракова-Грозданова 187, 64, Т.I, сл. 4. наоѓа аналогии со примерокот од Деметријас во Тесалија. За примерокот од Горна Порта види: Кузман - Почуча Кузман 2014, кат. бр. 224 датиран 3.-2. век.
[472] Соколовска 1973-74, 189, Т.II, сл. 3, 3а. Битракова-Грозданова 187, 64, Т.I, сл.1, со наведените аналогни примероци на овој тип ѓердани. Од поновите истражувања во Охрид види: Кузман -

Групниот наод од Тремник содржи и елементи од веројатно два раскошни златни ѓердани (Т.51:43а-г): четири цевчести елементи богато украсени со филигран и гранулација, голем број на мали златни алки порабени со гранули, полнолиени висулци во вид на плод од бука со отворена лушпа, висулци во вид на плод од бука украсени со гранули на врвовите и розети на врвот од синџирчето, висулци во вид на шишарка кои се обесени на златни синџирчиња, голем број алки поврзани во синџир кои на краевите завршуваат со розети и две плочести проширувања декорирани со филигранска жица по рабовите, розета централно поставена на горниот раб, а на внатрешноста се распоредени неколку палмети изведени со исчукување. на правоаголните спојници се изведени три розети. Вообичаено, сите примероци на ѓердани од висулци во вид на плод од бука украсени со гранули на врвовите и розети на врвот од синџирчето се прикачени на широк, густо плетен ланец кој завршува со триаголни плочки на краевите украсени со филигран, ако нашите примероци. Но овде недостасува густо плетениот ланец.Идентичен примерок потекнува од Кума.[473]

Меѓу нив се наоѓа и една златна апликација со престава на Посејдон седнат меѓу два хипокампа (Т.51:44). Богот е од половината надолу обвиткан во химатион, во левата рака држи трозабец, а во десната подигната кон вториот хипокамп не е јасно распознатливо што држи. Деталите се извонредно нагласени во техника на исчукување, а трозабецот и оглавите на коњите се обрабени со ситни гранули. Целиот групен наод, заедно со погоре споменатите малоазиски фибули и минијатурната пиксида се датирани со златни монети од Александар III, во доцниот 4. век.

Уште една форма на накит преживеала од доцноархајскиот период. Тоа се дијадемите изработени од тенок лим украсени со техника на чукање со најразлични мотиви, подоцна и со Хераклов јазол или висулци, кои во втората

---

Почуча Кузман 2014, кат. бр. 218, 227 (Горна Порта) и 254 (Самуилова тврдина), ланецот е слично изведен, на лавовските протоми на сите три примероци на главите имаат рогови изведени од тенка жица, што укажува на некаков локален манир.

[473] Williams, the kyma treasure,

половина на 4. век повторно се популарни. Засега е позната една дијадема од југозападната некропола на Исар-Марвинци.[474] Составена е од две подолги правоаголни ленти чии краеви се чини се откршени и еден средишен квадратен дел (Т.51:45). Трите дела се прикачени со тенки златни жички протнати низ четири перфорации, по две на секој од трите дела. Долгиот правоаголен лим е декориран со техника на исчукување. Централно во квадратниот дел е изведена биста на божица, а лево и десно од неа тече флорален мотив. Лицето на божицата е благо свртено кон лево, со прецизно изведени детали. Косата која е зачешлана во крупни прамени го врамува лицето и паѓа на рамењата. Главата се чини како да е покриена со вел. Облечена е во хитон со нагласен „ V“ изрез. на двата подолги правоаголени делови изведени се две вертикални полиња, првото декораирано со мотив на континуирана спирала, а вториот со мотив оволо. Оттука тече флорална декорација: долги ластарки од лозници со листови и гроздови, украсени со лотосови цветови и розети. На долниот агол на самиот почеток на двете правоаголни ленти се изведени по една перфорација во која со златна жичка се прикажени висулци составени од по еден кружен плочки декорирани со розета. На розетите се прикаќени мали алки од златна жица, а на нив три жички дополнително обвиткани со спирално намотана тенка златна жица, на кои се прикачени мониста од сино стакло обвиткани во златен лим. Слична лентеста дијадема неодамна е отстапена во охридскиот музеј датирана во првата половина на 4. век.[475]

Дијадемите и венците вообичаено не се среќаваат во подоцнежниот хеленистички период. Но, последното откритие на од локалитетот Градиште-Згрополци изненадува со контекстот на откривање во гробна целина датирана во 2.-1. век.[476] Се работи за лентеста дијадема слична на претходната (Т.50:45), со тоа таа разлика што се чини дека лентата не е поделена во сегменти како кај претходниот случај и за разлика од него исчуканата декорација е врамена со лента одозгора и одоздола. Централна претстава не е спомената во описот во

[474] Двете се објавени на интернет весникот на УЗКН: Македонски археолошки весник од Златко Видески, раководител на истражувањата.
[475] Кузман-Почуча Кузма 2014, кат. бр. 376.
[476] Василкова-Мидовска 2015, 28.

каталогот од изложбата, па изгледа дека е декорирана само со флорален мотив од континуирана ластарка со лотосови цветови. на средината на две тенки златни жички висат мониста од стакло. Изведбата на рељефната декорација е со послаб квалитет, понепрецизна со помала разновидност на мотивите, па оттука веројатно би ја датирале подоцна од претходната, но не подолу од 3 век. Се чини дека е чувана подолго време и приложена во погребување од 2.-1. век.

Раскошните венци од дабови листови изработени од тенок златен лим, Хераклов јазол и висулци во вид на плодови, цветови и розети, не се откриени на нашата територија. Во групата запленет материјал од Марвинци е публикуван челниот дел од златна дијадема со мотив на Хераклов јазол (Т.51:47), датиран во 4.-3. век.[477] На средина е изведена осумлисна розета од филигранска жица, а лентите од јазолот се украсени со спирален мотив, на рабовите опшиени со филигранска жица. Едниот сочуван крај на лентата завршува со лавовска протома. Уште еден, примерок сочуван во многу лоша состојба потекнува од некрополата во Марвинци (Т.51:48). Се работи за венец изработен од тенка бронзена жица на чии краеви се прицврстени кружни елементи изработени од теракота и украсени со бобинки премачкани со златна боја, а на средината имало златни ливчиња. Се смета за накит исклучиво изработен за погребни цели, а според контексот на откривање датира од средината на 3. век.[478]

* * *

Развојот на златарството во хронолошките рамки поставени во овој труд се забележува во три периоди: првиот се однесува на доцноархајскиот накит од доцниот 6. и раниот 5. век, вториот еден век подоцна, во доцниот 5.и раниот 4. век и последниот во доцниот 4. и раниот 3. век. Сите се поврзани со историски настани или општествено-социјални појави кои овозможиле територијални

[477] Ивановски 2006, 181-182, сл. 8.
[478] Соколовска 1986, 89, Т.13:5.

експанзии и стекнување на нови економски ресурси кои го поттикнале импортот или пак локалната продукција под надворешно влијание.

Ретки парчиња накит изработени од скапоцени материјали на нашата територија за првпат се среќаваат дури во доцниот 6. и раниот 5. век. Нивната појава е тесно поврзана со веќе посочените општествено-социјални промени кај етничките заедници и особено со подемот на локалната владеачка и војничка аристократија, за кои најблиските аналогии се среќаваат во богатите доцноархајски погребувања во Синдос, Требениште, Архонтико, Ајани, Горна Порта-Охрид. Засега по долината на Вардар, освен се разбира Синдос, на север се регистрирани само неколку погребувања од ваков вид, но далеку поскромни во присуството на луксузни предмети и накит. Единствената одлика која ги поврзува со овие богати погребувања се четирите златни ромбоидни апликации од Милци, Марвинци и Бишов Јавор, златната лентеста дијадема од Марвинци златните и сребрени конусни наушници од Милци и Марвинци, двојните игли од Милци и Корешница, пелопонеските игли и герданите од килибар и стаклени мониста со окца. Станува збор за релативно скромен збир на луксузни предмети не само во кванитативна смисла.

Ромбоидните златни апликации биле употребувани во погребувањата со различна намена, да го покријат лицето, односно устата на покојникот или како апликации пришиени за облеката. Примерокот од војничкиот гроб во Милци заради отсуството на перфорации и позицијата на откривање под черепот служела за покривање на устата на покојникот, а другите две Марвинци, се пришивале на облеката. За примерокот од Бишов Јавор кој не е публикуван, нема информации дали е апликација за облека или за уста. Лентестата дијадема од тенок златен лим и без никаква декорација од Марвинци е уште еден пример за богато погребување.

Но, тие се единствениот присутен елемент од наеднаш појавената потреба за покривање на покојникот со злато, кој сè уште не добила соодветно толкување, особено кога станува збор за залтните маски. Разните теории ги

поврзуваат со египетскиот обичај пренесен на грчкото копно преку критските и микенските обичаи за дивинизација на покојникот и покривање на лицето и телото со златна маска или разни златни фолии.[479] Припишувани се на илирскиот, тракискиот, пајонскиот или македонскиот етнички субстрат, за да во последно време се интерпетираат и како обичај кој го донеле грчките мигранти.[480] Збунувачкиот момент во овие теории бил и сè уште е временската разлика меѓу последната регистрирана појава на златни маски во Микена и овие во доцниот 6. век, особено кога нема континуитет на ваквиот обичај во познатите цивилизации во Метидеранот.

За разлика од златните маски, ромбоидните апликации за уста не се непознати во регионот во претходниот период. Нивната појава 8. и 7. век во Чаушица, Неа Филаделфија, Ставропулос (Зејтинлик), Тумба Тесалоника, Терме, Палаио Гинаикокастро (регионот на Кукуш) и Архонтико се поврзува со сличните такви апликации од Родос и Евбеја.[481] Се претпоставува дека станува збор за пракса во погребувањата која има источно потекло, а на оваа територија е донесена со посредство на Родос и Евбеја.

Стилските одлики не ги издвојуваат од бројните познати примероци во споменатите кнежевски погребувања. Изработени се од текон златен лим декориран со техника на исчукување со флорални или геометриски мотиви. Изнесени се мислења за континуитет на повеќе микенски елементи во обработката на предмети од скапоцени материјали, кои во најголем дел се базираат на задржувањето на употребата на златото како материјал и на техниките на обработка и украсување, но и во појавата на одредени облици на накит во геометрискиот период во Грција кои посредно покажуваат влијание од микенските традиции. Кога станува збор конкретно за украсите на облеката на исток се познати богато украсени пекторали изработени од скапоцени материјали кои се среќаваат нешто подоцна во погребувањата во малоазиските центри, на пр. Родос.

[479] За феоменот на кнежевските погребувања види:
[480] Despini, 2009,
[481] Despini 2009, 17-18. На Родос ваквите апликации се познати од средината на 8. век.

Развојот на златарството е тесно поврзан и потикнат од економската основа на пајонските и македонските заедници и експлоатацијата на златните и сребрените ресурси на Пангеј и Дисорон и особено златоносните притоки на Аксиос, Галикос и Нестос. Доминантните влијанија, како и во другите сфери на материјалната култура, главно доаѓаат од Јонија, Атина, Коринт и евбејските колонии на трако-македонскиот брег и присуството на тамошни мајстори во локалните работилници.[482] Оттука, лесно би се пренеле во колониите со бројните мајстори емигранти, кои своите услуги ги понудиле на една аристократија во подем, која излегува од сивилото и едноставноста на железното време и својата моќ и богатство ги покажува токму на овој начин. Но без разлика на увезените мајстори и увезените идеи и мотиви, на племенската владеачка и воена аристократија на различните заедници на поширок простор на Балканот мора да им признаеме инвентивност во барањата и потребите што овозможило поттик и развој на еден посебен стил во јувелиството за кои се заслужни.

Иако по долината на Вардар во изработката на некои ретки форми на накит (двојните игли) се воочени источни влијанија уште од 7. век и тоа главно поврзани со Фригија.

Другите примероци на накит изработен од скапоцени метали присутни во погребувањата по долината на Вардар во доцниот 6. и раниот 5. век се конусни наушници од сребро и злато од Милци и Марвинци и сребрените примерци на пелопонески тип на игли. Од видот и малиот број на предмети кои се досега откриени на ограничен простор само во Долното Повардарје, би требало да заклучиме дека овде нема присутна владеачка аристократија, туку само неколку побогати припадници на војничка каста.[483]

Од северната страна на Демир Капија, ограбениот гроб во Корешница кој според материјалот што е останат како прилог и гробната форма единствен

[482] Miller-Collett, 1998, 23-24.
[483] Не е познат контексот на откривање на двете ромбоидни апликации од Марвинци и Бишов Јавор, ниту пак останатиот материјал во гробните целини, па оттука и дефинирањето на општестениот статус на носителите е непознат.

може да се определи како владетелски, заради панцирот од сребрени и бронзени мали плочки веројатно со параден карактер и двете двојни сребрени игли, едната со позлата и змиски завршетоци. Двете игли се раскошни преставници на овој тип игли за коса, изработени од работилница која ги опслужувала аристократските слоеви на пајонско-македонските заедници.

Дури кон крајот на 5. и раниот 4. век се познати форми на класичен накит. Среброто станува омилен метал во кој се изработува накитот што потврдуваат ретките примероци откриени во Марвинци, Демир Капија и Жданец. Техниката на изработката е со исчукување, врежување, филигран и гранулација. Иако не покажуваат висок квалитет во изработката, сите досегашни анализи ги поврзуваат со некој актуелен центар на Халкидик каде биле изработувани од локални мајстори. Исто така повеќето автори се сложуваат дека покрај двете техники карактеристични за истокот, за сириското и особено персиско златарство, идеите за мотивите и формите исто така доаѓаат од исток.

Змискиот стил, непознат во грчкото јувелирство кој се развива од доцниот 6. и раниот 5. век, е под источно влијание. Во Чеснола колекцијата во Метрополитен музејот во се наоѓаат пар масивни сребрени белегзии со кружен прсек кои завршуваат со преклопени краеви во вид на змиски глави датираат од 5 век.[484] Но во 5. век овој стил ја достигнува кулминацијата во локалното занаетчиство. Завршетоците во вид на змиски глави се актуелни на белегзиите со отворени или затворени краеви и на фибулите на шарнир, односно малоазискиот тип. Ова е втор пат (покрај погоре споменатиот случај со двојните игли за коса) да се забележи влијание од исток, без ниту еден познат импортиран примерок, кое се развива на нашата територија во иднивидуален локален стил кој ќе земе толку голем замав, што ќе изврши влијание во дистрибуцијата на идејата, мотивите и формите далеку на север, кон заедниците на Централен Балкан.

---

[484] Karageorghis 2000, 236, cat.no. 377.s

Златниот накит е редок сè до втората половина на 4. век Главните импулси и влијанија во изборот на мотивите и техниката на изработка доаѓаат од Персија,[485] Мала Азија со островите и особено сириските работилници кои на грчкото копно ги пренесуваат феникиските трговци и занаетчии. За нашата територија од особено значење се колониите на Халкидик и тракo-македонскиот брег. Во овој период главно се задржуваат мотивите поврзани со ориентализираната уметност каде што доминираат фантастични животни и особено раскошно изведени примероци со филигран и гранулација со вметнување на обоена стаклена маса. Полихромијата претежно е постигната со употреба на боена стаклена маса со бела, црна, сина и зелена боја, а за црвена боја е употребуван цинобер.

Техниката на изработка, формите, мотивите и иконографијата на накитот во текот на класичниот и хеленистичкиот период се менувала во зависност од актуелната мода, влијанијата и достапните материјали. Се изработувале најразлични украси за главата, градите и рацете: венци, дијадеми, украси за коса, обетки, ѓердани, белезици, кои се носат на зглобовите или на надлактицата, и прстени. Кај одредени форми накит може да се следи доминацијата или исчезнувањето на одредени типови, нивното инкорпорирање во други типови и форми или, пак, развојот и промените што ги носат модните трендови кај одредени мотиви. Во текот на втората половина на 4. век и 3. век е забележан интензивен развој на златарството со користење на слични мотиви и техники на еден поширок простор на Медитеранот, до Египет и Јужна Италија, Понт, Мала Азија со островите и Сирија каде се јавуваат повеќе центри кои ги диктираат модните трендови. Видна улога во уметничката обработка на скапоцените метали во овој период има античка Македонија и особено кралската куќа која ги диктира модните трендови, што е потврдено и со интензивното присуство на златен накит не само во кралските погребувања, туку и меѓу останатите општествени групи, особено повратниците од војската на Александар. За разлика од претходниот период, се забележува интензивна

[485] Мотив на лав со отворена челуст во Асирија и персија се јавува на разни видови предмети. Wilkinson.

употреба на златото и главно се задржуваат истите техники на украсување со филигрански жици и гранулација, но сега изведбата е раскошна, речиси барокна. Скапоцените камења се во поголема употреба по освојувањата на Александар и особено подоцна во доцниот 3. и 2. век.[486]

Мотивите на накитот во раниот хеленистички период се поврзани со божествата, особено оние што имале голема улога во животот на жените поврзани со љубовта, бракот и семејството, особено Афродита со Ерос. Вообичаени се флоралните мотиви: листови од даб, бука, маслина, мирта, бршлен, винова лоза, нивните цветови и плодови и, секако, вечниот мотив розета. Засиленото присуство на зооморфни мотиви се поврзува со влијанија од персиската уметност, меѓу кои особено се омилени лавот, гулаби, змии, овнови, како и фантастични животни, сфинги, грифони, хипокамп и Пегаз. На македонските златари им се припишува воведувањето на неколку мотиви, особено флорални - акантус и лист и плод од бука, односно онаа форма на привrзоци која вообичаено се нарекуваше копјести листови, Хераклов јазол, како и особениот развој на териоморфниот стил.

[486] Williams - Ogden 1994, 16-17.

# Заклучни разгледувања

## 4.1. Општествени-социјални аспекти на импортот и неговите влијанија

### 4.1.1. Импортирани предмети и идеи

Одредувањето на импортирани предмети или импортирани идеи, како и влијанието кои го извршиле на локалната продукција и воопшто на целокупната материјална култура на одредена територија во одредени временски рамки, претставува сложен процес условен од степенот на истраженост, како и од географските, историските и општествено-политички констелации на нејзините носители.

Оттука и анализата на импортот и неговото влијание врз домашната продукција подлежи на различни аспекти во зависност од разгледуваниот период. Во текот на 6. и 5. век, дефинирањето на елементите на локалната материјална култура и предметите кои не се карактеристични за истата и можат да се определат како импорт се чини дека е многу појасно, отколку во подоцнежниот период. Но, одредени потешкотии произлегуваат од сѐ уште недоволно проучените и јасно одредени граници на територијална распространетост и на разликите во материјалната култура на различните племенски заедници, особено во турбулентиот доцен 6. и 5. век. Во овој период можат донекаде да се разграничат карактеристиките на локалната култура од една страна, импортираните предмети од друга, како и промените во домашната продукција кои се резултат на увезена идеја без регистрирани увезени предмети кои извршиле директно влијание и условиле локален развој.

Но, веќе од втората половина на 5. век целото Долно Повардарје кога македонското кралство сигурно го има во своите рамки, и особено подоцна во хеленистичкиот период би се поставило прашањето дали предмет кој е изработен во работилница во Пела или во некој халкидички град би се сметал за импорт на пример на Вардарски Рид, или во овој случај како импорт ќе се смета

само тоа што не се изработува во поширокиот околен регион и доаѓа од подалечните центри, како на пример Источната сигилата во 2. век. Работилницата во Пела на пример, во голем дел изработува предмети сособено вообичаените и недекорирани форми на трепезна керамика кои се вообичаени за поширок регион, па без хемиски и микроскопски анализи на глината кои би се спопредиле со податоци за состав на одредени глиништа околу градовите не е возможно определување на импортиран примерок, односно во овој случај предмет купен во Пела. Дали условно кажано „шопингот" во Пела од аспект на една ваква анализа би се сметал за импорт поготово што двата градови и Пела и Гортинија се во рамки на една држава.

Долината на Вардар уште од дамнешни времиња преставувала главна комунукација преку која се одвивал преносот на предмети и идеи, најчесто во правец од југ кон север. Кон ова особено придонесувала нејзината утока во Егејското Море во Термајскиот залив, каде уште во раните периоди на колонизацијата се формирани колонии или емпориони од напредните центри во Медитеранот. Северноегејското крајбрежје го привлекувало вниманието на економски и политички силните јужни центри уште во доцното бронзено време, кога овде се формирани микенски емпории, од каде по долината на Вардар стигнувале микенски предмети или пак нивни имитации до внатрешноста, односно населбите по Вардар како што е случајот со Уланци.

Процесот на колонизација продолжил и во раното железно време со најголем интензитет во текот на 8. и 7. век. Евбејските градови Еритреја и Халкида, Коринт, Кикладските острови Парос и Андрос, малоазиските градови на брегот и островите ја увиделе важноста на северното крајбрежје на Егејското море за трговската размена кон Понт и внатрешноста на Балканот, формирајќи бројни колонии на Халкидик и трако-македонски брег: Пидна и Метоне, Потидаја, Менде, Тороне, Олинт, Акантос, Тасос, Амфиполис и други. Најзначајни за предложената териотрија во овој труд, се колониите на Халкидик и околу Термајскиот залив каде во овие рани периоди се чувствува најголемо влијание од евбејските и коринтските колонии. Подоцна, особено по грчко-

персиските војни со издигнувањето на Атина како значајна трговска и поморска сила, нејзините колонии ја превземаат превласта во трговската размена. Главните причини за колонизаторската политика биле можностите за трговска размена и искористувањето на природните ресурси на наведените подрачја богати со дрво за бродоградба и разни метали, но и човечки ресурси потребни за развојот и превласта на матичните градови. Предметите и производите кои ги нуделе за возврат се бројните керамички садови, уметничка обработка на предмети од бронза, сребро и злато, амфори полни со вино, маслиново масло, парфеми и други производи за лична тоалета, теракотни фигурини и други предмети за секојдневна употреба или пак предмети наменети исклучиво за погребните ритуали.

Врз основа на информациите во изворите, долината на Вардар во 7. и 6. век била населена со различни пајонски заедници. Од аспект на денешните сознанија, не би се сложиле до крај со тврдењата Херодот и Тукидид дека станува збор за номадски заедници чија економија главно се базира на трансхуманото сточарство и лов, кои не се занимаваат со земјоделство и немаат градови. Иако скромни, досегашните резултати од истражувањата барем во Долното Повардарје покажуваат заедници кои живеат во прилично пространи оградени населби, со станбена архитектура изградена од камен и плитар, со развиена занаетчиска обработка на бронза и железо согледива во локалната продукција на накит, култни предмети и оружје, како и развиената локална керамичка продукција. Иако нивната материјална култура во овој период не покажува висок степен на богатство и луксуз, туку напротив, силни локални белези, прилична унифицираност во рамки на својата територија и потполно отсуство на импортирани или луксузни предмети, сепак се забележуваат надворешни влијанија во прифаќањето на идеи однадвор или технолошки инвации, видливи главно во изработката на култните пајонско-македонски бронзи и некои типови на накит и употребата на грнчарското тркало. Потеклото на идејата за изработка на култните брознени предмети се врзува за кавкаскиот

регион, на накитот за Мала Азија, односно Фригија, додека пак грнчарското тркало е резултат на генерално јужно влијание.

Ако ги оставиме настрана култните бронзени предмети, покрај двојните двопетлести игли за коса откриени во долновардарските некрополи, на реалации со истокот упатува уште еден наод - фрагментирана фригиска фибула откриена на локалитетот Глоска Чука близу Валандово, која датира од 7. век. Нејзината појава во овој момент не може да се определи како предмет на трговија, заради целосното отсуство на други предмети карактеристични за фригискатa или било од која друга источна култура. Иако релациите на јужнобалканските заедници и Фригија е сè уште отворено прашање во науката, присуството на реткиот примерок на фригиска фибула во 7. век, како и влијанието од Мала Азија и посебно Фригија врз локалниот развој на двојните игли за коса откриени во долновардарските некрополи се единствена потврда за врските со малоазиските цивилизации уште во полното железно време. Начинот и патиштата по кои стигнале овие влијанија во долновардарскиот регион немаат друго објаснување освен да се поврзат повторно со постоечките колонии на северноегејското крајбрежје.

Во керамичката продукција, почнувајќи од втората четвртина на 7. век во Долното Повардарје традиционалните железнодопски форми, бокал со косо засечен врат и кантаровидни чаши со една или две рачки се изработуваат на грнчарско тркало и се декорираат во нов манир, со хоризонтално расчленета линеарна декорација изведена со мат црвена до кафена боја нанесена на телото, работ и на рачките. Од последната четвртина на 7. и почетокот на 6. век, покрај овие се јавуваат нови форми на керамички садови и накит. Тоа се олпите, скифосите, длабоките кантаровидни садови и плитките чинии со една рачка, технологијата на сиво печење, помладите форми на пајонските бронзи и двојните игли, кои ќе ги обележат погребувањата особено во првата половина на 6. век.

Ниту една од овие нови керамички форми не се увезени производи, туку напротив, сите се изработени во локалните работилници, декорирани со истата лентеста декорација карактеристична за локалната керамичка продукција скоро еден век претходно. Во литературата нивната појава е објаснета со влијанија од источногрчката, односно јонско-родоската кермичка продукција.

Во поглавјето за анализа на керамичката продукција е образложено дека овие нови форми, особено скифосите, во поголем или помал обем, почнувајќи од протогеометрискиот период континуирано се произведуваат во малоазиските центри и на грчкото копно, декорирани во различни стилови во зависност од периодот и во голем број, континуирано се присутни во колониите на северноегејскиот брег. Бројните импортирани предмети од матичните центри во овој период во колониите на северноегејскиот брег и нивната околина, особено оние декорирани во геометриски стил, стимулирале развој на локални работилници во кои се произведувале имитации изработени од емигрирани мајстори, локални мајстори кои се обучувале во центрите или пак локални мајстори кои ги имитирале актуелните форми и стилови. Оваа продукција извршила посредно влијание врз керамичките производи по долината на Вардар, што се согледува во примена на технологијата на изработка на садовите на грнчарско тркало, но се чини и во лентестата декорација.

Источното влијание во продукцијата на посочените форми и нивната линеарна декорација не е помало или поголемо од влијанието на останатите центри (Килкадските острови, Евбеја, Коринт, па дури и Атина), кои ги изработувале истите форми со слична линеарна декорација. Ако веќе треба да се посочат источни влијанија, декоративниот систем на лентесто боење на нашата повардарска керамика изведена со мат боја е поблиска до еолскиот геометриски стил и тројанската G 2-3 керамика, која на брегот е присутна од 7. век, отколку до т.н. проста јонска керамика на која декорацијата е изведена со црн или црвен фирниз во широки ленти и чија појава не се датира пред 625 г. Главните центри на продукција на еолската керамика, покрај Троја се островите Лезбос, Лемнос и Тасос, од кои Тасос веројатно игра клучна улога во ширењето на посочените

влијанија на севроегејскиот брег. На паралелниот развој на еолската и локалната повардарска керамика укажува уште Паровиќ-Пешикан. Од друга страна сивата продукција која е исто така карактеристика на еолската керамика, во локалната керамика по Вардар се забележува од 6. век во производство на локалните форми, кои пак кон крајот на векот веќе се „хеленизираат", односно добиваат типични облици на бокали или оинохои со едноставен рамен или тролисен отвор, амфори и др.

Во тој случај, технолошката иновација со употреба на грнчарско тркало, појавата на лентестата декорација на бокалите со засечен врат и кантаровидните чаши во текот на 7. век, како и појавата на новите форми во локалната продукција во последната четвртина на 7. и почетокот на 6. век на кои е аплицирана истата локална линеарна декорација, треба да се сфати како влијание на повеќе продукциски центри чии орнаментални системи водат кон симплифицирање на геометризмот од претходниот период. Во овој логичен развој кој започнал во раниот 7. век и кој континуирано непроменет трае и во текот на целиот 6. век, се вклопуваат присуството на еолската сликана керамика, како и евбејската и коринтската геометриска керамика во 7. век. Се чини дека не постои конкретен прототип за појавата на лентесто боената керамика во Повардарие во 7. век, туку таа се јавува како резултат на повеќе испреплетени влијанија од југ и исток аплицирани врз традиционални и нови форми, но со локално производство.

Во 6. век влијанието на јонската продукција се согледува не само во пристигнувањето на садови декорирани во т.н. прост јонски стил, туку и во иницирањето на локална продукција на т.н. „јонизирана" керамика особено застапена со јонските чаши со прстенесто дно или на висока нога. Бројните работилници веќе се идентификувани во населбите околу Термајскиот залив и на Халкидик, особено во Анхилаос, Карабурнаки, Терме, Неа Параскеви, Афитис и познатите колонии, за чија продукција во последно време е изнесена подетална класификација од Тивериос, на колонијална, полуколонијална, локална и домашна. Фрагментот од скифос боен со широки ленти изведени со

црвен фирниз од Вардарски Рид е единствениот засега познат примерок на импортирана јонска чаша, но не е исклучена можноста да преставува производ на емигриран мајстор во колонијалните работилници. На „полуколонијалната“ и „локалната“ продукција, работена од локални мајстори би се припишале и двата скифоси боени со црн фирниз од Милци и Сува Река, киликсот од Марвинци на кои се забележува влијание од т.н. проста јонска керамика од крајот на 6. век, на бокалот и кантаровидната чаша од Сува Река сликани во т.н. *Waveline style*, на кантаросот од Парагон и на котоните. Локалната продукција пак е видлива на плитката чинија од Бишов Јавор, на прохусите од Милци и Вардарски Рид и новите форми во сивопечена глина. Овде не би ја исклучила можноста за доселени мајстори во некои од нашите населби, на Вардарски Рид или Исарот на Марвинци.

Отсуството импортирани производи во 7. и првата половина на 6. век прилично зачудува ако од една страна, се има предвид близината и бројноста на колониите во Термајскиот залив, Халкидик и егејското крајбрежје на исток до Стримон и Нестос, бројните импортирани примероци и локални работилници во колониите кои изработуваат помалку или повеќе успешни имитации, а од друга страна, богатството на оваа територија со природни ресурси кои ги овозможуваат сите предуслови за трговија со развиениот југ, користејќи ја реката Вардар како главна комуникација со внатрешноста. Иако очигледно располагале со природни ресурси кои би можеле да преставуваат предмет на трговија, за што за возврат би си дозволиле увоз на луксузни стоки од југот, се чини дека тие ресурси не биле доволно искористени во овој правец. Во овој случај, а како што ќе видиме подолу во овие заклучни разгледувања, уште многу пати ќе го спомнеме argumentum ex silentio како главна причина за нашите неразјаснетите прашања, особено во поглед на потеклото, присуството или отсуството на одредени форми, не само во керамичката продукција, туку и во останатите занаетчиски производи.

Првите вистински импортирани предмети по долината на Вардар стигнуваат во средината на 6. век, односно повеќе кон крајот на 6. и почетокот

на 5. век. Се работи за едвај дваесетина предмети откриени главно во Долно Повардарје и неколку на крајниот северен дел, во скопската котлина. Тоа се топчестиот арибалос од Тафталиџе, кој всушност е најстариот импортиран керамички сад по долината на Вардар датиран во средината на 6. век. Заедно со оинохоето-арибалос од Сува Река, котоните од Зелениште, Исар-Марвинци и Милци датирани во доцниот 6. и раниот 5. век, се определени како коринтски импорт, не само заради формата и стилските карактеристики, туку и заради специфичната зеленикава боја на глината. Единствениот фрагмент од скифос со геометриска декорација е идентификуван како евбејски импорт е откриена во населбинските слоеви на Вардарски Рид. Атичкиот импорт се сведува на четири мали лекити, од кои три се декорирани во стилот на црнофигуралното сликарство, еден мал фрагмент од црнофигурален кратер, еден сликан киликс од Милци, десетина црнофирнизирани киликси од Корешница, еден од Марвинци и сивопечените фрагменти од Сува Река и Милци исто така датирани во доцниот 6. и раниот 5. век.

Сѐ на сѐ, импортираните керамички предмети во овој период се во исклучително мал број и недоволни за да извршат било какво влијание на локалната продукција. Горе наведените керамички производи сигурно преставуваат импорт, но нивното потекло е спорно, во смисла дали се производи на матичните центри или пак на некоја од многуте потврдени работилници во колониите, изработени од емигрирани мајстори, локални мајстори кои се обучувале во центрите или пак локални мајстори кои ги имитирале актуелните форми и стилови. Би го додала овде квалитетот на овие импортирани примероци кој се чини заостанува зад оние произведени во матичните центри, особено на неколкуте определени како коринтски производи. Многу веројатно тие потекнуваат од локални работилници во Потидаја, работени од доселени мајстори. Црнофигуралните лекити од Марвинци и фрагментот од кратер од Корешница и сликаниот киликс од Милци се сигурен атички импорт, иако начинот на нанесување на премазот на киликсите особено околу рачките, побудува сомнежи.

Ниту една од овие форми не е имитирана во локалната продукција. Исклучок преставуваат котоните, споменати и погоре врз кои влијанието на локалната продукција е всушност толку силно што и на нив се среќава аплицирање на локалната лентеста декорација.

За разлика од кермичките садови единствениот примерок на теракотна фигурина (протомата од Марвинци) укажува на малоазиско, поточно родоско влијание. Иако истиот тип на протоми се среќава низ целиот Медитеран сепак, Родос е изворот од каде потекнува идејата, иако нашиот примерок веројатно е колонијален производ, можеби од Олинт. Сепак, овој изолиран примерок и воопшто раната источна коропластика не предизвикала интерес кај локалното население за локална продукција. Ова можеби се должи на сѐ уште неприфатената улога на протомите во локалниот религиозен систем, или непознавање на технологијата на изработка.

Општата слика за унифицирана и „сиромашна“ материјалната култура во 7. и 6. век со предмети кои се локална изработка, од кои само ограничен дел се инспирирани од надворешни влијанија и скоро без импортирани и луксузни предмети, од средината и особено кон крајот на 6. и почетокот на 5. век ја нарушува појавата на т.н. кнежевски погребувања. Владеачкиот слој и војничка аристократија своето богатство и моќ го покажуваат во погребувањата придружени со златни и сребрени украси, накит и воена опрема со исклучитено високи уметнички квалитети и изработка. Вакви богати погребувања се регистрирани во некрополата во Синдос и Архонтико близу Пела, чии носители се спорни, меѓу Елимејците во Ајани, меѓу Енхелејците-Дасаретите во Лихнид и Требеништа на Охридското Езеро, меѓу Девриопите, меѓу тракиските племиња на исток и најсеверните досега регистрирани кнежевски погребувања длабоко во внатрешноста на Балканскиот Полуостров, во Атеница близу Нови Пазар и Гласинац. Истражувањата во Вергина, открија гроб на принцеза со изобилство на златен накит, дијадема со златни салтелеони, огромни игли од пелопонески тип и други златни апликации, со што и на територијата на Македонците се потврдува овој феномен.

Ако појавата на богатите кнежевски погребувања има оправданост во општествените и особено социјални промени, сè уште остануваат отворени неколку прашања: кои се носителите на оваа култура на погребување, кои се носечките работилници односно мајстори кои ги изработувале и најважно, од каде потекнува идејата за овие луксузни предмети особено имајќи предвид дека се истовремено се присутни на широка територија на која е познато дека ја населувале различни заедници, иако деталните споредбени анализи на различните некрополи покажуваат разлики и специфики карактеристични за секоја од нив. Не е спорно потеклото на луксузните керамички садови, до некаде и на големите бронзените садови чија продукција е позната на истокот, особено во Фригија, Лидија и Персија, но и во Коринт и јужноиталските и апулските торетурски работилници, на накитот, па дури и на разните златни апликации пришивани на облеката, но златните маски сè уште се предмет на интерес, поготово што овие предмети не се јавуваат во ниедна друга развиена култура во Медитеранот, ниту пак во некој од тогаш познатите центри и чија појава за последен пат во историјата се среќава во Микена, многу векови пред да се појават во кнежевските гробови.

Овие луксузни предмети очигледно биле специјално изработувани за една поширока владеачка каста чиј подем истовремено се случува во повеќе различни племенски заедници доколку е така, кој е тој центар или центри кои ги изработувале ексклузивно за нив, а не за поширока трговија. Иако постојат стилски и типолошки разлики на маските, златните апликации и останатите луксузни предмети, сепак идејата за нивната употреба во погребувањата во еден ист временски период на толку голема територија, кај етнички различни заедници е феномен кој се чини уште долго ќе предизвикува интерес меѓу научната јавност. Многу е веројатно дека ги изработувале вешти мајстори јувелири доселени во колониите или патувачки мајстори кои занаетот го стекнале во источните малоазиски и персиски центри и кои ги обучувале локалните мајстори. Обработката на бронзата не е непозната меѓу населението во Повардарјето, но изработка на овие луксузни предмети се сметаше дека е

поврзано со доаѓањето на Персијанците на европско тло. Но најстарите гробови од Синдос и Архотнико од 560-550 г., покажуваат дека овој тренд започнал неколку децении пред Грчко-персиските војни, иако персиското влијание не се исклучува во овој случај. Всушност, пелеменските заедници во овој дел од Јужниот Балкан ги имале потребните природни ресурси во злато и сребро во златоносните притоки на Аксиј и Галикос, на Пангеј и Дисорон, потребната умешност и познавање на актуелните техники (покрај лиењето и исчукувањето и техниките на филигран и гранулација) од доселените јувелири во колониите, патувачките и локалните мајстори, кои за потребите на аристократијата развиле локални стилови на оваа територија. На припадниците на новата племенска и војничка аристократија мора да им се признае инвентивноста во барањата и потребите. Токму тука се лоцира зачетокот и развојот на јувелиството и тореутиката во подоцнежниот период на територијата на Античка Македонија.

Освен Синдос, на север по долината на Вардар, единствено кнежевско погребување преставува гробот во Корешница - Демир Капија, целосно ограбен во поново време. Не е позната целата содржината на погребувањето, но од предметите кои се откриени при ревизионите истражувања - сребрениот панцир, рачката од бронзена хидрија, позлатените игли и атичките килики, без да го споменеме и бронзен кратер наводно во колекцијата на Levi-White, може да се заклучи дека станува збор за кнежевско погребување, единствено засега со сигурна припадност на пајонската аристократија.

Ако ги исклучиме златните ромбоидни фолии кои ја прекривале устата на покојникот неодамна откриени во војничкиот гроб во Милци и тие во Марвинци, од луксузот присутен во погребувањата на племенската и војничката аристократија во гореспоменатите некрополи, по долината на Вардар на нашата територија има многу малку предмети за анализа и тоа главно концентрирани во Долното Повардарје. Тоа се неколку конусни наушници, двојни и пелопонески тип игли, претежно изработени од сребро или пак позлатени, сребрени или бронзени наушници со проширен триаголен крај и стаклени мониста со окца од ѓердани.

Сите госпоменати предмети од доцниот 6. и раниот 5. век, веројатно се импортирани од работилници во колониите на северноегејското крајбрежје и Халкидик. Потеклото на формите главно се врзува за истокот, но на оваа територија е забележан нивниот локален, индивидуален развој. Ваквите тврдења се повеќепати изложени во досегашната литература, особено кога станува збор за робоидните златни фолии и дијадеми чиј појава се врзува за источната пракса на дивинизација на покојникот, а кои на оваа територија стигнале со посредство на Родос и Евбеја, потоа двојните двопетлести игли чија инспирација потекнува од Мала Азија и Фригија, кои на оваа територија се развиваат во бројни варијанти особено во изведбата на главата, за златните конусни и инкасти наушници, иако мора да се забележи нивното отсуство во некрополата во Синдос, зачетокот на развојот на малоазиските фибули иако овие рани форми се познати само од синдоската некропола, до раната појава на т.н. змиски стил, исто така потврден во Синдос на белегзиите и двојната игла од Корешница и се разбира, неспорното потекло на ѓерданите изработени од стаклени мониста од сириските работилници.

Тореутските производи во овој период се уште помалку застапени, со прилично оштетената бронзена фијала и легенот од војничкото погребување од Милци. Бронзените фијали или нивните сребрени или позлатени луксузни варијанти декорирани со лотосови цветови, укажуваат на влијанија од ахменидската уметничка обработка на металот.

Во овој момент би било неблагодарно да се тврди на што се должи ваквото исклучително мало присутство на луксузни предмети, иако заклучоците кои произлегуваат од сегашната состојба би се свеле на: непостоење на аристократија, слаба економска моќ на населението по долината на Вардар, на население со различна етничка припадност со поинакви погребни обичаи или пак, што е поверојатно, на слабата истраженост.

Дека на овој простор, особено во Долното Повардарје не постои аристократски слој, односно економски моќно население е слабо веројатно, со

оглед на природните ресурси со кои располага регионот. Неколкуте погребувања во Милци и Марвинци најавуваат идни вакви откритија кои ќе допринесат за отфрлање на оваа претпоставка. Различната етничка припадност е возможна причина, иако не пресуден причинител на оваа состојба. И околу потекото на двете некрополи во Синдос и Архонтико досега е доста дискутиран во врска со етничката припадност, но не постои разлика во грбните форми ниту дисконитнуитет во некрополите, а фактот дека истиот феномен се јавува кај повеќе популации на Јужниот Балкан ја отфрла оваа можност. Отфрлајќи ја теоријата дека се работи за пајонски заедници, Деспини укажува на непостоењето на вакви погребувања во главнината на пајонската територија.

Првиот посериозен импорт на луксузни предмети од југ е забележан скоро еден век подоцна, во доцниот 5. и во текот на целиот 4. век. Во ова време, општествено-политичките услови во кои опстојувало населението по долината на Вардар е драстично сменето од претходно разгледуваниот период. Експанзијата на македонската држава кон исток  и север ги истиснува пајонските заедници до Демир Капија, а од времето на Филип II политичката доминација на македонското кралството е проширена на уште поголема територија. Иако црвенофигуралното сликарство на вазите се јавува многу порано, на разгледуваната територија пристигнува релативно доцна, при крајот на 5. век. Поголема коцентрација на импортирани црвенофигурални садови е забележана во Марвинци, Демир Капија и сосема на север на Бразда во скопскиот регион. Населбинските слоеви на Вардарски Рид дадоа релативно мал број фрагменти од црвенофигурални садови што изненадува, но ова отсуство може да се препише на тоа што локацијата на класичната некропола е се уште непозната.

Од затворените форми на садови е присутна една хидрија, неколку фрагменти до кратери, неколку оинохоја, два аскоси, еден лебес гамикос, една стамнос пиксида, три пеликеа и два бели лекити и тоа главно концентрирани на два локалитети: Исар-Марвинци и Демир Капија. Побројни се малите squat лекити и тоа во наједноставните варијанти сликани со палмети, а малите отворени садови скифоси и кантароси се покарактеристични за Бразда.

Пристигнуваат и црнофирнизираните форми на садови - главно оинохоа, кантароси, скифоси, болсал скифоси, плитки чинии и соларници. Само хидријата од Демир Капија беше идентификувана како производ на познатото ателје на Медијас, додека оак останатите неодамна беа припишани на неколку атички и олинтски работилници. Оваа состојба е очекувана со оглед на доминацијата на Атина во овој период во целиот Медитеран, а поврзаноста со Олинт до 348 г., односно до неговото рушење од страна на Филип е логично заради близината. Присуството на белите лекити во Демир Капија ги наведува истражувачите на заклучокот дека во Демир Капија имало атињани, доселени овде заради трговија. Белите лекити иако во време на откривањето на гробот во Демир Капија релативно ретко биле откривани надвор од атинските некрополи за разлика од денес, сепак не го исклучува фактот дека се погребна форма на садови која се врзува за обичаите на атињаните. Двата лектити се припишани на атинскиот Reed painter, со што се исклучува можноста да се производ на некој мајстор иселен од Атина. Не само белите лекити, туку и останатите примероци ја потврдуваат Демир Капија како еден мал епморион со атински доселеници. На атинската продукција припаѓаат и неколкуте рељефни садови.

Сликаните садови во стилот на црвени фигури и црнофирнизираните варијанти ја потврдуваат доминацијата на Атина во извозот на керамички производи, кои на оваа територија стигнуваат најчесто со посредство на нејзината најблиска колонија Олинт. Од друга страна пак, олинтското производство на црвенофигурална и црнофирнизирана керамика е исто така потврдено, и јасно забележливо во посветлата, скоро жолтеникава боја на глината, послабиот квалитет на фирнизот со разводенета црна боја и секако полошиот квалитет на цртежот. Ова е забележливо на фрагментите од кратери од Демир Капија и Вардарски Рид, на едното пелике од Марвинци, на оинохоата од бр. 91-93 од Марвинци и Демир Капија, на стамнос пиксидата од Марвинци, на дел од малите squat лекити, на фрагментите од кантароси од Бразда, на сликаните лекани, па дури и на неколку фрагменти од групата St. Valentine. Неодамна, врз основа на нови проучувања и анализи на глината е предложена

работлиница за производство на црвенофигурална керамика во Пела, чии омилени форми се пеликеа, оинохоа и лекани, што воопшто не е изненадување со оглед на нејзиниот статус на престолнина. Сепак, за одвојување на импортирани предмети од работилницата во Пела меѓу примероците откриени на нашата територија потребни се понатамошни проучувања и анализи.

Фрагментираниот скифос откриен на Бразда, двата скифоси од локалитетот Градиште-Кнежје, Св. Николе, чинијата и фрагментите од сад од Скопско Кале, сликани со непрецизно нанесен разреден црвен фирниз со помош на четка на светлоцрвената основа на глината укажуваат на потекло од засега непозната работилница. Мотивите со кои се декорирани овие садови (спирално свиени брановидни линии, палмети, срцолики листови и бршлени, меандри, впишани квадрати еден во друг, точки и сл.) немарно насликани, се непознати за репертоарот на атичките и олинтските мајстори, но и за другите работилници на северноегејското крајбрежје. Нивната појава е забележана во Горно и Средно Повардарје, но не и на југ од Демир Капија каде би се очекувале вакви наоди доколку пристигнале од некој од јужните центри. Единствените аналогни примероци се среќаваат на локалитетот Кале, Кршевица близу Врање, каде се откриени во поголем број и датирани во истиот период во раниот 4. век. Овие примероци, покрај сличниот манир на сликање покажува поразвиена декоративна шема со звездести мотиви и стилизирани птици. Влијанието на некоја источна работилница, на што би се помислило на прв поглед би било несоновано, не само заради непознати слични декоративни шеми, туку и заради скаботo влијание кое источните работилници го имаат во овој период. Нивното отсуство по Вардар, би можело да значи дека толку на север, на територија која се смета дека е населена со Агријани би пристигнале само по течението на Стримон. Непостоењето на слични примероци на други наоѓалишта единствено би ја поддржало тезата за постоење на локална работилница во која очигледно има доселени мајстори кои владееле пософистицирана техника на украсување, споредено со останатата локална сива керамика со хеленизирани форми или

груба рачно работена керамик која во изобилство е произведувана во овој регион, но кои развиле свои, локални декоративни шеми.

На непозната работилница се препишуваат и трите плитки чинии со проширен раб откриени во Демир Капија. Иако формата е позната во атичката продукција, глазурата со зеленикав сјај и сликаријата нанесена со тенки потези на четката со црн разреден или црвен фирниз не се вообичаени за атинските ателјеа. Очигледно дека двете чинии со полош квалитет во изработката се имитации на првиот, импортиран примерок засега местото на нивното производство ќе остане за понатамошни анализи.

Во локалната продукција се забележуваат две тенденции во присутните форми. Едната продолжува да ги развива локалните форми, како на пример кантаровидните чаши кои стануваат пошироки, со нагласена s-профилација и со рачки кои го надвишуваат отворот, или пак бокалите со клунест изливник. Керамичките надои на локална керамика од Неготино за кое се смета дека е остаток од работилница длабоко во 4. век покажува дека архајските форми се уште се актуелни, задржувајќи го истиот манир на декорирање со врежани хоризонтални ленти под работ над отворот. Површината на садовите е премачкана со сребреникав или златез премаз или пак е мазнета целосно или во вид на вертикални ленти кои постигнуваат сјај сличен на црниот фирниз на импортираните садови. Оваа техника на украсување која се забележува уште од средината на 6. и раниот 5. век на локалните форми и продолжува да се употребува до доцниот 4. век. Другата тендеција во локалното производство всушност потполно ги имитира хеленските форми на хидрии, оинохоа, стамнос пиксиди, хитри, скифоси, разни форми на чинии, најчесто изработени во техника на сиво печење кај кои се забележува истиот третман на површината. Оваа сива керамика е распространета на наоѓалиштата по целиот тек на Вардар, иако нејзината концентрација е поголема во Горно и Средно Повардарје.

За разлика од керамичката продукција, производите на коропластите пристигнале прилично доцна и главно се врзуваат за работилници на просторот

на Античка Македонија или станува збор за локални производи. Неколкуте седнати фигури со шилести капи без нагласени црти на лицето за кои единствената аналогија се наоѓа во примерокот од Чепигово широко датиран во 4. век, покажуваат јасни архајски стилски обележја типични за родоската продукција. Иконографски блиски фигурини, но со високи правоаголни капи, со јасно распознатливи детали со многу поквалитетна изработка се познати од Синдос и Требениште, па оттука нивното присуство толку доцна е невообичаено.

